EC Multiple FRAMEWORK CONTRACT BENEFICIARIES Programme

# ТЕМАТСКА ЕВАЛУАЦИЈА НА ЕУ ПОДДРШКАТА ЗА РОМСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И СОЦИЈАЛНО МАПИРАЊЕ НА РОМИТЕ

**Барање за услуги бр. 2018/395950/1**

**Лот 9 - Култура, образование, вработување и социјална политика**

EuropeAid/132633/C/SER/multi

## ИЗВЕШТАЈ ЗА СОЦИЈАЛНОТО МАПИРАЊЕ

***Финален нацрт***

***јули 2019***

Проектот е финансиран од Европската Унија

AECOM

Проект имплементиран од AECOM

International Development Europe SL

Содржината на оваа публикација е исклучива одговорност на **AECOM International Development Europe SL** и на никаков начин не ги одразува ставовите на Европската унија.

Извештај за социјалното мапирање

Проект бр. 2018/395950/1



Изготвено од

**AECOM International Development Europe SL (Шпанија)**

AECOM

## TABLE OF CONTENTS


листа на кратенки .... 4

ВОВЕД .... 5

МЕТОДОЛОГИЈА .... 6

извештај за социјалното мапирање .... 11

**НАЦИОНАЛНО НИВО** .... 11

**Демографски карактеристики** .... 12

**Домување** .... 13

**Вработеност** .... 18

**ОБРАЗОВАНИЕ** .... 24

**Здравство** .... 28

**ЛОКАЛНО НИВО** .... 32

**Општина Шуто Оризари** .... 32

**Оштина Прилеп** .... 50

**Општина Куманово** .... 69

**Општина Битола** .... 86

**Општина Тетово** .... 99

**Општина Гостивар** .... 114

**Општина Штип** .... 130

**Општина Кочани** .... 144

**Општина Кичево** .... 156

**Општина Виница** .... 170

**Општина Дебар** .... 182

**Општина Кавадарци** .... 193

**Општина Велес** .... 205

**Општина Струмица** .... 215

**ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ЗА ИДНИ ИНТЕРВЕНЦИИ ВО РОМСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ** .... 227

**Заклучоци** .... 227

**Препораки** .... 228

АНЕКСИ .... 242

Прашалник .... 242

**Список на табели** .... 255

**Список на графикони** .... 256

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| АППТ | Активни политики на пазарот на трудот |
| ГО | Граѓански организации |
| ДУП | Детален урбанистички план |
| АВ | Агенција за вработување |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЕВН | Компанија за дистрибуција и снабдување со електрична енергија во Македонија |
| ЕВН | Компанија за дистрибуција и снабдување со електрична енергија во Северна Македонија |
| ГУП | Генерален урбанистички план |
| ИПА | Инструмент за претпристапна помош |
| МКД | Македонски денар |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| НВО | Невладина организација |
| РИЦ | Ромски информативни центри |
| УНДП | Програма за развој на Обединетите нации |

## ВОВЕД

Потребата за оценка на резултатите од владините мерки во врска со интеграцијата на Ромите претставува тема на дискусија уште од 2010 година, но во тој правец е постигнат мал напредок. Извештаите за следење на Националната стратегија и акционите планови за Ромите, го посочија отсуството на системот за следење и евалуација како главна пречка при оценување на напредокот на земјата во остварувањето на инклузивната политика за Ромите. Извештајот за индексот на инклузија на Ромите во 2015 година посочи дека „*владите учеснички како главни носители на одговорност, не успеале да воспостават ефикасни механизми за редовна оценка на резултатите од нивните политики за инклузија на Ромите, споредено од временски и географски аспект, што би послужиле како основа за процесите на креирање политики*“ (Индекс на инклузија на Ромите, 2015).
Недостатокот на податоци за ромските заедници во Република Северна Македонија и натаму останува една од главните пречки за спроведување на детална проценка за состојбата на ромските заедници во смисла на подобрување или влошување на нивната состојба, утврдување на ефектите што произлегуваат од имплементација на политиките, програмите и проектите што се спроведуваат во заедниците и идните интервенции кои треба да се спроведат, со цел подобрување на состојбата на заедниците. Подобрување на процесот на прибирање податоци за животниот стандард и условите кај ромските заедници е остварлива цел која може да има непосредно и долгорочно влијание врз проектите, политиките и населението. За таа цел постои поддршка и ресурси за прибирање податоци. Без сеопфатни податоци за проценка на владините или донаторските напори и насочување на политиките, Ромите сѐ уште ќе бидат во лоша ситуација. Среднорочното разгледување на Националните стратегии за Ромите, како и евалуација на спроведувањето на Националната стратегија на Ромите во Република Северна Македонија јасно укажаа дека постои потреба за политики базирани на докази со крајна цел да се планираат и изготват активности, и да се измери влијанието и напредокот на изготвените интервенции.

Меѓутоа, и покрај отсуството на систематско прибирање на податоци од страна на официјалните национални институции, меѓународните донатори, како што се Светската банка, ЕУ и УНДП, направија значителни напори во 2004, 2011 и 2017 за поддршка на поопфатни административни истражувања за Ромите во 12 земји, вклучувајќи ја и Северна Македонија. Преку анкетите се прибираа основните социоекономски податоци за домаќинствата, поединечните членови на домаќинствата како и податоци за определени возрасни членови од секое домаќинство, при што беа покриени 750 ромски домаќинства и околу 350 домаќинства што не се од ромска припадност а кои живеат во близина на ромските заедници, во секоја целна земја. Истражувањето обезбедува голем број на компаративни податоци за Ромите во целата земја, но исто така ја утврдува и состојбата на Ромите во останатите земји со што се формира основа за прибирање податоци и се поставува една основна студија што може да послужи за понатамошна споредба.

Во 2016 година, во рамките на ИПА проектот „Локална интеграција на бегалците, внатрешно раселените лица и малцинските групи“[1], беше развиена методологија за социјално мапирање со цел спроведување на едно сеопфатно истражување за социјалната инклузија коешто обезбеди стандардизирано генерирање на податоци за социјалните прашања на населението од ромска припадност во 12 општини. Со таа цел, во 2018 година, Европската Комисија ја обезбеди поддршката за спроведување на социјално мапирање на Ромите во Северна Македонија, во рамки на договорот ТЕМАТСКА ОЦЕНКА НА ПОДДРШКАТА НА РОМИТЕ ВО РОМСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И СОЦИЈАЛНО МАПИРАЊЕ НА РОМИТЕ -2018/395950/1[2] .

---

[1] Проект финансиран од Европската унија и имплементиран од ЕПТИСА во конзорциум со CARE, МЦМС и Ромскиот образовен фонд во партнерство со Министерството за труд и социјална политика.
[2] Корисници на FWC 2013 - ЛОТ 9: Култура, образование, вработување и социјална работа

Социјалното мапирање на Ромите го спроведува АЕКОМ во координација со Делегацијата на Европската унија Скопје и Министерството за труд и социјална политика и Кабинетот на министерот без ресор задолжен за спроведување на стратегијата за Ромите како крајни корисници на извештајот. Компонентата на социјално мапирање се осврнува на постоечкиот недостаток на јасни и сеопфатни податоци во однос на главните географски, социјални карактеристики и стандарди на живот на Ромите во населените места. Главна цел на социјалното мапирање е да обезбеди веродостојна слика за структурите и состојбите во заедницата, како и да обезбеди преглед и основни карактеристики на домаќинствата во ромските заедници во однос на образованието, вработувањето, здравството, домувањето, инфраструктурата и други социоекономски карактеристики. Покрај тоа, целта на социјалното мапирање е да им обезбеди на релевантните национални институции (министерства, агенции, граѓански организации) веродостојни податоци за ромските заедници и нивната состојба, со цел изготвување на подобри политики насочени кон заедницата во целина, наместо фокусирање на индивидуално ниво. Од друга страна, тоа треба да обезбеди податоци за потребите на ромските заедници според кои националните и ЕУ фондовите треба да се распределат за програми и проекти со цел социјална инклузија на Ромите во општеството, на национално и локално ниво.

## МЕТОДОЛОГИЈА

Социјалното мапирање ја презентира состојбата и структурата на заедницата во ромските населби во **14 општини** и обезбедува краток преглед на социоекономскиот статус и животните услови на Ромите во тие општини. Општините се избрани врз основа на најголема застапеност на Роми, во соработка со Министерството за труд и социјална политика, а земајќи го во предвид регионалниот карактер на застапеноста на Ромите. Општините посочени за социјално мапирање се прикажани подолу:

**Табела 1:Целни општини**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1.Тетово** | **2.Прилеп** | **3.Штип** | **4.Виница** | **5.Струмица** |
| **6.Гостивар** | **7.Куманово** | **8.Кочани** | **9.Дебар** | **10.Кавадарци** |
| **11.Шуто Оризари** | **12.Битола** | **13.Кичево** | **14.Велес** | |

Методолошкиот пристап е комбинација на **квалитативен партиципативен пристап** и **квантитативни методи** засновани на репрезентативни примероци со цел да се обезбедат порелевантни согледувања за состојбата на ромските заедници, но исто така се опишуваат и карактеристиките на просечните Роми во однос на домувањето, образованието, здравството, вработувањето, инфраструктурата итн.

Квалитативниот метод се заснова на прилагоден пристап на партиципативна рурална проценка, со што се овозможува прибирање релевантни информации кои ќе обезбедат увид во состојбата на Ромите и нивните заедници на територијата на Република Северна Македонија. Партиципативниот квалитативен пристап беше спроведен преку организирање на консултативни состаноци и фокус групи со претставници на локалните ромски заедници, општински претставници, невладини организации и други групи од заедницата како што се локални акциони групи, РИЦ, и ромски медијатори во општините. Фокус групите и индивидуалните консултации беа одржани во секоја од 14-те посочени општини.

**Табела 2: Квалитативен пристап**

| | |
|---|---|
| ***Метод на партиципативна проценка*** | Партиципативно оценување е методологија за интеракција со членовите на една заедница, нивно разбирање и учење од нив. Подразбира процес на комуницирање со нив користејќи мноштво методи кои се засноваат на учество на заедницата. |
| ***Цели*** | Тие се од особено значење при прибирање на податоци што ќе обезбедат сознанија за луѓето и заедниците во кои живеат. Овие сознанија, пак, ќе им го овозможат следното на проектите:<br><br>• Прилагодување на интервенциите според потребите и околностите на одредени заедници<br>• Подобро фокусирање на прашања за квантитативни истражувања кои може да се спроведат за да се надополнат квалитативните истражувања<br>• Тековно прецизирање на пристапот и активностите, бидејќи податоците се прибираат за да се врши следење<br>• Подобрување на последователните активности и на идните проекти како резултат на евалуациите |
| ***Алатки*** | • Социјална мапа - мапа што ја изработуваат учесниците а која ги прикажува социјалните структури и институции во една целна област. Се фокусира на цртање на мапа, попис на домаќинства и подрачја, трендови во домувањето - намалување или зголемување, население во близина, религиозна група, миграција и социјални структури<br>• Мапа на инфраструктура и ресурси - развивање на содржината на мапата со инфраструктурата на заедницата (опис на населбите, вода и канализација, пристап до електрична енергија, патна инфраструктура, јавни добра и достапност на ресурсите<br>• Перцепција за богатството и приходите - најважниот извор на приходи, расходната структура, варијацијата на приходите во текот на годината, главно занимање на заедницата<br>• Венски дијаграм за институции - мапирање на институциите во рамки на заедницата, како и оддалеченоста на заедницата од основните јавни добра и услуги - детска градинка, училишта, болници, автобуски станици, |
| ***Учесници*** | Претставници на заедницата<br>НВО<br>Локални општини |
| ***Техники*** | Консултативни средби и фокусни групи |

Квантитативниот метод се состоеше од едно истражување спроведено во август - септември 2018 година на случаен примерок на ромски домаќинства во целните 14 општини[3] врз основа на населби. Во секоја од 14 општини беа интервјуирани околу 550 ромски домаќинства. Прашалникот за анкетирање беше изготвен заеднички од страна на експертите ангажирани од страна на АЕКОМ, со упатување за прилагодување на претходниот прашалник изготвен во рамките на проектот „Локална интеграција на бегалците, внатрешно раселените лица и

[3] Општините се избираат врз основа на најголема застапеност на Ромите, во соработка со Министерството за труд и социјална политика, исто така земајќи го предвид регионалниот карактер на распределбата на Ромите.

малцинските групи“[4], но исто така и во консултација со засегнатите страни кои поседуваат релевантна експертиза за прибирање на податоци, како што се УНДП и Хабитат за хуманост Македонија. Прашалникот се состои од 4 компоненти со клучни прашања за **домување и инфраструктура во заедницата, вработување, здравство и образование**.

**Единица на анализа во делот на домувањето и инфраструктурата во заедницата се домаќинствата, а во сегментот вработување се индивидуалните испитаници. Во сегментите образование и здравство, единица на анализа се домаќинствата и поединците.**

Истражувањето беше спроведено од страна на невладината организација „INSOC”[5] со примена на прилагодена методологија во 14 општини, со што се овозможи прибирање на заеднички податоци за клучните показатели и обезбедување на споредливост и конзистентност на резултатите. Истражувањето опфаќа вкупно 550 ромски домаќинства со околу 2.200 домаќинства кои покриваат 14 општини со најголема застапеност на Ромите.

**Табела 3: Квантитативен пристап**

| | |
|---|---|
| ***Анкета*** | Истражувањето за социјално мапирање вклучува податоци за социоекономската состојба на индивидуалните домаќинства кои живеат во одредена (географска) област што е предмет на интерес и обезбедува информации за релативната благосостојба на домаќинствата врз основа на збирот на однапред дефинирани показатели |
| ***Цели*** | Истражувањето е особено значајно за прибирање на квантитативни податоци за ромските домаќинства што овозможува да се донесе заклучок за целото население преку примена на методологија заснована на примерок и методи и техники на интерференција. Прилагодување на интервенциите според потребите и околностите на определените заедници. |
| ***Принципи*** | Репрезентативен примерок кој има цврста екстерна валидност во однос на целната популација, со цел примерокот да биде доволно голем што значи да ја претставува популацијата. Наодите од истражувањето може да се генерализираат со интервал на доверба на популацијата што е предмет на истражување.<br>Случајност - подмножество на статистичка популација во која секоја единица има еднаква веројатност да биде избрана. |
| ***Примерок*** | Домаќинствата во ромските населби или подрачјата на компактна ромска популација; претставници на ромската популација кои имплицитно се идентификуваат како Роми |
| ***Рамка на примерок*** | Листа на населени места на општинско ниво според пописот со значителен дел на ромската урбана популација, ажурирана со податоци од други извори (локални експерти кои се запознаени со ова малцинско население). |
| ***Вид на примерок*** | Трифазен случаен репрезентативен примерок стратификуван врз основа на застапеноста на ромската популација на општинско ниво |
| ***1 фаза*** | Кластерите се извлекуваат по случаен избор од секој општински стратум по број на сегменти (почетни адреси) |

[4] Проект финансиран од Европската унија и имплементиран од ЕПТИСА во конзорциум со CARE, МЦМС и Ромскиот образовен фонд во партнерство со Министерството за труд и социјална политика
[5] Изведувач

| | |
|---|---|
| ***2 фаза*** | Домаќинствата се избрани со еднаква веројатност, со методот на random start или equal random walk |
| ***3 фаза*** | Член на домаќинството 16+, селектиран со техника на првиот роденден |
| ***Големина на примерок*** | 550 домаќинства |
| ***Грешка на примерок*** | $n_{min}$= 384 домаќинства<br>Стапка на одговор = 70%<br>Интервал на доверба = 95%<br>Грешка на примерокот = +/- 5% |
| ***Техники*** | Прашалник |
| ***Метод на прибирање податоци*** | Преку обучени попишувачи со мешана структура од персоналот на Ромските информативни центри и здравствени медијатори |

Како што може да се види од горната табела, рамката за примерокот се состои од листа на населби на општинско ниво користејќи податоци од последниот Попис од 2002 година, со висок удел на урбаното ромско население, ажурирано со податоци од други извори - локални експерти кои имаат познавања за ова малцинско население. Имајќи предвид дека ромската популација мигрира, но исто така земајќи го во предвид и зголемениот број на картонски населби, се одржа панел-експертска средба со претставници од невладините организации за дефинирање на рамката на примерокот за ромските населби во дадената општина.

Методот за земање примероци е стратифициран со користење на трифазна постапка со кластер, извлечен по случаен избор од секој стратум од општината според бројот на делници (почетни адреси). Со цел да се обезбеди поцелосен пристап при регрутирање на испитаниците Роми во истражувањето, тимот за истражување (под водство на експерт за анкетирање) се здружи со локалните НВО/локални институции во идентификувањето на ромските населби во рамки на избраните општини.

Процедурите се засноваат на селекција стратификувана пропорционално со големината на општинскиот стратум. Во секој стратум беа избрани населби, а во нив – примарни единици на примерокот (гласачки единици или други релевантни единици). Целта на втората фаза беше да се избере индивидуалниот испитаник. Првиот чекор во оваа фаза беше избирање на почетната адреса, користејќи процедури за рутирање за случаен избор, различни за локалните типови населби. Вториот чекор беше да се избере еден испитаник, со процедура за селекција на квоти, со што се обезбеди дека лесно достапните лица нема да бидат презастапени. Притоа, од секое домаќинство беше интервјуиран еден член врз основа на принципот на најблизок роденден на возрасен член со што се обезбедија податоци и за останатите членови.

Во табела 4 се прикажани општините со проценет примерок од 550 домаќинства од преку 2200 лица / население опфатени со социјалното мапирање.

**Табела 4: Примерок по општина**

| Бр. | Општини | Вкупно население | % во вкупно нас. | Домаќинства | Пондерирање | Апрокс. на примерок | Проценето нас. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Шуто Оризари | 13,342 | 25% | 3,336 | 34% | 186 | 744 |
| 2 | Прилеп | 4,433 | 8% | 1,108 | 11% | 62 | 247 |
| 3 | Куманово | 4,256 | 8% | 1,064 | 11% | 59 | 237 |
| 4 | Битола | 2,613 | 5% | 653 | 7% | 36 | 146 |
| 5 | Тетово | 2,357 | 4% | 589 | 6% | 33 | 131 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | Гостивар | 2,237 | 4% | 559 | 5% | 31 | 125 |
| 7 | Штип | 2,195 | 4% | 549 | 5% | 31 | 122 |
| 8 | Кочани | 1,951 | 4% | 488 | 5% | 27 | 109 |
| 9 | Кичево | 1,630 | 3% | 408 | 4% | 23 | 91 |
| 10 | Виница | 1,230 | 2% | 308 | 3% | 17 | 69 |
| 11 | Дебар | 1,080 | 2% | 270 | 3% | 15 | 60 |
| 12 | Велес | 800 | 1% | 200 | 2% | 11 | 45 |
| 13 | Кавадарци | 679 | 1% | 170 | 2% | 9 | 38 |
| 14 | Струмица | 651 | 1% | 163 | 2% | 9 | 36 |
| | | | | 9,865 | 100% | 550 | 2,200 |

*Извор: Попис 2002*

Анализата и презентацијата на податоците кои произлегуваат од социјалното мапирање се на две нивоа: Прво, на **национално ниво**, се обезбедуваат општи податоци за целиот примерок на домаќинства, вклучувајќи ги демографските карактеристики, условите за домување, вработеност, образование и здравство. Овие податоци ја дефинираат состојбата на Ромите во четирите приоритетни области и служат за споредба со претходните наоди од други извештаи.

**Вториот** дел се фокусира на анализа на податоците од целните општини, во горенаведените области и презентирање на резултатите на **општинско ниво**. Податоците и наодите на општинско ниво се дополнително обработени според **населби**. Овој пристап овозможува формулирање на заклучоци за разликите меѓу општините, од една страна, но исто така и за разликите на ниво на **населените места**, кои се совпаѓаат со главните **населби** каде што се потребни интервенции или инвестиции со цел да се искоренат разликите на ниво на општината. Што се однесува до анализата на податоците на **ниво на населените места**, се користи комбинација на квантитативни и квалитативни методи. Податоците собрани врз основа на анкетата се анализираат заедно со наодите од фокус групите, во однос на инфраструктурата на ниво на заедницата, близината на институциите во ромските заедници, перцепцијата за приходите и вработеноста.

## НАЦИОНАЛНО НИВО

Овој дел од извештајот ја претставува општата слика за социоекономскиот статус во четиринаесет (14) општини, каде што живее околу 90% од ромското население.

**Слика 1: Општини вклучени во социјалното мапирање**




Четиринаесетте (14) општини беа избрани врз основа на највисокиот степен на застапеност на Роми во Република Северна Македонија, но во корелација со општините избрани во проектот ROMACTED. ROMACTED програмата „Унапредување на доброто управување и зајакнување на Ромите на локално ниво“ е заедничка иницијатива на Советот на Европа и на Европската унија, чија цел е да се изгради политичка волја и одржливи политики на локалните власти за подобрување на демократското локално управување и подобрување и проширување на посветеноста, капацитетите, знаењата и вештините на институциите кои работат на инклузија на Ромите. Програмата се спроведува во 12 општини со крајна цел да создаде синергија со постоечките иницијативи и со тоа да ги распредели ресурсите и да обезбеди политичка посветеност за унапредување на положбата на Ромите на локално ниво.

## Демографски карактеристики

Иако од 550 домаќинства кои учествуваа во социјалното мапирање, беше проценета почетна група од 2200 лица, врз основа на достапните статистички податоци, како резултат на социјалното мапирање конечно беа утврдени 2773 лица од сите 550 домаќинства. Што се однесува до возраста и полот, од вкупно 2773 Роми, 49% се жени. Во поглед на критериумите за возраст, највеќе е застапена возрасната група од 19 до 64 години (речиси 60%). Сликата подолу покажува дека само 3% од лицата вклучени во истражувањето се постари од 64 години.

### Слика 2: Пирамида на населението




Слика 3 ги прикажува барателите на азил по општина и по домаќинство, вклучувајќи најмалку едно лице кое побарало азил во некои од земјите на ЕУ. Најголем број баратели на азил се регистрирани во Битола (58%), Кочани (48%), Куманово (44%) и Струмица (12%). Општините Кичево, Тетово и Виница имаат најмал број баратели на азил.

### Слика 3: Баратели на азил од 2009



## Домување

Правото на **соодветно домување** е едно од основните права, а меѓународните и националните правни и политички рамки подразбираат стандарди и мерки кои се многу важни за обезбедување соодветно домување кај ромските заедници. Оттаму, државата е обврзана да ги следи стандардите и мерките утврдени во Меѓународниот пакт и да создаде услови за правилно остварување на економските, социјалните и културните права. Критериумите вклучуваат сигурност на закуп, пристап до услуги, приуштивост, соодветни услови за живот, пристапност, соодветност на локацијата и културолошка адекватност.[6]

Домувањето е исто така една од приоритетните области на *Стратегијата за ромите во Република Македонија 2014-2020*. Стратегијата ги истакнува одредбите од Законот за домување[7] кој го дели домувањето на две категории: **минимално** и **соодветно** домување: *според член 8, минималното домување вклучува минимални услови за простор, опрема на станот со основна комунална инфраструктура, како што се електрична енергија, вода и одводнување и поврзаност на живеалиштето со населбата или градот, како и правна сигурност за поседување или користење на живеалиште.* ***Соодветното домување***, *покрај елементите на минимално домување вклучува и соодветна приватност и простор, физичка пристапност, безбедност, конструкциска стабилност и издржливост, осветлување, греење и вентилација, основна инфраструктура, како што се водоснабдување, одводнување и собирање на отпад, квалитет на животната средина и здравствени фактори и пристапност поврзана со работата и основните јавни добра и услуги.*

Во просек, во едно ромско домаќинство живеат 5.0 лица во 14-те општини опфатени со извештајот. Според слика 4, најголем број на членови во едно домаќинство е забележан во Кичево (6,83 лица во едно домаќинство); Кавадарци (6,22), Гостивар (5,79) и Шуто Оризари - 5,46 лица во едно домаќинство.

**Слика 4: Просечен број на лица во едно домаќинство**




[6] Програма за човечки живеалита на Обединетите нации (UN-HABITAT), достапно земјиште и домување во Европа и Северна Америка, Најроби, 2011, стр. 9-11

[7] „Службен Весник" no. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 38/12, 55/13, 163/13, 42/14,

Во Табела 5 е прикажана големината на домаќинството (во квадратни метри) што го пријавиле Ромите во 14-те општини. Од Табела 5 произлегува дека околу 44% од ромското население живее во живеалишта помали од $50m^2$. Имајќи предвид дека во просек едно домаќинство има 5 членови, може да се заклучи дека постои голема стапка на пренатрупаност. На општинско ниво, може да се забележи голема пренатрупаност во Битола и Струмица (над 80% од населението); умерена пренатрупаност е присутна во Кавадарци, Шуто Оризари, Прилеп, Виница (над 47% од населението). Во просек, околу 28% од населението живее во живеалишта кои се поголеми од $71m^2$. Во општините Штип, Кичево и Велес просторот за живеење е поголем.

**Табела 5: Големина на живеалиште по општини**

| | Помалку од 10 $m^2$ | 10 $m^2$- 16 $m^2$ | 17 $m^2$- 30 $m^2$ | 31 $m^2$- 50 $m^2$ | 51 $m^2$- 70 $m^2$ | 71 $m^2$- 90 $m^2$ | Повеќе од 90 $m^2$ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Битола | 0% | 8% | 50% | 28% | 14% | 0% | 0% | 100% |
| Дебар | 0% | 0% | 0% | 27% | 20% | 20% | 33% | 100% |
| Гостивар | 6% | 9% | 15% | 18% | 18% | 17% | 17% | 100% |
| Кавадарци | 0% | 0% | 34% | 22% | 22% | 22% | 0% | 100% |
| Кичево | 8% | 17% | 0% | 13% | 25% | 8% | 29% | 100% |
| Кочани | 0% | 7% | 11% | 16% | 48% | 7% | 11% | 100% |
| Куманово | 0% | 8% | 12% | 15% | 39% | 15% | 11% | 100% |
| Прилеп | 0% | 4% | 17% | 23% | 33% | 15% | 8% | 100% |
| Шуто Оризари | 1% | 11% | 6% | 29% | 32% | 12% | 9% | 100% |
| Штип | 0% | 0% | 7% | 13% | 50% | 27% | 3% | 100% |
| Струмица | 0% | 10% | 30% | 40% | 10% | 10% | 0% | 100% |
| Тетово | 0% | 0% | 9% | 38% | 16% | 9% | 28% | 100% |
| Велес | 0% | 0% | 9% | 0% | 55% | 36% | 0% | 100% |
| Виница | 0% | 0% | 18% | 29% | 12% | 41% | 0% | 100% |
| Просек | **1%** | **5%** | **16%** | **22%** | **28%** | **17%** | **11%** | |

Како што е прикажано подолу, 63% од испитаниците имаат сопствен дворишен простор. Но, како што следи од понатамошното прашање, повеќето од ромските домаќинства кои живеат во горенаведените општини имаат мали дворови. Најмал дворишен простор имаат испитаниците од Велес (55% имаат двор помал од $10m^2$), додека во Битола (47%) и Шуто Оризари (39%) дворишните простори изнесуваат и до $16m^2$. Прилеп е исклучок, со дворишни простори поголеми од 90 $m^2$ (17%).

**Табела 6: Живеалишта со дворишен простор**

| | 1) Да, заеднички дворишен простор со соседите | 2) Да, сопствен дворишен простор | 3) Не |
|---|---|---|---|
| Штип | 3% | 94% | 3% |
| Битола | 11% | 78% | 11% |
| Дебар | 7% | 73% | 20% |
| Гостивар | 44% | 41% | 15% |
| Кавадарци | 22% | 56% | 22% |
| Кичево | 25% | 67% | 8% |
| Кочани | 0% | 100% | 0% |
| Куманово | 24% | 51% | 25% |
| Прилеп | 20% | 78% | 2% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Шуто Оризари | 20% | 63% | 17% |
| Струмица | 30% | 10% | 60% |
| Тетово | 28% | 50% | 22% |
| Велес | 9% | 73% | 18% |
| Виница | 41% | 41% | 18% |
| Просек | 20% | 63% | 17% |

Сопственост на живеалиштето[8] е уште еден показател кој ги одразува условите за домување кај ромската заедница. Во табела 7 е претставена сопственичката структура на ромското домаќинство во општините. Меѓутоа, кога се дискутира за релативно високата стапка на сопственост на домување во повеќето општини, треба да се има предвид дека ова анкетно прашање можеби било погрешно разбрано. Имено, за редовна појава се сметаат ситуации во кои определени лица **неформално се сметаат за сопственици** на одредена недвижност, на што тие, всушност, немаат законско право.
Може да се забележи дека релативно висок процент на Роми неформално прогласиле сопственост врз своите живеалишта - речиси 90% од Ромите - 88% од нив поседуваат сопствена куќа, додека 2% живеат во сопствени станови. Само 10% од Ромите не ги поседуваат живеалиштата, при што 5% од Ромите живеат во куќа што им припаѓа на нивните роднини, 2% во изнајмени живеалишта, 1% во куќи под хипотека и 1% живеат во импровизирани живеалишта.

Според табелата прикажана подолу, највисока стапка на сопственост на живеалишта е забележана во Велес (100%), Куманово (98%), Кичево и Кочани (96%), Штип (93%) и Струмица и Прилеп (90%).

**Од 1% од Ромите кои пријавиле дека живеат во импровизирани живеалишта, најголем дел отпаѓа на Шуто Оризари, Прилеп, Штип и Гостивар. Овие области треба да се сметаат како приоритетни за интервенции во поглед на типот на домување, бидејќи таму се забележани највисоки стапки на несоодветни услови за живеење и висока стапка на лица во ранливи ситуации.**

**Табела 7: Неформална сопственичка структура на живеалишта по општина**

| | Друго | Импровизирано живеалиште (картонско живеалиште или слично) | Куќа во туѓа сопственост (роднина) | Одбива да одговори | Станар во куќа | Станар во стан | Сопствен стан | Сопствена куќа | Сопствена куќа под хипотека | Стан во туѓа сопственост (роднина) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Битола | 3% | 0% | 11% | 0% | 0% | 0% | 0% | 86% | 0% | 0% |
| Дебар | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 14% | 86% | 0% | 0% |
| Гостивар | 0% | 3% | 5% | 0% | 0% | 0% | 9% | 82% | 0% | 1% |
| Кавадарци | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 11% | 0% | 89% | 0% | 0% |
| Кичево | 1% | 0% | 0% | 4% | 0% | 0% | 0% | 95% | 0% | 0% |
| Кочани | 0% | 0% | 4% | 0% | 0% | 0% | 0% | 96% | 0% | 0% |
| Куманово | 2% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 98% | 0% | 0% |

[8] Сопственоста на живеалиштето се заснова на прашањето Која од следните изјави најдобро го опишува вашето живеалиште- каде што испитаниците мораа да изберат неколку категории (сопствена куќа, изнајмена куќа, куќа која припаѓа на членот на семејството итн.).

|  | Друго | Импровизирано живеалиште (картонско живеалиште или слично) | Куќа во туѓа сопственост (роднина) | Одбива да одговори | Стан ар во куќа | Стан ар во стан | Сопствен стан | Сопствена куќа | Сопствена куќа под хипотека | Стан во туѓа сопственост (роднина) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Прилеп | 2% | 1% | 4% | 0% | 0% | 0% | 0% | 91% | 0% | 2% |
| Шуто Оризари | 0% | 3% | 8% | 0% | 4% | 0% | 0% | 82% | 1% | 2% |
| Штип | 0% | 3% | 4% | 0% | 0% | 0% | 0% | 93% | 0% | 0% |
| Струмица | 0% | 0% | 1% | 0% | 0% | 0% | 0% | 90% | 0% | 0% |
| Тетово | 1% | 0% | 9% | 0% | 3% | 0% | 0% | 87% | 0% | 0% |
| Велес | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 100% | 0% | 0% |
| Виница | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 29% | 71% | 0% | 0% |
| **Просек** | **1%** | **1%** | **5%** | **0%** | **2%** | **0%** | **2%** | **88%** | **1%** | **1%** |

Во табелата подолу е прикажана легализацијата на живеалиштата, како и домаќинствата кои имаат сопственичка документација. Само 49% од Ромите се изјасниле дека имаат легализирани куќи, додека 1% имаат изнајмена куќа. Околу 19% од живеалиштата се во процес на легализација.

Табела 8:Легализација на живеалишта по општина

| Општини | Не знам, јас сум потстанар | Да | Не | Само еден дел, другиот е во процес на легализација | Во процес на легализација | Одбива да одговори |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Битола | 6% | 16% | 67% | 0% | 11% | 0% |
| Дебар | 0% | 67% | 13% | 0% | 13% | 7% |
| Гостивар | 0% | 41% | 35% | 0% | 24% | 0% |
| Кавадарци | 11% | 33% | 45% | 11% | 0% | 0% |
| Кичево | 0% | 46% | 38% | 12% | 4% | 0% |
| Кочани | 0% | 96% | 0% | 0% | 4% | 0% |
| Куманово | 0% | 11% | 53% | 0% | 36% | 0% |
| Прилеп | 0% | 68% | 15% | 0% | 13% | 4% |
| Шуто Оризари | 2% | 41% | 22% | 2% | 30% | 3% |
| Штип | 0% | 90% | 3% | 0% | 7% | 0% |
| Струмица | 0% | 50% | 40% | 0% | 10% | 0% |
| Тетово | 0% | 25% | 6% | 3% | 56% | 10% |
| Велес | 0% | 64% | 9% | 0% | 27% | 0% |
| Виница | 0% | 41% | 59% | 0% | 0% | 0% |
| Просек (национално ниво) | 1% | 49% | 29% | 2% | 17% | 2% |

Најголем процент на куќи во процес на легализација е регистриран во Тетово (56%), Куманово (36%), Шуто Оризари (30%), Велес (27%) и Гостивар (24%). **И покрај тоа, умерено висок процент на живеалиштата не се легализирани (29%) и претставуваат потенцијален случај за иселување ако нивниот статус не биде решен наскоро**. Оваа состојба бара интервенција од одговорните засегнати страни бидејќи овие случаи можеби ги претставуваат живеалиштата кои не можат да се легализираат поради техничките стандарди (потенцијално нестабилна зона).

Затоа, можна дислокација и обезбедување на нови куќи може да биде опција за решавање на проблемот со домувањето. Највисок процент на нелегализирани куќи е забележан во Битола (67%), Виница (59%), Куманово (53%), Кавадарци (44%), Струмица (40%), Кичево (38%) и Шуто Оризари (22%).

Што се однесува до квалитетот на живеалиштата, беа поставени неколку прашања за да се испитаат условите во кои живеат ромските заедници. Прашањето имаше повеќе одговори, овозможувајќи им на испитаниците да изберат повеќе од една опција за секој од наведените проблеми. Од податоците произлегува дека 53% од ромските домаќинства пријавиле дека имаат влага во своите живеалишта. Во овој поглед, високата инциденца на влага во живеалиштата во голема мера влијае на здравствениот статус на Ромите, особено на здравјето на децата, бидејќи влагата директно влијае на респираторниот систем. Меѓу општините, највисоката инциденца на влага е утврдена во Шуто Оризари (14%); Куманово (7%), Битола (5%), додека кај сите останати општини инциденцата е помала од 10%.

**Табела 9: Главни инфраструктурни проблеми и проблеми на домување кај Ромите/живеалишта по општина**

| | Куќата има влага | Куќата нема доволно осветлување | Куќата е изградена од нессодветен материјал | Нема пристап до електрична енергија | Куќата нема пристап до асфалтиран пат |
|---|---|---|---|---|---|
| Битола | 5% | 1% | 0% | 0% | 0% |
| Дебар | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% |
| Гостивар | 5% | 1% | 2% | 0% | 2% |
| Кавадарци | 1% | 0% | 0% | 1% | 0% |
| Кичево | 2% | 0% | 0% | 0% | 0% |
| Кочани | 2% | 0% | 0% | 0% | 0% |
| Куманово | 7% | 0% | 0% | 0% | 1% |
| Прилеп | 4% | 1% | 1% | 0% | 4% |
| Шуто Оризари | 14% | 6% | 2% | 1% | 2% |
| Штип | 3% | 1% | 0% | 0% | 0% |
| Струмица | 1% | 1% | 0% | 0% | 0% |
| Тетово | 5% | 1% | 0% | 0% | 1% |
| Велес | 1% | 0% | 0% | 0% | 0% |
| Виница | 3% | 3% | 1% | 1% | 2% |
| Вкупно (национално ниво) | **53%** | **15%** | **6%** | **3%** | **12%** |

Исто така, во однос на квалитетот на живеалиштето, 15% од Ромите се изјасниле дека немаат доволно осветлување во куќата, при што највисока инциденца е забележана во Шуто Оризари и Виница. Квалитетот на живеалиштето е тесно поврзан со материјалот од кој тоа е изградено. Така, околу 6% пријавиле дека нивното живеалиште е изградено од несоодветен материјал. Меѓу општините, проблемот е најзастапен во Шуто Оризари, Прилеп, Гостивар и Виница. Пристапот до електрична енергија е исто така важен показател за квалитетот на живеалиштето - само 3% од ромските заедници изјавиле дека немаат пристап до електрична енергија. Во рамки на општините, околу 1% од домаќинствата во Кавадарци, Шуто Оризари и општина Виница се изјасниле дека немаат пристап до електрична енергија.

Последниот показател во однос на условите за домување, на ниво на заедницата, е поврзан со јавната инфраструктура, и тоа дали заедницата има пристап до асфалтни патишта. Околу 12% од испитаниците изјавиле дека нивните куќи немаат пристап до асфалтен пат. Меѓу општините највисок процент е забележан во Прилеп, Шуто Оризари, Виница, Гостивар.
Последниот дел во однос на квалитетот на условите за домување е поврзан со пристапот до комуналната инфраструктура. Како што е прикажано на слика 5, 18% од домаќинствата немаат пристап до канализационен систем, 30% немаат тоалет во куќата, 20% немаат тоалет со бања и

околу 10% од ромските домаќинства немаат вода за пиење во внатрешноста на куќата. На општинско ниво, најранлива е состојбата во Шуто Оризари, Прилеп и Куманово.

### Слика 5: Пристап до комунална инфраструктура на домаќинствата во целните општини




## Вработеност

Еден од најважните показатели за степенот до кој се користат расположливите трудови ресурси е стапката на вработеност[9]. Работоспособното население од 15-64 години[10] претставува 54% од вкупното население вклучено во истражувањето. Стапката на вработеност е 23%, пресметана врз основа на работоспособното население од примерокот во секоја општина. Стапката на вработеност на национално ниво е 44%[11], и е речиси двојно повисока од стапката на вработеност на Ромите опфатени со истражувањето. Што се однесува до полот, во просек стапката на вработеност кај мажите Роми е 15%, во споредба со националниот просек од 54%[12]. Кај жените стапката на вработеност е уште пониска, за жените Ромки стапката на вработеност изнесува 8%, додека националниот просек за жени што не се од ромска припадност е 35%[13].

### Табела 10:Работоспособно население и стапка на вработеност на Ромите по општини

| | Работоспособно население | Вработени Роми | | Вработени мажи | | Вработени жени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Битола | 94 | 21% | 20 | 12% | 11 | 9% | 9 |
| Дебар | 60 | 25% | 15 | 15% | 9 | 10% | 6 |
| Гостивар | 125 | 6% | 8 | 2% | 3 | 4% | 5 |
| Кавадарци | 35 | 11% | 4 | 11% | 4 | 0% | 0 |

[9] Стапката на вработеност ја следи стандардната дефиниција на МОТ, вклучувајќи ги и оние луѓе кои за време на истражувањето се изјасниле дека работеле за надоместок во текот на неделата најмалку еден час; привремено отсутни од работа, но формално вработени и лица кои помагале на семејниот имот или во семејното претпријатие без надоместок. Стапката на вработеност се пресметува од работоспособното население од примерокот во секоја општина, во согласност со дефиницијата на Државниот завод за статистика, со учеството односно бројот на вработени во работоспособното население на возраст од 15 години и повеќе

[10] Под работоспособно население се подразбираат лица на возраст од 15 до 64 години или 18-64 години

[11] Анкета за работната сила, Државен завод за статистика, 2017 достапна на http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.18.03.pdf

[12] ibid

[13]ibid

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Кичево | 103 | 16% | 16 | 11% | 11 | 5% | 5 |
| Кочани | 81 | 33% | 27 | 21% | 17 | 12% | 10 |
| Куманово | 156 | 32% | 50 | 27% | 42 | 5% | 8 |
| Прилеп | 180 | 18% | 32 | 10% | 18 | 8% | 14 |
| Шуто Оризари | 686 | 24% | 167 | 15% | 102 | 9% | 65 |
| Штип | 85 | 27% | 23 | 12% | 10 | 15% | 13 |
| Струмица | 25 | 12% | 3 | 8% | 2 | 4% | 1 |
| Тетово | 101 | 29% | 29 | 19% | 19 | 10% | 10 |
| Велес | 35 | 40% | 14 | 23% | 8 | 17% | 6 |
| Виница | 54 | 24% | 13 | 20% | 11 | 4% | 2 |
| Вкупно | **1820** | | **421** | | **267** | | **154** |
| Просек | | | **23%** | | **15%** | | **8%** |

На општинско ниво, највисока стапка на вработеност во ромските заедници е евидентирана во Велес (40%), Куманово (32%), Кочани (33%), Шуто Оризари (24%) и Штип (27%) (сите над 20%). Најниски стапки на вработеност се забележани во Прилеп (18%), Кавадарци (11%), Струмица (12%) и Гостивар (6%). Врз основа на родовите статистики, состојбата на жените Ромки на пазарот на трудот е доста критична бидејќи стапката на вработеност во општините е под 20%.

Иако стапката на вработеност кај ромските заедници е многу мала, стапката на неформална вработеност во ромските заедници е висока - во просек 25% од населението работи неформално. Сепак, стапката на неформална вработеност е поголема кај мажите 15%, додека кај жените Ромки таа изнесува 10%. На општинско ниво, највисока стапка на неформална вработеност може да се забележи во Битола (65%), Куманово (47%), Прилеп (37%), Велес и Шуто Оризари со 37% и 45%. Според полот, стапката на неформална вработеност кај жените Ромки е највисока во Битола 33%, Куманово 19% и во Шуто Оризари и Струмица со 20%.

### Табела 11:Работоспособно население и стапка на вработеност на Ромите по општини[14]

| | Неформална работа | Неформална работа - мажи | Неформална работа - жени |
|---|---|---|---|
| Битола | 65% | 32% | 33% |
| Дебар | 10% | 8% | 2% |
| Гостивар | 37% | 24% | 13% |
| Кавадарци | 5% | 0% | 5% |
| Кичево | 0% | 0% | 0% |
| Кочани | 5% | 4% | 1% |
| Куманово | 47% | 28% | 19% |
| Прилеп | 37% | 24% | 13% |
| Шуто Оризари | 37% | 20% | 16% |
| Штип | 13% | 6% | 7% |
| Струмица | 40% | 20% | 20% |

[14] Стапката на неформалната вработеност се пресметува така што бројот на неформално вработени лица се дели со вкупниот број на население од возрасната група 15-64, изразено како процент

| | | | |
|---|---|---|---|
| Тетово | 6% | 6% | 0% |
| Велес | 42% | 29% | 13% |
| Виница | 11% | 11% | 0% |
| Просек | 25% | 15% | 10% |

Најчеста форма на неформално вработување кај ромското машко население е во трговија, такси услуги, како и во градежништвото и на земјоделските полиња. Меѓутоа, за жените Ромки, најчестата форма на вработување е во трговијата и хигиенските услуги. Слика 6 подолу ја прикажува вклученоста во сезонската работа на работоспособното население. Во просек, околу 16% од работоспособното население биле вклучени во сезонска работа. Најголем удел на сезонски работници може да се забележи во Битола и Струмица (32%), главно поврзани со земјоделска работа (во земјата и/или во странство, претежно во Грција). Следат Прилеп со (27%), Гостивар (21%), Кавадарци (20%) и Виница (16%).

### Слика 6: Вклученост во сезонска работа по општини




Сезонската работа е форма на приход на која се потпираат многу ромски семејства во летниот период за време на жетварската сезона. Во овој контекст, највисоката инциденца е забележана во регионите со развиено земјоделство, или во пограничните области.

Финансиската сигурност на ромските семејства е исто така важно прашање кое во голема мера влијае врз нивниот квалитет на живот и одлуката да останат во земјата или да се преселат во странство.

Во табелата подолу е прикажан месечниот приход на домаќинствата во општините, пријавен од главата на домаќинството за сите членови на семејството. Истиот беше пресметан како процент од пријавената категорија во однос на вкупното домаќинство вклучено во истражувањето. Согласно табела 12, околу 36% заработуваат под 12.000 денари месечно, 31% од домаќинствата заработуваат помеѓу 12.000 и 24.000 денари, додека за 18% тој износ се движи во интервалот од 24.000 до 40.000 денари.

Само 5% од ромските домаќинства имаат приход повисок од 40.001 денари. Имајќи предвид дека во просек едно домаќинство брои 5 членови, станува збор за 2,6 евра (160 денари) дневно по лице за 36% од ромската популација. Пресметката се врши врз основа на просекот на лицата кои живеат во едно домаќинство во споредба со вкупниот број испитаници во секоја општина.

### Табела 12: Месечен приход во ромско домаќинство по општина/во македонски денари (MKD)

| Општини | 0 - 5,000 | 5,001 - 12,000 | 12,001 - 24,000 | 24,001 - 40,000 | 40,001 - 70,000 | Повеќе од 70,000 | Одбил да одговори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Битола | 11% | 44% | 36% | 3% | 6% | 0% | 0% |
| Дебар | 7% | 13% | 27% | 13% | 7% | 0% | 33% |
| Гостивар | 0% | 6% | 26% | 38% | 26% | 0% | 3% |
| Кавадарци | 0% | 11% | 56% | 22% | 0% | 11% | 0% |
| Кичево | 29% | 33% | 29% | 0% | 0% | 0% | 8% |
| Кочани | 0% | 19% | 67% | 15% | 0% | 0% | 0% |
| Куманово | 32% | 47% | 19% | 0% | 0% | 0% | 2% |
| Прилеп | 20% | 32% | 30% | 10% | 0% | 0% | 8% |
| Шуто Оризари | 6% | 18% | 30% | 37% | 6% | 1% | 3% |
| Штип | 13% | 20% | 43% | 17% | 7% | 0% | 0% |
| Струмица | 40% | 30% | 10% | 10% | 0% | 10% | 0% |
| Тетово | 3% | 9% | 9% | 9% | 16% | 50% | 3% |
| Велес | 0% | 36% | 18% | 45% | 0% | 0% | 0% |
| Виница | 6% | 12% | 35% | 35% | 6% | 0% | 6% |
| Просек | **12%** | **24%** | **31%** | **18%** | **5%** | **5%** | **5%** |

Во сите општини, првите три (3) приоритети на секој буџет во домаќинствата се **храна, лекови и сметки за комунални услуги** (електричната енергија е најважна).

Социјалната помош (бенефиции) е исто така важен извор на приход кај ромските семејства. Околу 48% од ромските семејства се корисници на социјална помош, при што највисока стапка е забележана во Гостивар 87%, 67% Струмица, 65% Виница и околу 60% во Прилеп и Куманово. Најмалку корисници на социјална помош се регистрирани во Дебар (13%) и Штип со 26% приматели на социјална помош.

### Слика 7: Социјална помош по општина



Сепак, и покрај големиот број на корисници на социјална помош, износот што едно семејство го добива е многу низок и изнесува од 2.153 до 6.150 MKD (35 до 100 евра) месечно по домаќинство, што не е доволно за покривање на основните трошоци за живеење. **За илустрација, потрошувачката кошничка во Македонија изнесува околу 32.000 денари (520 евра) што значително ја надминува заработката на едно просечно ромско семејство.**

Друг важен показател за ефективноста на пазарот на трудот е стапката на невработеност[15]. Стапката на невработеност кај Ромите е **67%**, пресметана како процент од работната сила од примерокот во секоја општина. Највисока стапка на невработеност е забележана во Гостивар (88%), Штип и Струмица (81%), Кичево (78%), Битола (79%), но и во Кавадарци, Прилеп, Шуто Оризари, Велес и Тетово, каде што стапката на невработеност надминува 60%. **Во споредба со националниот просек, каде што стапката на невработеност е околу 22%, стапката на невработеност во ромските заедници е речиси два до три пати повисока.**

### Табела 13: Стапка на невработеност на Ромите во 14 општини

| Општини | Работна сила[1] | Невработени | | Невработени - Мажи- | | Невработени - Жени- | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | Број | % | Број |
| Битола | 91 | 79% | 72 | 40% | 36 | 39% | 36 |
| Дебар | 45 | 64% | 29 | 22% | 10 | 42% | 19 |
| Гостивар | 108 | 88% | 95 | 43% | 46 | 45% | 49 |
| Кавадарци | 35 | 74% | 26 | 29% | 10 | 46% | 16 |
| Кичево | 80 | 78% | 62 | 38% | 30 | 40% | 32 |
| Кочани | 67 | 60% | 40 | 23% | 15 | 37% | 25 |
| Куманово | 125 | 58% | 72 | 24% | 30 | 34% | 42 |
| Прилеп | 135 | 69% | 93 | 31% | 42 | 38% | 51 |
| Шуто Оризари | 591 | 62% | 369 | 31% | 183 | 31% | 186 |
| Штип | 47 | 81% | 38 | 30% | 14 | 51% | 24 |
| Струмица | 21 | 81% | 17 | 33% | 7 | 48% | 10 |
| Тетово | 92 | 61% | 56 | 27% | 25 | 34% | 31 |
| Велес | 35 | 60% | 21 | 29% | 10 | 31% | 11 |
| Виница | 43 | 47% | 20 | 21% | 9 | 26% | 11 |
| Вкупно | **1,515** | | **1,010** | | **467** | | **543** |
| Просек | | **67%** | | **31%** | | **36%** | |

*Забелешка: Вработувањето / невработеноста се заснова на само-перцепција на испитаниците за нивниот работен статус. Таа не ја следи методологијата на МОТ и затоа разликите се можни во споредба со другите истражувања.*

[15] *Стапката на невработеност пресметана како дел од работната сила од примерокот во секоја општина. Работниците се сметаат за невработени ако во моментот не работат, и покрај тоа што се способни и подготвени за работа.*

Во однос на родовата структура во поглед на невработеноста, податоците укажуваат дека жените Ромки имаат повисока стапка на невработеност во споредба со мажите (5% повисока). Највисока стапка на невработеност кај жените Ромки е забележана во Штип (51%), Струмица (48%), Кавадарци (46%), Гостивар (45%), Дебар (42%) и Кичево (40%).

Меѓутоа, согласно дефиницијата на невработеност според националниот закон постојат два типа на баратели на работа - активни и пасивни баратели. Според Законот „невработено лице“[16] е лице *кое не е вработено и кое активно бара работа и "друг барател на работа" е економски активно или неактивно лице што е евидентирано во Агенцијата за вработување, но не бара работа и/или не е подготвено да прифати работа*. Меѓутоа во врска со евидентирањето, терминологијата што се применува кај ромската заедница е лице кое секој месец се пријавува во Агенцијата и лице кое се пријавува на секои шест месеци па затоа, табелата подолу го прикажува статусот на невработеност согласно законот - активни и пасивни баратели на работа.

Речиси 31% од работоспособното население се активни баратели на работа, кои редовно бараат работа и се пријавуваат во Агенцијата за вработување, додека 32% се пасивни баратели на работа. На општинско ниво, највисока стапка е забележана во Куманово (48%) и Виница (45%), а умерено висока во Кочани (40%) и Струмица (36%). Според полот, мажите Роми се поактивни баратели на работа од жените. Може да се заклучи дека Ромките се повеќе евидентирани како пасивни баратели на работа што може да е резултат на недостаток на можности, традиционалната улога и дискриминација.

**Табела 14: Просечна стапка на невработеност во целната општина**

| Општини | Активни барател и на работа | Активни барател и на работа - Жени | Активни барател и на работа - Мажи | Пасивни барател и на работа - Жени | Пасивни барател и на работа - Мажи | Нема евиденциј а во Агенцијат а – Мажи | Нема евиденциј а во Агенцијат а - Жени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Битола | 34% | 16% | 18% | 26% | 7% | 3% | 11% |
| Дебар | 8% | 4% | 4% | 18% | 2% | 4% | 22% |
| Гостивар | 32% | 15% | 17% | 31% | 0% | 4% | 15% |
| Кавадарци | 23% | 20% | 3% | 17% | 6% | 3% | 23% |
| Кичево | 27% | 10% | 17% | 19% | 4% | 5% | 13% |
| Кочани | 40% | 12% | 28% | 31% | 6% | 9% | 13% |
| Куманово | 48% | 22% | 26% | 34% | 2% | 6% | 18% |
| Прилеп | 33% | 17% | 16% | 32% | 4% | 6% | 19% |
| Шуто Оризари | 18% | 6% | 12% | 6% | 9% | 4% | 7% |
| Штип | 34% | 2% | 32% | 40% | 15% | 15% | 19% |
| Струмица | 36% | 24% | 12% | 40% | 0% | 0% | 24% |
| Тетово | 30% | 1% | 29% | 28% | 5% | 8% | 10% |
| Велес | 17% | 0% | 17% | 20% | 6% | 6% | 17% |
| Виница | 45% | 12% | 33% | 30% | 7% | 9% | 21% |
| Просек | **30%** | **12%** | **19%** | **27%** | **5%** | **6%** | **17%** |

*Забелешка: Вработувањето / невработеноста се заснова на само-перцепција на испитаниците за нивниот работен статус. Таа не ја следи методологијата на МОТ и затоа разликите се можни во споредба со другите истражувања.*

Околу 23% од Ромите не се евидентирани во Агенцијата, бидејќи сметаат дека немаат придобивки од пријавување во истата. Повторно, 17% од ромските жени не се евидентирани во Агенцијата, додека само 6% од ромските мажи не се пријавени. Врз основа на општината и полот,

[16] *Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност, Службен весник на РМ бр. 37/1997; 25/2000; 101/2000; 50/2001; 25/2003; 37/2004; 4/2005; 50/2006; 29/2007; 102/2008; 161/2008; 50/2010; 88/2010; 51/2011; 11/2012; 80/2012; 114/2012; 39/2014; 44/2014; 113/2014; 56/2015; 129/2015; 147/2015; 154/2015; 27/2016; 119/2016 и 21/2018*

највисока стапка на непријавување е забележана кај Ромките од Струмица (24%), Кавадарци (23%) и Дебар (22%).

### Слика 8: Причина за невработеност




На прашањето за причините за невработеност, 13% од Ромите изјавиле дека се невработени затоа што не поседуваат соодветно образование и вештини, а 12% од Ромите се изјасниле дека немаат можности за вработување на пазарот на трудот. Исто така, 9% од Ромите сметаат дека пречка е недостатокот на транспарентен, непартиски ангажман, мал процент на Роми (3%) не бараат работа, а кај ист процент има некаква попреченост и неспособност за работа.

### Слика 9: Примена на активни мерки за пазарот на трудот по општина




Целта на активните политики на пазарот на трудот на владата се справување со невработеноста воопшто и учеството во определени програми ги зголемува шансите за вработување. Затоа, од особено значење е да се следи до кој степен Ромите аплицираат за овие мерки. Слика 9 покажува дека генерално 33% од невработените Роми не аплицирале, додека само 9% аплицирале за некои од мерките, како што се: програма за самовработување, програма за креирање нови работни места, обуки, програми за стажирање, програми за ангажирање на работници и различни услуги.

## ОБРАЗОВАНИЕ

Положбата на ромската заедница во однос на нивото на образование и пристапот до образование, е значително подобрена од 2005 година и е опсежно документирана во сите извештаи за напредок на ЕУ, но исто така и во извештаите од невладиниот сектор. За потребите на социјалното мапирање, во текот на истражувањето беа поставени неколку индикатори за предучилишното, основното, средното и терцијарното образование. Што се однесува до предучилишното образование, во истражувањето беа вклучени 226 ромски деца на претшколска возраст.

**Табела 15:Семејства со деца на училишна возраст**

| Општини | Семејства со деца на школска возраст | Семејства без деца на претшколска возраст |
|---|---|---|
| Битола | 10 | 26 |
| Дебар | 5 | 9 |
| Гостивар | 21 | 12 |
| Кавадарци | 6 | 3 |
| Кичево | 6 | 17 |
| Кочани | 13 | 14 |
| Куманово | 15 | 44 |
| Прилеп | 25 | 30 |
| Шуто Оризари | 84 | 97 |
| Штип | 12 | 18 |
| Струмица | 5 | 5 |
| Тетово | 16 | 13 |
| Велес | 2 | 9 |
| Виница | 6 | 9 |
| Вкупно | 226 | 306 |

Во табелата подолу е прикажан уписот на ромски деца во градинка по општина. Во просек, околу 17% од децата кои се на предучилишна возраст посетуваат градинка. Околу 83% од ромските деца на претшколска возраст не се упишани во градинка. Највисока стапка на упишани деца е забележана во општините Виница, Кочани и Шуто Оризари, каде што околу 30% од децата посетуваат градинка. Најниска стапка на упис е забележана во Кавадарци, Кичево, Битола, Струмица и Велес. Во определени општини како што се Кавадарци, Струмица и Кичево стапката на упис е ниска.

**Табела 16:Упис на ромски деца во градинка по општина**

| Општини | Да, само некои | Да, сите | Не |
|---|---|---|---|
| Битола | 0% | 0% | 100% |
| Дебар | 20% | 0% | 80% |
| Гостивар | 10% | 10% | 81% |
| Кавадарци | 0% | 0% | 100% |
| Кичево | 0% | 0% | 100% |
| Кочани | 23% | 15% | 61% |
| Куманово | 0% | 20% | 80% |
| Прилеп | 4% | 0% | 96% |
| Шуто Оризари | 12% | 17% | 71% |
| Штип | 0% | 8% | 92% |
| Струмица | 0% | 0% | 100% |
| Тетово | 19% | 6% | 75% |
| Велес | 0% | 0% | 100% |
| Виница | 33% | 33% | 33% |
| Просечно | 9% | 8% | 83% |

На слика 10 се претставени некои од пречките за упис во претшколска образовна институција кај ромските деца. Првата причина е поврзана со начинот на размислување кај ромските семејства,

бидејќи тие сметаат дека нивните деца се премногу мали за да посетуваат формално образование/градинка.

**Слика 10: Пречки за упис во претшколска образовна институција/градинка**




Втората пречка претставува недостаток од финансиски средства за покривање на трошоците за учество во образованието, при што 27% од семејствата кои се изјасниле дека нивните деца не посетуваат градинка го сметаат ова за важен фактор. Околу 19% од ромските семејства сметаат дека е тешко да се најде слободно место во градинка и истото го сметаат за пречка при упис на нивните деца.

Што се однесува до уписот во основно и средно образование, од слика 11 прозилегува дека 75% од ромските деца на возраст од 6-18 години се упишани во училиште, додека околу 15% не се вклучени во училишниот систем. Најголем број на деца кои не се вклучени во образовниот систем се забележани во Куманово, Битола, Кавадарци и Струмица. Овие групи треба да претставуваат примарни целни групи за интервенции во областа на образованието со цел зголемување на пристапот до образование.

**Слика 11: Упис на деца во основно и средно училиште по општина**




Како што е прикажано на слика 12 подолу, најчеста причина за неупишување на децата во основното и средното образование е недостатокот или недоволните финансиски средства за покривање на трошоците поврзани со образованието. Втората најчеста причина пријавена од страна на родителите е дека училиштето е далеку од нивната населба, а децата не можат сами да одат.

### Слика 12: Пречки при упис во основно и средно образование




За да се утврди нивото на дискриминација во образовниот систем, родителите беа прашани дали нивното дете се жалело на дискриминација од наставникот или од соучениците. Од табелата подолу произлегува дека околу 8% од ромските семејства пријавиле случаи на дискриминација против нивните деца. Околу 3% се изјасниле дека биле дискриминирани од двете страни – и од наставниците и од соучениците, 3% пријавиле дискриминација од нивните наставници и 2% од соучениците.

На општинско ниво, најголем број на пријавени случаи на дискриминација од наставниците се евидентирани во Виница (23%), Тетово (12%), Шуто Оризари (4%) и Гостивар (3%). Најголем број пријавени случаи на дискриминација од соученици се регистрирани во Кочани, Гостивар, Прилеп, Тетово и Шуто Оризари.

### Табела 17: Дискриминација пријавена во основното и средното образование по општини

| Општини | Да, од двете страни | Да, од наставник / професор | Да, од соученик | **Вкупно ДА** | Не/ Не знам | Одбил да одговори |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Битола | 0% | 0% | 0% | 0% | 31% | 69% |
| Дебар | 0% | 0% | 0% | 0% | 53% | 47% |
| Гостивар | 0% | 3% | 6% | 9% | 47% | 44% |
| Кавадарци | 17% | 0% | 0% | 17% | 67% | 16% |
| Кичево | 0% | 0% | 0% | 0% | 21% | 79% |
| Кочани | 4% | 0% | 11% | 15% | 37% | 48% |
| Куманово | 0% | 0% | 3% | 3% | 14% | 83% |
| Прилеп | 0% | 5% | 4% | 9% | 40% | 51% |
| Шуто Оризари | 1% | 4% | 2% | 7% | 48% | 45% |
| Штип | 0% | 0% | 0% | 0% | 3% | 97% |
| Струмица | 10% | 0% | 0% | 10% | 30% | 60% |
| Тетово | 3% | 12% | 3% | 18% | 19% | 63% |
| Велес | 0% | 0% | 0% | 0% | 45% | 55% |
| Виница | 0% | 23% | 0% | 23% | 69% | 8% |
| Вкупно: | **3%** | **3%** | **2%** | **8%** | **37%** | **55%** |

## Здравство

Во однос на здравствената состојба, Ромите имаат полоша здравствена состојба во споредба со општото население. Според основните здравствени показатели, очекуваниот животен век кај Ромите е 10 години пократок од националниот просек; детската смртност кај Ромите е 13,1/1000 (општо население 10,3/1000), а разлики постојат и во возраста на која првпат се појавуваат хронични незаразни болести, во имунизацијата, редовните здравствени прегледи, особено кај жените за време на репродуктивен период, како и во пристапот до здравствени информации[17].

Сепак, постојат малку докази за подобрување на состојбата, бидејќи отсуствува здравствената статистика од институциите поради недостаток на административни податоци засновани на етничка припадност. Постојат податоци достапни од анкетите на НВО, но тие се поврзани со анкетата за субјективна перцепција. Затоа, резултатите во однос на здравствената состојба се засноваат на субјективна оценка на испитаниците.

Табела 18 ја прикажува здравствената состојба на ромските семејства на општинско ниво на скала од 1 до 5 (1 лоша и 5 многу добра). Околу 18% од Ромите изјавиле дека имаат умерено лошо здравје, додека 26% сметаат дека нивната здравствена состојба е добра, а 55% се изјасниле дека нивната здравствена состојба е прилично добра. Интересно е да се забележи дека, и покрај социоекономските потреби со кои се соочуваат, ромските семејства се прилично оптимистички настроени кон своето здравје, особено Ромите од општините Шуто Оризари, Прилеп и Куманово.

**Табела 18:Субјективна здравствената состојба (1 – лоша; 5 многу добра) по општина**

| Општини | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | Одбил да одговори | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Битола | 0% | 14% | 33% | 39% | 14% | 0% | 100% |
| Дебар | 0% | 0% | 33% | 53% | 13% | 0% | 100% |
| Гостивар | 0% | 3% | 47% | 29% | 21% | 0% | 100% |
| Кавадарци | 0% | 11% | 11% | 78% | 0% | 0% | 100% |
| Кичево | 0% | 8% | 21% | 33% | 33% | 4% | 100% |
| Кочани | 4% | 15% | 41% | 15% | 26% | 0% | 100% |
| Куманово | 2% | 17% | 20% | 47% | 14% | 0% | 100% |
| Прилеп | 0% | 20% | 23% | 23% | 33% | 0% | 100% |
| Шуто Оризари | 4% | 9% | 17% | 47% | 24% | 1% | 100% |
| Штип | 3% | 43% | 37% | 10% | 7% | 0% | 100% |
| Струмица | 10% | 30% | 20% | 10% | 30% | 0% | 100% |
| Тетово | 0% | 31% | 53% | 9% | 0% | 6% | 100% |
| Велес | 0% | 0% | 0% | 36% | 55% | 9% | 100% |
| Виница | 6% | 29% | 47% | 0% | 18% | 0% | 100% |
| Просек | **2%** | **16%** | **29%** | **31%** | **20%** | **1%** | 100% |

Субјективниот карактер на одговорите може да се забележи кога станува збор за причините за лошата здравствена состојба. Така, околу 36% од испитаниците ја оценуваат нивниот здравствена состојба како лоша поради здравствените услови.

[17] Подобрување на здравствениот и социјалниот статус на ромската популација во Република Македонија преку воведување на ромски здравствени медијатори, Министерството за труд и социјална политика достапно на http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/Strategic_%20Framework.doc

**Табела 19: Субјективни причини за лошата здравствена состојба по општина**

| Општини | Наследна семејна болест | Немаме средства за покривање на медицински третман | Нездрави животни услови | Сериозна повреда - попреченост | Влошена здравствена состојба |
|---|---|---|---|---|---|
| Битола | 0% | 1% | 1% | 1% | 1% |
| Гостивар | 0% | 1% | 0% | 0% | 0% |
| Кавадарци | 0% | 1% | 4% | 1% | 0% |
| Кичево | 0% | 1% | 0% | 1% | 0% |
| Кочани | 0% | 1% | 0% | 1% | 1% |
| Куманово | 0% | 0% | 0% | 1% | 6% |
| Прилеп | 0% | 1% | 1% | 1% | 9% |
| Шуто Оризари | 2% | 7% | 9% | 4% | 1% |
| Штип | 0% | 0% | 1% | 1% | 15% |
| Струмица | 1% | 1% | 1% | 0% | 1% |
| Тетово | 2% | 1% | 4% | 1% | 2% |
| Велес | 0% | 1% | 0% | 0% | 0% |
| Виница | 1% | 6% | 2% | 1% | 0% |
| Вкупно | **6%** | **22%** | **23%** | **13%** | **36%** |

Втората причина е поврзана со недостаток на средства за покривање на трошоците за медицински третман (22%) а ист процент на испитаници сметаат дека нивната здравствена состојба е лоша поради нездравите услови за живеење. Околу 13% се изјасниле дека имаат лоѓа здравствената состојба поради сериозни попречувања/здравствени проблеми, додека 6% имаат лошо здравје како резултат на наследни семејни болести. Важно е да се забележи дека здравствениот статус на ромската заедница е определен и од други фактори како што се домувањето, вработувањето, образованието, бидејќи овие фактори во голема мера го одредуваат квалитетот на животот, начинот на живот, здравствените навики итн.

Оддалеченоста од болница или здравствена станица е основен фактор кој го одредува пристапот до јавните болнички/здравствени услуги. Во овој поглед, околу 27% од ромските заедници изјавиле дека болницата е оддалечена повеќе од 2 километри од местото на живеење, што е премногу далеку во случај на итни случаи и во смисла на приуштивост. Најголема оддалеченост од болницата или други медицински установи е забележано во општина Битола, Шуто Оризари и Прилеп.

**Табела 20: Оддалеченост од болничка/здравствена станица по општина**

| | 100m – 500m | 600m – 1km | 1km – 2km | 2km – 5km | Повеќе од 5km |
|---|---|---|---|---|---|
| Битола | 0% | 2% | 5% | 1% | 0% |
| Дебар | 0% | 3% | 0% | 0% | 0% |
| Гостивар | 0% | 0% | 0% | 2% | 4% |
| Кавадарци | 0% | 1% | 0% | 0% | 0% |
| Кичево | 1% | 1% | 1% | 1% | 0% |
| Кочани | 3% | 1% | 0% | 0% | 0% |
| Куманово | 5% | 2% | 4% | 0% | 0% |
| Прилеп | 0% | 0% | 4% | 6% | 1% |
| Шуто Оризари | 3% | 8% | 15% | 7% | 0% |
| Штип | 0% | 0% | 3% | 2% | 0% |
| Струмица | 0% | 0% | 0% | 2% | 0% |
| Тетово | 2% | 3% | 1% | 0% | 0% |
| Велес | 0% | 2% | 0% | 0% | 0% |

| Виница | 0% | 0% | 1% | 3% | 0% |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | **14%** | **23%** | **34%** | **24%** | **5%** |

Околу 37% изјавиле дека болницата е оддалечена речиси 1km од населбата, додека 34% изјавиле дека болницата е на 1-2 km.

Трошоците за лекови во едно домаќинство, исто така, го одразуваат пристапот до здравствениот систем кај ромските семејства. Во просек, 41% од ромското население троши средства во износ од 100-1000 денари месечно за набавка на лекови, при што највисок процент е забележан во Шуто Оризари. Околу 33% од населението одвојува 1000-3000 денари месечно за лекови, додека 15% трошат околу 3.000-6.000 денари месечно.

### Слика 13: Трошоци за лекови по општина/месечно, во МКД




Табела 21 го прикажува процентот на членови на домаќинствата во целните општини со и без здравствено осигурување. Дури и пристапот до здравствената заштита е уставно право, но податоците откриваат дека само мал број Роми имаат пристап до здравствено осигурување (17% на национално ниво).

Немањето пристап до здравствено осигурување е драматично висок - во просек, 80% од испитаниците немаат здравствено осигурување, и следствено имаат ограничен пристап до здравствените услуги. Причините би можеле да бидат разновидни (на пример, стравот дека доколку остварат приходи, задолжително ќе плаќаат месечен износ за здравствено осигурување), но се потврдува дека ромското население нема сознанија дека секој има пристап до бесплатна примарна здравствена заштита. Потребна е понатамошна проценка на оваа состојба и интервенција на национално и општинско ниво со цел да се опфати ромската заедница и да се обезбеди пристап до здравствената заштита.

### Табела 21: Членови на домаќинствата без здравствено осигурување

| | Да | Не | Одбива да одговори |
|---|---|---|---|
| Битола | 19% | 81% | 0% |
| Дебар | 0% | 80% | 20% |
| Гостивар | 0% | 97% | 3% |
| Кавадарци | 33% | 67% | 0% |
| Кичево | 8% | 38% | 54% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Кочани | 0% | 100% | 0% |
| Куманово | 2% | 88% | 10% |
| Прилеп | 0% | 98% | 2% |
| Штип | 3% | 97% | 0% |
| Шуто Оризари | 6% | 90% | 4% |
| Струмица | 0% | 70% | 30% |
| Тетово | 25% | 69% | 6% |
| Велес | 0% | 45% | 55% |
| Виница | 0% | 100% | 0% |
| Просек | 7% | 80% | 13% |

## Локално ниво

### Општина Шуто Оризари

ОПШТИ ПОДАТОЦИ




**Слика 14: Гранични општини на Шуто Оризари**

Шуто Оризари е една од десетте општини кои го сочинуваат градот Скопје, главниот град на Република Северна Македонија. Според член 8 од Законот за Град Скопје, граничната линија на Шуто Оризари започнува од крстосницата на трите гранични линии на општините Бутел, Шуто Оризари и Чучер Сандево. Општина Шуто Оризари зафаќа површина од 7,48 км² и има густина на население од 2,943 жители / km². Ова е втората најмала општина Скопје по Чаир а истовремено и најмалку населена.

Шуто Оризари се наоѓа северно од центарот на Скопје, на околу 5 km од плоштадот Македонија. Општината се наоѓа на маргините на северната урбана единица и опфаќа дел од земјоделското земјиште. **Општината ја сочинуваат три различни населби: Шуто Оризари, Долно Оризари и Горно Оризари**. Првата е урбана населба која е дел од урбаната единица и се наоѓа во внатрешноста на Скопје,

**Слика 15: Општина Шуто Оризари**




каде што мнозинството од населението се Роми. Втората е мало село кое во 2002 година имало само 454 жители. Горно Оризари се наоѓа помеѓу Шуто Оризари и остатокот од градот. Бидејќи етничкото малцинство сочинува повеќе од 20% од населението, ромскиот јазик е официјален во општината, така што ромскиот и македонскиот јазик се официјални јазици во Шуто Оризари.

Во однос на институционалните капацитети, постои една градинка „8ми април“, која е во изградба. Исто така постојат и две основни училишта во општина Шуто Оризари – „Браќа Рамиз Хамид“ и „26 јули“; и едно средно училиште „Саип Јусуф“, кое официјално беше отворено во 2015 година. Во однос на социјалната заштита постои Центар за социјална работа во Шуто Оризари каде Ромите можат да ги остварат своите права во однос на социјалната заштита. Во врска со превентивната здравствена заштита постои здравствената единица „Шуто Оризари“, при која одделението за гинекологија функционира од 2017 година. Што се однесува до учеството на Ромите во процесот на одлучување на локално

ниво, има 15 ромски советници; околу 14 Роми учествуваат во комисии на советот, а 18 Роми се членови на одбори во локалните училишта и градинки.

**Табела 22: Учество на Ромите во процесот на одлучување на локално ниво**

| **Комисии на советот** | **14** |
|---|---|
| **Одбор на директори во основни училишта** | 7 |
| **Одбор на директори во средни училишта** | 6 |
| **Одбор на директори во јавни институции** | 0 |
| **Одбор на директори во градинки** | 5 |

*Извор: Пристап до информации од јавен карактер*

## ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

### Ромско население и населби

Општата слика за населението во општина Шуто Оризари, според пописот од 2002 година на населението, домаќинствата и живеалиштата во Северна Република Македонија, е прикажана во табелата подолу. Како што може да се забележи, речиси половина од ромската популација живее во Град Скопје, што претставува 4,63% од вкупното население. Според попсот, 13.342 Роми или 60.6% од вкупното население во општина Шуто Оризари е од ромска националност. Сепак, врз основа на дискусиите во фокус групите, се проценува дека бројот се движи помеѓу 35.000 и 40.000 Роми, имајќи предвид дека има 8.000 поднесени барања за легализација[18].

.

**Табела 23:Население во Град Скопје и Шуто Оризари врз основа на етничка припадност**

| | *Град Скопје* | *%* | *Шуто Оризари* | *%* |
|---|---|---|---|---|
| Македонци | 338,358 | 66.75% | 1,438 | 6.53% |
| Албанци | 103,891 | 20.49% | 6,675 | 30.32% |
| Турци | 8595 | 1.696% | 56 | 0.25% |
| Роми | 23,475 | 4.63% | 13,342 | 60.60% |
| Власи | 2557 | 0.504% | 0 | 0% |
| Срби | 14,298 | 2.82% | 67 | 0.30% |
| Бошњаци | 7,585 | 1.50% | 177 | 0.80% |
| Други | 8,167 | 1.61% | 262 | 1.19% |
| *Вкупно население* | 506,926 | | 22,017 | |

*Извор: Попис 2002*

Во општина Шуто Оризари, според пописот од 2002 година, жените и мажите Роми се речиси еднакво застапени (50%). Постојат околу 5.102 домаќинства и 5.263 живеалишта каде во просек живеат 4.3 члена во едно домаќинство[19]. Шуто Оризари е најгусто населена општина во која живеат околу 2.943 жители на km². Сепак, густината на населението е уште поголема ако се земе предвид проценетото население, каде живеат околу 5,348 жители на km².

[18] Проценката се врши со множење на бројот на просечни ромски домаќинства со бројот на пријави за легализација: 8.000 x 4.5 лица по домаќинство = 36.000. Треба да се додаде и бројот на домаќинства (5-10%) што веќе се легализирани, 250-350 куќи.
[19] Население во Шуто Оризари, достапно на https://sutoorizari.gov.mk/%D0%BD%D0%B0%D1%81%D0%B5%D0%BB%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D0%B5/

Врз основа на бројот на барања за легализација, може да се процени дека Шуто Оризари брои има околу 36.000 - 40.000 Роми.

### Табела 24:Густина на населеност кај ромската популација

| | Жители | Густина на населеност/km² |
|---|---|---|
| | Шуто Оризари – 7.48 km² | |
| **Население - Попис 2002** | 22,017 | 2,943 |
| **Проценето население (2015)** | 36,000 - 40,000 | 5,348 |

За целите на социјалното мапирање општината Шуто Оризари беше поделена на шест зони




Со цел да се проценат трендовите во населението, при средбата на фокус групата одржана во Шуто Оризари, од учесниците беше побарано да оценат дали населението во погоре дефинираните зони се зголемило/намалило во последните три години. Табела 25 ги сумира мислењата на учесниците и може да се заклучи дека, општо земено, бројот на домаќинствата во Шуто Оризари е зголемен, меѓутоа, многу од новите куќи се празни бидејќи жителите се преселиле во некои од земјите на ЕУ.

### Табела 25: Трендови во населението во зоните

| | |
|---|---|
| Зона 1 | Се претпоставува дека бројот на жители е намален за 15-20%, поради тоа што многу Роми мигрирале во странство. |
| Зона 2 | Иако значителен број Роми заминале во странство да бараат азил, повеќето од нив се враќаат и ги градат или реновираат куќите. |
| Зона 3 | Се смета дека бројот на населението и домаќинствата е зголемен, во 1996 година имало само 1000 жители, а сега има околу 3500 до 4000 жители (во населбата наречена „Бараки“). |
| Зона 4 | Бројот на домаќинства се зголемува, бидејќи младите стапуваат во брак и создаваат свои семејства и градат нови куќи. |
| Зона 5 | Владее поделено мислење - некои од учесниците забележаа дека бројот на жители е намален, поради преселба во странство, а други дека се зголемил поради проширувањето на семејствата. |

| Зона 6 | Бројот на жители е зголемен како резултат на проширување на семејствата во смисла на новороденчиња |
|---|---|

**Слика 16 Пирамида на населението во Шуто Оризари**




Слика 16 ја претставува распределбата на ромската популација според возрасни групи во Шуто Оризари. Ромското население во Шуто Оризари е релативно младо, околу 40% од населението е на возраст од 0 до 14 години; 58% се на возраст од 19-64 години, а само 2% имаат над 64 години.

**Слика 17: Баратели на азил по зона**




Во однос на баратели на азил по зона и по домаќинство (вклучувајќи најмалку едно лице кое побарало азил во некои од земјите на ЕУ), најголем број на баратели на азил се евидентирани во зона 4 (9%), зона 1 (7%), зона 3 и зона 5 (4%). Меѓутоа, зона 2 и зона 6 имаат најмал број баратели на азил (види Слика 17).

## ДОМУВАЊЕ

Состојбата со домувањето во Шуто Оризари, од една страна, може да се карактеризира со **лоша инфраструктура во смисла на квалитетот на патиштата, атмосферската канализација, пристапот до вода и електрична енергија**. Од друга страна, во однос на квалитетот на куќите, ситуацијата е различна (почнувајќи од сиромашна/картонска куќа до куќи со добар квалитет). Општо земено, **просечниот број на членови по домаќинство во Шуто Оризари е 5 лица**, со највисок процент во зона 2 и зона 5. Најмалку членови/домаќинства се забележани во зона 3 и зона 4.

**Слика 18: Просечен број на жители по домаќинство и по зона**




Табелата подолу ја прикажува големината на живеалиштата претставена по зони и категории. Во однос на големината на живеалиштето (во $m^2$), речиси 47% од живеалиштата спаѓаат во категоријата на живеалишта помали од 50 $m^2$. Од аспект на зоните, за најранлива зона (зоната каде што се наоѓаат најмалите живеалишта) се смета зона 1, каде што 10% од живеалиштата спаѓаат во категоријата 17-30 $m^2$ и зона 3 каде што 4% од живеалиштата спаѓаат во категоријата 17-30 $m^2$. Зоните со најголеми живеалишта се во зона 5, каде што 9% од населението живее во живеалиштата поголеми од 71 $m^2$, и зона 6 каде 5% живеат во живеалиштата поголеми од 71 $m^2$.

**Табела 26: Големина на живеалиштето**

| | Помалку од 10 $m^2$ | 10 - 16 $m^2$ | 17 - 30 $m^2$ | 31 - 50 $m^2$ | 51 - 70 $m^2$ | 71 - 90 $m^2$ | Повеќе од 90 $m^2$ | Одбил да одговори | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зона 1 | 1% | 7% | 2% | 3% | 3% | 0% | 1% | 0% | 17% |
| Зона 2 | 0% | 2% | 0% | 7% | 6% | 2% | 1% | 0% | 18% |
| Зона 3 | 0% | 2% | 2% | 5% | 5% | 2% | 0% | 0% | 16% |
| Зона 4 | 0% | 0% | 2% | 5% | 5% | 3% | 1% | 0% | 16% |
| Зона 5 | 0% | 0% | 1% | 4% | 3% | 4% | 4% | 0% | 16% |
| Зона 6 | 0% | 0% | 1% | 3% | 7% | 3% | 2% | 1% | 17% |
| Вкупно | 1% | 11% | 8% | 27% | 29% | 14% | 9% | 1% | 100% |

Во однос на сопственичката структура на ромските домаќинства во Шуто Оризари (види Табела 27), релативно висок процент на Роми ги поседуваат своите живеалишта - речиси 83% од Ромите поседуваат сопствена куќа (2% сопствени куќи под хипотека). Околу 17% од Ромите не ги поседуваат живеалиштата, при што 9% од Ромите живеат во куќа/стан што им припаѓа на нивните роднини, 5% во изнајмени живеалишта и 3% живеат во импровизирано живеалиште. **Сепак, високата стапка на сопственост на живеалиште треба да се земе со резерва поради тоа што многу Роми се пријавуваат како сопственици, иако немаат правен документ што го потврдува истото**. Највисока стапка на сопствени живеалишта е забележана во зона 3 (16%) и зона 5 (13%), додека пак најголема стапка на Роми кои живеат во импровизирани живеалишта (картон) е забележана во зона 1 и зона 3.

**Табела 27: Сопственичка структура на живеалиштата**

| | Импровизирано живеалиште (картонски куќи, итн ..) | Куќа во туѓа сопственост (роднина) | Изнајмена куќа | Сопствена куќа | Сопствена куќа под хипотека | Стан во туѓа сопственост (роднина) | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зона 1 | 1% | 2% | 0% | 12% | 0% | 2% | 17% |
| Зона 2 | 2% | 2% | 3% | 11% | 0% | 0% | 18% |
| Зона 3 | 0% | 0% | 0% | 16% | 0% | 0% | 16% |
| Зона 4 | 0% | 1% | 1% | 12% | 2% | 0% | 16% |
| Зона 5 | 0% | 2% | 1% | 13% | 0% | 0% | 16% |
| Зона 6 | 0% | 0% | 0% | 17% | 0% | 0% | 17% |
| Вкупно | 3% | 7% | 5% | 81% | 2% | 2% | 100% |

⇒ Што се однесува до импровизираните живеалишта (картонски населби), следниве согледувања беа истакнати во фокус групите:

⇒ **Зона 1 и зона 2: Постојат картонски населби, во тие населби живеат 1500 граѓани**

⇒ **Зона 3 - Постојат околу 30 куќи кои може да се класифицираат како картонски куќи**

И покрај податокот дека Ромите поседуваат 83% од живеалиштата, од табелата подолу може да се забележи дека не сите имаат документација за правна сопственост. Само 38% од Ромите изјавиле дека ги легализирале куќите, додека 30% од живеалиштата се во процес на легализација, а 4% одговориле дека само еден дел од живеалиштето е легализиран. Околу 22% од живеалиштата не се легализирани. Во зона 5 и зона 6 има најголем процент легализирани куќи, додека во зона 1 и зона 3 има највисока инциденца на куќи кои сè уште не се легализирани (11% и 5%, респективно).

**Табела 28: Легализација на живеалиштата**

| | Да | Не | Одбива да одговори | Само еден дел е легализиран | Во процес на легализација | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Зона 1 | 3% | 11% | 1% | 0% | 2% | 17% |
| Зона 2 | 7% | 3% | 0% | 2% | 6% | 18% |
| Зона 3 | 4% | 5% | 2% | 1% | 4% | 16% |
| Зона 4 | 7% | 2% | 1% | 0% | 6% | 16% |
| Зона 5 | 11% | 1% | 1% | 1% | 3% | 17% |
| Зона 6 | 6% | 0% | 1% | 0% | 9% | 16% |
| Вкупно | 38% | 22% | 6% | 4% | 30% | 100% |

Според фокус групите, процесот на легализација е бавен поради големиот број апликации - вкупно 8.000, како што е наведено во фокус групата со општинските власти. Следните наоди во врска со легализацијата беа истакнати во фокус групите:

⇒ Општината сè уште не е целосно урбанизирана, но тенденцијата е во таа насока. За да се постигне ова, потребна е промена во општите и деталните урбанистички планови, што бара дополнителни ресурси.

⇒ **Зона 1 и Зона 2 -** легализирани се 3.000 домаќинства (речиси 40% од вкупниот број домаќинства), 20% од технички причини не можат да бидат легализирани - на пример скалите на куќите се изградени на улица (бесправни градби).

⇒ **Зона 3** - 10% се легализирани, имаат проблем со законската регулатива и нејасна сопственичка структура - постојат случаи каде што земјиштето врз кое ромските семејства подигнале куќи било планирано за зелени површини.

⇒ **Зона 4** - Куќите на улицата Индира Ганди се речиси 100% легализирани, но надградбите (дополнителни соби или проширување на собите) во куќите не се. Куќите на улица Виничка се легализирани (80%), куќите на улица Македонска Косовска бригада се легализирани 70%.

⇒ **Зона 5** и **Зона 6** - Околу 85% - 90% од куќите се легализирани, но има куќи каде што се извршени различни подобрувања или дополнителни градежни работи, кои тие не се легализирани.

Во однос на квалитетот на куќите, на учесниците во истражувањето им беа поставени неколку прашања во врска со проблемите и квалитетот на куќите. Во табелата подолу се прикажани домаќинствата кои пријавиле одредени проблеми, што значи дека оние домаќинства кои не пријавиле проблем не се застапени во табелата. Едно домаќинство можеше да избере повеќе опции. Како најголем проблем, според табела 29, се смета влагата. Околу 42% од Ромите се изјасниле дека нивната куќа има влага при што највисок процент е забележан во зона 1 (12%), зона 2 (11%) и зона 4 (10%), додека Ромите од зона 6 немаат таков проблем.

Меѓу останатите проблеми, 20% изјавиле дека немаат доволно осветлување - 4% во зона 1 и во зона 2; 8% во зона 4. Што се однесува до квалитетот на куќите, 8% одговориле дека нивната куќа е изградена од несоодветен материјал, со најголема застапеност во зона 1 и зона 3. Околу 3% изјавиле дека немаат пристап до електрична енергија - 2% во зона 1 и 1% во зона 4. Исто така, околу 5% пријавиле дека немаат пристап до асфалтен пат, со највисока застапеност во зона 1, зона 1 и зона 4.

**Табела 29: Главни инфраструктурни проблеми и проблеми со домувањето кај Ромите/домаќинствата**

| | Куќата има влага | Куќата нема доволно светлина | Куќата е изградена од нессодветен материјал | Пристап до електрична енергија | Куќата нема пристап до асфалтен пат |
|---|---|---|---|---|---|
| Зона 1 | 12% | 4% | 3% | 2% | 3% |
| Зона 2 | 11% | 4% | 0% | 0% | 0% |
| Зона 3 | 5% | 2% | 2% | 0% | 1% |
| Зона 4 | 10% | 8% | 1% | 1% | 1% |
| Зона 5 | 4% | 2% | 1% | 0% | 0% |
| Зона 6 | 0% | 0% | 1% | 0% | 0% |
| Вкупно | 42% | 20% | 8% | 3% | 5% |

Во однос на пристапот до асфалтен пат, учесниците во фокус групата ги посочија следните проблеми:

- ⇒ **Зона 1 и зона 2 - 1** - Делумен пристап до асфалтен пат, освен Брсајчка Буна каде што нема асфалтен пат.
- ⇒ **Зона 3 -** Постои пристап до асфалтен пат, меѓутоа улиците се во лоша состојба (10 од 16 улици се во лоша состојба)
- ⇒ **Зона 4 -** Улицата Македонска косовска бригада нема соодветен асфалт во центарот на општината.
- ⇒ **Зона 5 и зона 6 -** Има пристап до асфалтен пат, но асфалтот е оштетен, има многу дупки. Внатре во населбата има тесни улици, а некои од улиците не се асфалтирани**.** Виничка и Вашингтонска имаат соодветен асфалт кон центарот

**Слика 19: Тип на под во живеалиштата**




Во однос на квалитетот на подот, 28% од Ромите во Шуто Оризари изјавиле дека немаат соодветен под, нивните подови се земјени или бетонски. Највисок процент е забележан во зона 1 (10%), зона 2 (8%) и зона 4 (5%).

**Слика 20: Типови на прозорци во живеалиштата**




Што се однесува до типот (квалитетот) на прозорците во живеалиштата, 49% од Ромите изјавиле дека имаат прозорци од дрвен профил. Според зоните, највисок процент е забележан во зона 2 - 17%, по што следи зона 1 со 13% и 8% во зона 3. Околу 10% се изјасниле дека имаат прозорци од алуминиумски профил, со највисок процент забележан во зона 4 ( види слика 20).

### Слика 21: Тип на покрив во живеалиштето




Во однос на квалитетот на покривот, 75% од домаќинствата се изјасниле дека нивниот покрив е направен од плочки, со највисок процент во зона 6 и зона 5. Околу 10% изјавиле дека имаат метален покрив - 3% во зона 1 и 3% во зона 4, 2% во зона 5 и 1% во зона 1 и зона 3. Исто така, 11% изјавиле дека нивниот покрив е од азбестни плочки, со речиси еднаква застапеност од зона 1 до зона 5 (види слика 21).

Табелата подолу го прикажува пристапот до комунална инфраструктура во куќите. Околу 1% од живеалиштата изјавиле дека немаат пристап до електрична енергија, со највисока инциденца во зона 4. Како што може да се забележи, 2% од живеалиштата пријавиле дека немаат пристап до вода за пиење во куќата, со највисока застапеност во зона 1 (6%). 7% од домаќинствата пријавиле дека немаат пристап до вода за пиење во надворешниот простор со највисок процент забележан во зона 2 (9%), зона 4 (9%), зона 1 (8%). Што се однесува до пристап до тоалет со бања, 4% од домаќинствата изјавиле дека немаат пристап. Во домаќинствата во соседната зона 2 и зона 1 пристап до тоалет имаат најмал процент домаќинства. Околу 3% немаат пристап до кујна во куќите, поточно 8% од куќите во зона 2, и 7% во зона 1. Во однос на канализациониот систем, 4% од Ромите во Шуто Оризари навеле дека немаат пристап. Највисока инциденца е забележана во зона 1 (8%).

### Табела 30: Пристап до комунална инфраструктура

| | Electricity | | Drinking water inside the house | | Drinking water outside the house | | | Toilet with bathroom | | | Toilet inside the house | | Kitchen inside the house | | | Kitchen outside the house | | Sewage system | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Settlement | Yes | No | Yes | No | Yes | No | N/A | Yes | No | N/A | Yes | No | Yes | No | N/A | Yes | No | Yes | No |
| Zone 1 | 100% | 0% | 94% | 6% | 90% | 8% | 2% | 88% | 10% | 2% | 92% | 8% | 96% | 7% | 1% | 89% | 11% | 92% | 8% |
| Zone 2 | 99% | 1% | 95% | 5% | 91% | 9% | 0% | 85% | 13% | 2% | 91% | 9% | 92% | 8% | 0% | 98% | 2% | 98% | 2% |
| Zone 3 | 100% | 0% | 99% | 1% | 93% | 7% | 0% | 98% | 2% | 0% | 98% | 2% | 97% | 2% | 1% | 89% | 11% | 98% | 2% |
| Zone 4 | 98% | 2% | 100% | 0% | 91% | 9% | 0% | 100% | 0% | 0% | 99% | 1% | 100% | 0% | 0% | 89% | 11% | 94% | 6% |
| Zone 5 | 99% | 1% | 99% | 1% | 96% | 3% | 1% | 99% | 1% | 0% | 97% | 3% | 98% | 1% | 1% | 86% | 14% | 98% | 2% |
| Zone 6 | 100% | 0% | 99% | 1% | 94% | 6% | 0% | 100% | 0% | 0% | 99% | 1% | 100% | 0% | 0% | 88% | 12% | 98% | 2% |
| **Average** | **99%** | **1%** | **98%** | **2%** | **92%** | **7%** | **1%** | **95%** | **4%** | **1%** | **96%** | **4%** | **96%** | **3%** | **1%** | **90%** | **10%** | **96%** | **4%** |

*Забелешка: N/A – Нема податоци (% на лица кои не дале одговор на прашањето)*

**Во однос на канализациониот систем, 22% од Ромите во Шуто Оризари се изјасниле дека немаат пристап.** Највисока инциденца е забележана во зона 1 (8%) и зона 4 (6%). Исто така, учесниците во фокус групата го истакнаа следното во врска со пристапот до електрична енергија и канализациониот систем:

⇒ **Пристап до електрична енергија -** Околу 80% од домаќинствата имаат пристап до електрична енергија, но 20% се соочуваат со различни проблеми - иако имаат пристап, тие се соочуваат со проблеми бидејќи ЕВН бара околу 500 евра за да се префрлат на нова инсталација, така што има случаи каде што некои од куќите се нелегално поврзани.

⇒ **Пристап до канализација** – Речиси 80% од куќите во зона 1 и зона се поврзани со водоводна и канализациона мрежа, но постојните мрежи не ги задоволуваат потребите на населените места.

Табела 31 го прикажува процентот на куќи кои немаат пристап до апарати за домаќинство кои се сметаат за неопходни во едно домаќинство. Податоците бележат голем процент на население кое нема пристап до интернет (38%) и компјутер (51%), но речиси 95% од населението поседува мобилен телефон. Во однос на основните апарати, околу 25% од ромските домаќинства немаат машини за перење, при што највисок процент е забележан во зона 1 (9%) и зона 2 (11%). Сличен процент (24%) немаат фрижидер во своите куќи, повторно со највисока застапеност во зона 1 и зона. Околу 94% од населението има пристап до шпорет (електричен или шпорет на гас).

### Табела 31: Пристап до апарати за домаќинство

| **Нема пристап до** | Зона 1 | Зона 2 | Зона 3 | Зона 4 | Зона 5 | Зона 6 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Телевизија | 1% | 2% | 1% | 0% | 1% | 0% | 4% |
| Сателитска / кабелска телевизија | 15% | 13% | 9% | 12% | 8% | 7% | 63% |
| Интернет | 13% | 13% | 4% | 3% | 3% | 1% | 38% |
| Компјутер / лаптоп | 15% | 16% | 5% | 6% | 7% | 2% | 51% |
| Телефон | 14% | 16% | 9% | 10% | 6% | 10% | 65% |
| Мобилен телефон | 1% | 2% | 1% | 2% | 1% | 0% | 5% |
| Машина за перење | 9% | 11% | 2% | 2% | 1% | 0% | 25% |
| Машина за сушење | 15% | 17% | 12% | 11% | 16% | 13% | 84% |
| Пегла | 7% | 5% | 2% | 1% | 1% | 1% | 16% |
| Фрижидер | 10% | 10% | 2% | 2% | 1% | 0% | 24% |
| Правосмукалка | 8% | 9% | 1% | 1% | 2% | 0% | 20% |
| Електричен шпорет | 5% | 5% | 1% | 1% | 1% | 0% | 13% |
| Шпорет на гас | 16% | 17% | 12% | 11% | 13% | 13% | 82% |
| Трпезариска маса | 12% | 9% | 5% | 3% | 5% | 1% | 35% |
| Кревет за секој член на семејството | 8% | 12% | 5% | 5% | 5% | 0% | 34% |
| Автомобил | 16% | 17% | 10% | 11% | 6% | 8% | 68% |

Исто така, 35% од испитаниците немаат трпезариска маса - 12% во зона 1; 9% во зона 5; и 5% во зона 3 и зона 5. Речиси ист процент (34%) изјавиле дека немаат кревет за секој член на семејството, со најголема застапеност во зона 1 и зона 2. И конечно, околу 68% од ромските домаќинства се изјасниле дека немаат автомобил.

**Слика 22: Дали во вашето живеалиште има некој од следните проблеми**




Слика 22 ја покажува ранливоста на куќите во смисла на природни непогоди - како што се поплави, лизгање на земјиштето.

Околу 39% од становите изјавиле дека се соочуваат со поплави, при што куќите во зона 1 и зона 2 се најпогодени од поплавите.

Високата инциденца на поплави е силно поврзана со отсуството на атмосферска канализација во општината, бидејќи за време на дождовната сезона поплавени се куќите што се наоѓаат во долниот дел на општината. **Ова е еден од проблемите кој изискува сериозни инвестиции за подобрување на состојбата на Ромите во општината**. Околу 3% од живеалиштата имаат проблеми со лизгање на земјиштето, со најголема инциденца во зона 5 и зона 4.

## ВРАБОТЕНОСТ

Во општина Шуто Оризари постои еден од најголемите улични пазари, што е примарен извор на приходи за многу ромски семејства. Во фокус групата учесниците ги посочија следните податоци што се однесуваат на вработувањето.

- ⇒ **Зона 1 и Зона 2 -** Пазарот е единствениот извор на приходи за Ромите, но исто така многу луѓе работат како таксисти. На пазарот има околу 300 тезги, додека во надворешните згради има 500 тезги и бутици. Околу 0.05% од Ромите се вработени во државната администрација и до 200 лица се вработени во јавното комунално претпријатие за собирање отпад.
- ⇒ **Зона 3 -** Околу 10% се вработени во државната администрација, голем дел речиси 50 до 60% собираат пластични шишиња, а најголем дел од населението од зона 3 е невработено.
- ⇒ **Зона 4 -** Повеќето од Ромите се такси возачи и собираат пластични шишиња и метални отпадоци. Дел од жените се вработени во компании за чистење, но исто така и голем дел од нив чистат куќи за приватни сопственици или канцеларии во градот.
- ⇒ **Зона 5 и Зона 6 –** Поголем дел на лица од оваа област се добро интегрирани, работат во државна администрација или имаат приватни бизниси.

Стапката на вработеност за Шуто Оризари, пресметана врз основа на работоспособното население од примерокот во секоја општина изнесува 24%. Највисоката стапка на вработеност е регистрирана во зона 5 и зона 6, што се совпаѓа со наодите од фокус групите. Најниска стапка на вработеност е забележана во зона 1, каде што вработени се само 3% од работоспособното население, додека во зона 2 и зона 3 вработени се само 10% од луѓето. Според полот, кај мажите во просек има повисока стапка на вработеност за 6% (стапката на вработеност кај мажите изнесува 15%, додека кај жените 9%). Најнизок процент на вработени жени е забележан во зона 1, каде што работат само 1% од жените.

**Табела 32:Стапка на вработеност**

| Шуто Оризари | Работоспособно население (Роми) | Стапка на вработеност | | Стапка на вработеност - мажи | | Стапка на вработеност – жени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | % | Број на вработени Роми | % | Број на вработени Роми | % | Број на вработени Роми |
| Зона 1 | 106 | 4% | 4 | 3% | 3 | 1% | 1 |
| Зона 2 | 105 | 13% | 14 | 10 % | 11 | 3% | 3 |
| Зона 3 | 110 | 13% | 14 | 8% | 9 | 5% | 5 |
| Зона 4 | 111 | 14% | 15 | 11 % | 12 | 3% | 3 |
| Зона 5 | 111 | 56% | 62 | 30 % | 33 | 26 % | 29 |
| Зона 6 | 143 | 41% | 58 | 24 % | 34 | 17 % | 24 |
| **Вкупно** | **686** | | **167** | | **102** | | **65** |
| **Стапка на вработеност/ Општина** | | **24%** | | **15 %** | | **9%** | |

*Белешка: Стапката на вработеност се пресметува како соодност на вработените Роми и работоспособното ромско население*

Иако стапката на вработеност е многу ниска, **стапката на неформална вработеност е многу висока - во просек речиси 46% од Ромите од Шуто Оризари работат неформално**. Стапката на неформална вработеност е повисока за 5% кај мажите - 25%, додека само 21% од жените пријавиле неформално вработување. Највисоката стапка е забележана во зона 1 (80%) и во зона 2 каде што стапката изнесува 63%. Најниската стапка на неформална вработеност е забележана во зона 5 и зона 6.

**Табела 33: Неформална вработеност**

| Зона | Неформална вработеност | Неформална вработеност-мажи | Неформална вработеност-жени |
|---|---|---|---|
| Зона 1 | 80% | 41% | 39% |
| Зона 2 | 63% | 34% | 29% |
| Зона 3 | 39% | 22% | 17% |
| Зона 4 | 37% | 28% | 9% |
| Зона 5 | 25% | 11% | 14% |
| Зона 6 | 31% | 16% | 15% |
| Просек | **46%** | **25%** | **21%** |

**Слика 23: Сезонска работа**




Слика 23 го прикажува процентот на Роми вклучени во сезонска работа. Како што е прикажано подолу, 31% од Ромите во зона 2 биле вклучени во сезонска работа и околу 29% од зона 1. Најниско учество во сезонски работи е забележано во зона 5 и зона 6.

Како што сезонската работа е еден важен извор на приход за ромските семејства, така и социјалната помош преставува подеднакво важен извор на приход на која се потпираат многу ромски семејства. Сликата подолу покажува дека речиси 40% од домаќинствата се корисници на социјална помош. Најголемиот удел е во зона 1 и во зона 2, каде што околу 58% и 55% од домаќинствата се корисници на социјална помош, по што следи зона 4 каде што 53% од домаќинствата примаат социјална помош/бенефиции. Најмал број на домаќинства што примаат социјална помош е забележан во зона 6.

**Слика 24: Социјална помош**




Во табелата подолу се прикажани месечните примања во домаќинствата кои учествувале во истражувањето. Од опсегот меѓу 0 до 70.000 денари, домаќинствата беа замолени да изберат една категорија која одговара на збирот на сите примања на членовите на семејството. Процентот се пресметува како избрана категорија по домаќинство, поделена со вкупниот број на домаќинства вклучени во истражувањето. Речиси 55% од Ромите имаат месечни примања под 24.000 денари, додека само 7% оствариле приходи повисоки од 40.001 денари.

**Табела 34: Месечни примања во домаќинствата (во МКД)**

| | 0 - 5000 | 5001 - 12000 | 12001 - 24000 | 24001 - 40000 | 40001 - 70000 | Повеќе од 70000 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зона 1 | 2% | 5% | 2% | 8% | 0% | 0% | 17% |
| Зона 2 | 0% | 1% | 4% | 11% | 2% | 0% | 18% |
| Зона 3 | 2% | 2% | 7% | 4% | 1% | 0% | 16% |
| Зона 4 | 2% | 6% | 6% | 2% | 0% | 0% | 16% |
| Зона 5 | 1% | 3% | 5% | 4% | 2% | 1% | 16% |
| Зона 6 | 0% | 2% | 5% | 8% | 2% | 0% | 17% |
| Вкупно | 7% | 19% | 29% | 37% | 7% | 1% | 100% |

Друг показател за ефективноста на пазарот на трудот е стапката на невработеност. Стапката на невработеност, пресметана како процент од работната сила од примерокот во секоја општина, односно лица кои изјавиле дека се невработени, но бараат работа, во Шуто Оризари изнесува 62%. Највисоко ниво на невработеност е регистрирано во зона 1 (98%), зона 2 (88%) и зона 3 (87%), додека умерено висока стапка на невработеност може да се забележи во зона 4 (53%), зона 5 и зона 6 со 35%. Слична е состојбата во поглед на невработеноста и кај жените и кај мажите.

**Табела 35:Стапка на невработеност**

| Шуто Оризари | Работна сила | Стапка на невработеност | | Стапка на невработеност - мажи | | Стапка на невработеност - жени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Број на невработени (Роми) | % | Број на невработени (Роми) | % | Број на невработени (Роми) | % |
| Зона 1 | 76 | 75 | 98% | 37 | 48% | 38 | 50% |
| Зона 2 | 92 | 81 | 88% | 37 | 40% | 44 | 48% |
| Зона 3 | 92 | 80 | 87% | 39 | 42% | 41 | 45% |
| Зона 4 | 99 | 52 | 53% | 30 | 30% | 22 | 23% |
| Зона 5 | 99 | 35 | 35% | 18 | 18% | 17 | 17% |
| Зона 6 | 133 | 46 | 35% | 22 | 17% | 24 | 18% |
| **Вкупно** | **591** | **369** | | **183** | | **186** | |
| **Стапка на невработеност/ Општина** | | | **62%** | | **31%** | | **31%** |

*Белешка: Стапката на невработеност се пресметува како број на невработени Роми поделено со работната сила (Роми).*

Табела 36 содржи краток приказ на причините за невработеност, според испитаниците во анкетата. Учесниците во истражувањето можеа да изберат повеќе опции од дадени категории. Најголем процент од Ромите (44%) изјавија дека немаат соодветно образование и вештини за вработување (највисока стапка е забележана во зона 1 и зона 2). Кај 38% од ромската популација главна причина за невработеноста е отсуство на можности за работа при што највисока инциденца е забележана кај Ромите од зона 4. Околу 30% од Ромите изјавиле дека работни места се добиваат преку политички партии па поради тоа е тешко да се добие работа без членство во некоја од политичките партии. Оваа причина бележи највисок процент кај Ромите од зона 6 и зона 3.

**Табела 36: Причини за невработеност**

| | Отсуство на можности за вработување | Отсуство на образование и вештини за вработување | Политички вработувања | Не барам работа | Работам повремено и сосема ми е доволно | Ако работам ќе ја изгубам социјалната помош | Попреченост |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зона 1 | 4% | 11% | 2% | 1% | 2% | 2% | 1% |
| Зона 2 | 6% | 9% | 2% | 0% | 1% | 0% | 2% |
| Зона 3 | 6% | 7% | 10% | 3% | 2% | 1% | 1% |
| Зона 4 | 11% | 8% | 6% | 2% | 1% | 1% | 1% |
| Зона 5 | 8% | 4% | 8% | 1% | 2% | 1% | 1% |
| Зона 6 | 3% | 5% | 2% | 3% | 2% | 0% | 2% |
| Вкупно | 38% | 44% | 30% | 10% | 10% | 5% | 8% |

Табела 37 ги прикажува активните и пасивните баратели на работа во општина Шуто Оризари. Податоците се достапни на веб-страницата на Агенцијата за вработување. Вкупно се евидентирани околу 1.119 активни баратели на работа од ромска припадност, од кои 58% се мажи. Исто така, околу 720 Роми се евидентирани како пасивни баратели на работа, од кои 53% се мажи. Може да се заклучи дека релативно мал број на Роми се пријавиле во Агенцијата за вработување.

**Табела 37:Активни и пасивни баратели на работа**

| Шуто Оризари | Активни баратели на работа | | | Пасивни баратели на работа | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| | 1119 | 695 | 424 | 720 | 382 | 338 |

⇒ **Зона 1 и зона 2:** Речиси 80% се невработени, голем дел од населението не е пријавено, околу 30-60%. **Зона 3.** Околу 50% работат на тезги или собираат отпадни материјали, има висока стапка на невработеност и лица кои не се пријавени во Агенцијата за вработување

⇒ **Зона 4.** Околу 70% се невработени (но се снаоѓаат собирајќи шишиња). Неактивна популација 4-5%.

⇒ **Зона 5 и зона 6.** Околу 25-30% се пензионери, 25% се невработени

Слика 25 прикажува до кој степен Ромите се запознаени со активните политики на пазарот на трудот. Во просек, околу 16% се информирани за мерките, 70% од населението не е запознаено, додека 13% одбиле да одговорат. Ромите од зона 2 и зона 5 и 6 се најинформирани за АППТ, додека Ромите од Зона 1 и Зона 3 и 4 не се добро запознаени со мерките што ги нуди Агенцијата за вработување.

**Слика 25: Запознаени со активни политики на пазарот на трудот**




## ОБРАЗОВАНИЕ

Во однос на образовниот статус, беа разгледани неколку индикатори за предучилишното, основното, средното и високото образование. Што се однесува до предучилишното образование, во поглед на инфраструктурата, градинката е сместена во средното училиште „Саип Јусуф", откако одредени училници беа адаптирани по пожарот кој изби во градинката во март 2017 година.

Во општината Шуто Оризари има вкупно 181 дете, од кои 84 деца се на предучилишна возраст (46%).

**Табела 38: Семејства со деца на училишна возраст**

| | Семејства со деца на предучилишна возраст | Семејства без деца на предучилишна возраст |
|---|---|---|
| Зона 1 | 14 | 15 |
| Зона 2 | 23 | 10 |
| Зона 3 | 12 | 17 |
| Зона 4 | 23 | 5 |
| Зона 5 | 10 | 21 |
| Зона 6 | 2 | 29 |
| Вкупно | 84 | 97 |

Како што може да се забележи во табелата подолу, околу 29% од децата се упишани во градинка, додека 71% од децата не се упишани. Стапката на упис на децата треба подетално да се испита бидејќи предучилишното образование е еден од клучните чекори во процесот на интеграција и инклузија. Најголем процент на деца кои не се упишани е забележан во зона 1 (14%), зона 2 (20%) и зона 4 (18%)

**Табела 39: Деца упишани во градинка**

| | Да, одреден број | Да, сите | Не се упишани |
|---|---|---|---|
| Зона 1 | 2% | 1% | 14% |
| Зона 2 | 6% | 1% | 20% |
| Зона 3 | 1% | 5% | 10% |
| Зона 4 | 1% | 8% | 18% |
| Зона 5 | 1% | 2% | 8% |
| Зона 6 | 1% | 0% | 1% |
| Вкупно | 12% | 17% | 71% |

Како една од главните причини, според 30% од родителите чии деца не се упишани во градинка, се наведува недостатокот на средства и финансиски ресурси. Исто така, околу 20% сметаат дека градинката е далеку од нивната куќа.

**Табела 40: Пречки за упис во претшколско образование/градинка**

| | Не сме во можност пристојно да ги облечеме | Не знам | Немаме финансиски средства да ги покриеме трошоците | Одбил да одговори | Градинката е далеку и не сме во можност да ви носиме |
|---|---|---|---|---|---|
| Зона 1 | 0% | 0% | 20% | 10% | 0% |
| Зона 2 | 0% | 0% | 0% | 0% | 20% |
| Зона 3 | 0% | 20% | 0% | 0% | 0% |
| Зона 4 | 10% | 0% | 10% | 0% | 0% |
| Зона 6 | 0% | 0% | 0% | 10% | 0% |
| Вкупно | 10% | 20% | 30% | 20% | 20% |

Има голем процент на испитаници кои одбиле да одговорат (20%) и такви кои ја обележиле опцијата не знам (20%). Причината за ниската стапка на упис во предучилишното образование, и покрај тековните финансирани проекти за поттикнување на учеството во предучилишното образование, треба потемелно да се истражи.

**Табела 41: Упис на деца во основно и средно образование**

| | Број на деца на училишна возраст | Да | | Не | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Број на деца | % | Број на деца | % |
| **Зона 1** | 50 | 23 | 46% | 27 | 54% |
| **Зона 2** | 50 | 31 | 62% | 19 | 38% |
| **Зона 3** | 74 | 27 | 36% | 47 | 64% |
| **Зона 4** | 40 | 29 | 72% | 11 | 28% |
| **Зона 5** | 30 | 23 | 77% | 7 | 23% |
| **Зона 6** | 36 | 29 | 80% | 7 | 20% |
| **Вкупно** | **280** | **162** | | **118** | |
| **Стапка на упис во школо/Општина** | | | **58%** | | **42%** |

*Забелешка: Стапката на упис во училиште беше пресметана со делење на бројот на деца на училишна возраст упишани во основно или средно образование со вкупниот број деца на училишна возраст (кои ги исполнуваат условите за упис), а потоа, количникот се множи со 100 за да се добие процентот.*

Во однос на уписот на децата во основното и средно образование кое е задолжително, како што е прикажано погоре (види Табела 41), околу 58% од децата се упишани во основно и средно образование, додека 42% од децата не се упишани. Највисок процент на неупишани деца е забележан во зона 3 (64%) и зона 1 (54%). Меѓутоа, во зона 4, зона 5 и зона 6 е забележана највисока стапка на упис во основно или средно образование.

Што се однесува до дискриминацијата, околу 12% од родителите пријавиле случаи на дискриминација на училиште. Околу 8% пријавиле дискриминација од наставниците, 3% од соучениците, додека 1% од двете страни. Во однос на зоните, најголем број пријавени случаи се забележани во зона 3 и зона 4.

**Табела 42:Дискриминација во основно и средно образование**

| | Да, од двете страни | Да, од наставникот | Да, од соученик | Не |
|---|---|---|---|---|
| Зона 1 | 1% | 0% | 1% | 17% |
| Зона 2 | 0% | 1% | 0% | 24% |
| Зона 3 | 0% | 1% | 0% | 15% |
| Зона 4 | 0% | 3% | 2% | 13% |
| Зона 5 | 0% | 3% | 0% | 8% |
| Зона 6 | 0% | 0% | 0% | 12% |
| **Вкупно** | **1%** | **8%** | **3%** | **88%** |

Во основното училиште во Шуто Оризари, децата имаат можност да го изучуваат ромскиот јазик како незадолжителен предмет во училишна наставна програма. Речиси 90% од родителите одговориле дека нивните деца го избрале ромскиот јазик.

## ЗДРАВСТВО

Околу 14% од Ромите сметаат дека нивната здравствена состојба е умерено лоша, додека 17% сметаат дека нивната состојба е добра, додека 69% од нив одговориле дека нивната здравствена состојба е многу добра. Интересно е да се забележи дека ромските семејства се прилично оптимистички настроени кон своето здравје, особено жителите од зона 1, зона 2 и зона 3, и покрај тоа што се потенцијално поранливи, ако ги земеме в предвид вредностите на показателите за мерење на квалитетот на домување и стапката на вработеност.

**Табела 43: Субјективна здравствена состојба (1 – лоша; 5 одлична)**

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| Зона 1 | 0% | 3% | 2% | 10% | 2% |
| Зона 2 | 0% | 2% | 4% | 11% | 0% |
| Зона 3 | 0% | 1% | 1% | 11% | 4% |
| Зона 4 | 4% | 2% | 4% | 3% | 4% |
| Зона 5 | 0% | 1% | 4% | 3% | 8% |
| Зона 6 | 0% | 1% | 2% | 8% | 5% |
| Вкупно | 4% | 10% | 17% | 46% | 23% |

На оние 14% кои сметаат дека нивната здравствена состојба е умерено лоша (ја избрале 1-та и 2-та опција), им беа поставени дополнителни прашања за да се утврди проблемот во однос на нивниот здравствен статус. Како што може да се забележи, 38% изјавиле дека немаат корист од доброто здравје, бидејќи живеат во нездрави услови, при што највисок процент е забележан во зона 2 и зона 4. Меѓу другото, недостатокот на финансиски средства за медицински третман беше најчесто обележана причина од испитаниците во зона 4.

**Табела 44:Причини за лоша здравствена состојба**

| | Наследна семејна болест | Немаме средства за медицински третман | Нездрави животни услови | Сериозна повредна - попреченост | Влошена здравствена состојба |
|---|---|---|---|---|---|
| Зона 1 | 0% | 6% | 6% | 6% | 3% |
| Зона 2 | 3% | 6% | 12% | 3% | 0% |
| Зона 3 | 0% | 3% | 0% | 3% | 0% |
| Зона 4 | 6% | 15% | 18% | 3% | 3% |
| Зона 5 | 0% | 0% | 3% | 0% | 0% |
| Зона 6 | 0% | 0% | 0% | 3% | 0% |
| Вкупно | 9% | 29% | 38% | 18% | 6% |

Следното прашање во врска со здравствената состојба е оддалеченоста на ромските населби од болницата, кое се смета за важен показател за пристапот до здравствени услуги. Како што е прикажано во табелата подолу, околу 21% од испитаниците се оддалечени повеќе од 2 километри од болницата, додека 32% се оддалечени 1 km од болницата.

**Табела 45:** ***Оддалеченост од болница/здравствена станица***

| | 100m - 600m | 600m - 1km | 1km - 2km | 2km - 5km | Повеќе од 5km |
|---|---|---|---|---|---|
| Зона 1 | 0% | 3% | 9% | 5% | 0% |
| Зона 2 | 5% | 1% | 4% | 7% | 0% |
| Зона 3 | 1% | 3% | 5% | 7% | 0% |
| Зона 4 | 0% | 8% | 9% | 0% | 0% |
| Зона 5 | 1% | 4% | 11% | 0% | 0% |
| Зона 6 | 2% | 6% | 7% | 1% | 1% |
| Вкупно | 9% | 25% | 45% | 20% | 1% |

Трошоците за лекови во едно домаќинство, исто така, го одразуваат пристапот до здравствените услуги кај ромските семејства. Во просек, околу 65% од ромската популација троши меѓу 0 до 1000 денари за лекови, со највисок процент во зона 2 (17%) и зона 1 (14%). Околу 22% од населението одвојува 1001-3000 МКД, со највисок процент во зона 4,5 и 6, додека 13% трошат повеќе од 3,001 МКД за лекови, при што највисок процент е забележан во зона 3,4 и 5.

**Табела 46:** ***Трошоци за лекови/месечно во МКД***

| | Помалку од 100 | 100 - 1000 | 1001 - 3000 | 3001 - 6000 | Повеќе од 6000 |
|---|---|---|---|---|---|
| Зона 1 | 1% | 14% | 1% | 1% | 1% |
| Зона 2 | 0% | 15% | 0% | 1% | 1% |
| Зона 3 | 0% | 12% | 3% | 2% | 1% |
| Зона 4 | 1% | 5% | 6% | 4% | 0% |
| Зона 5 | 3% | 2% | 6% | 3% | 2% |
| Зона 6 | 2% | 7% | 5% | 1% | 0% |
| Вкупно | 7% | 55% | 21% | 12% | 5% |

## Оштина Прилеп

### ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Општина Прилеп е сместена во централниот јужен дел на Северна Република Македонија и зафаќа површина од 1.195 км2. **Општината опфаќа 59 населени места - Прилеп и 58 села**. Во однос на бројот на жители, општината е на петто место од 84 општини. Прилеп има 24.398 домаќинства и 29.673 станови. Освен тоа, Прилеп се наоѓа на 128 km од Скопје.

**Слика 26: Гранична линија на општина Прилеп**




Како дел од јужниот административен регион, општина Прилеп се граничи со општина Чашка и Долнени на север, Кавадарци на исток, Кривогаштани, Могила и Новаци на запад и Грција на југ. Земјоделството во Прилеп е една од најразвиените индустрии. Најчести култури се тутунот, житарките и хортикултурата. Прилеп е втора општина во Северна Република Македонија според бројот на ромската популација, а нејзиниот удел, според официјалната статистика, изнесува околу 6,0% од вкупниот број жители. Меѓутоа, неофицијално, процентот на Роми во општината се движи од 8% до 12%.

Слика 27: Тризла и ромските населби




**Најголем дел од ромската популација живее во подрачјето Тризла во 7 населби: населбите Ново Село и Беровска (Мексико) се најголеми населени места, по што следат Дабничка и Дебој, Дебарца, Три Багреми и Умренско Маало.**

**Во однос на институционалните капацитети, постојат 4 детски градинки, 14 основни училишта - од кои 6 се регионални и 5 средни училишта**. Исто така, има Економски факултет и Институт за тутун. Во однос на други институции кои обезбедуваат јавни добра и услуги, постојат децентрализирани канцеларии на соодветните министерства, агенции и други институции. Што се однесува до учеството на Ромите во донесувањето одлуки на локално ниво, постојат 2 ромски советници; околу 2 Роми учествуваат во комисиите на советите, а 11 Роми се членови на одбори во локалните училишта и градинки.

Табела 47: Учество на Ромите во процесот на одлучување на локално ниво

| **Комисии на советот** | **2** |
|---|---|
| **Одбор на директори во основни училишта** | 2 |
| **Одбор на директори во средни училишта** | 6 |
| **Одбор на директори во јавни установи** | 0 |
| **Одбор на директори во гардинка** | 5 |

## ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

### Ромско население и населби

Според последните официјални податоци од пописот од 2002 година, општина Прилеп зафаќа површина од 1.675 $km^2$ со 76.768 жители, од кои 73.351 се во градот. Според последниот попис во 2002 година, Ромите сочинуваат 6% од вкупното население на општината.

Табела 48: Население во Прилеп по етничка припадност

| | *Прилеп* | *%* |
|---|---|---|
| Македонци | 70,878 | 92.3% |
| Албанци | 22 | 0.03% |
| Турци | 917 | 1.19% |
| **Роми** | **4,433** | **6%** |
| Власи | 17 | 0.02% |
| Срби | 172 | 0.2% |
| Бошњаци | 86 | 0.011% |
| Друго | 243 | 0.32% |

| | *Прилеп* | *%* |
|---|---|---|
| ***Вкупно население*** | 76,768 | |

**Неофицијалните податоци од страна на невладините организации ја посочија бројката од околу 1.000 - 1.200 ромски домаќинства. Ромите во Прилеп живеат во урбаниот дел на општината. Постојат 2 области, составени од 7 населби во кои живеат Роми. Според податоците, Ромите живеат во населени места кои се идентификуваат според имињата на улиците и територијата на населени места: населбите Ново Село и Беровска (Мексико) се најголеми и таму живеат најголем дел од Ромите (по 300 домаќинства). По овие 2 населени места следат Дабничка и Дебој со околу 150 домаќинства, а Дебарца брои околу 100 домаќинства.**

Врз основа на проценката од Државниот завод за статистика, во Прилеп има помалку население во споредба со претходниот попис, каде ромското население се проценува пропорционално. Сепак, според фокус групата организирана во Прилеп и НВО извештаите, **популацијата на Ромите е проценета на 6.000 - 8.000 жители**.

### Табела 49: Проценето население

| | *Жители* |
|---|---|
| Проценето население (2015) | 75,484 |
| Проценето население како процент од вкупната популација 6% **(2015)** | 4,529 |
| Проценето население во фокус групата | 6,000 – 8,000 |

Во последните три години, бројот на домаќинства во Прилеп е непроменет според фокус групата организирана во општината. Сепак се забележува тенденција на миграција на Ромите на возраст од 30 до 45 години во земјите на ЕУ како и интерна миграција за сезонска работа. Во врска со прашањето на лица без лични документи, фокус групата потврди дека процесот на стекнување лични документи е во тек и луѓето не може да кажат било кој број.

Освен тоа, фокус групите исто така ги потврдија пријателските односи со другите етнички групи во општината. Учесниците истакнаа дека Ромите често имаат добри односи со другите етнички заедници, дури и во семејните врски, без разлика во која населба живеат. Комуникацијата меѓу Ромите и лица што не се од ромска припадност исто така е оценета како добра, но учесниците посочија дека Македонците што живеат во овие 7 населби ги продаваат своите домаќинства и се селат во населби населени со Македонци. Тие, исто така, посочија проблеми во образованието, како тоа дека лица кои не се од ромска припадност ги упишуваат своите деца во училиштата кадешто нема ученици Роми.

### Слика 28: Пирамида на население – ромско население во Прилеп



На слика 28 е прикажана дистрибуцијата на ромското население во Прилеп врз основа на возраста. Висока застапеност на ромско население е забележана во возрасната група од 15 до 18 години и 6 до 14 години, додека населението над 64 години е застапено во мал процент.

**Слика 29: Баратели на азил по населба**




Слика 29 ги прикажува барателите на азил по зона и по домаќинство (вклучувајќи најмалку едно лице кое побарало азил во некоја од земјите на ЕУ). Најголем број на баратели на азил се евидентирани во населбата Тризла Дабничка (5%) и Тризла Мексико (5%). Меѓутоа, населбите Тризла 2 Ново Село и Тризла 2 Мексико бележат најнизок број баратели на азил.

## ДОМУВАЊЕ

Во просек, 5 лица живеат во едно домаќинство во Прилеп, со највисока инциденца на член по домаќинство во Тризла Мексико и Тризла Ново Село. Најмал број членови по домаќинство е евидентиран во населбите Умренско Маало и Дабничка.

**Слика 30: Просечен број на жители по домаќинство според зоните**




Табелата подолу ги сумира резултатите на ниво на категорија и населба. Во однос на големината на живеалиштето, околу 43% од живеалиштата се помали од 50m$^2$. Според населените места, најранливата зона (зоната со најмали живеалишта) е евидентирана во Ново Село (2%) и Три Багреми (2%). Околу 17% од живеалиштата спаѓаат во категоријата 17-30m$^2$ (најчесто во

Дебарца и Три Багреми), а околу 22% од живеалиштата се во категоријата 30-50m² (највисока стапка во Ново Село). Околу 34% од живеалиштата имаат 51-70m², со 7% во Дебарца и Дабничка; и 5% во Дебој, Умренско Маало и Мексико. Зоните со најголеми живеалишта се евидентирани во населбата Мексико (7%), Ново Село (5%) 9 живеат во живеалиштата поголеми од 71m², а во Умренско Мало, Дабничка и Мексико околу 8% 5 живеат во живеалиштата поголеми од 71 m².

**Слика 31: Големина на живеалиште**

| | 10 - 16 m² | 17 - 30 m² | 31 - 50 m² | 51 - 70 m² | 71 - 90 m² | Повеќе од 90 m² | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Тризла 2 Дебој | 0% | 3% | 3% | 5% | 2% | 0% | 13% |
| Тризла 2 Ново Село | 2% | 0% | 10% | 3% | 5% | 0% | 20% |
| Тризла 2 Умренско Маало | 0% | 2% | 2% | 5% | 0% | 1% | 10% |
| Тризла Дабничка | 0% | 0% | 3% | 7% | 2% | 3% | 15% |
| Тризла Дебарца | 0% | 5% | 1% | 7% | 0% | 0% | 13% |
| Тризла Мексико | 0% | 2% | 2% | 5% | 7% | 3% | 19% |
| Тризла Три Багреми | 2% | 5% | 1% | 2% | 0% | 0% | 10% |
| Вкупно | 4% | 17% | 22% | 34% | 16% | 7% | 100% |

Табелата подолу ја прикажува сопственичката структура на ромските домаќинства во Прилеп. Релативно висок процент на Роми ги поседуваат своите живеалишта - речиси 88% од Ромите се сопственици на својата куќа. Околу 11% од Ромите не ги поседуваат живеалиштата, при што 8% од Ромите живеат во куќа/стан што им припаѓа на нивните роднини, а 3% живеат во импровизирано живеалиште. Меѓутоа, високата стапка на сопственост треба да се земе со резерва, бидејќи многу Роми пријавуваат сопственост, иако немаат ниту еден правен документ за истото. Највисока стапка на сопственост е евидентирана во населбите Ново Село (20%) и Мексико (15%), а Дабничка, Дебарца и Дебој бележат повеќе од 12%, додека највисока стапка на Роми кои живеат во импровизирани живеалишта е во населбата Три Багреми.

- ⇒ *Што се однесува до импровизираните живеалишта (картонски населби), во фокус групите беа посочени следниве информации:*
- ⇒ *Дебарца: Постојат картонски населби, околу 50 граѓани живеат во тие населби.*
- ⇒ *Три Багреми- Постојат околу 10-15 куќи кои може да се класифицираат како картонски куќи*

**Табела 50: Сопственичка структура на живеалиштето**

| | Друго | Импровизирано живеалиште (картонски куќи итн.) | Куќа во туѓа сопственост (роднина) | Сопствена куќа | Стан во туѓа сопственост (роднина) | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Тризла 2 Дебој | 1% | 0% | 0% | 12% | 0% | 13% |
| Тризла 2 Ново Село | 0% | 0% | 0% | 20% | 0% | 20% |
| Тризла 2 Умренско Маало | 0% | 0% | 2% | 8% | 0% | 10% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Тризла Дабничка | 0% | 0% | 2% | 13% | 0% | 15% |
| Тризла Дебарца | 0% | 1% | 0% | 12% | 0% | 13% |
| Тризла Мексико | 0% | 0% | 2% | 15% | 2% | 19% |
| Тризла Три Багреми | 0% | 2% | 0% | 8% | 0% | 10% |
| Вкупно | 1% | 3% | 6% | 88% | 2% | 100% |

И покрај податокот дека Ромите поседуваат 90% од живеалиштата, во табелата подолу може да се забележи дека не сите поседуваат документација за правна сопственост. Околу 65% од Ромите изјавиле дека ги легализирале куќите, додека 16% од живеалиштата се во процес на легализација. Околу 15% од живеалиштата сè уште не се легализирани. Според населби, Ново Село, Мексико и Дебој бележат највисок процент на легализирани куќи, додека во Дебарца и Три Багреми куќите сè уште не се легализирани (околу 7% во секое населено место).

**Табела 51: Легализација на куќите**

| | Да | Не | Одбил да одговори | Во процес на легализација | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Тризла Дебој | 11% | 0% | 0% | 2% | 13% |
| Тризла Ново Село | 14% | 2% | 2% | 2% | 20% |
| Тризла Умренско Маало | 10% | 0% | 0% | 0% | 10% |
| Тризла Дабничка | 10% | 0% | 2% | 3% | 15% |
| Тризла Дебарца | 4% | 7% | 0% | 2% | 13% |
| Тризла Мексико | 14% | 0% | 0% | 5% | 19% |
| Тризла Три Багреми | 2% | 6% | 0% | 2% | 10% |
| Вкупно | 65% | 15% | 4% | 16% | 100% |

Во однос на квалитетот на куќите, најголемиот проблем на ромското домаќинство е влагата. Околу 38% од Ромите пријавиле дека нивната куќа има влага при што највисок процент е забележан во Три Багреми (10%), Дебарца (8%) и Ново Село и Дабничка (5%), додека помалку од 3% од домаќинствата од Дебој и Умренско Маало го пријавиле овој проблем.

**Табела 52: Главни инфраструктурни проблеми и проблеми со домување кај Ромите/домаќинствата**

| | Куќата има влага | Куќата нема доволно светлина | Куќата е изградена од неадекватен материјал | Пристап до електрична енергија | Куќата нема пристап до асфалтен пат |
|---|---|---|---|---|---|
| Тризла 2 Дебој | 3% | 2% | 0% | 0% | 0% |
| Тризла 2 Ново Село | 5% | 0% | 0% | 0% | 2% |
| Тризла 2 Умренско Маало | 2% | 2% | 0% | 0% | 3% |
| Тризла Дабничка | 5% | 2% | 0% | 0% | 7% |
| Тризла Дебарца | 8% | 2% | 4% | 0% | 7% |
| Тризла Мексико | 5% | 0% | 0% | 0% | 8% |
| Тризла Три Багреми | 10% | 3% | 8% | 2% | 10% |
| **Вкупно** | **38%** | **11%** | **12%** | **2%** | **37%** |

Меѓу останатите проблеми, 11% изјавиле дека немаат доволно светлина - 3% во Три Багреми и 2% во останатите освен во Мексико и Ново Село. Што се однесува до квалитетот на градежните материјали, 12% изјавиле дека нивната куќа е изградена со несоодветен материјал, со највисока застапеност во Три Багреми и Дебарца. Околу 2% од домаќинствата во Три Багреми посочија дека немаат пристап до електрична енергија. Исто така, околу 37% се изјасниле дека немаат пристап до асфалтен пат, со најголема застапеност во Три Багреми, Зона Мексико, по што следат Дебарца и Дабничка.

- ⇒ Во однос на инфраструктурата, испитаниците истакнаа дека **ромските домаќинства имаат проблеми со пристапните патишта и асфалтирање на постојните патишта**. Сите населби, исто така, имаат проблем со внатрешните улици кои се стари а има и депонии на патиштата. Само неколку од постојните куќи во населбата Дебарца се изградени од несоодветни материјали. Покрај тоа, **дивите депонии се исто така сериозен проблем во ромските населби.**
- ⇒ На Беровска (дел од соседството - Мексико), на влезот во оваа населба каде што живеат етнички Македонци има асфалт, но е оштетен. Овој асфалт е поставен до продавниците на етничките Македонци, и позади тој дел од населбата нема асфалт. **Одредени домаќинствата немаат вода, има тесни улички поради бесправни градби или екстензии**. **Во оваа населба не постојат куќни броеви и затоа често поштата не доаѓа навреме или не доаѓа воопшто.**
- ⇒ **Во Дебој нема асфалт.** Оваа населба има тесни улички, дождот минува низ улиците и создава проблеми за одредени домаќинствата во оваа населба.
- ⇒ Во однос на електричната мрежа, учесниците во фокус групите истакнаа дека сите куќи се поврзани со електроенергетската мрежа.
- ⇒ Учесниците во фокус групите изјавија дека еден од општите проблеми во општината е легализација на живеалиштата, како и усвојување на ГУП и ДУП за населбата Тризла 2. Куќите се делумно легализирани, а некои чекаат легализација. Општина Прилеп во некои области нема ДУП, и поради тоа не е легализирано земјиштето на кое се наоѓаат ромските живеалишта.
- ⇒ Поради недостиг на комуникација меѓу претставниците на локалната самоуправа и жителите на населбата Тризла 2, дозволени се бесправни градби и оштетени улици, кои ги стеснуваат улиците, со што го попречуваат пристапот на возилата за итни случаи.
- ⇒ Учесниците немаа одговор за можноста за легализација на земјиштето, ниту пак дали постојат технички стандарди за легализација на земјиштето. Освен тоа, учесниците не можеа да го посочат процентот на легализирани живеалишта во Прилеп, но покажаа ентузијазам и истакнаа дека во тек е легализацијата на останатите живеалишта.

**Слика 32: Тип на под во живеалиштата**




Во однос на квалитетот на подот, 20% од Ромите во Прилеп пријавиле дека немаат соодветен под, нивните подови се земјени или бетонски. Највисокиот процент е евидентиран во Три Багреми (8%), Дебарца (5%),

### Слика 33: Тип на покрив во живеалиштето




Во однос на квалитетот на покривот, 90% од домаќинствата изјавиле дека нивниот покрив е направен од плочки, а највисокиот процент е забележан во Ново Село и Мексико. Околу 6% се изјасниле дека имаат метален покрив - 2% во Ново Село, Три Багреми и Дебарца. Исто така, 5% посочиле дека нивниот покрив е со азбестни плочки, со речиси еднаква застапеност во Дебарца и Три Багреми.

### Слика 34: Тип на прозорци во живеалиштето




Што се однесува до типот на прозорци во живеалиштата, 33% од Ромите се изјасниле дека имаат прозорци од дрвен профил. Според населби, највисок процент е забележан во Три Багреми и Мексико. Околу 28% изјавиле дека имаат прозорци од алуминиумски профил, а највисок процент е регистриран во зона Дебој и Ново Село. Околу 37% изјавиле дека имаат ПВЦ прозорци.

Табела 53 го прикажува пристапот на домаќинството до комуналната инфраструктура. Околу 3% од живеалиштата немаат пристап до електрична енергија, со највисока инциденца во Тризла Три Багреми (17%). Околу 12% од живеалиштата се изјасниле дека немаат пристап до вода за пиење во внатрешноста на куќата, со најголема застапеност во Тризла Три багреми (83%). Што се однесува до пристап до тоалет со бања, 20% од домаќинствата се изјасниле дека немаат пристап. Во населбите Тризла Три Багреми (83%), Тризла Умренско Маало (33%) и Тризла 2 Дебој (13%) е забележан најголем процент домаќинства без бања. Истовремено, 33% од домаќинствата изјавиле дека немаат тоалети во куќата, речиси 100% во Тризла Три Багреми и 50% во Тризла 2 Ново Село. Околу 18% немаат пристап до кујна во внатрешноста на куќите, или поточно 83% од куќите во Тризла Три Багреми и 17% во Тризла Умренско Маало. Во однос на канализациониот систем, 34% од Ромите во Прилеп се изјасниле дека немаат пристап до канализациониот систем. Највисока инциденца е забележана во Тризла Три Багреми (100%) и Тризла Дебарца (100%).

## Табела 53: Пристап до комунална инфраструктура

| | Electricity | | | Drinking water inside the house | | | Drinking water outside the house | | | Toilet with bathroom | | | Kitchen inside the house | | | Toilet inside the house | | | Kitchen outside the house | | | Sewage system | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Settlement | Yes | No | N/A | Yes | No | N/A | Yes | No | N/A | Yes | No | N/A | Yes | No | N/A | Yes | No | N/A | Yes | No | N/A | Yes | No | N/A |
| Tizla Tri Bagremi | 83% | 17% | 0% | 17% | 83% | 0% | 83% | 17% | 0% | 17% | 83% | 0% | 17% | 83% | 0% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% |
| Tizla 2 Deboj | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 0% | 87% | 13% | 0% | 87% | 13% | 0% | 75% | 25% | 0% | 13% | 87% | 0% | 100% | 0% | 0% |
| Tizla 2 Novo Selo | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 0% | 92% | 8% | 0% | 92% | 8% | 0% | 50% | 50% | 0% | 8% | 92% | 0% | 80% | 20% | 0% |
| Tizla Debarcka | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 0% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% |
| Tizla Debarca | 100% | 0% | 0% | 97% | 3% | 0% | 97% | 3% | 0% | 98% | 2% | 0% | 97% | 3% | 0% | 95% | 5% | 0% | 100% | 0% | 0% | 93% | 7% | 0% |
| Umrensko maalo | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 0% | 83% | 17% | 0% | 67% | 33% | 0% | 83% | 17% | 0% | 67% | 33% | 0% | 33% | 67% | 0% | 100% | 0% | 0% |
| Trizla Meksiko | 90% | 0% | 10% | 90% | 0% | 10% | 80% | 10% | 10% | 90% | 0% | 10% | 90% | 0% | 10% | 70% | 20% | 10% | 0% | 90% | 10% | 80% | 10% | 10% |
| **Average** | 96% | 3% | 1% | 86% | 12% | 1% | 92% | 7% | 1% | 79% | 20% | 1% | 81% | 18% | 1% | 65% | 33% | 1% | 22% | 77% | 1% | 65% | 34% | 1% |

*Забелешка: N/A - Недостапни информации (% на лица кои не дале одговор на ова прашање)*

Исто така, учесниците во фокус групата ги истакнаа следните согледувања во врска со пристапот до комуналната инфраструктура:

- ⇒ Во Дебарца проблемот е канализациониот систем, формирањето на дивите депонии и недостатокот на комуникација и надзор на локалната самоуправа во спроведувањето на законите
- ⇒ Во Дебарца има околу 5-6 куќи кои немаат пристап до чиста вода. Тие, исто така, се изјаснија дека еден дел од Беровска има дисфункционална канализација, додека во Дабничка има нелегална канализација поврзана со река.
- ⇒ Ново Село има тесни улици, проблеми со канализацијата и диви депонии
- ⇒ Во Дабничка, еден дел од населбата нема канализација, додека во другиот дел канализациониот систем не функционира. Често никнуваат диви депонии. Во оваа населба постои мост, што е проблем за урбаното уредување на тој дел од населбата, општината прави напори да постигне договор со неколку куќи
- ⇒ Во Дебој проблемот со канализациониот систем е решен.

Табела 54 го покажува процентот на куќи кои немаат пристап до апарати за домаќинство кои се неопходни во едно домаќинство. Голем процент на населението нема пристап до интернет (28%) и компјутер (53%), иако околу 88% од населението поседува мобилен телефон. Во однос на основните апарати за домаќинство, околу 12% од ромските домаќинства немаат машини за перење, при што највисок процент е евидентиран во Три Багреми (8%), Дебој и Дебарца (по 2%). Во продолжение, 85% од населението нема машина за сушење; 10% немаат пегла (највисока инциденца во Три Багреми и Дебарца). Речиси 99% од населението има пристап до шпорет (електричен или шпорет на гас).
Во поглед на основна покуќнина, 43% од домаќинствата се изјасниле дека немаат трпезариска маса – со највисок процент забележан во Дебарца и Три Багреми (по 8%); Дабничка, Дебој и Умренско Маало (по 7%), 5% во населба Мексико и 2% во Ново Село.

**Табела 54: Пристап до различни апарати за домаќинство**

| | Тризла 2 Дебој | Тризла 2 Ново Село | Тризла 2 Умренско Маало | Тризла Дабничка | Тризла Дебарца | Тризла Мексико | Тризла Три Багреми | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Телевизија | 0% | 0% | 0% | 2% | 0% | 0% | 0% | 2% |
| Сателитска / кабелска | 3% | 8% | 2% | 3% | 5% | 8% | 10% | 40% |
| Интернет | 2% | 3% | 3% | 5% | 5% | 0% | 10% | 28% |
| Компјутер / лаптоп | 3% | 12% | 5% | 10% | 8% | 5% | 10% | 53% |
| Телефон | 5% | 10% | 7% | 15% | 13% | 12% | 10% | 72% |
| Мобилен телефон | 2% | 2% | 2% | 3% | 2% | 0% | 2% | 12% |
| Машина за перење | 0% | 0% | 0% | 2% | 2% | 0% | 8% | 12% |
| Машина за сушење | 13% | 17% | 8% | 10% | 12% | 15% | 10% | 85% |
| Пегла | 0% | 0% | 0% | 3% | 2% | 0% | 5% | 10% |
| Фрижидер | 0% | 0% | 0% | 2% | 2% | 0% | 2% | 5% |
| Правосмукалка | 0% | 0% | 2% | 2% | 2% | 0% | 3% | 8% |
| Електричен шпорет | 0% | 0% | 0% | 3% | 2% | 0% | 3% | 8% |
| Шпорет на гас | 12% | 20% | 8% | 10% | 13% | 18% | 10% | 92% |
| Трпезариска маса | 7% | 2% | 7% | 7% | 8% | 5% | 8% | 43% |
| Кревет за секој член на семејството | 2% | 5% | 2% | 3% | 2% | 3% | 10% | 27% |
| Автомобил | 8% | 15% | 8% | 7% | 7% | 13% | 10% | 68% |

Околу 27% изјавиле дека немаат кревет за секој член на семејството со најголема инциденца во Три багреми (10%), додека во останатите населби тој проблем го пријавиле 2-3% од домаќинствата. Конечно, околу 68% од ромските домаќинства се изјасниле дека немаат автомобил.

**Слика 35: Дали во твоето живеалиште постојат некои од следните проблеми**




Слика 35 ја одразува ранливоста на куќите во смисла на природни непогоди - како што се поплави, лизгање на земјиштето. Како што може да се забележи, 20% од живеалиштата биле поплавени, при што куќите во Три Багреми и Дабничка се најпогодени од поплавите.

Околу 5% од живеалиштата се соочиле со лизгање на земјиштето, со најголема зачестеност во Три Багреми и Дебарца.

## ВРАБОТЕНОСТ

Според податоците од фокус групите од областа на вработувањето, учесниците истакнаа дека најчестите занимања на Ромите во Прилеп се собирање отпадни материјали, сезонски работници, хонорарни работници, музичари, дрвосечачи, градежни работници и други видови на ниско платена работа.

- ⇒ Покрај тоа, учесниците во фокус групите посочија дека има околу 10 вработени од населбата Дебарца кои работат во фабрика, додека останатите се водат како невработени.
- ⇒ На Беровска (дел од населбата Мексико) има околу 50 до 60 вработени кои работат во фабрика и на пазари, но не сите се водат како невработени.
- ⇒ Во населбата Ново Село има околу 50 до 60 вработени, сите кои добиваат социјална помош се евидентирани како активни баратели на работа.
- ⇒ Во населбата Дабничка има околу 20 до 30 вработени, сите кои добиваат социјална помош се евидентирани како активни баратели на работа.
- ⇒ Во населбата Дебој има околу 20 до 30 вработени, сите кои добиваат социјална помош се евидентирани како активни баратели на работа.

Стапката на вработеност во Прилеп, пресметана врз основа на работоспособното население од примерокот во секоја општина, изнесува 18%. Најголем дел од вработените лица во однос на работоспособното население се од Умренско Маало и Дебој.

**Табела 55: Стапка на вработеност во Прилеп**

| Прилеп | Работоспособно население (Роми) | Стапка на вработеност | | Стапка на вработеност - мажи | | Стапка на вработеност - жени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | % | Број на вработени Роми | % | Број на вработени Роми | % | Број на вработени Роми |
| Тризла 2 Дебој | 21 | 24% | 5 | 14% | 3 | 10% | 2 |
| Тризла 2 Ново Село | 26 | 19% | 5 | 12% | 3 | 8% | 2 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Тризла 2 Умренско Маало | 13 | 46% | 6 | 15% | 2 | 31% | 4 |
| Тризла Дабничка | 48 | 19% | 9 | 13% | 6 | 6% | 3 |
| Тризла Дебарца | 18 | 6% | 1 | 6% | 1 | 0% | 0 |
| Тризла Мексико | 35 | 11% | 4 | 9% | 3 | 3% | 1 |
| Тризла Три Багреми | 19 | 11% | 2 | 0% | - | 11% | 2 |
| **Вкупно** | **180** | | **32** | | **18** | | **14** |
| **Стапка на вработеност/ Општина** | | **18%** | | **10%** | | **8%** | |

*Забелешка: Стапката на вработеност се пресметува како соодност на вработените Роми и работоспособното ромско население.*

Најниска стапка на вработеност е утврдена во Дебарца, каде што само 6% од работоспособното население е вработено, додека во Мексико и населбата Три Багреми таа бројка изнесува 11%; во Дебој 24% и во Ново Село 19%. Во однос на полот, распределбата е речиси еднаква. Најнизок процент на вработени жени е забележан во населбите Дебарца и Мексико, каде што се вработени помалку од 3% од жените.

Според областите во кои се вработени поединечни домаќинства, 3,7% од нив се бават со земјоделство, лов и шумарство, 2,4% се вработени во производствената и преработувачката индустрија, 0,8% во градежништво и 0,4% во трговија, поправка и техничко сервисирање на автомобили, лични предмети и домаќинства, како и во други активности кои им служат на јавноста, на поединци и надворешни организации или религиозни групи.

**Табела 56: Неформална вработеност**

| | Неформална работа | Неформална работа-мажи | Неформална работа-жени |
|---|---|---|---|
| Тризла 2 Дебој | 45% | 28% | 17% |
| Тризла 2 Ново Село | 50% | 27% | 23% |
| Тризла 2 Умренско Маало | 33% | 0% | 33% |
| Тризла Дабничка | 27% | 18% | 9% |
| Тризла Дебарца | 56% | 44% | 11% |
| Тризла Мексико | 47% | 30% | 17% |
| Тризла Три Багреми | 94% | 69% | 25% |
| Вкупно / просек | 51% | 31% | 20% |

Иако стапката на вработеност е многу ниска, стапката на неформална вработеност е многу висока - во просек 51% Ромите од Прилеп работат неформално. Стапката на неформална вработеност е повисока кај мажите - 31% од мажите работат неформално, додека кај жените таа бројка изнесува 19%. Највисока стапка е евидентирана во Три багреми (94%) од Ромите кои живеат таму, Дебарца (56%) и Ново Село (50%). Најниска стапка на неформална вработеност има во Дабничка (27%) и Умренско Маало (33%).

Слика 36 го прикажува процентот на Роми кои биле вклучени во сезонска работа. Податоците покажуваат дека 30% од Ромите биле вклучени во сезонска работа, со највисок процент регистриран во Умренско Маало, Дебарца и Три Багреми со над 30%. Најниско учество во сезонската работа е забележано во Ново Село (18%) и Дабничка (23%).

**Слика 36: Сезонска работа**




И покрај тоа што сезонската работа е важен извор на приход за ромските семејства, социјалната помош е подеднакво важен извор на приход на кој се потпираат многу ромски семејства. Сликата подолу покажува дека околу 66% од домаќинствата се корисници на социјална помош. Најголем процент е евидентиран во Три Багреми (100%) и Дебој (88%), каде што речиси сите семејства се приматели на социјална помош, по што следат Умренско Маало и Дабничка со 67%. Најмалку приматели на социјална помош се евидентирани во Ново Село (33%) и Мексико (45%).

**Слика 37: Социјална помош**




За да се добие општа слика за приходот во ромските семејства, членовите на домаќинствата беа прашани колку заработуваат во опсег од 0 до 70.000 денари. Околу 50% од Ромите имаат месечни примања под 24.000 денари, додека 32% остваруваат приходи поголеми од 40.001 денари.

**Табела 57: Месечен приход /во МКД**

| | 0 - 12000 | 12001 - 24000 | 24001 - 40000 | 40001 - 70000 | Одбил да одговори |
|---|---|---|---|---|---|
| Тризла 2 Дебој | 0% | 8% | 2% | 3% | 0% |
| Тризла 2 Ново Село | 2% | 2% | 3% | 8% | 5% |
| Тризла 2 Умренско Маало | 2% | 7% | 0% | 2% | 0% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Тризла Дабничка | 5% | 3% | 2% | 5% | 0% |
| Тризла Дебарца | 7% | 2% | 2% | 2% | 2% |
| Тризла Мексико | 3% | 8% | 2% | 3% | 2% |
| Тризла Три Багреми | 2% | 0% | 0% | 8% | 0% |
| Вкупно | **20%** | **30%** | **10%** | **32%** | **8%** |

Другиот показател за ефективноста на пазарот на трудот е стапката на невработеност, пресметана како процент на работната сила од примерокот во секоја општина. Стапката на невработеност кај Ромите во Прилеп изнесува 69%. Највисоко ниво на невработеност е забележано во Ново Село (82%), Мексико (87%) а во сите други населби бројката надминува 45%. Врз основа на полот, стапката на невработеност кај жените е поголема - 38% се невработени, а кај мажите бројката изнесува 30%. Најголем удел на невработени жени е во Умренско Маало и Ново Село, и достигнува повеќе од 50%.

**Табела 58: Стапка на невработеност во Прилеп**

| Прилеп | **Работоспособни лица** | Стапка на невработеност | | Стапка на невработеност- мажи | | Стапка на невработеност- жени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | % | Број на невработени (Роми) | % | Број на невработени (Роми) | % | Број на невработени (Роми) |
| Тризла 2 Дебој | 18 | 61% | 11 | 22% | 4 | 39% | 7 |
| Тризла 2 Ново Село | 22 | 82% | 18 | 32% | 7 | 50% | 11 |
| Тризла 2 Умренско Маало | 9 | 78% | 7 | 22% | 2 | 56% | 5 |
| Тризла Дабничка | 22 | 45% | 10 | 23% | 5 | 23% | 5 |
| Тризла Дебарца | 18 | 67% | 12 | 33% | 6 | 33% | 6 |
| Тризла Мексико | 30 | 87% | 26 | 40% | 12 | 47% | 14 |
| Тризла Три Багреми | 16 | 56% | 9 | 38% | 6 | 19% | 3 |
| Вкупно | 135 | | 93 | | 42 | | 51 |
| **Стапка на невработеност/Општина** | | **69%** | | **31%** | | **38%** | |

*Забелешка: Стапката на невработеност се пресметува како број на невработени Роми поделено со работната сила (Роми).*

Табела 59 ги сумира причините за невработеноста, од аспект на испитаниците. Највисок процент на Роми (33%) изјавиле дека немаат соодветно образование и вештини потребни за вработување. Според овој критериум/причина, највисока стапка е забележана во Три Багреми, Ново Село и Дебој. За 15% од ромската популација главна причина за невработеноста е недостаток на можности за вработување; при што инциденцата е речиси подеднакво распределена меѓу населбите. Околу 23% од Ромите се изјасниле дека работните места се добиваат преку политичка партија па поради тоа е тешко да се најде работа без членство во некоја од политичките партии. Највисок процент на испитаници кои ја навеле оваа причина, е

забележан кај Ромите од Умренско Маало, Дебарца и Мексико. Околу 18% од домаќинствата се изјасниле дека не бараат работа, при што највисок е процентот во населбата Мексико.

### Табела 59: Причини за невработеност

| | Отсуство на можности за вработување | Отуство на образование и вештини | Партиско вработување | Не барам работа | Работам повремено и тоа ми е доволно | Попреченост за работа |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Тризла 2 Дебој | 2% | 7% | 3% | 0% | 0% | 0% |
| Тризла 2 Ново Село | 2% | 8% | 2% | 2% | 0% | 0% |
| Тризла 2 Умренско Маало | 2% | 2% | 5% | 3% | 0% | 0% |
| Тризла Дабничка | 3% | 3% | 3% | 2% | 2% | 2% |
| Тризла Дебарца | 3% | 5% | 5% | 2% | 0% | 0% |
| Тризла Мексико | 2% | 2% | 5% | 8% | 0% | 0% |
| Тризла Три Багреми | 2% | 7% | 0% | 2% | 0% | 0% |
| Вкупно | 15% | 33% | 23% | 18% | 2% | 2% |

Табела 60 ги прикажува активните и пасивните баратели на работа во општина Прилеп. Податоците се преземени од Агенцијата за вработување. Така, вкупно 748 Роми се евидентирани како активни баратели на работа, од кои 58% се мажи. Исто така, околу 502 Роми се регистрирани како пасивни баратели на работа, од кои 62% се жени. Може да се заклучи дека околу 13-20 % од Ромите се евидентирани во Агенцијата за вработување, при што жените главно се водат како пасивни баратели на работа.

### Табела 60: Активни и пасивни баратели на работа

| Прилеп | Активни баратели на работа | | | Пасивни баратели на работа | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| | 748 | 416 | 332 | 502 | 192 | 310 |

*Забелешка: Барање за јавно достапни информации (Агенција за вработување)*

Табела 61 покажува во кој степен Ромите се запознаени со активните политики на пазарот на трудот. Во просек, околу 12% знаат за мерките, 70% од населението не е запознаено, додека 12% одбиле да одговорат. Ромите од населбата Мексико најмногу се информирани за АППТ, додека Ромите од Дебој, Ново Село, Дабничка и Три Багреми не се добро запознаени со мерките што ги нуди Агенцијата за вработување.

### Табела 61: Запознаеност со активните политики на пазарот на трудот

| | Да | Не | Не знам | Одбил да одговори |
|---|---|---|---|---|
| Тризла 2 Дебој | 2% | 10% | 2% | 0% |
| Тризла 2 Ново Село | 3% | 12% | 2% | 3% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Тризла 2 Умренско Маало | 2% | 7% | 2% | 0% |
| Тризла Дабничка | 2% | 17% | 5% | 2% |
| Тризла Дебарца | 0% | 5% | 0% | 0% |
| Тризла Мексико | 3% | 10% | 2% | 2% |
| Тризла Три Багреми | 0% | 10% | 0% | 0% |
| Вкупно | **12%** | **71%** | **13%** | **5%** |

## ОБРАЗОВАНИЕ

Еден од приоритетите во општина Прилеп според учесниците на фокус групите е образованието. Тие истакнаа дека постои тренд на родители кои не се од ромска припадност да ги запишуваат своите деца во училиштата со помалку или ниеден Ром во одделението. Покрај тоа, домаќинствата во населбата Ново Село зборуваат само ромски јазик.

**Табела 62: Семејства со деца на училишна возраст**

| | Семејства со деца на предучилишна возраст | Семејства без деца на предучилишна возраст |
|---|---|---|
| Тризла 2 Дебој | 4 | 4 |
| Тризла 2 Ново Село | 4 | 5 |
| Тризла 2 Умренско Маало | 2 | 4 |
| Тризла Дабничка | 4 | 4 |
| Тризла Дебарца | 4 | 4 |
| Тризла Мексико | 4 | 6 |
| Тризла Три Багреми | 3 | 3 |
| Вкупно | **25** | **30** |

Во општина Прилеп има вкупно 55 ромски деца, од кои 25 деца се на претшколска возраст (45%). Како што може да се види во табелата подолу, околу 4% од децата кои се на претшколска возраст се веќе упишани, додека 96% од нив не се упишани во градинка. Најголем процент на деца кои не се упишани во градинка е евидентиран во Дебој, Дабничка, Мексико, Дебарца, Три Багреми.

**Табела 63: Деца упишани во градинка**

| | Да, но не сите | Не |
|---|---|---|
| Тризла 2 Дебој | 0% | 16% |
| Тризла 2 Ново Село | 4% | 12% |
| Тризла 2 Умренско Маало | 0% | 8% |
| Тризла Дабничка | 0% | 16% |
| Тризла Дебарца | 0% | 16% |
| Тризла Мексико | 0% | 16% |
| Тризла Три Багреми | 0% | 12% |
| Вкупно | **4%** | **96%** |

Главна причина е недостатокот на средства за покривање на трошоците - околу 30% од родителите чии деца не се упишани во градинка сметаат дека ова е главната пречка. Околу 20% сметаат дека детската градинка е далеку од нивното живеалиште. Податоците од домаќинствата од Прилеп покажуваат дека 8,3% од домаќинствата се изјасниле дека се плашат да ги пуштат своите деца во градинка, бидејќи сè уште се мали, 5% од домаќинствата изјавиле дека нема доволно места во детските градинки и дека треба да чекаат долго време за да ги запишат децата во градинка, 6,6% немале средства да платат за нивниот престој во градинка, додека останатите 8% одбиле да одговорат/одговориле *не знам*.

Исто така, во рамките на образовниот сектор, 48,3% од домаќинствата имаат деца на возраст од 6 до 18 години кои посетуваат училиште. Како што може да се забележи околу 77% од децата на училишна возраст се упишани во основно и средно образование, додека 23% не се упишани. Највисок процент на деца кои не посетуваат училиште е забележан во Ново Село, Мексико и Три Багреми.

**Табела 64: Упис на деца во основно и средно образование**

| | Број на деца на школска возраст | Да | | Не | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Број на деца | % | Број на деца | % |
| Тризла Три Багреми | 13 | 10 | 77% | 3 | 23% |
| Тризла 2 Дебој | 10 | 10 | 100% | 0 | 0% |
| Тризла 2 Ново Село | 6 | 5 | 80% | 1 | 20% |
| Тризла Дабничка | 3 | 3 | 100% | 0 | 0% |
| Тризла Дебарца | 2 | 2 | 100% | 0 | 0% |
| Тризла 2 Умренско Маало | 3 | 3 | 100% | 0 | 0% |
| Тризла Мексико | 15 | 7 | 47% | 8 | 53% |
| **Вкупно** | **52** | **40** | | **12** | |
| **Стапка на упис во училиште/Општина** | | | **77%** | | **23%** |

*Забелешка: Стапката на упис во училиште беше пресметана со делење на бројот на деца на училишна возраст запишани во основно или средно образование со вкупниот број деца на училишна возраст (кои ги исполнуваат условите за упис), а потоа, количникот се множи со 100 за да се добие процентуален износ.*

**Слика 38: Дискриминација во основно и средно образование**




На прашањето дали детето се пожалило дека е дискриминирано однаставник/професор, службеник во училиште или ученик од основно и средно образование, 5% изјавиле дека нивното дете било дискриминирано од страна на наставник, 4% од соученик, но 40% немале такво искуство, додека 51% одбиле да одговорат.

Исто така, во рамките на образовниот сектор, сите домаќинства одговориле дека нивните деца не посетувале настава на ромски јазик во претходната учебна година. Во врска со прашањето за студентски стипендии, има само еден студент кој добива стипендија од Фондацијата за образование на Ромите.

## ЗДРАВСТВО

Во областа на здравството, податоците откриваат како домаќинствата ја процениле здравствената состојба на скала од 1 до 5 - 1 е лоша а 5 е одлична. Според податоците, ниту едно домаќинство не ја цени здравствената состојба како лоша; 20% се изјасниле дека имаат умерено лоша здравствена состојба (2), додека 23% го оцениле своето здравје како добро и многу добро, а највисок процент 33% сметаат дека нивната здравствена состојба е одлична. Во рамки на населбите, 5% во Ново Село се изјасниле дека имаат умерено лоша здравствена состојба, додека 2-3% во другата населба го оцениле своето здравје како умерено лошо.

**Табела 65: Субјективна здравствена состојба (1 – лоша; 5 одлична)**

| | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| Тризла 2 Дебој | 2% | 2% | 6% | 3% |
| Тризла 2 Ново Село | 5% | 0% | 3% | 12% |
| Тризла 2 Умренско Маало | 2% | 3% | 5% | 0% |
| Тризла Дабничка | 3% | 8% | 2% | 2% |
| Тризла Дебарца | 3% | 2% | 2% | 7% |
| Тризла Мексико | 2% | 7% | 3% | 6% |
| Тризла Три Багреми | 3% | 2% | 2% | 3% |
| Вкупно | **20%** | **24%** | **23%** | **33%** |

На оние 20% кои сметаат дека нивната здравствена состојба е умерено лоша, им беа поставени дополнителни прашања со цел да се утврди проблемот поврзан со нивниот здравствен статус. Повеќето од испитаниците (60%) изјавиле дека не знаат зошто нивното здравје е (умерено) лошо. Како што е прикажано во табелата подолу, 2% сметаат дека нивната здравствена состојба е лоша, бидејќи имаат нездрави услови за живеење, при што испитаниците во Три Багреми бележат највисок процент. Меѓу другите причини, финансиските средства за лекување исто така имаат удел во лошото здравје, при што ваков одговор најчесто е забележан во Дабничка и Дебарца.

**Табела 66: Причини за лоша здравствена состојба**

| | Не знам | Друго | Немаме средства за покривање на медицински третман | Нездрави животни услови | Сериозна повреда-попреченост | Влошена здравствена состојба |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Тризла 2 Дебој | 8% | 2% | 0% | 0% | 0% | 3% |
| Тризла 2 Ново Село | 13% | 2% | 0% | 0% | 2% | 3% |
| Тризла 2 Умренско Маало | 3% | 3% | 0% | 0% | 0% | 3% |
| Тризла Дабничка | 8% | 0% | 2% | 0% | 2% | 3% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Тризла Дебарца | 8% | 0% | 2% | 0% | 0% | 3% |
| Тризла Мексико | 13% | 0% | 0% | 0% | 0% | 5% |
| Тризла Три Багреми | 7% | 0% | 0% | 2% | 0% | 3% |
| Вкупно | 60% | 7% | 4% | 2% | 4% | 23% |

Последното прашање во врска со здравствената состојба е оддалеченоста на ромските населби од болницата, кое се смета за важен показател за пристап до здравствените услуги. Како што може да се види од табелата подолу, околу 62% од испитаниците се на оддалеченост од повеќе од 2 километри од болницата, додека 35% се на околу 1km од болницата.

**Табела 67:** ***Оддалеченост од болница/здравствена станица***

| | 600m - 1km | 1km - 2km | 2km - 5km | Повеќе од 5km | Не знам |
|---|---|---|---|---|---|
| Тризла 2 Дебој | 0% | 7% | 7% | 0% | 0% |
| Тризла 2 Ново Село | 0% | 8% | 12% | 0% | 0% |
| Тризла 2 Умренско Маало | 0% | 2% | 8% | 0% | 0% |
| Тризла Дабничка | 2% | 10% | 3% | 0% | 0% |
| Тризла Дебарца | 0% | 3% | 3% | 5% | 2% |
| Тризла Мексико | 0% | 5% | 13% | 0% | 0% |
| Тризла Три Багреми | 0% | 0% | 3% | 7% | 0% |
| Вкупно | 2% | 35% | 49% | 12% | 2% |

Последното прашање од делот за здравството се однесуваше на тоа колку домаќинствата одвојуваат месечно од својот буџет за потребите на здравствената заштита за членовите на семејството. Во однос на ова прашање, 3% одговориле дека трошат 0 или помалку од 100 денари, 38% се изјасниле дека трошат од 100 денари до 1.000 денари, 35% пријавиле дека трошат од 1,001 денари до 3.000 денари, 10% од домаќинствата издвојуваат меѓу 3,001 денари и 6,000 денари, а 3,3% трошат повеќе од 6.000 денари, додека 10% одговориле дека не знаат.

**Табела 68:** ***Трошоци за лекови/месечно во МКД***

| | Помалку од 100 МКД | 100 - 1000 МКД | 1001 - 3000 МКД | 3001 - 6000 МКД | Повеќе од 6000 МКД | Не знам |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Тризла 2 Дебој | 2% | 3% | 7% | 0% | 2% | 0% |
| Тризла 2 Ново Село | 0% | 8% | 5% | 0% | 2% | 5% |
| Тризла 2 Умренско Маало | 0% | 2% | 7% | 2% | 0% | 0% |
| Тризла Дабничка | 0% | 3% | 8% | 2% | 0% | 2% |
| Тризла Дебарца | 0% | 7% | 3% | 2% | 0% | 2% |
| Тризла Мексико | 0% | 8% | 2% | 5% | 0% | 1% |
| Тризла Три Багреми | 2% | 5% | 3% | 0% | 0% | 0% |
| Вкупно | **4%** | **36%** | **35%** | **11%** | **4%** | **10%** |

Во рамки на општините, 5% од домаќинствата од населбата Мексико трошат повеќе од 3.000 денари за набавка на лекови, додека 2% од домаќинствата од Дебој и Ново Село издвојуваат повеќе од 6.000 денари за лекови.

## Општина Куманово

### ОПШТИ ПОДАТОЦИ

**Слика 39: Општина Куманово**




Сместено во североисточниот дел на Република Македонија, Куманово се наоѓа на крстосницата на двата најважни коридори во земјата (Коридор 8 - Коридор 10). Според бројот на жители, Куманово е најголемата општина во Македонија, со површина од 509,48km$^{2}$.

На југ се граничи со Република Србија и Република Косово, на запад со општина Чучер Сандево и со општините Бутел и Гази Баба во Скопје, додека општина Арачиново е на југозападната граница.

**Слика 40:Ромски населби во Куманово**




Ромската популација е распределена во 5 населБИ. Најголемата ромска населба во Куманово е Средорек, која се наоѓа во центарот на градот.

Исто така има и помали ромски населби: Бараки, Бавчи, Живкова Карпа (Стари Лозја), Пармакови Ниви. Некои Роми живеат и надвор од овие ромски населби во центарот на градот. Во однос на институционалните капацитети, има 1 градинка, 16 основни училиште - и 5 средни училишта, а има и еден приватен универзитет. Во однос на другите институции кои обезбедуваат јавни добра и услуги, постојат децентрализирани канцеларии на соодветните министерства, агенции и други институции. Што се однесува до учеството на Ромите во процесот на одлучување на локално ниво, 4 Роми учествуваат во комитетите на советите, а 2 Роми се членови на одбори во јавните установи и градинките.

**Табела 69: Учество на Ромите во процесот на одлучување на локално ниво**

| | |
|---|---|
| **Комисии на советот** | **4** |
| **Одбор на директори во основни училишта** | 0 |
| **Одбор на директори во средни училишта** | 0 |
| **Одбор на директори во јавна установа** | 1 |
| **Одбор на директори во градинка** | 1 |

## ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

**Ромско население и населби**

Според последните официјални податоци од пописот од 2002 година, општина Куманово зафаќа површина од 510 $km^2$ и со своите 105.484 жители е најголема општина во однос на населението. Според последниот попис од 2002 година, Ромите сочинуваат 4% од вкупното население на општината. **Неофицијални податоци од страна на невладините организации посочуваат на бројка од околу 5000 - 8000 Роми**. Ромите во Куманово живеат во урбаниот дел на општината.

**Табела 70: Населението во Куманово врз основа на етничка припадност**

| *Куманово* | | |
|---|---|---|
| Македонци | 63,746 | 60% |
| Албанци | 27,290 | 26% |
| Турци | 292 | 0% |
| **Роми** | **4,256** | 4% |
| Власи | 147 | 0% |
| Срби | 9,062 | 9% |
| Бошњаци | 20 | 0% |
| Други | 671 | 1% |
| ***Вкупно население*** | 105,484 | 100% |

*извор: Попис, 2002*

Врз основа на проценката од Државниот завод за статистика, во Куманово има мало зголемување на населението во споредба со претходниот попис и врз основа на тоа - пропорционално се проценува и ромското население. Меѓутоа, според фокус групата и извештаите на невладините организации, ромското население е проценето на 6.000 до 8.000 Роми.

**Табела 71: Проценето население**

| | *Жители* |
|---|---|
| Проценето население (2015) – Државен завод за статистика | 108,942 |
| Проценето население како процент од вкупното население 4% **(2015)** | 4,357 |

Табела 72 содржи краток преглед на проценката од фокус групите. Се проценува дека најголем дел од Ромите во Куманово живеат во Средорек каде има околу 2,800 до 4,500 жители. Според фокус групите, постојат и неколку нови населби, како што се Пармакови ниви и Живкова карпа, каде што ромското население почнало да се населува.

**Табела 72: Проценето население според фокус групите**

| Населба | Домаќинство | Проценето население |
|---|---|---|
| Бедиње | 20-30 | 80-100 |
| Циганско сокаче | 15-18 | 30-60` |
| Бавчи | 150 | 1,000 |
| Бараки | 150-200 | 700-900 |
| Пармакови ниви | 50-70 | 150-200 |
| Средорек | 660 – 1,100 | 2,800 – 4,500 |
| Стари Лозја – Живкова карпа | 70-150 | 600 – 800 |
| Вкупно | 1,115 – 1,568 | 5,360 – 7,580 |

Запрашани дали бројот на ромски домаќинства се зголемил или се намалил во последните 3 години, учесниците во фокус групата го посочија следното:

- Бројот на ромски домаќинства е значително намален, особено во населбите Бараки и Бавчи, поради миграција во странство.
- Населението во Средорек е опаднато во изминатите 3 години, бидејќи луѓето заминуваат во странство за сезонска работа, а некои од нив аплицираат за дозволи за постојан престој таму. По неколку години во странство градат куќи во населбата. Во најновата ромска населба, Живкова Карпа, бројот на куќи е зголемен, но дел од жителите се во странство. Може да се заклучи дека бројот на домаќинства е намален. Испитаниците од фокус групата забележаа дека има внатрешна миграција во други населби од населбите Бараки и Бавчи поради економски причини. Постои и тренд на сезонски миграции, при што Ромите работат неколку месеци секоја година во други македонски градови.
- Многу Роми мигрираат во странство - младите стапуваат во брак во странство, некои работат 3 месеци и потоа се враќаат. Голем број заминуваат за азил, а голем број млади Роми се женат/мажат во странство. Ромите се враќаат во Македонија на одмор и инвестираат во недвижности или ги проширувааат своите постоечки домови.

### Слика 41: Пирамида на населението во Куманово




На слика 41 е прикажана дистрибуцијата на ромската популација во Куманово врз основа на возраста. Ромската популација во Куманово е релативно млада, најзастапени се лицата на возраст од 19 до 64 години а најмал процент е забележан во возрасната категорија над 64 години.

Табела 73 ја покажува состојбата во однос на бројот на баратели на азил по населба и по домаќинство, вклучувајќи најмалку едно лице кое побарало азил во некои од земјите на ЕУ. Најголем број од барателите на азил се од Средорек (25%), Бараки (8%), Бавчи (7%) и Стари Лозја (3%).

### Табела 73: Баратели на азил по населба

| | Да | Не | Одбил да одговори |
|---|---|---|---|
| Бараки | 8% | 3% | 2% |
| Бавчи | 7% | 15% | 0% |
| Бедиње | 0% | 5% | 0% |
| Средорек | 25% | 17% | 7% |
| Стари Лозја | 3% | 7% | 0% |
| **Вкупно** | **44%** | **47%** | **8%** |

## ДОМУВАЊЕ

**Состојбата со домувањето кај Ромите во Куманово се карактеризира со лоша инфраструктура во поглед на квалитетот на патиштата, канализацијата, пристапот до вода и електрична енергија и високата стапка на нелегализирани домаќинства.**

### Слика 42: Просечен број на жители по домаќинство според населби




Ошто земено, просечниот број на членови по домаќинство во Куманово изнесува 3,9 жители, со најголема застапеност на член по домаќинство во населбите Бавчи и Бараки. Најмал број членови по домаќинство, во рамките на општината, е регистриран во Бедиње (3,3) и Стари Лозја (3,7).

Во однос на големината на живеалиштето, околу 36% од живеалиштата спаѓаат во категоријата помали од 50 $m^2$. Врз основа на зоните, најранливите населби спаѓаат во категоријата 0 до 30 $m^2$ (зоната каде што се наоѓаат најмалите живеалишта) а регистрирани се во Бараки (7%); Бавчи со 10% од живеалиштата и Средорек со 2% од живеалиштата. Зоните со најголеми живеалишта се наоѓаат во населбата Стари Лозја, каде што 8% од населението живее во живеалишта поголеми од 71 $m^2$, и Средорек каде 10% живеат во живеалишта поголеми од 71 $m^2$.

### Табела 74: Големина на живеалиштата

| | 10 - 16 $m^2$ | 17- 30 $m^2$ | 31 - 50 $m^2$ | 51 - 70 $m^2$ | 71 - 90 $m^2$ | повеќе од 90 $m^2$ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бараки | 5% | 2% | 5% | 2% | 0% | 0% | 14% |
| Бавчи | 2% | 8% | 5% | 3% | 4% | 0% | 22% |
| Бедиње | 0% | 0% | 0% | 2% | 3% | 0% | 5% |
| Средорек | 2% | 0% | 5% | 32% | 3% | 7% | 49% |
| Стари Лозја | 0% | 2% | 0% | 0% | 5% | 3% | 10% |
| Вкупно | **9%** | **12%** | **15%** | **39%** | **15%** | **10%** | **100%** |

### Слика 43: Сопственичка структура




Релативно висок процент на Роми ги поседуваат своите живеалишта - речиси 98% од Ромите поседуваат своја куќа. Околу 2% од Ромите не ги поседуваат живеалиштата.

**Табела 75:Легализација на живеалиштата**

| | Да | Не | Во процес на легализација | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Бараки | 0% | 12% | 2% | 14% |
| Бавчи | 0% | 17% | 5% | 22% |
| Бедиње | 5% | 0% | 0% | 5% |
| Средорек | 2% | 22% | 25% | 49% |
| Стари Лозја | 5% | 2% | 3% | 10% |
| Вкупно | **12%** | **53%** | **35%** | **100%** |

И покрај податокот дека Ромите поседуваат 98% од живеалиштата, од горната табела може да се забележи дека не сите поседуваат документација за правна сопственост. Само 12% од Ромите изјавиле дека куќите им се легализирани, додека 35% од живеалиштата се во процес на легализација. Околу 53% од живеалиштата не се легализирани. Според населби, во Средорек, Бавчи и Бараки регистриран е највисок процент на нелегализирани куќи, додека во Стари Лозја и Бедиње куќите се легализирани.

- ⇨ Населбата Бараки може да биде урбанизирана/легализирана според техничките стандарди и дел од населбата (неколку куќи) се легализирани, некои поднеле барање за легализација и чекаат одговор.
- ⇨ Населбата Бавчи може да се легализира и да влезе во ДУП и ГУП. Неколку лица веќе ги легализираат своите куќи, а повеќето од барањата се поднесени и чекаат одговор.
- ⇨ Средорек е планиран како зелена површина и затоа не може да се легализира. Беа направени неколку обиди за легализација на областа, но без успех. Ако сопственикот на куќа во Средорек сака да го легализира делот каде легализацијата е возможна, мора да потпише изјава дека во случај на природни непогоди општината не сноси одговорност. Досега, ниту еден Ром не прифатил да потпише таква изјава.
- ⇨ Во Стари Лозја над 20 куќи се легализирани, а за останатите процесот е во тек, 60% се диво градби. Голем дел од нив поднеле барање за легализација. Повеќето имаат поднесено барање за легализација, но постојат домаќинства кои не сакаат да се легализираат, или чии сопственици починале.

Во однос на квалитетот на куќите, на испитаниците им беа поставени неколку прашања во врска со проблемите со кои се соочуваат. Од табела 76 произлегува дека за ромските домаќинства, најголем проблем е влагата. Околу 68% од Ромите изјавиле дека нивната куќа има влага при што највисок процент е регистриран во Средорек (42%), Бавчи (14%) и Бараки (8%), додека само 2% од Ромите од Стари Лозја ја пријавиле влагата како проблем. Меѓу другите проблеми, 3% од Средорек се изјасниле дека немаат доволно осветлување; додека 5% пријавиле дека немаат пристап до асфалтен пат.

**Табела 76: Главни инфраструктурни проблеми и проблеми со домувањето кај Ромите/домаќинствата**

| | Куќата има влага | Куќата нема доволно осветлување | Куќата нема пристапен асфалтен пат |
|---|---|---|---|
| Бараки | 8% | 0% | 0% |
| Бавчи | 14% | 0% | 2% |
| Бедиње | 2% | 0% | 0% |
| Средорек | 42% | 3% | 0% |
| Стари Лозја | 2% | 0% | 3% |
| Вкупно | 68% | 3% | 5% |

Во поглед на пристап до асфалтен пат, учесниците во фокус групата го истакнаа следното:

- Населбата Бараки има асфалт што се распаѓа поради слаб квалитет. Патот од центарот на градот до населбата е асфалтиран.
- Населбата Бавчи нема асфалтирани улици. Населбата е близу до булеварот Октомвриска револуција и кога ќе се свртиме кон ромската населба, нема асфалт.
- Населба Средорек, поширокиот пат е асфалтиран, а тесните улици не се, населбата е 5 минути од центарот на градот до самата автобуска станица.
- Во Стари Лозја патот е асфалтиран само на главната улица, додека останатите улици не се.

**Слика 44: Тип на под во живеалиштата**




Во однос на видот на под, од 14% од Ромите во Куманово 12% изјавиле дека немаат соодветен под. Највисокиот процент е регистриран во населбите Бавчи и Бараки. Што се однесува до типот на покрив, 98% изјавиле дека имаат покрив од плочки, додека 2% имаат метални покриви.

**Слика 45: Тип на прозорци во живеалиштата**




Што се однесува до типот на прозорци во живеалиштата, 20% од Ромите се изјасниле дека имаат прозорци од дрвен профил. Според населби, највисок процент е забележан во Средорек - 12%, по што следат Бавчи и Бараки со по 3%. Околу 5% изјавиле дека имаат прозорци од алуминиумски профил, при што највисок процент е забележан во Средорек и Бавчи.

### Табела 77: Пристап до комунална инфраструктура

| | Electricity | | Drinking water inside the house | | Drinking water outside the house | | Toilet with bathroom | | Toilet inside the house | | Kitchen inside the house | | Kitchen outside the house | | Sewage system | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Settlement | Yes | No | Yes | No | Yes | No | Yes | No | Yes | No | Yes | No | Yes | No | Yes | No |
| Baraki | 100% | 0% | 100% | 0% | 88% | 13% | 100% | 0% | 75% | 25% | 75% | 25% | 13% | 88% | 100% | 0% |
| Bavci | 100% | 0% | 100% | 0% | 92% | 8% | 85% | 15% | 100% | 0% | 92% | 8% | 8% | 92% | 100% | 0% |
| Bedinje | 100% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 67% | 33% | 100% | 0% |
| Sredorek | 100% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 4% | 97% | 97% | 4% |
| Stari lozja | 83% | 17% | 100% | 0% | 83% | 17% | 100% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 67% | 33% |
| **Average** | 97% | 3% | 100% | 0% | 92% | 8% | 97% | 3% | 95% | 5% | 93% | 7% | 18% | 82% | 93% | 7% |

*Забелешка: N/A – Нема достапна информација (% на лица кои не одговориле на прашањето)*

Табела 77 го прикажува пристапот на домаќинството до комуналната инфраструктура. Како што може да се забележи, 3% од живеалиштата изјавиле дека немаат пристап до електрична енергија, со најголема инциденца регистрирана во Стари Лозја (17%). Околу 8% од домаќинствата пријавиле дека немаат пристап до вода за пиење надвор од куќата, со највисок процент во Стари Лозја (17%). Што се однесува до пристапот до тоалет со бања, 3% од домаќинствата се изјасниле дека немаат пристап. Околу 5% од домаќинствата немаат пристап до тоалет во куќата. Околу 7% немаат пристап до кујна во куќите, поточно 25% од куќите во Бараки и 8% во Бавчи. Во однос на пристапот до кујна надвор од куќата, 82% се изјасниле дека немаат пристап. Во однос на канализациониот систем, 7% од Ромите во Куманово изјавиле дека немаат пристап.

Дополнително, учесниците во фокус групата ги посочија следните согледувања во врска со пристапот до електрична енергија и канализациониот систем:

***Пристап до канализациониот систем***

- *Населбата Бараки е поврзана со водоводната мрежа и дел од куќите се поврзани со канализационата мрежа, но има дел кој сè уште нема канализација.*
- *Во населбата Бавчи отпадните води на сите куќи се излеваат директно во реката. Голем дел е поврзан со водоводната мрежа, но некои уште користат пумпи за вода.*
- *Средорек, многу домаќинства се поврзани со водоводната и канализациона мрежа, постојат неколку куќи кои користат пумпи за вода, канализациониот систем е директно поврзан со реката.*
- *Во Стари Лозја, куќите се поврзани со водоводната мрежа, многу од нив се поврзани незаконски без согласност на Водовод-водоводната компанија. Тие немаат пристап до канализациониот систем, и сите копаат јами за отпадните води.*

***Пристап до електрична енергија***

- *Бараки и Бавчи, во двете населени места сите домаќинства се поврзани со електричната мрежа, но често се исклучени поради неплатени долгови. Луѓето се жалат на нискиот напон.*
- *Во Средорек сите куќи се поврзани со електричната мрежа.*
- *Во Стари Лозја сите куќи се поврзани со електричната мрежа.*

Табела 78 го претставува процентот на куќи кои немаат пристап до апарати за домаќинство кои се сметаат за неопходни во едно домаќинство. Податоците укажуваат на умерено низок процент на население кое нема пристап до интернет (15%) и компјутер (34%), но околу 45% од

населението поседува мобилен телефон. Во однос на основните апарати, околу 10% од ромските домаќинства немаат машини за перење. Околу 6% од домаќинствата немаат фрижидер. Околу 7% од населението изјавило дека нема кревет за секој член на семејството. Највисок процент е регистриран во населбите Бавчи и Стари Лозја.

**Табела 78: Пристап до апарати за домаќинство**

| | Бараки | Бавчи | Бедиње | Средорек | Стари Лозја | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Сателитска / кабелска телевизија | 10% | 10% | 2% | 0% | 3% | 25% |
| Интернет | 2% | 8% | 2% | 0% | 3% | 15% |
| Компјутер / лаптоп | 7% | 19% | 2% | 3% | 3% | 34% |
| Телефон | 12% | 20% | 2% | 3% | 8% | 45% |
| Мобилен телефон | 0% | 8% | 3% | 0% | 0% | 11% |
| Машина за перење | 0% | 5% | 0% | 3% | 2% | 10% |
| Машина за сушење | 10% | 22% | 3% | 39% | 8% | 82% |
| Пегла | 0% | 5% | 0% | 0% | 2% | 7% |
| Фрижидер | 0% | 2% | 0% | 2% | 2% | 6% |
| Правосмукалка | 3% | 7% | 2% | 0% | 3% | 15% |
| Електричен шпорет | 0% | 3% | 0% | 2% | 2% | 7% |
| Трпезариска маса | 2% | 8% | 0% | 0% | 0% | 10% |
| Кревет за секој член на семејството | 0% | 5% | 0% | 0% | 2% | 7% |
| Автомобил | 14% | 22% | 2% | 36% | 7% | 81% |

Табела 79 ја илустрира ранливоста на куќите во смисла на природни непогоди - како што се поплави, лизгање на земјиштето. Од табелата произлегува дека 61% од живеалиштата имале поплава, при што куќите во Средорек и Бавчи се најпогодени. Околу 3% од куќите се изјасниле дека имаат свлечишта, со највисок процент регистриран во населбата Бавчи.

**Табела 79: Дали во вашето живеалиште постојат некои од овие проблеми**

| | Не | Одбил да одговори | Поплави | Свлечишта |
|---|---|---|---|---|
| Бараки | 10% | 0% | 3% | 0% |
| Бавчи | 2% | 0% | 17% | 3% |
| Бедиње | 5% | 0% | 0% | 0% |
| Средорек | 2% | 7% | 41% | 0% |
| Стари Лозја | 10% | 0% | 0% | 0% |
| **Вкупно** | **29%** | **7%** | **61%** | **3%** |

Што се однесува до инфраструктурата, учесниците во фокус групата ги истакнаа следниве аспекти:

- **Улиците во населбата Бараки имаат несоодветна асфалтна покриеност, а само еден дел е поврзан со канализационата мрежа**. Не постои улично осветлување, населбата е до железничката пруга која во моментов е во изградба. Постојат куќи на само неколку метри од пругата - властите ветиле дека ќе ги преселат; сепак, сè уште не го исполниле ова ветување.
- **Населбата Бавчи** се наоѓа веднаш до реката, но поплавите веќе не се проблем, бидејќи реката е регулирана. Од друга страна, улиците во оваа населба не се асфалтирани, што е проблем за време на периоди на зголемени врнежи кога улиците се калливи, што ја компромитира мобилноста на жителите. Не постои канализационен систем, цевките се директно поврзани со реката. Дел од локалното население има пристап до вода за пиење од водоводната мрежа, додека дел од жителите сè уште користат пумпи за вода. Целосно е отсутно уличното осветлување. Населбата има електрична енергија; сепак, неколку домаќинства се исклучени поради неплатени сметки. Постојат неколку импровизирани мостови кои жителите ги користат за да ја преминат реката, меѓутоа овие мостови се крајно небезбедни.
- Средорек е населба со уникатна конфигурација бидејќи е изградена помеѓу две реки. Во деталниот и генералниот урбанистички план на општина Куманово оваа населба е наведена како зелен појас меѓу реките и затоа не е урбанизирана. Постои одредена инфраструктура. Улиците во населбата се многу тесни и недостапни за амбулантни возила и противпожарни возила во случај на вонредна состојба. Домаќинствата се приклучени на водоводната мрежа; сепак, нивните отпадни води се излеваат директно во реката. Не постои улично осветлување. Сите домаќинства имаат пристап до електрична енергија; сепак, значителен број на домаќинства воопшто не плаќаат сметки за електрична енергија.
- Населбата Живкова Карпа е неодамна изградена населба која нема асфалтирани улици, нема канализација или улично осветлување, а домаќинствата располагаат со септички јами.

## ВРАБОТЕНОСТ

Работоспособното население во Куманово се пресметува како удел на населението на возраст од 15-64 години во вкупното население од 53%. Стапката на вработеност кај Ромите, пресметана од примерокот на работоспособно население во секоја општина изнесува 32% пресметана како процент на вработени лица од работоспособното население. Највисока стапка на вработеност е забележана во населбите Бедиње и Стари Лозја. Најниската стапка на вработеност е регистрирана во Средорек.

**Табела 80: Стапка на вработеност во Куманово**

| **Куманово** | Работоспособно население (Роми) | Стапка на вработеност | | Стапка на вработеност- мажи | | Стапка на вработеност- жени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | % | Број на вработени Роми | % | Број на вработени Роми | % | Број на вработени Роми |
| Бараки | 21 | 33% | 7 | 24 % | 5 | 10 % | 2 |
| Бавчи | 38 | 32% | 12 | 32 % | 12 | 0% | 0 |
| Бедиње | 7 | 43% | 3 | 14 % | 1 | 29 % | 2 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Средорек | 73 | 29% | 21 | 25 % | 18 | 4% | 3 |
| Стари Лозја | 17 | 41% | 7 | 35 % | 6 | 6% | 1 |
| Вкупно | **156** | | **50** | | **42** | | **8** |
| **Стапка на вработеност / Општина** | | **32%** | | **27 %** | | **5%** | |

*Забелешка: Стапката на вработеност се пресметува како соодност на вработените Роми наспроти работоспособното Ромско население*

Според полот, постои значителна разлика помеѓу вработеноста на жените и мажите. Во просек, околу 27% од мажите се вработени, додека кај жените таа бријка изнесува 5%. Слична е состојбата и во поглед на вкупното ниво на вработеност во населбите.

### Табела 81: Стапка на неформална вработеност во Куманово

| | Неформална вработеност | Неформална вработеност-мажи | Неформална вработеност-жени |
|---|---|---|---|
| Бараки | 38% | 38% | 0% |
| Бавчи | 41% | 41% | 0% |
| Средорек | 69% | 30% | 39% |
| Стари Лозја | 70% | 60% | 10% |
| Просек | **54%** | **42%** | **12%** |

Иако стапката на вработеност е многу ниска, стапката на неформална вработеност е многу висока – околу 55% Роми во просек работат неформално. Стапката на неформална вработеност е поголема кај мажите - 42%, додека само 12% од жените се неформално вработени. Највисока

- ⇨ Според испитаниците на фокус групата, 18 лица во населбите Бараки и Бавчи работат како државни службеници, 50 се вработени во приватниот сектор, а голем број лица работат како собирачи на секундарни суровини, хартија и железо. Поголем дел од лицата од двете населени места се регистрирани како активни баратели на работа, бидејќи се корисници на социјална помош. Помал број на лица не се регистрирани во Агенцијата за вработување. Значителен дел од пасивните баратели на работа или поединци кои воопшто не се пријавуууваат во Агенцијата за вработување се жени, бидејќи предуслов за добивање на социјална помош е дека само главата на домаќинството е активен барател на работа. Над 90% од жителите на двете населени места се невработени и примаат социјална помош.
- ⇨ Мал број жители во населбата Средорек се формално вработени во Јавното претпријатие за водоснабдување и комунална хигиена. Повеќето жители во населбата работат во сивиот сектор. Има само мал број активни баратели на работа, поради условот за месечно пријавување во Агенцијата за вработување. Поради тоа, поголемиот дел од работоспособното население е регистрирано како пасивен барател на работа. Значителен е бројот на невработеното население и има само 2 Роми кои ги користат активните мерки за помош при вработување на Агенцијата за вработување.
- ⇨ Поголем дел од жителите во населбата Живкова Карпа се невработени корисници на социјална помош и како такви се регистрирани како активни баратели на работа. Голем број жители воопшто не се пријавуваат во Агенцијата за вработување и мал број на жени и воопшто не се пријавуваат. Околу 10 поединци започнале сопствен бизнис.
- ⇨ Неколку работоспособни лица во населбите Бараки и Бавчи се собирачи од пластика и железо. Тие работат како рачни работници и сезонски собирачи на овошје. Неколку лица работат во јавните претпријатија за собирање на отпад и водоснабдување. Помладите жители на населбите работат како дрвосечачи. Примарно занимање на населените места е мануелен работник, собирач на секундарни суровини, нелегален такси возач итн.

стапка е регистрирана во Стари Лозја и Средорек, и изнесува 70%. Најниска стапка на неформална вработеност е забележана во Бараки (28%) и Бавчи (33%).




**Слика 46: Сезонска работа**

На слика 46 е прикажан процентот на Роми вклучени во сезонска работа. Податоците покажуваат дека 15% од Ромите се занимаваат со сезонска работа, со најголем процент забележан во Средорек (42%) и населбата Бавчи (19%). Најниско учество во сезонската работа имаат Бедиње (10%) и Стари Лозја (7%)

**Слика 47: Социјална помош**




Може да се забележи дека во просек 61% од ромските домаќинства добиваат социјална помош. Најголем процент е реистриран во Стари Лозја (83%), Бараки (75%), Бавчи (62%) и Средорек (52%), каде над 50% од домаќинствата се приматели на социјална помош. Населението во Бедиње има најнизок процент на корисници на социјална помош (33%).

Финансиската сигурност на ромските семејства е исто така важно прашање кое во голема мера влијае врз нивниот квалитет на живот и одлуката да останат во земјата или да се преселат во странство. Во табелата подолу се прикажани месечните приходи на домаќинствата во Куманово, пресметани како процент од домаќинствата кои избрале одреден опсег на месечни примања во однос на вкупниот број на домаќинства вклучени во истражувањето. Од табелата произлегува дека околу 78% остваруваат приходи под 12.000 денари месечно, а само 20% изјавиле дека нивниот приход се движи помеѓу 12.000 - 24.000 денари.

**Табела 82: Месечен приход кај Ромите во Куманово / МКД**

| | 0 – 5000 | 5001 - 12000 | 12001 – 24000 | Одбил да одговори |
|---|---|---|---|---|
| Бараки | 7% | 5% | 2% | 0% |
| Бавчи | 15% | 5% | 2% | 0% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Бедиње | 2% | 3% | 0% | 0% |
| Средорек | 2% | 31% | 15% | 2% |
| Стари Лозја | 5% | 3% | 1% | 0% |
| Вкупно | **31%** | **47%** | **20%** | **2%** |

Стапката на невработеност во Куманово е релативно висока, во просек 58% од населението се води како невработено. Највисок процент е регистриран во Средорек, каде што околу 70% од Ромите се невработени, следуваат Бавчи и Бедиње со 48% и Бараки со 46%. Според полот, стапката на невработеност кај жените е повисока 10 пати, при што најголема разлика може да се забележи во Средорек, каде што бројот на невработени жени е речиси двојно поголем во споредба со мажите.

**Табела 83: Стапка на невработеност**

| Куманово | **Работна сила** | Стапка на невработеност | | Стапка на невработеност-мажи | | Стапка на невработеност-жени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | % | Број на невработени (Роми) | % | Број на невработени (Роми) | % | Број на невработени (Роми) |
| Бараки | 13 | 46% | 6 | 19 % | 2 | 27 % | 4 |
| Бавчи и Бедиње | 29 | 48% | 14 | 28 % | 8 | 20 % | 6 |
| Средорек | 70 | 70% | 49 | 27 % | 19 | 43 % | 30 |
| Стари Лозја | 10 | 30% | 3 | 12 % | 1 | 18 % | 2 |
| Вкупно | **125** | | **72** | | 30 | | 42 |
| **Стапка на невработеност/ Општина** | | **58%** | | **24 %** | | **34 %** | |

*Забелешка: Стапката на невработеност се пресметува како број на невработени Роми поделени со работната сила (Роми).*

Табела 84 ги сумира причините за невработеност според испитаниците во анкетата. Највисок процент на Роми (59%) изјавиле дека немаат можности за вработување (највисока инциденца е забележана во Средорек). За 14% од ромската популација главната причина за невработеноста е отсуството на образование и вештини за вработување; при што највисока инциденца е регистрирана кај Ромите од населбата Бавчи. Околу 20% од Ромите се изјасниле дека работните места се добиваат преку политичка партија па затоа е тешко да се најде работа без членство во некоја од политичките партии. Исто така, 31% изјавиле дека имаат некаква попреченост и затоа не можат да работат.

**Табела 84: Причини за невработеност**

| | Отсуство на можности за вработување | Отсуство на образование и вештини за вработување | Партиски вработувања | Работам повремено и тоа е доволно | Ќе ја изгубам социјалната помош ако работам | Попреченост за работа |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Бараки | 3% | 3% | 5% | 2% | 1.7% | 2% |
| Бавчи | 14% | 7% | 7% | 2% | 3.4% | 2% |
| Бедиње | 0% | 0% | 2% | 0% | 0.0% | 2% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Средорек | 34% | 0% | 5% | 0% | 1.7% | 22% |
| Стари Лозја | 8% | 3% | 2% | 0% | 0.0% | 3% |
| Вкупно | 59% | 14% | 20% | 3% | 6.8% | 31% |

Во табела 85 се прикажани активните и пасивните баратели на работа во општина Куманово. Има вкупно 408 активни баратели на работа од ромска припадност пријавени во Агенцијата, од кои 68% се мажи. Исто така, околу 168 Роми се регистрирани како пасивни баратели на работа, од кои 46% се мажи.

**Табела 85: Активни и пасивни баратели на работа во Куманово**

| Куманово | Активни баратели на работа | | | Пасивни баратели на работа | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| | 408 | 280 | 128 | 168 | 78 | 90 |

**Слика 48: Запознаеност со активните политики на пазарот на труд**




Слика 48 ја прикажува запознаеноста на Ромите со активните политики на пазарот на трудот. Во просек, околу 14% знаат за мерките но 86% од населението не е запознаено. Највисока стапка на информираност за АППТ е регистрирана во Средорек и изнесува 10%, а во Бедиње и Бараки бројката изнесува 2%. Генерално, постои многу ниска свест за АППТ кај ромската популација.

## ОБРАЗОВАНИЕ

Табела 86 ги прикажува семејствата со деца на училишна возраст. Во целиот примерок во Куманово има околу 59 деца, од кои 15 се на претшколска возраст.

**Табела 85: Семејства со деца на претшколска возраст**

| | Семејства со деца на претшколска возраст | Семејства без деца на претшколска возраст |
|---|---|---|
| Бараки | 4 | 4 |
| Бавчи | 4 | 9 |
| Бедиње | 0 | 3 |
| Средорек | 6 | 23 |
| Стари Лозја | 1 | 5 |
| **Вкупно** | **15** | **44** |

Околу 20% од децата кои се на претшколска возраст се упишани во градинка, додека 80% од нив не се упишани. Најголем процент на деца кои не се упишани е регистриран во населбите - Средорек (33%), Бавчи (27%) и Бараки (13%).

**Табела 87: Упис на деца во предучилшно образование**

| | Да, сите | Не |
|---|---|---|
| Бараки | 13% | 13% |
| Бавчи | 0% | 27% |
| Бедиње | 0% | 0% |
| Средорек | 7% | 33% |
| Стари Лозја | 0% | 7% |
| Вкупно | 20% | 80% |

Недостатокот на финансиски средства за покривање на трошоците се смета за главна пречка кај околу 7% од родителите чии деца не се упишани во градинка. Околу 5% како пречка го сметаат отсуството на предучилишна установа (нема градинка во близина на нивните домови), додека 6% од Ромите изјавиле дека можат подобро да се грижат за своите деца, бидејќи се премногу мали.

**Табела 86: Пречки за упис во предучилишно образование/градинка**

| | Друго | Можеме подобро да се грижиме за нив во споредба со градинка | Немаме средства за покривање на трошоците | Не знам | Се плашиме затоа што се мали | Во нашата населба нема градинка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Бараки | 0% | 2% | 0% | 2% | 0% | 2% |
| Бавчи | 0% | 2% | 2% | 0% | 3% | 0% |
| Бедиње | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% |
| Средорек | 2% | 0% | 3% | 0% | 0% | 3% |
| Стари Лозја | 0% | 0% | 2% | 0% | 0% | 0% |
| Вкупно | **2%** | **4%** | **7%** | **2%** | **3%** | **5%** |

Најблискиото училиште е 11 Октомври, но секоја година прифаќа само 11 ромски ученици, и затоа родителите се принудени да ги упишуваат своите деца во училишта кои се на поголема оддалеченост од нивните домови. Поради тоа се случува неколку деца да бидат изоставени од образовниот процес. Иако општината вети дека на Ромите ќе им организира школски превоз, ова досега не е остварено.

Табела 89 го покажува процентот на упис во основното и средното образование. Вкупно има околу 27 деца на училишна возраст, од кои 55% се упишани во основно и средно образование, додека 45% не се упишани. Највисок процент на неупишани деца е забележан во Средорек (23%) и  9% во населбите Бараки и Бавчи.

**Табела 87: Упис на деца во основно и средно образование**

| | Број на деца на училишна возраст | Да | | Не | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Број на деца | % | Број на деца | % |
| Бараки | 10 | 3 | 30% | 7 | 70% |
| Бавчи | 15 | 11 | 73% | 4 | 27% |
| Средорек | 23 | 10 | 43% | 13 | 57% |
| Стари Лозја | 5 | 3 | 60% | 2 | 40% |
| **Вкупно** | **53** | **27** | | **26** | |
| **Просек/ Оштина** | | | **52%** | | **48%** |

| Стапка на упис / Општина | 51% | | 49% |
|---|---|---|---|

Што се однесува до перцепцијата за дискриминација во основното и средното образование, околу 3% од домаќинствата опфатени со истражувањето се изјасниле дека нивните деца биле предмет на дискриминација од соучениците.

**Табела 88: Дискриминација во основно и средно образование**

| | Да, од соученик | Не | Одбил да одговори |
|---|---|---|---|
| Бараки | 1.7% | 1.7% | 0.0% |
| Бавчи | 0.0% | 5.1% | 0.0% |
| Бедиње | 0.0% | 0.0% | 0.0% |
| Средорек | 1.7% | 5.1% | 5.1% |
| Стари Лозја | 0.0% | 1.7% | 0.0% |
| **Вкупно** | **3.4%** | **13.5%** | **5.1%** |

## ЗДРАВСТВО

Врз основа на податоците од истражувањето, прилично голем број на испитаници сметаат дека се во добра здравствена состојба. Најголем број Роми кои изјавиле дека се во добра и многу добра здравствена состојба е забележан во Средорек (29%) и Бавчи (14%), додека само 2% од испитаниците ја оцениле нивната здравствена состојба како лоша.

**Табела 89: Субјективна здравствена состојба (1 – лоша; 5 одлична)**

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| Бараки | 0% | 5% | 3% | 0% | 5% |
| Бавчи | 2% | 2% | 2% | 14% | 3% |
| Бедиње | 0% | 2% | 2% | 2% | 0% |
| Средорек | 0% | 5% | 12% | 29% | 3% |
| Стари Лозја | 0% | 3% | 2% | 2% | 2% |
| Вкупно | 2% | 17% | 21% | 47% | 13% |

Од табелата подолу произлегува дека во просек 17% од Ромите (пресметано како просек за сите населби) ја оцениле својата здравствена состојба како влошена (нивното влошено здравје воопшто) што е главна причина поради која се изјасниле дека нивната здравствена состојба е лоша.

**Табела 90:Причини за лоша здравствена состојба**

| | Друго | Сериозна повреда-попреченост | Влошена здравствена состојба |
|---|---|---|---|
| Бараки | 0% | 0% | 5% |
| Бавчи | 2% | 0% | 3% |
| Бедиње | 0% | 0% | 2% |
| Средорек | 0% | 2% | 3% |
| Стари Лозја | 0% | 0% | 3% |
| Вкупно | **2%** | **2%** | **17%** |

Што се однесува до оддалеченоста од болницата или здравствената установа, повторно, најголем број на лица кои изјавиле дека живеат во близина на здравствената установа е

забележан во Средорек (46%), додека во Бараки (12%) изјавиле дека најблиската установа е 600m-1km од нивните домови. Околу 17% од испитаниците од Бавчи и 10% од Стари Лозја, изјавиле дека најблиската медицинска установа е на оддалеченост од 1 km до 2 km.

### Табела 91: Оддалеченост од болница / медицинска установа

| | 100m - 500m | 600m - 1km | 1km - 2km | Одбил да одговори |
|---|---|---|---|---|
| Бараки | 0% | 12% | 2% | 0% |
| Бавчи | 0% | 2% | 17% | 3% |
| Бедиње | 5% | 0% | 0% | 0% |
| Средорек | 46% | 3% | 0% | 0% |
| Стари Лозја | 0% | 0% | 10% | 0% |
| Вкупно | 51% | 17% | 29% | 3% |

Вкупниот буџет за лекови (расходи) се движи помеѓу помалку од 100 денари и повеќе од 6000 денари, додека најголем број на лица изјавиле дека за лекови издвојуваат од 100-1000 денари (Бавчи) и 1001-3000 денари (Средорек) .

### Табела 92: *Трошоци за лекови/месечно, во МКД*

| | Не знам | Помалку од 100 МКД | 100 - 1000 | 1001 - 3000 | 3001 - 6000 | Повеќе од 6000 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Бараки | 2% | 1% | 3% | 3% | 2% | 2% |
| Бавчи | 0% | 2% | 15% | 0% | 5% | 0% |
| Бедиње | 0% | 0% | 2% | 2% | 2% | 0% |
| Средорек | 0% | 10% | 5% | 22% | 11% | 0% |
| Стари Лозја | 0% | 2% | 5% | 2% | 2% | 0% |
| Вкупно | 2% | 15% | 30% | 29% | 22% | 2% |

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ




Битола се наоѓа на југозападниот дел на Република Северна Македонија, во подножјето на планината Баба со врвот Пелистер. Општината се граничи со Ресен, Демир Хисар, Могила и Новаци, додека на југ се граничи со Грција.

Општина Битола ја сочинуваат градот Битола и 65 околни села со површина од 794 km$^2$. Густината на населението изнесува 768 жители на km$^2$.

Во однос на институционалните капацитети, постојат 2 детски градинки, 12 основни училишта и 7 средни училишта, како и еден државен универзитет.

Во однос на другите институции кои обезбедуваат јавни добра и услуги, постојат децентрализирани канцеларии на соодветните министерства, агенции и други институции

**Слика 49: Ромски населби во Битола**




Околу 95% од ромското население е сконцентрирано во населбата Баир, која е поделена на три подрачја: Централен Баир, Љубојно и Караорман.

Што се однесува до учеството на Ромите во процесот на одлучување на локално ниво, во советот на општината нема ниту еден претставник Ром, како и во било кое одлучувачко тело.

## ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

### Ромско население и населби

Спред пописот од 2002 година општина Битола има 86.408 жители кои живеат во 33.232 живеалишта, распределени во 24 населени места. Битола се наоѓа 170 км од Скопје. **Бројот на ромската популација што живее во Битола изнесува 2.613, што претставува 3,4% од вкупното население,** што ја става оваа етничка заедница на второ место во споредба со другите етнички заедници.

**Табела 93: Население во Битола според етничка припадност**

| Град Битола | | |
|---|---|---|
| Македонци | 66.038 | 88,5% |
| Албанци | 2.360 | 3,1% |
| Турци | 1.562 | 2,0% |
| Роми | 2.577 | 3,4% |
| Власи | 997 | 1,3% |
| Срби | 499 | 0,6% |
| Бошњаци | 20 | 0,02% |
| Друго | 497 | 0,6% |

Според претставниците на локалните невладини организации, се проценува дека има околу 5.000 ромски жители. **Околу 95% од ромската популација е претежно сконцентрирана во населбата „Баир“, а останатите 5% се раштркани по населбите. Населбата „Баир“ е поделена на три области: „Централен Баир“, „Љубојно“ и „Караорман“.**

**Табела 94: Проценето население**

| | Домаќинства | Проценето население |
|---|---|---|
| Централен Баир | 600 – 700 | 2400 – 2800 |
| Љубојно | 200 – 300 | 800 – 1200 |
| Караорман | 175 – 200 | 700 – 800 |
| Друго | 50 – 100 | 200 – 400 |
| **Вкупно** | **1025 – 1300** | **4100 – 5200** |

Според учесниците во фокус групата, 60% од Ромите живеат во „Централен Баир“ (околу 600 домаќинства), 20% во „Љубојно“ (околу 200 домаќинства) и 15% во „Караорман“ (Петочна Вода) приближно 175 домаќинства и 50 ромски домаќинства живеат во други населби/области.

**Слика 50: Пирамида на население – Битола**




На слика 50 е претставена распределбата на ромската популација во Битола по возрасни групи. Меѓу испитаниците, 33% се на возраст од 0 до 18 години. Ромското население во Битола е релативно младо, со 65% од населението на возраст од 19 до 64 години, а само 1% имаат повеќе од 64 години.

Според истиот извор, малиот број Роми во Битола се должи на трендовите на миграција предизвикани од отсуството на финансиски можности во градот и општо во земјата. Повеќето од жителите кои го напуштаат градот се млади брачни двојки на возраст од 20-30 години. Во

однос на поседување лични документи, наодите покажуваат дека на 200 лица им недостасува лична документација.

**Слика 51: Баратели на азил по населба**




Слика 51 ги прикажува барателите на азил по населба и по домаќинство, вклучувајќи најмалку едно лице кое побарало азил во некои од земјите на ЕУ.

Најголем број на баратели на азил се регистрирани во Баир - Петочна вода (39%), потоа следат Љубојно 11% и Централен Баир (9%).

## ДОМУВАЊЕ

Генерално, просечниот број на членови по домаќинство во Битола изнесува 3,8, со највисока инциденца на член по домаќинство во Баир - Љубојно. Најнизок број во општината е регистриран во Централен Баир - 3.1

**Слика 52: Просечен број на жители во домаќинство по населби**




Во однос на големината на живеалиштето, околу 45% спаѓаат во категоријата на живеалишта помали од 30m². Врз основа на населени места, најранливата зона (населба со најмали живеалишта) е забележана во Баир Петочна вода (43%) каде што живеалиштата се во категоријата 17-30m²; Централен Баир каде ѓто 11% од домаќинствата спаѓаат во категорија 17-30m². Зони со најголеми живеалишта се забележани во Баир - Љубојно и Баир - Петочна вода, каде што 6% од домаќинствата зафаќаат површина од 51 - 70 m².

**Табела 95: Големина на живеалиштето**

| | 10 - 16 m² | 17 - 30 m² | 31 - 50 m² | 51-71 m² | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Баир - Љубојно | 0% | 3% | 8% | 6% | 17% |
| Баир – Петочна вода | 9% | 35% | 15% | 5% | 64% |
| Централен Баир | 0% | 11% | 5% | 3% | 19% |
| Вкупно | **9%** | **49%** | **28%** | **14%** | **100%** |

Табела 97 ја прикажува сопственичката структура на ромските домаќинства во Битола. Може да се забележи дека релативно висок процент на Роми ги поседуваат своите живеалишта - речиси 86% од Ромите поседуваат сопствена куќа, додека 11% изјавиле дека куќите се во сопственост на нивните роднини, а останатите 3% ја избрале опцијата друго. Сепак, високата

стапка на сопственост на живеалиште треба да се земе со резерва поради тоа што многу Роми пријавуваат сопственост, иако не поседуваат ниту еден правен документ. Највисока стапка на сопственост на живеалишта е регистрирана во населбата - Петочна вода 3.

**Табела 96: Сопственичка структура на куќите**

| | Друго | Куќа во туѓа сопственост (роднина) | Сопствена куќа | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Баир - Љубојно | 0% | 0% | 17% | 17% |
| Баир – Петочна вода | 0% | 11% | 53% | 64% |
| Централен Баир | 3% | 0% | 16% | 19% |
| Вкупно | **3%** | **11%** | **86%** | **100%** |

Иако податоците велат дека Ромите поседуваат 86% од живеалиштата, од табелата подолу произлегува дека не сите поседуваат документација за правна сопственост. Само 17% од Ромите изјавиле дека нивните куќи се легализирани, додека 11% од живеалиштата се во процес на легализација а 66% се изјасниле дека нивните домови не се легализирани. Најголем процент од куќите кои не се легализирани е регистриран во Баир - Петочна вода, каде што 58% од куќите не се легализирани.

**Табела 97: Легализација на живеалиштата**

| | Друго | Да | Не | Во процес на легализација | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Баир - Љубојно | 0% | 3% | 8% | 6% | 17% |
| Баир – Петочна вода | 3% | 3% | 58% | 0% | 64% |
| Централен Баир | 3% | 11% | 0% | 5% | 19% |
| Вкупно | **6%** | **17%** | **66%** | **11%** | **100%** |

Во однос на проблемите со кои се соочува ромското население со своите живеалишта, 78% од домаќинствата изјавиле дека имаат проблеми со влагата. Во однос на недостигот на осветлување во нивните живеалишта, 14% одговориле дека имаат таков проблем, додека 6% се изјасниле дека нивната куќа е изградена од несоодветен материјал и нема пристап до електрична енергија. Само 3% изјавиле дека немаат пристап до асфалтен пат.

**Табела 98: Главни инфраструктурни проблеми и проблеми со домувањето кај Ромите/домаќинства**

| | Куќата има влага | Куќата нема доволно светлина | Куќата е изградена од нессодветен материјал | Пристап до електрична енергија | Куќата нема пристап до асфалтен пат |
|---|---|---|---|---|---|
| Баир - Љубојно | 14% | 0% | 0% | 0% | 0% |
| Баир – Петочна вода | 58% | 8% | 6% | 6% | 3% |
| Централен Баир | 6% | 6% | 0% | 0% | 0% |
| Вкупно | **78%** | **14%** | **6%** | **6%** | **3%** |

### Слика 53: Тип на под во живеалиштата




Што се однесува до квалитетот на подот во становите, 54% од домаќинствата изјавиле дека имаат соодветни подови, додека 26% немаат соодветен под. Највисок процент е забележан во населбата наречена Баир - Петочна вода.

Што се однесува до видот на прозорци во живеалиштата, 61% од Ромите изјавиле дека имаат прозорци од дрвен профил. По населби, најголем процент е забележан во Петочна вода 53%, по што следат останатите две населени места со 6%. Околу 22% изјавиле дека имаат прозорци од алуминиумски профил, речиси подеднакво распределени меѓу населбите. Само 14% од домаќинствата имаат ПВЦ прозорци.

### Табела 99: Тип на прозорци

| | Одбил да одговори | Прозорци од дрвен профил | Прозорци од алуминиумски профил | ПВЦ прозорци | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Баир - Љубојно | 0% | 6% | 8% | 3% | 17% |
| Баир – Петочна вода | 0% | 53% | 8% | 3% | 64% |
| Централен Баир | 3% | 6% | 4% | 6% | 19% |
| Вкупно | **3%** | **65%** | **22%** | **15%** | **100%** |

Табела 102 ја прикажува состојбата на домаќинствата во однос на пристапот до комуналната инфраструктура. Од табелата произлегува дека 18% од живеалиштата се изјасниле дека немаат пристап до електрична енергија, со најголема инциденца во Петочна Вода (53%). Околу 13% од домаќинствата изјавиле дека немаат пристап до вода за пиење во или надвор од куќата, со најголем процент регистриран во Централен Баир (33%), додека до 5% изјавиле дека немаат пристап до вода за пиење надвор од куќата. Што се однесува до пристапот до тоалет со бања, 19% од домаќинствата изјавиле дека немаат пристап. Во населбите Баир-Љубојно (100%) и Петочна вода - Бараки (84%) е забележан највисок процент на домаќинства без пристап до тоалет. Околу 19% немаат пристап до кујна во куќите, поточно 55% од куќите во Петочна Вода - Бараки, и 3% во Централен Баир. Во однос на канализациониот систем, 1% од Ромите во Битола одговориле дека немаат пристап. Највисока инциденца е забележана во Централен Баир (3%).

### Табела 100: Пристап до комунална инфраструктура

| | Electricity | | Drinking water inside the house | | Drinking water outside the house | | Toilet with bathroom | | Toilet inside the house | | Kitchen inside the house | | Kitchen outside the house | | | Sewage system | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Settlement | **Yes** | **No** | **Yes** | **No** | **Yes** | **No** | **Yes** | **No** | **Yes** | **No** | **Yes** | **No** | **Yes** | **No** | **N/A** | **Yes** | **No** | **N/A** |
| Bair - Ljubojno | 100% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 0% |
| Centralen Bair | 100% | 0% | 67% | 33% | 94% | 6% | 100% | 0% | 1 | 42% | 97% | 3% | 9% | 88% | 3% | 91% | 3% | 6% |
| Petocna voda - baraki | 48% | 53% | 95% | 5% | 91% | 10% | 43% | 57% | 17% | 84% | 45% | 55% | 7% | 93% | 0% | 100% | 0% | 0% |
| **Average** | **83%** | **18%** | **87%** | **13%** | **95%** | **5%** | **81%** | **19%** | **25%** | **75%** | **81%** | **19%** | **5%** | **94%** | **1%** | **97%** | **1%** | **2%** |

*Забелешка: N/A – Нема достапни информации (% на лица што не одговориле на прашањето)*

Други наоди што резултираа од фокус групите:

- ⇒ *Централен Баир е урбанизирана населба со легализирани живеалишта и солидна инфраструктура (асфалтирани улици, вода, канализација, електрична енергија, собирање на отпад од домаќинствата). Ромите од оваа област се школуваат и работат во разни занаетчиски и услужни индустрии.*
- ⇒ *„Љубојно“ е област во населбата „Баир“, каде што само дел од куќите се легализирани, улиците се делумно асфалтирани, а во еден дел нема пристап до вода и санитација. Куќите се на стрмниот рид кој е тешко достапен. Поради тоа што околната шума е намалена, домаќинствата често страдаат од поплави, ерозија на земјиштето и пожари од изгорена трева.*
  *Петочна Вода е област населена со најсиромашниот дел од ромската заедница. Областа има два дела, еден е пред и под регионалниот пат Прилеп - Ресен, со околу 150 домаќинства кои живеат во импровизирани и таканаречени „Картонски живеалишта“. Вториот дел е над регионалниот пат Прилеп - Ресен и има два дела: налево има асфалтирана улица а десниот дел е без основна инфраструктура. Главниот проблем за припадниците на ромската заедница е тоа што во летниот и зимскиот период поради низок притисок нема вода. Што се однесува до електричната енергија, речиси сите домаќинства се поврзани со системот за напојување. Поради нискиот капацитет на централата, често се случува овие жители да останат без електрична енергија неколку дена. Со оглед на фактот дека еден дел од областа е веднаш до патот, сообраќајни несреќи во кои жртвите се Роми и најчесто деца се чести.*

- ⇒ *80% од градските улици кои минуваат низ ромските населби се асфалтирани како во самите населби. Дел од подрачјето „Петочна Вода“ не е урбанизирано, а дел од „Љубојно“ е урбанизиран, но не се преземаат соодветни активности за финализирање на инфраструктурата.*
- ⇒ *Според наодите од фокус групите, 70% од ромските домаќинства се легализирани, со исклучок на домаќинствата кои се наоѓаат во областа Караорман 111. Нема технички можности да се урбанизира оваа населба.*

Табела 103 подолу го прикажува процентот на куќи кои немаат пристап до апарати за домаќинство кои се сметаат за неопходни во едно домаќинство. Резултатите покажуваат дека голем процент на населението нема пристап до интернет (55%) и компјутер (78%), меѓутоа околу 81% од населението поседува мобилен телефон. Во однос на основните апарати, околу 28% од ромските домаќинства немаат машина за перење. Околу 8% немаат фрижидер во своите куќи, додека 11% од населението нема пристап до шпорет (електричен или шпорет на гас). Покрај тоа, 75% од домаќинствата се изјасниле дека немаат трпезариска маса, а 68% од домаќинствата немаат кревет за секој член на семејството. Конечно, 83% од домаќинствата немаат автомобил.

**Табела 101: Немање пристап до апарати за домаќинство**

| | Баир - Љубојно | Баир - Петочна вода | Централен Баир | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Сателитска / кабелска телевизија | 14% | 47% | 6% | 67% |
| Интернет | 3% | 44% | 8% | 55% |
| Компјутер / лаптоп | 11% | 56% | 11% | 78% |
| Телефон | 8% | 58% | 14% | 80% |
| Мобилен телефон | 0% | 19% | 3% | 22% |
| Машина за перење | 3% | 19% | 6% | 28% |
| Машина за сушење | 14% | 56% | 14% | 84% |
| Пегла | 3% | 22% | 6% | 31% |
| Фрижидер | 0% | 6% | 3% | 9% |
| Правосмукалка | 3% | 28% | 6% | 37% |
| Електричен шпорет | 0% | 8% | 3% | 11% |
| Трпезариска маса | 11% | 56% | 8% | 75% |
| Кревет за секој член на семејството | 6% | 56% | 6% | 68% |
| Автомобил | 11% | 58% | 14% | 83% |

## ВРАБОТЕНОСТ

⇒ Наодите од фокус групата покажуваат дека околу 30% од работоспособните Роми се вработени во фабрики, приватни компании и други стопански субјекти со платени придонеси за здравствено и пензиско осигурување. Останатите 70% од работоспособното население се вклучени во сивата економија, работат најтешка физичка работа во градежништвото, земјоделството и услужните индустрии или собираат секундарни суровини. Повеќето од овие 70% се приматели на социјална парична помош

Стапката на вработеност кај Ромите во Битола, пресметана од работоспособното население од примерокот во секоја општина изнесува 21%. Најголем дел на вработени Роми има во Централен Баир - 50%, додека најниска е вработеноста во Баир - Петочна вода каде што работат само 4% од Ромите. Според полот, стапката на вработеност кај ромските мажи изнесува 12%, додека кај жените таа изнесува 9%.

**Табела 102: Стапка на вработеност кај Ромите во Битола**

| **Битола** | **Работоспособно население (Роми)** | Стапка на вработеност | | Стапка на вработеност-мажи | | Стапка на вработеност-жени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | % | Број на вработени Роми | % | Број на вработени Роми | % | Број на вработени Роми |
| Баир - Љубојно | 20 | 40% | 8 | 25 % | 5 | 15 % | 3 |
| Баир – Петочна вода | 56 | 9% | 5 | 4% | 2 | 5% | 3 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Централен Баир | 14 | 50% | 7 | 29 % | 4 | 21 % | 3 |
| **Вкупно** | **94** | | 20 | | 11 | | 9 |
| **Стапка на вработеност/ Општина** | | **21%** | | **12 %** | | **9%** | |

*Забелешка: стапката на вработеност се пресметува како сооднос на вработените Роми и работоспособното ромско население*

Неформалната работа во Битола е прикажана во Табела 105. Како што може да се забележи, стапката на неформална вработеност кај Ромите е висока - речиси 57% од Ромите во Битола работат неформално. Највисоката инциденца е забележана во Баир - Петочна Вода (78%) и Баир - Љубојно (58%). Што се однесува до полот, постои поголема стапка на неформална вработеност кај жените - 29% од жените со највисок процент регистриран во Баир - Петочна Вода. Исто така, во Централен Баир стапката на неформална вработеност кај жените е повисока, а во Баир - Љубојно стапката на вработеност кај мажите е повисока за 6%.

**Табела 103: Неформална вработеност на Ромите во Битола**

| | Работоспособно население | Неформална работа | Неформална работа-мажи | Неформална работа-жени |
|---|---|---|---|---|
| Баир - Љубојно | 19 | 58% | 32% | 26% |
| Баир - Петочна вода | 58 | 78% | 38% | 40% |
| Централен Баир | 14 | 36% | 14% | 21% |
| Просек | | 57% | 28% | 29% |

**Слика 54: Сезонска работа**




Слика 54 го покажува процентот на Роми кои биле вклучени во сезонска работа. Податоците покажуваат дека биле вклучени 80% од Ромите, со најголем процент забележан во Баир - Петочна вода, каде околу 61% од Ромите работеле некоја сезонска работа, додека во другите населени места процентот е значително помал, 11% во Баир - Љубојно и Централен Баир - 8%.

### Слика 55: Социјална помош




Слика 55 покажува дека во просек околу 50% од домаќинствата се корисници на социјална помош. Најголем процент е регистриран во Баир - Петочна Вода, каде што околу 70% од семејствата се корисници на социјална помош, потоа Баир - Љубјоно со 50% и Централен Баир - 29%.

### Табела 104: Месечен приход во домаќинствата во МКД

| | 0 – 5000 | 5001 – 12000 | 12001 – 24000 | 24001 – 40000 | 40001 – 70000 |
|---|---|---|---|---|---|
| Баир – Љубојно | 0% | 5% | 6% | 3% | 3% |
| Баир – Петочна вода | 6% | 39% | 19% | 0% | 0% |
| Централен Баир | 5% | 3% | 8% | 0% | 3% |
| Вкупно | **11%** | **47%** | **33%** | **3%** | **6%** |

За да се добие општа слика за приходот во ромските семејства, членовите на домаќинството беа прашани колку заработуваат, во опсег од 0 до 70.000 денари. Околу 91% од Ромите имаат месечни примања под 24.000 денари. Најкритични во однос на приходот се семејствата што заработуваат под 5.000 денари, а најзастапени се во Баир - Петочна Вода (6%) и Централен Баир (5%). Околу 3% од семејствата остваруваат приход помеѓу 24.001 - 40.000 денари а 6% помеѓу 40.001 - 70.000 кој според расходите на потрошувачката кошничка се смета за задоволителен.

Вториот најважен показател за ефективноста на пазарот на трудот е стапката на невработеност. Стапката на невработеност кај Ромите во Битола изнесува 79%, пресметана како процентуален дел од работната сила од примерокот во секоја општина. Најголем процент на невработеност е забележан во Баир - Петочна вода (93%) и Баир - Љубојно (58%). Што се однесува до полот, учеството на невработените жени е повисоко за 6%. Најголема разлика помеѓу невработеноста кај жените и мажите има во Централен Баир, каде стапката на невработеност кај жените е 36%, што е речиси 2,5 пати повисоко отколку кај мажите.

### Табела 105: Стапка на невработеност во Битола

| Битола | **Работна сила** | Стапка на невработеност | | Стапка на невработеност-мажи | | Стапка на невработеност-жени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | % | Број на невработени (Роми) | % | Број на невработени (Роми) | % | Број на невработени (Роми) |
| Баир – Љубојно | 19 | 58% | 11 | 32% | 6 | 26% | 5 |
| Баир – Петочна вода | 58 | 93% | 54 | 48% | 28 | 45% | 26 |
| Централен Баир | 14 | 50% | 7 | 14% | 2 | 36% | 5 |
| **Вкупно** | **91** | | **72** | | **36** | | **36** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Стапка на невработеност/ Општина** | **79%** | | **40%** | | **39%** | |

*Забелешка: Стапката на невработеност се пресметува така што бројот на невработени Роми се дели со работната сила (Роми).*

Во табела 108 се сумирани причините за невработеноста, според испитаниците во анкетата. Највисок процент на Роми (25%) изјавиле дека немаат можности за вработување (највисока инциденца е забележана во Баир - Петочна вода). За 19% од ромската популација главна причина за невработеноста е отсуството на образование и вештини за вработување со највисока инциденца кај Ромите од Баир - Петочна вода. Околу 17% од Ромите сметаат дека работните места се добиваат преку политичка партија па поради тоа е тешко да се најде работа без членство во некоја од политичките партии. Исто така, 17% се изјасниле дека имаат некаква попреченост и затоа не можат да работат.

**Табела 106: Причини за невработеност**

| | Отсуство на можности за вработување | Отсуство на образование и вештини за вработување | Партиски вработувања | Не барам работа | Работам повремено и тоа е доволно | Ќе ја изгубам социјалната помош ако работам | Попреченост |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Баир - Љубојно | 6% | 3% | 3% | 0% | 3% | 0% | 3% |
| Баир - Петочна вода | 17% | 17% | 11% | 3% | 6% | 0% | 14% |
| Централен Баир | 3% | 0% | 3% | 0% | 0% | 3% | 0% |
| Вкупно | 25% | 19% | 17% | 3% | 8% | 3% | 17% |

Во табела 109 се прикажани активните и пасивните баратели на работа во општина Битола. Вкупно има 444 регистрирани активни баратели од ромска припадност, од кои 49% се мажи. Исто така, околу 284 Роми се регистрирани како пасивни баратели на работа, од кои 42% се мажи. Може да се заклучи дека само 20% -30% од Ромите се пријавени во Агенцијата за вработување.

**Табела 107: Активни и пасивни баратели на работа во Битола**

| Битола | Активни баратели на работа | | | Пасивни баратели на работа | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| | 444 | 221 | 223 | 284 | 122 | 162 |

**Слика 56: Запознаеност со активните политики на пазарот на труд**




Слика 56 го одразува степенот на запознаеност на Ромите со активните политики на пазарот на трудот. Во просек, околу 12% се информирани за мерките, 83% од населението не е запознаено, додека 3% одбиле да одговорат или не знаат.

Како што може да се забележи, Ромите од Баир - Љубојно се најмногу информирани за политиките на активниот пазар на трудот.

## ОБРАЗОВАНИЕ

Истражувањето покажа дека во Битола има 36 деца - од кои 10 деца се на претшколска возраст. **Според податоците ниту едно дете на претшколска возраст не е упишано во градинка.**

**Табела 108: Семејства со деца на училишна возраст**

| | Семејства со деца на претшколска возраст | Семејства без деца на претшколска возраст |
|---|---|---|
| Баир – Љубојно | 1 | 5 |
| Баир – Петочна вода | 8 | 15 |
| Централен Баир | 1 | 6 |
| Баир – Љубојно | **10** | **26** |

Како одговор на прашањето зошто нивните деца не одат во градинка, домаќинствата изјавија, дека воглавно немаат финансиски средства за покривање на трошоците - 14%, додека 5% го посочиле ограничениот капацитет на градинката за прием на нови деца и во оваа смисла треба да се прошири квотата што Министерството за труд и социјална политика ја утврдува за секоја општина на годишно ниво.

**Табела 109: Пречки за упис во предучилишно образование/градинка**

| | Вработените не информираат дека нема места и дека треба долго да чекаме | Немаме средства за покривање на трошоците | Не знам | Во нашата населба нема градинка |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Баир – Љубојно | 3% | 0% | 0% | 0% |
| Баир – Петочна вода | 3% | 14% | 3% | 3% |
| Централен Баир | 0% | 0% | 0% | 0% |
| Баир – Љубојно | **6%** | **14%** | **3%** | **3%** |

Уписот на децата во основно и средно образование е претставен во табела 112. Во основно и средно образование има 32 деца на училишна возраст, од кои 53% се вклучени во образовниот процес, а 47% не посетуваат училиште.

**Табела 110: Упис на деца во основно и средно образование**

| | Број на деца на училишна возраст | Да | | Не | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Број на деца | % | Број на деца | % |
| Централен Баир | 6 | 6 | 100% | 0 | 0% |
| Петочна вода – Бараки | 26 | 11 | 42% | 15 | 58% |
| **Вкупно** | **32** | **17** | | **15** | |
| **Стапка на упис / Општина** | | | **53%** | | **47%** |

*Забелешка: Стапката на упис во училиште беше пресметана со делење на бројот на деца на училишна возраст запишани во основно или средно образование со вкупниот број деца на училишна возраст (кои ги исполнуваат условите за упис), а потоа, количникот се множи со 100 за да се добие процентуален износ.*

За оние домаќинства кои одговориле дека нивните деца не посетуваат училиште, наведеното размислување е поврзано со недостаток на средства за плаќање на дополнителните трошоци за училишен прибор а едно домаќинство изјавило дека училиштето е далеку од нивниот дом. Во однос на дискриминација на ромските деца во училиштата, сите домаќинства се изјасниле дека нивните деца не се пожалиле дека се дискриминирани во училиштата.

Што се однесува до ромскиот јазик, ниту едно од децата во домаќинството нема часови по ромски јазик, 36% од домаќинствата изјавиле дека би сакале такви часови, а само 1 изјавил дека не е сигурен.

## ЗДРАВСТВО

Табела 113 ја прикажува здравствената состојба на ромските семејства проценета по општини на скала од 1 до 5. Околу 14% од Ромите сметаат дека нивната здравствена состојба е умерено лоша, додека 33% сметаат дека нивната состојба е добра, додека 53% од нив се изјасниле дека нивната здравствена состојба е доста добра. Интересно е да се забележи дека ромските семејства се оптимисти за своето здравје, особено жителите на Петочна Вода.

**Табела 111: Субјективна проценка на здравствената состојба (1-лоша, 5-одлична)**

| | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| Баир - Љубојно | 0% | 14% | 3% | 0% |
| Баир - Петочна вода | 14% | 7% | 37% | 6% |
| Централен Баир | 0% | 13% | 6% | 0% |
| Вкупно | 14% | 34% | 46% | 6% |

За оние испитаници кои го оцениле своето здравје како умерено лошо, табела 114 ги содржи причините за таквата здравствена состојба. Околу 6% изјавиле дека сметаат дека нивното здравје е умерено лошо, бидејќи немаат средства да платат за медицинските третмани; ист процент го оцениле својата здравствена состојба како умерено лоша, поради сериозна повреда.

**Табела 112: Причини за лоша здравствена состојба**

| | Друго | Немаме средства за покривање на медицински третмани | Нездрави животни услови | Сериозна повреда-попреченост | Влошена здравствена состојба |
|---|---|---|---|---|---|
| Баир - Љубојно | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% |
| Баир - Петочна вода | 3% | 3% | 3% | 6% | 6% |
| Централен Баир | 0% | 3% | 0% | 0% | 0% |
| Вкупно | 3% | 6% | 3% | 6% | 6% |

Значајна улога во здравствената состојба, игра исто така и близината на болницата, бидејќи е поврзана со финансиската состојба на семејствата, превозните средства и итната помош во одредена ситуација. Во овој поглед, 20% изјавиле дека болницата е оддалечена до 1 km, 73% дека е во радиус од 1 до 2 km, а 7% од домаќинството изјавиле дека болницата е оддалечена 2 -5 km.

**Табела 113: *Оддалеченост од болница/здравствена станица***

| | 100m - 600m | 600m - 1km | 1km - 2km | 2km - 5km |
|---|---|---|---|---|
| Баир - Љубојно | 0% | 6% | 11% | 0% |
| Баир - Петочна вода | 3% | 2% | 56% | 3% |
| Централен Баир | 0% | 9% | 6% | 4% |
| Вкупно | 3% | 17% | 73% | 7% |

Последното прашање од делот за здравство беше поврзано со тоа колку домаќинствата издвојуваат месечно од својот буџет за потребите на здравствената заштита за членовите на семејството. Резултатите се следните:

**Табела 114: Трошоци за лекови/месечно/ МКД**

| | 100 - 1000 | 1001 - 3000 | 3001 - 6000 |
|---|---|---|---|
| Баир - Љубојно | 11% | 6% | 0% |
| Баир - Петочна вода | 39% | 19% | 6% |
| Централен Баир | 6% | 13% | 0% |
| Вкупно | **56%** | **38%** | **6%** |

Околу 56% од домаќинствата изјавиле дека потрошиле помеѓу 100-1000 денари а 38% одвоиле помеѓу 1.001 - 3.000 денари. Само 6% од домаќинствата се изјасниле дека трошат помеѓу 3,001-6,000 денари, со најголем процент забележан во Баир - Петочна вода.

## Општина Тетово

### ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Општина Тетово е административен центар на Полошкиот регион и зафаќа површина од 262 km$^2$. Ги опфаќа градот Тетово, Попова Шапка, како и 19 села. Просторно се граничи со Република Косово и со следните општини: Боговиње, Брвеница, Желино, Теарце и Јегуновце.




Извршениот попис од 2002 година покажува дека општина Тетово има 86.580 жители кои живеат во 22.592 живеалишта. Тетово се наоѓа на 39 km од Скопје. Бројот на ромската популација што живее во Тетово е 2.537 што опфаќа 3,02% од вкупното население, што ја прави оваа етничка заедница трета по број во споредба со другите етнички заедници.

**Слика 57: Ромски населби во Тетово**




**Во однос на институционалните капацитети, има 1 градинка, 12 основни училишта, 5 средни училишта и има два универзитета.**

Во однос на другите институции кои обезбедуваат јавни добра и услуги, постојат децентрализирани канцеларии на соодветни министерства, агенции и други институции.

Што се однесува до учеството на Ромите во донесувањето на одлуки на локално ниво, само еден (1) Ром учествува во општинските комисии.

Ромското население во Тетово не е сконцентрирано во одредено населено место, освен на улица „29 Ноември". Ромите се расфрлани во бројни населби, меѓу кои: „Теќе" „146", „29 Ноември", „Пруга", „Блок 70" и „Поток".

**Ромска полулација и населби**

Бројот на жители во Општина Тетово од 1 август 2014 година согласно Државниот завод за статистика изнесува 90.800, од кои 45.618 се мажи и 45.182 се жени. Во последниве години бројот на жители во општината малку се зголемил, за околу 1% годишно. Според бројот на население, Тетово е трета по големина општина во земјата, веднаш по Скопје и Куманово. Густината на населеност изнесува околу 328 жители на km$^2$, а во просек едно домаќинство го сочинуваат 4,3 членови. Најголем дел (околу 61%) од вкупното население во општината живее во градот Тетово. Според последните податоци од пописот во Тетово има 2.357 Роми.

**Табела 115: Население во Тетово според етничка припадност**

| Тетово | | |
|---|---|---|
| Албанци | 60,686 | 70% |
| Македонци | 20,053 | 23% |
| Турци | 1,882 | 2% |
| Роми | 2,357 | 3% |
| Власи | 15 | 0% |
| Срби | 604 | 1% |
| Бошњаци | 156 | 0% |
| Друго | 627 | 1% |

Според учесниците во фокус групата, 25-30% од Ромите живеат во „Поток“ (над 300 домаќинства), 20% во „Пруга“ (над 50 домаќинства), 32 домаќинства во „29 Ноември“, каде доминира ромското население, а исто така Ромите живеат и во други населби, но во незначителен број во споредба со другите етнички групи.

Се проценува дека во Тетово има околу 4.000 Роми. Методот за пресметка се базира на проценката на Државниот завод за статистика за вкупното население, каде што истиот процент за Ромите се применува и на општата популација.

**Табела 116: Проценето население**

| | *Inhabitants* |
|---|---|
| Проценето население | 90,800 |
| Проценето население како процент во вкупно население 4.5% **(2015)** | 4,086 |

Според истиот извор, поради ниската стапка на вработеност и особено по визната либерализација и олеснувањето на пристапот до работа во Германија, голем број на Роми се иселуваат во странство или одат на сезонска работа во Германија, особено младите, без оглед на нивното образование. Во однос на поседување лични документи, наодите покажуваат дека лицата кои немаат лична документација се од населбите „29 ноември“ и „146“, а има и мал број на лица од другите населени места кои немаат лична документација. Точниот број засега е непознат.

**Слика 58: Пирамида на население во Тетово**




Сликата 58 ја претставува распределбата на ромската популација во Тетово според возраста. Ромската популација во Тетово, како што е прикажано, е релативно млада, при што околу 38% од населението е на возраст од 0 до 14 години; 54% се на возраст од 19-64 години, и само 6% имаат над 64 години.

**Слика 59: Баратели на азил по населби**




Слика 59 ги прикажува барателите на азил по зона, по домаќинство (домаќинство со најмалку едно лице кое побарало азил во некои од земјите на ЕУ). Најголем број на баратели на азил се од Поток (13%) и Теќе (6%). Меѓутоа, во населбите Два бреста, Пруга и Вон Вардарска не се забележани баратели на азил.

## ДОМУВАЊЕ

Општо земено, во просек 5,08 лица живеат во едно домаќинство во Тетово, со најголема застапеност на член по домаќинство во Вон Вардарска и Поток. Најнискиот број во општината е во т.н. Два Бреста и Пруга.

**Слика 60: Просечен број на жители по домаќинство по населби**




Според големината на живеалиштето, околу 47% од живеалиштата се во категоријата со големина помала од 50 m² по домаќинство. По населби, најзагрозени зони (зона во која се наоѓаат најмалите живеалишта) се забележани во Вон Вардарска (7%), Теќе (9%) и Поток (16%). Околу 53% од живеалиштата се со големина од 51-71 m², при што 9% се регистрирани во Поток и 6% во Пруга. Населби со најголеми живеалишта се Поток (25%) и Теќе (3%).

**Слика 117: Големина на живеалиште**

| | 17- 30 m² | 31 - 50 m² | 51-70 m² | 71 - 90 m² | Повеќе од 90 m² | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Два Бреста | 0% | 6% | 0% | 0% | 0% | 6% |
| Поток | 3% | 13% | 9% | 3% | 25% | 53% |
| Пруга | 0% | 9% | 7% | 0% | 0% | 16% |
| Теќе | 3% | 6% | 0% | 4% | 3% | 16% |
| Вон Вардарска | 3% | 4% | 0% | 2% | 0% | 9% |
| Вкупно | **9%** | **38%** | **16%** | **9%** | **28%** | **100%** |

Табелата 120 ја претставува сопственичката структура на ромското домаќинство во Тетово. Може да се забележи дека релативно висок процент на Роми ги поседуваат своите живеалишта - речиси 88% од Ромите ја поседуваат својата куќа. Околу 12% од Ромите не ги поседуваат живеалиштата, при што 9% од Ромите живеат во куќа што им припаѓа роднини, и 3% во изнајмени станови. Највисока стапка на сопственост на живеалишта е забележана во Поток (53%), по што следат населбите - Теќе и Пруга со 13% живеалишта во лична сопственост. Околу 6% од домаќинствата во Вон Вардарска им припаѓаат на роднини а 3% живеат во живеалишта во Пруга.

**Слика 118: Сопственичка структура**

| | Куќа што припаѓа на други (роднини итн) | Станар во изнајмен стан | Сопствено живеалиште | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Два бреста | 0% | 0% | 6% | 6% |
| Поток | 0% | 0% | 53% | 53% |
| Пруга | 0% | 3% | 13% | 16% |
| Теќе | 3% | 0% | 13% | 16% |
| Вон Вардарска | 6% | 0% | 3% | 9% |
| Вкупно | **9%** | **3%** | **88%** | **100%** |

Иако според податоците Ромите поседуваат 88% од становите, од табелата подолу може да се забележи дека не сите имаат документација за правна сопственост. Само 25% од Ромите пријавиле дека имаат легализирани куќи, додека 56% од станбените единици се во процес на легализација. Околу 6% од куќите не се легализирани, а 3% изјавиле дека се во процес на

легализација на еден дел од куќата. Исто така, 10% од домаќинствата одбиле да одговорат на ова прашање.

**Слика 119: Легализација на куќи**

| | Да | Не | Одбил да одговори | Само еден дел е во процес на легализација | Во процес на легализација | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Две Бреста | 0% | 0% | 0% | 0% | 6% | 6% |
| Поток | 16% | 3% | 0% | 3% | 31% | 53% |
| Пруга | 0% | 0% | 0% | 0% | 16% | 16% |
| Теќе | 6% | 4% | 6% | 0% | 0% | 16% |
| Вон Вардарска | 3% | 0% | 3% | 0% | 3% | 9% |
| Вкупно | **25%** | **7%** | **9%** | **3%** | **56%** | **100%** |

- ⇨ Во однос на легализацијата, има голем број на поднесени барања за легализација, но постапката трае долго. Населбите „146“, „29 Ноември“ и дел од населбата „Пруга“ се соочуваат со одредени проблеми во врска со легализацијата. Многу Роми, поради недоволно познавање на процедурите, сметаат дека нивните куќи се легализирани, а всушност имаат само архивски број од поднесеното барање за легализација на нивните објекти. Околу 60-70% од куќите во населбата „29 Ноември“ се нелегални.

- ⇨ Ромските домаќинства од населбата "146" немаат поднесено документација, бидејќи немаат никакво знаење и финансиски средства за следење на процедурата.

**Табела 120: Главни инфраструктурни проблеми и проблеми со домувањето кај Ромите / ромските домаќинства**

| | Куќата има влага | Куќата нема доволно осветлување | Куќата нема пристап до асфалтен пат |
|---|---|---|---|
| Два Бреста | 6% | 0% | 0% |
| Поток | 41% | 13% | 0% |
| Пруга | 9% | 0% | 9% |
| Теќе | 13% | 0% | 3% |
| Вон Вардарска | 9% | 6% | 6% |
| Вкупно | 78% | 19% | 18% |

Во однос на проблемите со кои се соочува домаќинството, највисок процент - 78% изјавиле дека имаат влага, со најголема застапеност во Поток и Теќе. Околу 19% од домаќинствата пријавиле дека немаат доволно осветлување, од кои 13% во Поток и 6% во Вон Вардарска. Во продолжение, 18% од испитаниците изјавиле дека немаат пристап до асфалтен пат, со најголем процент во Пруга (9%), Вон Вардарска (3%) и Теќе (3%).

**Слика 61: Тип на под во живеалиштата**




Во однос на квалитетот на живеалиштето, беа поставени прашања во врска со подот, покривот, прозорците и пристапот до различни апарати. Околу 15% од домаќинствата немаат соодветен под, со најголем процент регистриран во Поток и Теќе. Исто така, 22% од домаќинствата изјавија дека имаат друг вид на под.

Што се однесува до прозорците, 34% од куќите имаат ПВЦ прозорци (кои се најквалитетни); 56% од куќите имаат прозорци од дрвени профили. Само 3% ја избрале опцијата „друго“, додека 6% одбиле да одговорат. Најголем процент од имателите на ПВЦ прозорци се од населба Поток.

**Слика 62: Тип на прозорци во живеалиштата**




Во табелата подолу е прикажана ситуацијата во однос на пристапот до комунална инфраструктура. Речиси 93% од домаќинствата изјавиле дека имаат пристап до електрична енергија.

Околу 10% од домаќинствата немаат пристап до вода за пиење во внатрешноста на куќата, додека 44% од домаќинствата немаат пристап до вода за пиење надвор од куќата.

Околу 30% изјавиле дека немаат тоалети со бања и тоалети во нивните куќи. Како што може да се забележи, 88% од домаќинствата навеле дека немаат кујна надвор од куќата.

Во продолжение, 29% од домаќинствата немаат пристап до канализациониот систем, со најголем процент забележан во Пруга (80%) и Вон Вардарска (67%).

### Слика 121: Пристап до комунална инфраструктура

| | Electricity | | | Drinking water inside the house | | | Drinking water outside the house | | | Toilet with bathroom | | | Toilet inside the house | | | Kitchen inside the house | | | Kitchen outside the house | | | Sewage system | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Settlement | Yes | No | N/A | Yes | No | N/A | Yes | No | N/A | Yes | No | N/A | Yes | No | N/A | Yes | No | N/A | Yes | No | N/A | Yes | No | N/A |
| Dva Bresta | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 0% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 0% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 0% |
| Potok | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 0% | 88% | 12% | 0% | 65% | 35% | 0% | 71% | 29% | 0% | 100% | 0% | 0% | 6% | 94% | 0% | 100% | 0% | 0% |
| Pruga | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 0% | 40% | 60% | 0% | 100% | 0% | 0% | 60% | 40% | 0% | 100% | 0% | 0% | 0% | 80% | 20% | 0% | 80% | 20% |
| Tekje | 100% | 0% | 0% | 50% | 50% | 0% | 50% | 50% | 0% | 50% | 50% | 0% | 50% | 50% | 0% | 100% | 0% | 0% | 0% | 100% | 0% | 50% | 0% | 50% |
| Von Vardarska | 67% | 0% | 33% | 67% | 0% | 33% | 67% | 0% | 33% | 0% | 67% | 33% | 33% | 33% | 33% | 50% | 0% | 50% | 0% | 67% | 33% | 0% | 67% | 33% |
| **Average** | 93% | 0% | 7% | 83% | 10% | 7% | 49% | 44% | 7% | 63% | 30% | 7% | 63% | 30% | 7% | 90% | 0% | 10% | 1% | 88% | 11% | 50% | 29% | 21% |

*Забелешка: N/A - Недостапни информации (% на лица кои не дале одговор на ова прашање)*

- „29-ти Ноември“ е урбанизирана населба, но некои делови населени со ромска популација, немаат асфалтирани улици, пристап до канализациона мрежа и вода. Покрај тоа, многу куќи се бесправно поврзани со мрежата на електрична енергија. Во оваа населба куќите се стари.
- Домаќинствата во „146“ немаат пристап до вода, некои од ромските домаќинства не се поврзани со канализациона мрежа, населбата во која живее ромското население се смета за густо населена област и нема пристап до електрична енергија и вода. Куќите се бесправно изградени (без соодветна дозвола и документи) и населбата не може да биде урбанизирана, бидејќи не е ставена во Деталниот урбанистички план. Улиците не се асфалтирани. До неколку куќи во оваа населба тешко се пристапува, бидејќи улиците се тесни и голем број куќи се нелегално поврзани со електричната мрежа. Куќите изградени во оваа населба се стари.
- Населбата „Поток“ е урбанизирана, има само еден дел или неколку куќи кои се соочуваат со проблеми поради свлечишта од планината. Целата населба има пристап до канализационата мрежа, освен во една улица каде што има неколку ромски куќи. Сепак, во горните делови на населбата Ромите се соочуваат со проблеми во водоснабдувањето. Во однос на пристапот до електрична енергија, не се забележани проблеми. Во населбата „Поток“, генерално куќите се понови, но постојат делови од улиците каде што живеат Роми чии домови се трошни. Генерално, другите домови се изградени со цврсти материјали.
- Населбата „Пруга“ има асфалтирани улици, но ромската популација што живее таму нема пристап до канализациона мрежа и вода. Во населбата ромските домаќинства се поврзани со електричната мрежа, но има проблем кај некои Роми кои градат куќи во оваа населба, „ЕВН“ (снабдувач на електрична енергија) бара дополнителни средства за поврзување со електричната мрежа и според учесниците во фокус групата, бараниот износ достигнува до 520 евра. Сите куќи кои се изградени во населбата се нови и изградени со цврсти материјали.
- Ситуацијата во останатите населби е релативно прифатлива. Нема "картонски" населби во Тетово.

Табела 124 го покажува процентот на куќи кои немаат пристап до апарати за домаќинство кои се сметаат за неопходни на едно домаќинство. Како што може да се забележи, само 19% изјавиле дека немаат пристап до интернет, што е подобра состојба споредено со другите општини. Сепак, 78% од домаќинствата се изјасниле дека не поседуваат компјутер/лаптоп, што е слично на другите општини. Како што е наведено, 100% од домаќинствата имаат мобилни телефони, а 56% од домаќинствата имаат фиксни линии, што одразува подобра ситуација во споредба со другите општини.
Дополнително, само 6% изјавиле дека немаат машина за перење и 3% дека немаат пегла, што е подобро отколку во другите општини. Сепак, 13% од домаќинствата објавија дека немаат електричен шпорет.

**Табела 122: Недостаток на пристап до различни апарати за домаќинство**

| | Два Бреста | Поток | Пруга | Теќе | Вон Вардарска | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Сателитска / кабелска телевизија | 0% | 3% | 9% | 6% | 6% | 25% |
| Интернет | 0% | 6% | 6% | 3% | 3% | 19% |
| Компјутер / лаптоп | 6% | 34% | 16% | 16% | 6% | 78% |
| Телефон | 0% | 25% | 16% | 9% | 6% | 56% |
| Машина за перење | 0% | 3% | 0% | 0% | 3% | 6% |
| Машина за сушење | 6% | 44% | 16% | 16% | 6% | 88% |
| Пегла | 0% | 0% | 0% | 0% | 3% | 3% |
| Фрижидер | 0% | 0% | 0% | 3% | 0% | 3% |
| Правосмукалка | 0% | 3% | 3% | 3% | 0% | 9% |
| Електричен шпорет | 0% | 0% | 3% | 6% | 3% | 13% |
| Трпезариска маса | 6% | 19% | 13% | 6% | 6% | 50% |
| Кревет за секој член на семејството | 0% | 9% | 6% | 3% | 6% | 25% |
| Автомобил | 6% | 34% | 16% | 16% | 6% | 78% |

Од основните апарати за домаќинство или покуќнина, 50% од домаќинствата пријавиле дека немаат трпезариска маса - највисок процент во Поток и Пруга. Околу 25% од домаќинствата немаат кревет за секој член на семејството, а 78% немаат автомобил.

**Слика 63: Дали вашето живеалиште се соочува со следниве проблеми**




Последното прашање во врска со домувањето е поврзано со проблемите со кои едно домаќинство се соочува во однос на некои природни непогоди. Околу 9% изјавиле дека се соочуваат со лизгање на земјиштето, главно во Поток и Теќе. Поплавите се присутни во населбите во близина на реката, па така Пруга и Вон Вардарска имаат проблеми со поплави во дождливите сезони.

- Наодите од фокус групата покажуваат дека во населбата „Поток“ има многу занаетчии, водоводџии, лимари, бравари, столари, механичари, производители на гипс, сликари, продавачи итн.
- „Теќе“ има многу семејства кои се занимаваат со музика (тапанари). Другите населби, исто така, имаат занаетчии, но тие се генерално работници. Најчеста професија, посебно за жената Ромка од сите населени места, е поврзана со услуги на чистење.
- Другите учесници во фокус групите изјавиле дека општо земено, Ромите од населбите се занимаваат со занаети или музика и тоа е единствениот приход на домаќинствата. Дел се вклучени во продажба на текстил. Сепак, според некои, 90% не се пријавени во Агенцијата ,и/или се невработени.

Што се однесува до резултатите од анкетата, стапката на вработеност во однос на работоспособното население, пресметана од примерокот во секоја општина, изнесува околу 29%, што е многу ниско во споредба со стапката на вработеност на национално ниво. Уделот на невработената жена Ромка е 10%, што е на критично ниво во споредба со националното и општинското ниво за другите етнички малцинства. Најкритична е ситуацијата кај Ромите во Вон Вардарска Маала, каде што е регистрирана 0% вработеност за мажи и жени. Највисока стапка на вработеност е забележана во Двај Бреста и Поток.

**Табела 123: Стапката на вработеност во Тетово**

| Tetovo | Работоспособна популација (Роми) | Стапка на вработеност | | Стапка на вработеност -мажи- | | Стапка на вработеност - жени- | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | % | Број на вработени Роми | % | Број на вработени Роми | % | Број на вработени Роми |
| Два Бреста | 8 | 50% | 4 | 37 % | 3 | 13 % | 1 |
| Поток | 58 | 27% | 16 | 17 % | 10 | 10 % | 6 |
| Пруга | 15 | 33% | 5 | 20 % | 3 | 13 % | 2 |
| Теќе | 12 | 33% | 4 | 25 % | 3 | 8% | 1 |
| Вон Вардарска | 8 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 |
| **Вкупно** | **101** | | **29** | | 19 | | 10 |
| **Стапка на вработеност/ Општина** | | **29%** | | **19 %** | | **10 %** | |

*Забелешка: Стапката на вработеност се пресметува како соодност на вработени Роми и работоспособното ромско население*

Во табелата 126 е прикажана стапка на неформална работа во Тетово. Како што може да се забележи, кај Ромите има многу ниска стапка на неформална вработеност - само 3% од Ромите во Тетово работат неформално. Највисок процент е забележан во Поток (9%) и Пруга (7%) од сите мажи.

**Табела 124: Неформална работа**

| | Неформална работа | Неформална работа-мажи | Неформална работа-жени |
|---|---|---|---|
| Два Бреста | 0% | 0% | 0% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Поток | 9% | 9% | 0% |
| Пруга | 7% | 7% | 0% |
| Теќе | 0% | 0% | 0% |
| Вон Вардарска | 0% | 0% | 0% |
| Просек | **3%** | **3%** | **0%** |

**Слика 64: Сезонска работа**




Слика 64 го прикажува процентот на Роми кои биле вклучени во сезонска работа. Податоците покажуваат дека 31% од Ромите работат сезонски. Најголем процент на сезонски работници има во Поток, 16%, потоа 9% од Ромите од населбата Пруга и 6% од Два Бреста. Околу 3% од Ромите од Вон Вардарска одбиле да одговорат.

**Слика 65: Социјална помош**




Социјалната помош е исто така еден од важните извори на приход на кои се потпираат многу ромски семејства. Податоците покажуваат дека околу 43% од домаќинствата се корисници на социјална помош. Најголем дел од примателите на социјална помош се од Пруга 60%, потоа 41% од Поток, 40% од Теќе и 33% од Вон Вардарска.

**Табела 125: Месечен приход, во МКД**

| | 0-5000 | 5001 - 12000 | 12001 - 24000 | 24001 - 40000 | 40001-70000 | Повеќе од 70000 | Одбиле да одговорат |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Два Бреста | 100% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% |
| Поток | 12% | 18% | 0% | 0% | 0% | 70% | 0% |
| Пруга | 0% | 0% | 40% | 20% | 0% | 40% | 0% |
| Теќе | 0% | 0% | 50% | 0% | 0% | 50% | 0% |
| Вон Вардарска | 33% | 0% | 0% | 33% | 0% | 0% | 33% |
| Вкупно | 29% | 4% | 18% | 11% | 0% | 32% | 7% |

За да се добие општа слика за приходот во ромските семејства, членовите на домаќинствата беа прашани колку заработуваат во опсег од 0 до 70.000 денари. Околу 21% од Ромите имаат месечни примања под 24.000 денари, додека 25% пријавиле дека имаат приходи повисоки од 24.000 денари. Остатокот од домаќинствата одбиле да одговорат на ова прашање.

Споредувајќи со потрошувачката кошница која во февруари 2018 година изнесувала околу 32.000 денари, околу 12% од семејствата не можат да ги купат основните животни намирници. Најкритична е позицијата на Ромите во Вон Вардарска, каде што мнозинството од нив заработуваат до 5.000 денари.

### Табела 126:Стапка на невработеност

| Тетово | Работна сила | Стапка на невработеност | | Невработеност - мажи- | | Невработеност - жени- | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | % | Број на невработени (Роми) | % | Број на невработени (Роми) | % | Број на невработени (Роми) |
| Два Бреста | 7 | 43% | 3 | 29 % | 2 | 14 % | 1 |
| Поток | 57 | 63% | 36 | 28 % | 16 | 35 % | 20 |
| Пруга | 13 | 69% | 9 | 38 % | 5 | 31 % | 4 |
| Теќе | 10 | 60% | 6 | 10 % | 1 | 50 % | 5 |
| Вон Вардарска | 5 | 40% | 2 | 20 % | 1 | 20 % | 1 |
| **Вкупно** | **92** | | **56** | | **25** | | **31** |
| **Стапка на невработеност / Општина** | | **61%** | | **27 %** | | **34 %** | |

*Забелешка: Стапката на невработеност се пресметува како број на невработени Роми поделени со работната сила (Роми).*

Стапката на невработеност кај Ромите во Тетово е релативно висока - 61%, пресметана како пропорционален дел од работната сила од примерокот во секоја општина. Како што може да се забележи, според полот, учеството на невработените жени е релативно повисоко отколку кај мажите. По населби, највисока стапка на невработеност е регистрирана во Пруга (69%), Поток (63%) и Теќе (60%). Што се однесува до невработените жени, највисоката стапка е забележана во Теќе, каде што 50% од жените се невработени.

Со цел да се анализира стапката на невработеност, во рамките на анкетата беа разгледани неколку можни причини. Највисок процент на луѓе - 68% сметаат дека немаат неопходно образование и вештини за вработување, 25% дека нема можности за вработување, а 24% навеле дека вработувањата се реализираат преку политичка партија и затоа е тешко да се најде работа без членство во некои од политичките партии. Исто така, 12% изјавиле дека имаат некаква попреченост и затоа не можат да работат.

### Табела 127: Причина за невработеност кај Ромите

| | Отсуство на можности за вработување | Отсуство на образование и вештини за вработување | Партиски вработувања | Не барам работа | Ќе ја изгубам социјалната | Работна попреченост |
|---|---|---|---|---|---|---|

|  |  |  |  |  | помош ако работам |  |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Два Бреста | 0% | 6% | 6% | 0% | 0% | 0% |
| Поток | 25% | 38% | 9% | 3% | 3% | 3% |
| Пруга | 0% | 9% | 3% | 0% | 0% | 9% |
| Теќе | 0% | 9% | 6% | 0% | 0% | 0% |
| Вон Вардарска | 0% | 6% | 0% | 0% | 3% | 0% |
| Вкупно | **25%** | **68%** | **24%** | **3%** | **6%** | **12%** |

Во табела 130 се прикажани активните и пасивните баратели на работа во општина Тетово. Податоците се од 2017 година и се преземени од Агенцијата за вработување. Така, вкупно има околу 236 регистрирани Роми кои активно бараат работа во Агенцијата, од кои 69% се мажи. Исто така, околу 68 Роми се регистрирани како пасивни баратели на работа, од кои 70% се мажи.

**Табела 128: Активни и пасивни баратели на работа**

| Тетово | Активни баратели на работа |  |  | Пасивни баратели на работа |  |  |
|---|---|---|---|---|---|---|
|  | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
|  | 236 | 163 | 73 | 68 | 47 | 21 |




**Слика 66: Запознаеност со активните политики на пазарот на трудот**

Сликата го покажува нивото на запознаеност на Ромите со активните политики на пазарот на трудот. Во просек, 3% од населението знаат за мерките, 38% не се запознаени, додека 60% одбиле да одговорат. Активните политики на пазарот на труд (АППТ) играат клучна улога во зголемувањето на шансите за вработување и зголемување на инцијативата кај Ромите.

## ОБРАЗОВАНИЕ

Во однос на предучилишното образование, стапката на упис во градинка е најважниот индикатор за одредување на раниот детски развој. Според табелата подолу во текот на истражувањето во Тетово идентификувани се 29 деца, од кои 16 или 55% од вкупниот број биле на претшколска возраст.

**Табела 129: Семејства со деца на училишна возраст**

|  | Семејства со деца на предучилишна возраст | Семејства без деца во предучилишна возраст |
|---|---|---|
| Два Бреста | 0 | 2 |
| Поток | 9 | 6 |
| Пруга | 2 | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| Теќе | 3 | 2 |
| Вон Вардарска | 2 | |
| Вкупно | 16 | 13 |

Како што е прикажано во табелата, на национално ниво само 19% од децата посетуваат градинка, додека 75% од децата не посетуваат градинка. Најголем процент на деца кои не се запишани се од населбите Вон Вардарска, Теќе и Пруга.

**Табела 130: Упис во градинка**

| | Да, некои | Да, сите | Не |
|---|---|---|---|
| Два Бреста | 0% | 0% | 0% |
| Поток | 19% | 6% | 30% |
| Пруга | 0% | 0% | 13% |
| Теќе | 0% | 0% | 19% |
| Вон Вардарска | 0% | 0% | 13% |
| Вкупно | 19% | 6% | 75% |

На прашањето *зошто нивните деца не посетуваат градинка*, припадниците на домаќинствата ја споменаа недовербата во институционалните капацитети на градинките да се грижат за нивните деца или аргументите се поврзани со субјективна перцепција на луѓето дека нивните деца се премногу мали за да бидат запишани во предучилишното образование.

**Табела 131: Пречки за упис во предучилишно образование/градинка**

| | Друго | Можеме да се грижиме подобро отколку градинката | Не знам | Се плашиме, бидејќи тие се мали |
|---|---|---|---|---|
| Два Бреста | 0% | 0% | 0% | 0% |
| Поток | 3% | 9% | 0% | 6% |
| Пруга | 0% | 0% | 0% | 6% |
| Теќе | 0% | 0% | 3% | 3% |
| Вон Вардарска | 0% | 0% | 0% | 6% |
| Вкупно | 3% | 9% | 3% | 21% |

Исто така, во делот на образованието, 30 деца се на училишна возраст (од 6 до 18 години). Кај 90% од домаќинствата кои имаат деца на училишна возраст, децата се запишани, додека кај 10% од домаќинствата децата не посетуваат училиште.

**Табела 132: Упис на деца во основно и средно образование**

| | Број на деца на училишна возраст | Да | | Не | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Број на деца | % | Број на деца | % |
| Два Бреста | 1 | 1 | 100% | 0 | 0% |
| Поток | 19 | 19 | 100% | 0 | 0% |
| Пруга | 2 | 1 | 50% | 1 | 50% |
| Теќе | 4 | 4 | 100% | 0 | 0% |
| Вон Вардарска | 4 | 2 | 50% | 2 | 50% |
| **Вкупно** | **30** | **27** | | **3** | |
| **Стапка на упис во училиште / Општина** | | | **90%** | | **10%** |

*Забелешка: Стапката на упис во училиште беше пресметана со делење на бројот на деца на училишна возраст запишани во основно или средно образование со вкупниот број деца на училишна возраст (кои ги исполнуваат условите за упис), а потоа, количникот кој се добива е помножен со 100 за да се добие процент.*

За оние домаќинства што одговориле дека нивните деца не одат на училиште, изнесеното образложение е дека училиштето е далеку, додека другите домаќинства одбиле да ја наведат причината. Во однос на дискриминацијата на ромските деца во училиштата, околу 20% имаат перцепција дека нивните деца биле дискриминирани. Највисок процент отпаѓа на дискриминацијата од професорот/наставникот (во Поток и Два бреста), додека 3% од домаќинствата во Теќе навеле дека децата биле предмет на дискриминација од двете страни. Ист процент на домаќинства од населбата Поток навеле дека се соочуваат со дискриминација.

**Табела 133: Перципирана дискриминација во училиште**

| | Да, од двете страни | Да, од професор/учител | Да, од соученик | Не |
|---|---|---|---|---|
| Два Бреста | 0% | 3% | 0% | 0% |
| Поток | 0% | 9% | 3% | 13% |
| Пруга | 0% | 0% | 0% | 3% |
| Теќе | 3% | 0% | 0% | 0% |
| Вон Вардарска | 0% | 0% | 0% | 3% |
| Вкупно | **3%** | **12%** | **3%** | **19%** |

Што се однесува до ромскиот јазик, во општината нема факултативни јазични студии, така што децата не го учат јазикот на училиште, а интересот е умерен - половина од домаќинствата би сакале нивните деца да го учат ромскиот јазик.

## ЗДРАВСТВО

Во областа на здравството, податоците подолу ја прикажуваат оценката на домаќинствата за нивната здравствена состојба, каде испитаниците даваат оценка користејќи ја скалата од 1 до 5 - 1 за лоша и 5 за одлична здравствена состојба. Општата оценка е дека ромските домаќинства се во добра до многу добра здравствена состојба.

**Табела 134: Субјективна здравствена состојба (1-лоша, 5-одлична)**

| | **2** | **3** | **4** | **Одбил да одговори** |
|---|---|---|---|---|
| Два Бреста | 0 | 100% | 0% | 0% |
| Поток | 23% | 59% | 18% | 0% |
| Пруга | 60% | 40% | 0% | 0% |
| Теќе | 50% | 50% | 0% | 0% |
| Вон Вардарска | 50% | 0% | 0% | 50% |
| **Вкупно** | 36% | 50% | 4% | 10% |

Околу 31% од домаќинствата ја оцениле нивната здравствена состојба со 2 - умерено лоша здравствена состојба, и затоа им беа поставени дополнителни прашања заради изнаоѓање на можните причини. Како што може да се види од табелата причината за нивното умерено здравје е нездравата животна состојба (повисок процент во Пруга и Теќе). Околу 9% го оцениле нивниот здравствен статус како умерено лош, бидејќи нивните здравствени услови се влошиле.

**Табела 135: Причини за лоша здравствена состојба**

| | Наследна семејна болест | Нема средства за покривање на медицински третмани | Нездрави животни услови | Сериозна повреда - попреченост | Влошена здравствена состојба |
|---|---|---|---|---|---|
| Два Бреста | 0% | 0% | 0% | 0% | 6% |
| Поток | 9% | 3% | 3% | 3% | 3% |
| Пруга | 0% | 0% | 6% | 3% | 0% |
| Теќе | 0% | 0% | 6% | 0% | 0% |
| Вон Вардарска | 0% | 3% | 3% | 0% | 0% |
| Вкупно | 9% | 6% | 18% | 6% | 9% |

Следното прашање беше поврзано со оддалеченоста на ромските населби од болницата, која се смета за важен индикатор за пристапот до здравство. Како што може да се забележи од табелата подолу, околу 90% од испитаниците се наоѓаат на оддалеченост од помалку од 2 километри од болницата, додека само 3% се на растојание поголемо од 2 километри од болницата.

**Табела 136:** ***Одалеченост од болница / здравствена станица***

| | 100m - 600m | 600m - 1km | 1km - 2km | 2km - 5km | Одбил да одговори |
|---|---|---|---|---|---|
| Два Бреста | 0% | 6% | 0% | 0% | 0% |
| Поток | 28% | 19% | 6% | 0% | 0% |
| Пруга | 0% | 16% | 0% | 0% | 0% |
| Теќе | 3% | 6% | 0% | 4% | 3% |
| Вон Вардарска | 0% | 0% | 6% | 0% | 3% |
| Вкупно | 31% | 47% | 12% | 4% | 6% |

Во однос на месечните трошоци за лекови, најголем процент од испитаниците пријавиле трошок од 1001-3000 денари месечно.

**Табела 137: Трошоци за лекови, по месец, во МКД**

| Потрошен месечен износ | Помалку од 100 | 100 - 1000 | 1001 - 3000 | 3001 - 6000 | Повеќе од 6000 |
|---|---|---|---|---|---|
| Два Бреста | 0% | 7% | 0% | 0% | 0% |
| Поток | 0% | 7% | 43% | 3% | 0% |
| Пруга | 0% | 0% | 13% | 3% | 0% |
| Теќе | 0% | 7% | 7% | 3% | 0% |
| Вон Вардарска | 0% | 0% | 7% | 0% | 0% |
| Вкупно | 0% | 21% | 70% | 9% | 0% |

## Општина Гостивар

### ОПШТИ ПОДАТОЦИ




Општина Гостивар се наоѓа во западниот дел на Македонија, во горниот дел на Полошката долина, во крајниот јужен дел на Гостиварското поле. Вкупната површина на општината изнесува 517 km$^2$. Локацијата на општината е многу поволна бидејќи е на крстосница што води на север кон градот Тетово и потоа кон Скопје, на југ кон Кичево и Охрид, а југозападно кон градот Дебар. Најважните коридори за транзитен сообраќај се: Патот М-4 Скопје-Охрид, железничката пруга Скопје-Кичево и регионалниот пат Гостивар-Дебар-Охрид..

**Слика 67: Ромски населби во Гостивар**




Како дел од северозападниот административен регион, општина Гостивар се граничи со општините Врапчиште и Брвеница на север, општина Македонски Брод на исток, Република Албанија и Косово на запад и општина Маврово и Ростуша на југ. Општината се протега низ Полошката долина.

Според последните официјални податоци од пописот во 2002 година, општина Гостивар зафаќа површина од 1.341 km$^2$ со 81.042 жители, од кои 35.847 се во градот. Градот Гостивар се наоѓа на надморска височина од 683 метри. Гостивар има 18.091 домаќинства и 20.339 станови. Понатаму, Гостивар се наоѓа 66 km од Скопје.

**Во однос на институционалните капацитети, има 1 градинка, 11 основни училишта и 4 средни училишта, а има и еден колеџ.** Во однос на другите институции кои обезбедуваат јавни добра и услуги, постојат децентрализирани канцеларии на соодветни министерства, агенции и други институции. Што се однесува до учеството на Ромите во процесот на одлучување на локално ниво, има 1 советник Ром; 2 Роми учествуваат во комисии на Советот, а 3 Роми се членови на одбори во локалните училишта и градинки.

**Табела 138: Учество на Ромите во одлучувањето**

| | |
|---|---|
| Општински советник | 1 |
| Комисии на Советот | **2** |
| Одбор на директори во основните училишта | 1 |
| Одбор на директори во средните училишта | 1 |
| Одбор на директори во јавни институции | 0 |
| Одбор на директори во градинка | 1 |

## ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

**Ромско население и населби**

Според последниот национален попис во Македонија од 2002 година, мнозинството во општината е застапено од етнички Албанци, 54.038 (66,6%). Според последниот попис во 2002 година, Ромите сочинуваат 3,8% од вкупното население на општината. Неофицијалните податоци на невладините организации укажуваат на околу 550 ромски домаќинства. Ромите во Гостивар живеат во урбаниот дел на општината.

**Табела 139: Население во Гостивар според етничка припадност**

| Гостивар | | |
|---|---|---|
| Албанци | 54,038 | 67% |
| Македонци | 15,887 | 20% |
| Турци | 7,991 | 10% |
| Роми | 2,237 | 3% |
| Власи | 15 | 0% |
| Срби | 160 | 0% |
| Бошњаци | 39 | 0% |
| Друго | 685 | 1% |

Ромите живеат во рамки на 7 населби во Гостивар. Според податоците, Ромите живеат во населени места кои се идентификуваат според имињата на улиците и териториите на населбата. Населбите Грудајца - Фазанерија и Дупка се најголемите населби во кои живеат повеќето Роми (250 домаќинства). По овие две населби, Балиндол, Македонско Маало, Циглана, Бањешеница, Леска и Питарница заедно имаат околу 250 домаќинства. Се проценува дека има околу 3.200 Роми во Гостивар. Пресметковниот метод за проценката се базира на проценката на Државниот завод за статистика за целата популација за 2015 година. Се претпоставува дека процентот на Роми е 3,8, како и за последниот попис.

**Табела 140: Проценето население во Гостивар**

| | *Жители* |
|---|---|
| Проценето население | 83,629 |
| Проценето население како процент во вкупно население 3.8% **(2015)** | 3,200 |

Според фокус групите спроведени во општината, во последните три години се зголемил бројот на домаќинствата во Бањешеница, Дупка, Македонско Маало, Леска, Питарница и Циглана, додека во Балиндол се намалил. Не постои тренд на внатрешна миграција, меѓутоа има надворешна миграција при што најчесто младите помеѓу 20-30 години ја напуштаат земјата. Во Балиндол има мал број на случаи на внатрешна миграција и тренд на надворешна миграција,

главно кај младите луѓе помеѓу 30-40 години. Во Македонско Маало постои тренд на надворешна миграција, главно, кај младите луѓе до 30 години. Во Грудајца и Фазанејарија има мала внатрешна миграција и тренд на надворешна миграција, најчесто кај младите до 35 години. Во Леска има мал број случаи (2-3 семејства) на надворешна миграции, претежно кај младите возрасти до 30-годишна возраст. Во Питарница има мал број на случаи на надворешна миграција, главно кај млади луѓе до 30 години.

**Слика 68: Пирамида на население во Гостивар**




Сликата 68 ја претставува распределбата на ромската популација врз основа на возраста во Гостивар. Ромското население во Гостивар, како што е претставено, е релативно младо, околу 39% од населението е на возраст од 0 до 18 години; 57% е на возраст од 19-64 години, а само 3% имаат над 64 години

**Слика 69: Баратели на азил по домаќинство во Гостивар**




Слика 69 ги прикажува барателите на азил по зона по домаќинство, (вклучени се домаќинствата со најмалку едно лице кое побарало азил во некои од земјите на ЕУ.) Најголем број на баратели на азил се од Македонско Маало (9%) и населбата Грудајца (6%). Во населените места Циглана и Леска не се регистрирани баратели на азил.

## ДОМУВАЊЕ

Општо земено, во Гостивар бројот на лица по домаќинство е релативно голем, во просек околу 5,6 лица живеат во едно домаќинство. Најголем број на лица кои живеат во едно домаќинство е забележано во Питарница, Циглана и Македонско Маало, со повеќе од 6 лица во едно домаќинство.

**Слика 70: Просечен број на лица по домаќинство**



Во однос на големината на живеалиштето, околу 49% од живеалиштата спаѓаат во категоријата на живеалишта помали од 50m². По населби, најранливи зони (зона каде што има најмали живеалишта) се: Балин Дол, каде што 4% од домаќинствата живеат во живеалишта помали од 10m²; следи Питарница, каде 7% живеат во живеалишта помали од 16m². Околу 18% од становите се со големина помеѓу 31-50m², со застапеност од 6% во Циглана/Дупка и 3% во Балин Дол, Фазанерија, Грудајца и Македонско Маало. Населби со најголеми живеалишта се Фазанија (9%), Грудајца (6%) и Леска (3%), каде има живеалишта со површини поголеми од 90m².

**Табела 141: Големина на живеалиште**

| | Помали од 10 m² | 10 - 16 m² | 17 - 30 m² | 31 - 50 m² | 51-70 m² | 71 - 90 m² | Поголеми од 90 m² | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Балин Дол | 4% | 0% | 3% | 3% | 6% | 2% | 0% | 18% |
| Бањешница | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 3% | 0% | 3% |
| Циглана/ Дупка | 2% | 0% | 6% | 6% | 0% | 0% | 0% | 14% |
| Фазанерија | 0% | 3% | 0% | 3% | 0% | 3% | 9% | 18% |
| Грудајца | 0% | 0% | 3% | 3% | 3% | 3% | 6% | 18% |
| Леска | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 3% | 3% | 6% |
| Македонско Маало | 0% | 0% | 3% | 3% | 5% | 3% | 0% | 14% |
| Питарница | 0% | 7% | 0% | 0% | 2% | 0% | 0% | 9% |
| Вкупно | **6%** | **10%** | **15%** | **18%** | **16%** | **17%** | **18%** | **100%** |

Табелата 144 ја претставува сопственичката структура на ромските домаќинства во Гостивар. Може да се забележи дека има релативно висок процент на Роми кои ги поседуваат своите живеалишта - речиси 92% од Ромите поседуваат своја куќа или стан. Околу 5% од Ромите не ги поседуваат живеалиштата, при што 6% од Ромите живеат во куќа/стан што им припаѓа на роднини, а 3% во импровизирано живеалиште. Највисока стапка на сопственост на живеалишта имаат населбите Грудајца, Балин Дол и Фазанерија.

**Табела 142: Сопственичка структура на живеалиштата**

| | Импровизирано живеалиште (картон и сл.) | Куќа во туѓа сопственост (роднини) | Сопствен стан | Сопствена куќа | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Балин Дол | 3% | 0% | 0% | 15% | 18% |
| Бањешница | 0% | 0% | 0% | 3% | 3% |
| Циглана/ Дупка | 0% | 2% | 0% | 12% | 14% |
| Фазанерија | 0% | 3% | 0% | 15% | 18% |
| Грудајца | 0% | 0% | 0% | 18% | 18% |
| Леска | 0% | 0% | 0% | 6% | 6% |
| Македонско Маало | 0% | 0% | 5% | 9% | 14% |
| Питарница | 0% | 0% | 0% | 9% | 9% |
| Вкупно | **3%** | **5%** | **5%** | **87%** | **100%** |

Иако според податоците Ромите поседуваат 92% од становите, од сликата подолу може да се забележи дека не сите имаат правна документација за сопственост. Околу 42% од Ромите пријавиле дека имаат легализирани куќи, додека 23% од живеалиштата се во процес на легализација. Околу 35% од живеалиштата сè уште не се легализирани.

**Табела 143: Легализација на живеалишта**

| | Да | Не | Во процес на легализација | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Балин Дол | 12% | 3% | 3% | 18% |
| Бањешница | 3% | 0% | 0% | 3% |
| Циглана/ Дупка | 0% | 14% | 0% | 14% |
| Фазанерија | 9% | 6% | 3% | 18% |
| Грудајца | 6% | 6% | 6% | 18% |
| Леска | 6% | 0% | 0% | 6% |
| Македонско Маало | 3% | 3% | 8% | 14% |
| Питарница | 3% | 3% | 3% | 9% |
| **Вкупно** | **42%** | **35%** | **23%** | **100%** |

⇨ ***Учесниците во фокус групите навеле дека еден од генералните проблеми во општината е легализација на живеалиштата****. Според податоците од фокус групите, Бањешница е 100% легализирана, Циглана е легализирана околу 60%, Дупка нема легализирани објекти, во Балин Дол се легализирани 60%, во Македонско Маало мнозинството живеалишта не се легализирани, бидејќи кај колективните објекти (згради) кои се влезени во урбанистичкиот план постои проблем со нерешена трансформација на земјиштето. Во Грудајца - Фазанерија околу 7 живеалишта се легализирани, во Леска живеалиштата се целосно легализирани, додека во Питарница само едно живеалиште не е легализирано.*

**Табела 144: Главни инфраструктурни проблеми и проблеми со домувањето кај Ромите/ ромските домаќинства**

| | Куќата има влага | Куќата нема доволно светлина | Куќата е изградена од несоодветен материјал | Нема пристап до електрична енергија | Куќата нема пристапен асфалтен пат |
|---|---|---|---|---|---|
| Балин Дол | 12% | 6% | 3% | 0% | 3% |
| Бањешница | 0% | 0% | 0% | 0% | 3% |
| Циглана/ Дупка | 12% | 0% | 12% | 6% | 15% |
| Фазанерија | 12% | 0% | 3% | 0% | 0% |
| Грудајца | 15% | 0% | 0% | 0% | 3% |
| Леска | 0% | 3% | 0% | 0% | 0% |
| Македонско Маало | 15% | 0% | 0% | 0% | 0% |
| Питарница | 9% | 3% | 6% | 0% | 0% |
| Вкупно | 74% | 12% | 24% | 6% | 24% |

Во однос на квалитетот на куќите, на учесниците во анкетата им беа поставени неколку прашања во врска со проблемите со кои се соочуваат и квалитетот на куќите. Како што е прикажано во табелата погоре, најголемиот проблем на ромското домаќинство е влагата. Околу 74% од Ромите пријавиле дека нивната куќа има влага, со највисок процент во Грудајца и во Македонско Маало, каде што 15% од домаќинствата пријавиле проблеми со влагата. Вториот најголем проблем е тоа што куќите се изградени од несоодветен материјал - највисока застапеност на куќи изградени со несоодветни материјали имаат наслебите Циглана (12%) и Питарница (6%). Проблеми со пристапот до асфалтните патишта пријавиле 24% од домаќинства - со највисока застапеност во Циглана (15%) и 3% во Балин Дол, Бањешница и Грудајца.

**Слика 71: Тип на под во живеалиштето**




Во однос на квалитетот на подот, 42% од Ромите во Гостивар известиле дека немаат соодветен под, при што нивните подови се земјени или бетонски. Највисокиот процент е пријавен во Циглана/Дупка (15%), Питарница (9%) и Балин Дол, Фазанерија и Грудајца, каде што 6% од домаќинствата изјавиле дека немаат соодветни подови.

**Слика 72: Вид на покрив на живеалиштето**




Во однос на видот на покривите, повеќето покриви се од плочки - речиси 77% изјавиле дека имаат покрив од плочки, додека 21% од домаќинствата изјавија дека имаат метални покриви.

Табела 147 го прикажува пристапот на домаќинството до комуналната инфраструктура. Како што може да се забележи, 11% од домаќинствата навеле дека немаат пристап до електрична енергија, со најголем процент регистриран во Циглана (40%), Балин Дол (17%) и Питарница (33%). Околу 18% од домаќинствата изјавиле дека немаат пристап до вода за пиење, со најголем процент во Питарница (67%), Циглана (40%), Балин Дол (17%) и Фазанерија (17%). Околу 28% од домаќинствата навеле дека немаат пристап до пиење надвор од куќата. Што се однесува до пристапот до тоалет со бања, 23% од домаќинствата се изјасниле дека немаат пристап. Домаќинствата во населбите Циглана и Питарница имаат најголем процент на домаќинства без пристап до тоалетот. Околу 33% немаат пристап до кујна во куќите. 78% од домаќинствата пријавиле дека немаат пристап до кујна надвор од куќата. Во однос на канализацискиот систем, 41% од Ромите во Гостивар изјавиле дека немаат пристап. Највисока инциденца е забележана во Бањешница (100%) и Грудајца (83%).

**Табела 145: Пристап до комунална инфраструктура**

| | Electricity | | Drinking water inside the house | | Drinking water outside the house | | | Toilet with bathroom | | Toilet inside the house | | | Kitchen inside the house | | Kitchen outside the house | | | Sewage system | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Settlement | Yes | No | Yes | No | Yes | No | N/A | Yes | No | Yes | No | N/A | Yes | No | Yes | No | N/A | Yes | No | N/A |
| Balindol | 83% | 17% | 83% | 17% | 67% | 33% | 0% | 67% | 33% | 67% | 33% | 0% | 50% | 50% | 17% | 83% | 0% | 67% | 33% | 0% |
| Banjesnica | 100% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% |
| Ciglana | 60% | 40% | 60% | 40% | 60% | 20% | 20% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 20% | 80% | 40% | 60% | 0% | 40% | 60% | 0% |
| Fazanerija | 100% | 0% | 83% | 17% | 50% | 33% | 17% | 83% | 17% | 83% | 0% | 17% | 83% | 17% | 0% | 67% | 33% | 67% | 17% | 17% |
| Grudajca | 100% | 0% | 100% | 0% | 50% | 33% | 17% | 100% | 0% | 83% | 17% | 0% | 83% | 17% | 33% | 50% | 17% | 17% | 83% | 0% |
| Leska | 100% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 0% |
| Makedonsko maalo | 100% | 0% | 100% | 0% | 60% | 40% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 20% | 60% | 20% | 100% | 0% | 0% |
| Pitarnica | 67% | 33% | 33% | 67% | 33% | 67% | 0% | 67% | 33% | 33% | 67% | 0% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 67% | 33% | 0% |
| **Average** | 89% | 11% | 82% | 18% | 65% | 28% | 7% | 77% | 23% | 71% | 27% | 2% | 67% | 33% | 14% | 78% | 9% | 57% | 41% | 2% |

*Забелешка: N/A - Недостапни информации (% на лица кои не дале одговор на ова прашање)*

**Табела 146: Недостаток на пристап до апарати за домаќинство и друга покуќнина**

| | Балин Дол | Бањешница | Цигла на/Ду пка | Фазан ерија | Грудај ца | Лес ка | Македонск о Маало | Питарни ца | Вкуп но |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Телевизија | 3% | 0% | 3% | 0% | 0% | 0% | 0% | 3% | 9% |
| Сателитска / кабелска телевизија | 6% | 0% | 9% | 15% | 12% | 0% | 0% | 9% | 50% |
| Интернет | 12% | 0% | 12% | 9% | 9% | 0% | 3% | 9% | 53% |
| Компјутер | 12% | 3% | 15% | 15% | 15% | 0% | 6% | 9% | 74% |
| Телефон | 15% | 3% | 12% | 12% | 18% | 3% | 15% | 6% | 82% |
| мобилен телефон | 6% | 0% | 3% | 0% | 3% | 0% | 0% | 0% | 12% |
| Машина за перење | 3% | 0% | 9% | 6% | 0% | 0% | 0% | 6% | 24% |
| Машина за сушење | 15% | 3% | 12% | 15% | 12% | 3% | 15% | 9% | 82% |
| Пегла | 6% | 0% | 12% | 0% | 0% | 0% | 0% | 9% | 26% |
| Фрижидер | 9% | 0% | 6% | 3% | 0% | 0% | 0% | 6% | 24% |
| Правосмукалка | 6% | 0% | 15% | 3% | 0% | 0% | 0% | 9% | 32% |
| Електричен шпорет | 6% | 0% | 15% | 3% | 3% | 3% | 0% | 9% | 38% |
| Трпезариска маса | 15% | 3% | 15% | 15% | 6% | 0% | 9% | 9% | 71% |
| Кревет за секој член на семејството | 12% | 0% | 15% | 9% | 0% | 0% | 0% | 9% | 44% |
| Автомобил | 9% | 3% | 15% | 18% | 15% | 3% | 6% | 9% | 76% |

Табела 148 го покажува процентот на куќи кои немаат пристап до апарати за домаќинство кои се сметаат за неопходни во едно домаќинство. Како што може да се забележи, висок процент на населението нема пристап до интернет (53%) и компјутер (74%), иако околу 88% од населението поседува мобилен телефон. Во однос на поседување на основни апарати, околу 24% од ромските домаќинства немаат машини за перење, со највисок процент забележан во Циглана и Фазанерија. Во продолжение, 82% од населението нема машини за сушење; 26% нема пегла (највисока инциденца во Циглана и Питарница). Околу 38% од населението нема електричен шпорет.

Од основна покуќнина, 71% од домаќинствата пријавиле дека немаат трпезариска маса – при што највисок процент регистриран во Фазанерија и Циглана. Понатаму, 44% од домаќинствата навеле дека немаат кревет за секој член на семејството, па затоа повеќе луѓе треба да спијат во еден кревет. Највисок процент е забележан во Циглана (15%); Балин Дол (12%) и Питарница (9%). Околу 76% од домаќинствата немаат автомобил.

Од страна на фокус групата беа направени следните забелешки во поглед на инфраструктурата:

- Во Бањешница има потреба од асфалтирање на улиците во рамки на населбата
- Циглана е генерално асфалтирана
- Во Дупка постои потреба од асфалтирање на улиците во рамки на населбата
- Во Балин Дол постои потреба од асфалтирање на улиците во рамки на населбата
- Во Македонско Маало сите улици се асфалтирани
- Во Грудајца/Фазанерија постои потреба од асфалтирање на улиците во рамки на населбата
- Во Леска и во Питарница сите улици се асфалтирани
- Бањашеница има потреба од фекална и атмосферска канализациона мрежа и асфалтирање на улиците
- Во одредени делови на Циглана има потреба од воспоставување на атмосферска канализациона мрежа, а можеби и фекална мрежа на одредени места во населбата
- Дупка има потреба од фекална и атмосферска канализациона мрежа, како и асфалтирање на улиците во рамки на населбата.
- Во Балиндол има потреба од пешачки тротоар, фекална и атмосферска канализациона мрежа и асфалтирање на секундарни улици во внатрешноста на населбата.
- Македонско маало - има потреба да се реши проблемот на трансформација на земјиштето и легализација на објекти со цел да се добие имотен лист.
- Во Грудајца, неопходно е асфалтирање на секундарните внатрешни маалски улици, фекална и атмосферска канализациона мрежа, потребно е да се реши проблемот на трансформација на земјиштето и легализација на објекти за добивање на имотен лист и поврзување со електричната мрежа.
- Леска е генерално средена во поглед на инфраструктурата.
- Питарица е генерално добра со инфраструктура, но има потреба од легализација на куќите.

Според податоците од фокус групите од областа на вработувањето, учесниците наведоа дека најчестите занимања на Ромите во Гостивар варираат од населба до населба.

- Во Бањешница, градежни работници, музичари, сликари и внатрешни градежни работници.
- Во Циглана, музичари, касапи, уметници и градежни работници.
- Во Дупка, градежни работници, собирачи на пластика и железо и сезонски земјоделски работници на поле.
- Во Балин Дол, градежни работници, музичари, касапи и трговци.
- Во Македонско Маало, продавачи, бравари, ковачи, касапи, трговци, музичари.
- Во Грудајци - Фазанерија: ѕидари, гипсари, работници за муниција, сезонски земјоделски работници на поле, музичари.
- Во Леска, трговци, плочкари, музичари, столари, градежни работници.
- Во Питарница, градежни работници, физички работници.

Учесниците во фокус групите посочија дека во Бањешница повеќето Роми се невработени, 60% и пензионери се 10%. Во Циглана процентот на невработени во ромската популација е околу 80%, додека процентот на пензионери е 10%. Во Дупка 100% од Ромите се невработени. Во Балин Дол Ромите се најчесто невработени со околу 60%, неактивни (пензионери и деца) ,30% и вработени ,10%. Во Македонско маало, најголем дел од Ромите се невработени со процентуално учество од околу 65%, неактивни (пензионери и деца) 30%, вработени се 5%. Во Грудајца - Фазанерија најголем дел од Ромите се невработени со учество од околу 70-80%, неактивни (пензионери и деца) 20-30%, вработени 5-10%. Во Леска, Ромите најчесто се невработени со учество од околу 40%, неактивни (пензионери и деца) 30%, вработени 30%. Во Питарница, Ромите најчесто се невработени со учество од околу 90%, неактивни (пензионери и деца) 5% и вработени 5%.

Во однос на резултатите од анкетата за стапката на вработеност, стапката на вработеност како процент во работоспособното население, пресметана од примерокот во секоја општина, изнесува 6%. Стапката на вработеност е многу ниска во споредба со стапката на вработеност на национално и локално ниво. Уделот на вработените жени Ромки е 4%, што е на критично ниво во споредба со општинското ниво за другите етнички малцинства. Сепак, позитивно е што учеството на вработените жени Роми е поголемо отколку кај мажите Роми. Најкритична ситуација е кај Ромите во Питарница, Циглана, Бањешница и Вардарска Маала, каде што е регистрирано 0% на вработеност на мажите и жените. Највисока стапка на вработеност е забележана во Леска и Фазанија.

**Табела 147: Стапка на вработеност во Гостивар**

| Гостивар | Работоспособно население (Роми) | Стапка на вработеност | | Стапка на вработеност -мажи- | | Стапка на вработеност - жени- | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | % | Број на вработени Роми | % | Број на вработени Роми | % | Број на вработени Роми |
| **Балин Дол** | 23 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 |
| **Бањешница** | 4 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 |
| **Циглана/ Дупка** | 19 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 |
| **Фазанерија** | 20 | 10% | 2 | 10 % | 2 | 0% | 0 |
| **Грудајца** | 16 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 |
| **Леска** | 8 | 50% | 4 | 13 % | 1 | 38 % | 3 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Македонско Маало** | 22 | 9% | 2 | 0% | 0 | 9% | 2 |
| **Питарница** | 13 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 |
| **Балин Дол** | **125** | | **8** | | **3** | | **5** |
| **Стапка на вработеност/ Општина** | | **6%** | | **2%** | | **4%** | |

*Забелешка: Стапката на вработеност се пресметува како соодност на вработените Роми и работоспособното ромско население*

Во табелата подолу е прикажана стапката на неформална вработеност. Иако беше наведено дека само 9% од домаќинствата работат, сепак околу 45% од домаќинствата работат неформално. Стапката на неформална вработеност кај мажите е повисока од жените за 9%. Најголема е разликата во Фазанерија, каде околу 33% од мажите работат неформално, додека кај жените таа бројка изнесува 0%. Највисоката стапка на неформална вработеност е забележана во населбата Бањешница.

**Табела 148: Неформална вработеност**

| | Работоспособно население | Неформална работа | Неформална работа - мажи | Неформална работа - жени |
|---|---|---|---|---|
| Балин Дол | 18 | 67% | 33% | 33% |
| Бањешница | 3 | 100% | 33% | 67% |
| Циглана/ Дупка | 15 | 53% | 33% | 20% |
| Фазанерија | 18 | 33% | 33% | 0% |
| Грудајца | 18 | 28% | 22% | 6% |
| Леска | 8 | 0% | 0% | 0% |
| Македонско Маало | 19 | 47% | 32% | 16% |
| Питарница | 9 | 33% | 22% | 11% |
| Вкупно | 105 | 45% | 26% | 19% |

**Слика 73: Сезонска работа**




Слика 73 го прикажува процентот на Роми кои биле вклучени во сезонска работа. Податоците покажуваат дека 66% од Ромите работат сезонски. Највисок процент е регистриран во Македонско Маало 15%, по што следуваат 12% од Ромите во Грудајца и Балин Дол.

**Слика 74: Социјална помош**




Социјалната помош е исто така еден од важните извори на приход на кој се потпираат многу ромски семејства. Бројките покажуваат дека околу 85% од домаќинствата се корисници на социјална помош. Најголем дел на приматели на социјална помош се од Балин Дол, Бањешеица, Циглана и Македонско Маало.

За да се добие општа слика за приходите во ромските семејства, членовите на домаќинствата беа прашани колку заработиле во опсегот од 0 до 70.000 денари. Околу 32% од Ромите имаат месечен приход под 24.000 денари, додека 64% се изјасниле дека имаат приход повисок од 24.000 денари. Останатите домаќинства одбиле да одговорат на ова прашање.

Во споредба со потрошувачката кошница која во февруари 2018 година изнесувала околу 32.000 денари, приближно 12% од семејствата не можат да ги купат основните животни намирници. Во најкритична позиција се Ромите во Циглана и Грудајца, каде што повеќето заработуваат до 12.000 денари.

**Табела 149: Месечен доход/во МКД**

| | 5001 - 12000 | 12001 - 24000 | 24001 - 40000 | 40001 - 70000 | Одбил да одговори |
|---|---|---|---|---|---|
| Балин Дол | 0% | 6% | 6% | 6% | 0% |
| Бањешница | 0% | 0% | 0% | 3% | 0% |
| Циглана/ Дупка | 2% | 6% | 6% | 0% | 0% |
| Фазанерија | 0% | 6% | 6% | 6% | 0% |
| Грудајца | 3% | 6% | 9% | 0% | 0% |
| Леска | 0% | 0% | 6% | 0% | 0% |
| Македонско Маало | 0% | 0% | 3% | 11% | 0% |
| Питарница | 0% | 3% | 3% | 0% | 3% |
| Вкупно | **5%** | **27%** | **39%** | **26%** | **3%** |

Стапката на невработеност кај Ромите во Гостивар, изразена како процентуален дел од работната сила и пресметана од примерокот во секоја општина, изнесува 88%. Како што може да се забележи, според пол, уделот на невработени ромски жени е поголем отколку кај ромските мажи. По населби, највисоко учество на невработени Роми е регистрирано во Балин Дол, Бањешница, Циглана и Питарница (100%), а потоа Грудајца (94%). Што се однесува до жените, најголема невработеност е забележана во Бањешница, каде што 67% од жените се невработени. Како што е презентирано во анкетата, невработеноста е најкритична во Гостивар во споредба со другите општини.

**Табела 150: Стапка на невработеност**

| Гостивар | Работоспособни | Стапка на невработеност | | Стапка на невработеност -мажи- | | Стапка на невработеност - жени- | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | % | Број на невработени Роми | % | Број на невработени Роми | % | Број на невработени Роми |
| Балин Дол | 18 | 100% | 18 | 44 % | 8 | 56 % | 10 |
| Бањешница | 3 | 100% | 3 | 33 % | 1 | 67 % | 2 |
| Циглана/ Дупка | 15 | 100% | 15 | 60 % | 9 | 40 % | 6 |
| Фазанерија | 18 | 67% | 12 | 28 % | 5 | 39 % | 7 |
| Грудајца | 18 | 94% | 17 | 44 % | 8 | 50 % | 9 |
| Леска | 8 | 50% | 4 | 38 % | 3 | 13 % | 1 |
| Македонско Маало | 19 | 89% | 17 | 42 % | 8 | 47 % | 9 |
| Питарница | 9 | 100% | 9 | 44 % | 4 | 56 % | 5 |
| **Вкупно** | **108** | | **95** | | **46** | | **49** |
| **Стапка на невработеност / Општина** | | **88%** | | **43 %** | | **45 %** | |

*Забелешка: Стапката на невработеност се пресметува како број на невработени Роми поделени со работоспособните Роми.*

Со цел да се анализира стапката на невработеност, во рамките на анкетата беа разгледани неколку можни причини. Најголем процент на луѓе - 53% сметаат дека не постојат можности за вработување, додека 38% немаат неопходно образование и вештини за вработување, 62% изјавиле дека работните места се реализираат преку посредство на политичка партија и затоа е тешко да се да најде работа без да се биде член на некоја од политичките партии.

**Табела 151: Причини за невработеност**

| | Отсуство на можности за вработување | Отсуство на образование и вештини за вработување | Партиски вработувања |
|---|---|---|---|
| Балин Дол | 15% | 15% | 9% |
| Бањешница | 0% | 0% | 3% |
| Циглана/ Дупка | 6% | 3% | 9% |
| Фазанерија | 9% | 3% | 15% |
| Грудајца | 6% | 3% | 6% |
| Леска | 3% | 0% | 6% |
| Македонско Маало | 9% | 6% | 15% |
| Питарница | 6% | 9% | 0% |
| Вкупно | 53% | 38% | 62% |

Во табела 154 се прикажани активните и пасивните баратели на работа во општина Гостивар. Податоците се од Агенцијата за вработување од 2017 година. Така, во Агенцијата има околу 416

регистрирани активни Роми кои бараат работа, од кои 47% се мажи. Исто така, околу 219 Роми се регистрирани како пасивни баратели, од кои 45% се мажи.

**Табела 152: Активни и пасивни баратели на работа**

| | Активни баратели на работа | | | Пасивни баратели на работа | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Гостивар | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| | 416 | 197 | 219 | 100 | 61 | 39 |

**Слика 75: Запознаеност со АППТ**




На слика 75 е прикажана запознаеност на Ромите со активните политики на пазарот на трудот. Во просек, 15% знаат за мерките, 63% од населението не се запознаени, додека 18% одбиле да одговорат.

## ОБРАЗОВАНИЕ

Во однос на предучилишното образование, стапката на упис во градинка е најважниот показател за раниот детски развој. Според табелата подолу, анкетата во Гостивар опфаќа 21 дете, од кои 63% се на предучилишна возраст.

**Табела 153: Семејства со деца на училишна возраст**

| | Семејства со деца на предучилишна возраст | Семејства без деца на предучилишна возраст |
|---|---|---|
| Балин Дол | 3 | 3 |
| Бањешница | 0 | 1 |
| Циглана/ Дупка | 5 | 0 |
| Фазанерија | 4 | 1 |
| Грудајца | 3 | 3 |
| Леска | 2 | 0 |
| Македонско Маало | 1 | 4 |
| Питарница | 3 | 0 |
| Вкупно | **21** | **12** |

Како што е прикажано, на национално ниво 20% од ромските деца се упишани во градинка. Има голем број на деца кои не посетуваат градинка (80%), особено во населбите Балиндор, Грудајца, Леска, Македонско Маало и Питарница, кои имаат најголема инциденца на деца кои не се упишани.

**Табела 154: Упис на деца во градинка**

| | Да, некои од нив | Да, сите | Не |
|---|---|---|---|
| Балин Дол | 0% | 0% | 14% |
| Бањешница | 0% | 0% | 0% |
| Циглана/ Дупка | 10% | 5% | 10% |
| Фазанерија | 0% | 5% | 14% |
| Грудајца | 0% | 0% | 14% |
| Леска | 0% | 0% | 10% |
| Македонско Маало | 0% | 0% | 4% |
| Питарница | 0% | 0% | 14% |
| Вкупно | **10%** | **10%** | **80%** |

Меѓу причините, околу 9% се од социоекономска природа, бидејќи родителите немаат финансиски средства за покривање на трошоците во градинката, додека 15% се поврзани со ставот на луѓето дека нивните деца се премногу мали за да бидат запишани во предучилишното образование.

**Табела 155: Пречки за упис во предучилишно образование/градинка**

| | Друго | Кога ќе ги донесеме, вработените ни кажуваат дека нема место и ние треба да чекаме долго време | Немаме средства за покривање на трошоците | Се плашиме, бидејќи тие се премногу мали | Во нашата населба нема градинка |
|---|---|---|---|---|---|
| Балин Дол | 0% | 6% | 3% | 0% | 0% |
| Бањешница | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% |
| Циглана/ Дупка | 0% | 0% | 0% | 6% | 0% |
| Фазанерија | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% |
| Грудајца | 0% | 0% | 0% | 3% | 6% |
| Леска | 3% | 0% | 0% | 3% | 0% |
| Македонско Маало | 0% | 3% | 0% | 0% | 0% |
| Питарница | 0% | 0% | 6% | 3% | 0% |
| Вкупно | 3% | 9% | 9% | 15% | 6% |

Понатаму, во секторот образование, има 50 ромски деца на училишна возраст. Во однос на овие деца, 78% од домаќинствата изјавиле дека децата одат на училиште, а 12% од домаќинствата дека децата не одат на училиште.

**Табела 156: Упис на деца во основни и средни училишта**

| | Број на деца на училишна возраст | Да | | Не | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Број на деца | % | Број на деца | % |
| Балин Дол | 12 | 7 | 58% | 5 | 42% |
| Бањешница | 1 | 1 | 100% | 0 | 0% |
| Циглана/ Дупка | 13 | 11 | 85% | 2 | 15% |
| Фазанерија | 9 | 9 | 100% | 0 | 0% |
| Грудајца | 5 | 2 | 40% | 3 | 60% |
| Леска | 5 | 5 | 100% | 0 | 0% |
| Македонско Маало | 5 | 3 | 60% | 2 | 40% |
| **Вкупно** | **50** | **38** | | **12** | |
| **Стапка на упис во училиште / Општина** | | | **76%** | | **24%** |

*Забелешка: Стапката на упис во училиште беше пресметана со делење на бројот на деца на училишна возраст запишани во основно или средно образование со вкупниот број на деца на училишна возраст (кои ги исполнуваат условите за упис), а потоа добиениот количиник се множи со 100 за да се добие процент.*

Табела 159 ја покажува перцепцијата за дискриминација на ромските деца на училиште. Околу 9% Роми од Циглана пријавиле дека биле дискриминирани, и тоа 3% од наставникот и 6% од соучениците. Исто така, 6% од домаќинствата одговориле дека не знаат дали нивните деца биле дискриминирани во училиштето.

**Табела 157: Перцепција за дискриминација на училиште**

| | Да, од професор / учител | Да, од соученик | Не | Не знам | Одбил да одговори |
|---|---|---|---|---|---|
| Балин Дол | 0% | 0% | 12% | 0% | 6% |
| Бањешница | 0% | 0% | 3% | 0% | 0% |
| Циглана/ Дупка | 3% | 6% | 3% | 3% | 0% |
| Фазанерија | 0% | 0% | 12% | 0% | 6% |
| Грудајца | 0% | 0% | 3% | 0% | 14% |
| Леска | 0% | 0% | 0% | 0% | 6% |
| Македонско Маало | 0% | 0% | 6% | 0% | 12% |
| Питарница | 0% | 0% | 3% | 3% | 3% |
| Вкупно | 3% | 6% | 41% | 6% | 44% |

## ЗДРАВСТВО

Во областа на здравството, податоците покажуваат како домаќинствата ја оценуваат здравствената состојба, користејќи скала од 1 до 5, каде што 1 е лоша, додека 5 е одлична здравствена состојба. Според податоците, 0% од домаќинствата пријавиле 1 - лошо, 3% пријавиле 2 - додека 47% од домаќинствата го оцениле своето здравје со 3 - добра здравствена состојба. Исто така, 50% од испитаниците го оцениле своето здравје како многу добро.

**Табела 158: Субјективна здравствена состојба (1-лоша, 5-одлична)**

| | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Балин Дол | 0% | 9% | 3% | 6% |
| Бањешница | 0% | 0% | 3% | 0% |
| Циглана/ Дупка | 3% | 3% | 3% | 6% |
| Фазанерија | 0% | 9% | 6% | 3% |
| Грудајца | 0% | 12% | 3% | 3% |
| Леска | 0% | 0% | 6% | 0% |
| Македонско Маало | 0% | 8% | 5% | 0% |
| Питарница | 0% | 6% | 0% | 3% |
| Вкупно | **3%** | **47%** | **29%** | **21%** |

Во рамки на истиот збир на прашања, од 33 домаќинства, 3% одговориле дека најблиската здравствена станица е на 100 до 500 m оддалеченост; 6% навеле оддалеченост од 1 km до 2 km, 32% од 2 km до 5 km, додека 59% одговориле дека најблиската здравствена станица е на 1 km.

### Табела 159: Одалеченост од болница/здравствена станица

| | 100m - 600m | 600m-1km | 1km - 2km | 2km - 5km |
|---|---|---|---|---|
| Балин Дол | 0% | 2% | 0% | 15% |
| Бањешница | 0% | 3% | 0% | 0% |
| Циглана/ Дупка | 0% | 15% | 0% | 0% |
| Фазанерија | 0% | 12% | 3% | 2% |
| Грудајца | 0% | 18% | 0% | 0% |
| Леска | 3% | 0% | 3% | 0% |
| Македонско Маало | 0% | 0% | 0% | 15% |
| Питарница | 0% | 9% | 0% | 0% |
| Вкупно | **3%** | **59%** | **6%** | **32%** |

Последното прашање од делот за здравство беше во однос на месечниот издаток на домаќинствата за потребите на здравствената заштита за членовите на семејството. Во однос на ова прашање, 21% одговориле дека трошат од 100 денари до 1000 денари, 49% пријавиле дека трошат од 1001 до 3000 денари, 24% од домаќинствата одговориле дека трошат од 3001 до 6000 денари. Околу 3% трошат повеќе од 6000 денари, додека 3% не знаат.

### Табела 160: Трошоци за лекови/месечно, во МКД

| | 100 - 1000 МКД | 1001 – 3000 МКД | 3001 – 6000 МКД | >6000 МКД | Не знам |
|---|---|---|---|---|---|
| Балин Дол | 6% | 6% | 6% | 0% | 0% |
| Бањешница | 0% | 3% | 0% | 0% | 0% |
| Циглана/ Дупка | 3% | 6% | 3% | 3% | 0% |
| Фазанерија | 6% | 6% | 3% | 0% | 3% |
| Грудајца | 0% | 12% | 6% | 0% | 0% |
| Леска | 3% | 2% | 0% | 0% | 0% |
| Македонско Маало | 0% | 8% | 6% | 0% | 0% |
| Питарница | 3% | 6% | 0% | 0% | 0% |
| Вкупно | **21%** | **49%** | **24%** | **3%** | **3%** |

## Општина Штип

### ОПШТИ ПОДАТОЦИ




Општина Штип е сместена во централниот источен дел на Република Македонија. Таа зафаќа површина од 891km², или 3,1% од површината на Републиката, со 71 населба. Областа на градот со населбите зафаќа 13,5 km². Општина Штип лежи во средното сливно подрачје на реката Бриганци. Се граничи со седум општини: Радовиш, Конче, Неготино, Градско, Лозово, Св. Никол и Карбинци, со добра локација и патна поврзаност.

Главна карактеристика на стопанството во Штип е текстилната индустрија. Според бројот на вработени во текстилната индустрија, Штип се смета за еден од водечките текстилни центри во поширокиот регион. Освен текстилната индустрија, постои производство на кожа, храна, како и дрвна и метална индустрија. Од другите сектори постојат транспортни услуги и трговија на големо и мало.

**Слика 76: Ромски населби во Штип**




Според пописот на населението, домаќинствата и станбените единици во Република Македонија од 2002 година, општината Штип брои 47.796 жители. Уделот на ромската популација е 5%.

Според фокус групите во општина Штип, има околу 1.160 ромски домаќинства, а вкупниот број на ромска популација ја надминува бројката од 5.000 Роми. Според дискусијата и перцепцијата за застапеноста на Ромите по населби на улиците:

**Табела 161:Ромски населби во Штип**

| Големи ромски населби | Населби од средна големина | Мали населби |
|---|---|---|
| 1. Радански пат,<br>2. Косово и<br>3. Света Недела | 4. Димо Хаџи Димов<br>5. Каваклија<br>6. 8ми ноември | 7. Широк дол<br>8. Дузлачки рид<br>9. Македонка |

Што се однесува до учеството на Ромите во донесувањето на одлуки на локално ниво, постои едно (1) лице кое учествува во одборот на основно училиште.

### ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

**Ромска популација и населби**

Според пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, општина Штип има 47.796 жители, од кои 50,05% се мажи, а 49,95% се жени. Во однос на етничкиот состав на населението, 87% се Македонци, 3% се Турци, 5% Роми, 4% Власи и 1.% Срби и други. Во однос на возрасната структура на населението, возрасната група од 15-64 години е најзастапена со 72%, додека најстарата група (над 65) сочинува само 10% од вкупното население, а децата на возраст од 0-14 години се застапени со 18%.

**Табела 162: Население во Штип врз основа на етничка припадност**

| Штип | | |
|---|---|---|
| Македонци | 41,670 | 87% |
| Албанци | 12 | 0% |
| Турци | 1,272 | 3% |
| Роми | 2,195 | 5% |
| Власи | 2,074 | 4% |
| Срби | 294 | 1% |
| Бошњаци | 11 | 0% |
| Друго | 265 | 1% |

Во Штип приближната дистрибуција на ромското население во ромските населби и надвор од ромските населби е:

- 80% од Ромите живеат во следните населби: Радански Пат, Косовска, Света Недела и Каваклија

- 50% од Ромите живеат на улицата Димо Хаџи Димов,

- 30% од Ромите живеат во населбите Широк Дол, 8 ноември,

- 20% Роми живеат во Дузлачки

**Табела 163: Проценето ромско население според фокус групите**

| Населба | Домаќинство | Население |
|---|---|---|
| Радански пат | 400 | 1600 - 1800 |
| Косовска | 250 | 1000 – 1200 |
| Св. Недела | 150 | 600 - 800 |
| Каваклија | 50 | 200 – 250 |
| 8ми Ноември | 100 | 400 - 500 |
| Димо Хаџи Димов | 100 | 400 – 500 |
| Дузлачки рид | 50 | 150 – 200 |
| Македонка | 20 | 80 – 100 |
| Вкупно | 1,120 | 4,430 – 5,350 |

Ромското население во Штип според фокус групите е проценето на околу 4.430 - 5.350 Роми. Во последните три години е забележано значително зголемување на населението поради создавање на нови семејства. Сепак, од 2009 година многу ромски семејства се иселуваат и во Западна Европа.

**Слика 77: Пирамида на население во Штип**




Слика 77 ја покажува распределбата на ромската популација врз основа на возраста во Штип. Ромското население во Штип е умерено младо, околу 35% од населението е на возраст од 0 до 14 години; 64,3% се на возраст од 19-64 години, а само 1,6% имаат над 64 години.

**Слика 78: Баратели на азил по домаќинство во Штип**




Слика 78 ги прикажува барателите на азил по зона и по домаќинство, вклучувајќи најмалку едно лице кое побарало азил во некоја од земјите на ЕУ. Може да се забележи дека околу 27% од Ромите побарале азил со највисок процент регистриран во Косовска - 17% и Радански пат 7%.

## ДОМУВАЊЕ

Генерално во просек, во едно домаќинство во Штип живеат 3,86 лица, со најголема застапеност на член на домаќинство во Косовска.

**Слика 79: Просечен број на жители по домаќинство по населби**




Во однос на големината на живеалиштето, околу 20% од становите се во категоријата домаќинство помало од 50 $m^2$. По населби, најранливата зона (зоната каде што има најмали живеалишта) се забележани во населбата Косовска (7%). Околу 50% од живеалиштата имаат

51-71 $m^2$, со 23% во Косовска, 16% во Радански пат и 10% во Света Недела. Населбите со најголеми живеалишта се во Косовска (21%) и Св. Недела (7%) - види Табела 166, подолу.

### Табела 164: Големина на живеалиште

| | 17 $m^2$- 30 $m^2$ | 31 - 50 $m^2$ | 51 - 70 $m^2$ | 71 - 90 $m^2$ | Повеќе од 90 $m^2$ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Косовска | 7% | 3% | 23% | 21% | 3% | 57% |
| Радански пат | 0% | 7% | 16% | 0% | 0% | 23% |
| Св. Недела | 0% | 3% | 10% | 7% | 0% | 20% |
| Вкупно | **7%** | **13%** | **49%** | **28%** | **3%** | **100%** |

Табела 167 ја прикажува сопственичката структура на ромското домаќинство во Штип. Може да се забележи дека релативно висок процент на Роми ги поседуваат своите живеалишта - речиси 93% од Ромите ја поседуваат својата куќа. Околу 7% од Ромите не ги поседуваат становите, при што 3% од Ромите живеат во куќа што им припаѓа на нивните роднини, а 4% во импровизирани живеалишта. Импровизираните живеалишта се во населбата Св. Недела.

### Табела 165: Сопственичка структура на живеалиштата

| | Импровизирано живеалиште (картонска куќа) | Куќа во туѓа сопственост (роднина) | Сопствена куќа | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Косовска | 0% | 3% | 54% | 57% |
| Радански пат | 0% | 0% | 23% | 23% |
| Св. Недела | 4% | 0% | 16% | 20% |
| Вкупно | **4%** | **3%** | **93%** | **100%** |

Околу 90% од Ромите во Штип имаат сопственичка документација за своите куќи, со што општината влегува во групата општини со највисок процент на легализирани куќи. Околу 7% од куќите се во процес на легализација, а се наоѓаат во Косовска населба. Само 3% од куќите во Св. Недела не се легализирани, што одговара на процентот на импровизирани живеалишта.

### Табела 166: Легализација на живеалиштата

| | Да | Не | Во процес на легализација | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Косовска | 50% | 0% | 7% | 57% |
| Радански пат | 23% | 0% | 0% | 23% |
| Св. Недела | 17% | 3% | 0% | 20% |
| Вкупно | **90%** | **3%** | **7%** | **100%** |

Во однос на проблемите што ги има домаќинството, слични состојби може да се забележат и во другите општини. Највисок процент (50%) изјавиле дека имаат проблеми со влага, со најголем

- ⇨ Населбата Македонска е целосно асфалтирана. Има пристап до вода и канализација.
- ⇨ Населбите 8 ноември, Широк дол, Дозлатки, Македонка и Димо Хаџи Димов се генерално урбанизирани. Во тек е подготовката на Генералниот урбанистички план на Општина Штип.
- ⇨ Со процесот на денационализација, постои проблем во постапката во однос на пристапот до електрична енергија, ромските домаќинства се поврзани со електричната мрежа на ЕВН, но во населените места Косовска, Света Недела, Дузлански Рид, Широк дол и дел од Радански пат околу 80-90% од населбите имаат низок напон и не постои редовно улично осветлување.
- ⇨ Досега, легализирани се околу 30% од доставените 1000 барања за легализација на бесправно изградени куќи на Ромите или околу 300 ромски куќи. Останатите 70% од барањата се во постапка, а останатите досега не поднеле целосни барања. Од вкупно поднесените барања за легализација, 50-60% од барањата за бесправно изградени објекти поднесени во 2011 година се решени.

процент забележан во Косовска (30%). Вториот најголем проблем е тоа што куќите во Косовска и Св. Недела се изградени од несоодветен материјал. Ист процент од Ромите (6%) пријавиле дека немаат пристапен асфалтен пат.

**Табела 167: Главни инфраструктурни проблеми и проблеми со домувањето кај Ромите/домаќинствата**

| | Куќата има влага | Куќата нема доволно осветлување | Куќата е изградена од несоодветен материјал | Куќата нема пристапен асфалтен пат |
|---|---|---|---|---|
| Косовска | 30% | 13% | 4% | 3% |
| Радански пат | 10% | 0% | 0% | 0% |
| Св.Недела | 10% | 0% | 3% | 3% |
| Вкупно | 50% | 13% | 7% | 6% |

Во табелата е прикажан типот на подот во куќите во Штип. Како што може да се забележи, 10% од домаќинствата изјавиле дека немаат соодветен под, со најголем процент во Косовска 7% и Св. Недела 3%. Што се однесува до прозорците, нема куќи со PVC прозорци - кои се најквалитетни; 47% се изјасниле дека нивните прозорци се од алуминиумски профил, додека 43% се од дрвен профил.

**Слика 80: Тип на под во куќите во Штип**




**Слика 81: Тип на прозорци во куќите**




Табелата 170 го прикажува пристапот на домаќинството до комуналната инфраструктура. Како што може да се забележи, живеалиштата имаат пристап до електрична енергија. Домаќинствата изјавиле дека имаат пристап до вода за пиење во внатрешноста на куќата, додека околу 39% од сопствениците на живеалиштата пријавиле дека немаат вода надвор од куќата со најголем процент забележан во Радански пат (75%). Што се однесува до пристапот до тоалет со бања, 6% од домаќинствата се изјасниле дека имаат пристап, а ист процент, 6% изјавиле дека немаат тоалет со бања. Околу 4% немаат пристап до кујна во куќите. Податоците велат дека 100% од домаќинствата немаат пристап до кујна надвор од куќата. Во однос на канализациониот систем, 100% од Ромите во Штип изјавиле дека имаат пристап.

**Табела 168: Пристап до комунална инфраструктура**

- *Ромските населби се исклучени од електрична енергија од страна на ЕВН поради незаконски пристап. Сепак, тие незаконски се поврзуваат со електричната мрежа и обично имаат низок напон на електрична енергија, што често резултира со палење (прегревање) на апаратите за домаќинство. Куќите се густо изградени во одредени места во соседството и поради тоа понекогаш е проблем за единицата за противпожарна заштита и амбулантата да пристапи до овие куќи.*
- *За населбата Радански пат, може да се каже дека главните и споредните улици се асфалтирани и во добра состојба. Радански пат е урбанизиран, но ДУП-от е од 1984 година, а некои делови сеуште не се урбанизирани бидејќи се изградени нови куќи. Соседството има пристап до вода за пиење, но во повисоките делови притисокот е слаб и има канализација во населбата.*
- *Во населбата Косовска, главната улица има потреба од реконструкција, некои делови се асфалтирани и бетонирани, но во рамките на населбата постои потреба од асфалт на неколку улици. Косовска има делови што не се урбанизирани, има пристап до вода за пиење, но во повисоките делови притисокот е слаб и има потреба од реновирање на канализационата мрежа и водоснабдувањето.*
- *Во населбата Света Недела, главната улица бара целосна реконструкција. Во внатрешноста на населбата, другите улици не се асфалтирани. Постојат неурбанизирани населби во кои живеат Ромите. Една од нив е Света Недела, која не е целосно урбанизирана област и потребно е да се усвои Детален урбанистички план (ДУП) за домување. Во оваа населба поголемиот дел од домаќинствата се незаконски поврзани со водоводната и канализациската мрежа. Постои пристап до вода за пиење и е особено критично во текот на летниот период кога жителите немаат пристап до вода неколку дена за време на попладневните часови. Во продолжение, постои проблем со низок притисок на водата и има „полски тоалети“ кои не можат да се поврзат со канализационата мрежа.*
- *Каваклија е генерално достапна, но постојат улици кои треба да се асфалтираат. Во населбата Каваклија, 80% Роми немаат лична документација, но повеќето од куќите се легализирани со Законот за бесправно изградени објекти. Во оваа населба повеќето од домаќинствата се незаконски поврзани со водоводната и канализациската мрежа.*
- *За населба 8ми Ноември, може да се оцени дека патиштата се генерално асфалтирани. Исто така има пристап до вода и канализација. Широк дол е достапен со добар пат, но во рамките на населбата постои потреба од асфалтирање и поврзување на Широк дол со Радански пат со пат од 500 метри, како и потпорни ѕидови што треба да се подигнат. Има пристап до вода и канализација.*
- *Димо Хаџи Димов е асфалтирана, но постојат неколку улици кои треба да се асфалтираат. Има пристап до вода и канализација.*
- *Дузлачки Рид е асфалтиран, но постојат неколку улици кои треба да се асфалтираат. Има пристап до вода и канализација. Постои можност да се урбанизираат ромските населби и во одредени делови каде што не може да се урбанизираат, некои куќи треба да се дислоцираат.*

| | Electricity | | Drinking water inside the house | | Drinking water outside the house | | Toilet with bathroom | | Toilet inside the house | | kitchen inside the house | | Kitchen outside the house | | Sewage system | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Settlement | Yes | No | Yes | No | Yes | No | Yes | No | Yes | No | Yes | No | Yes | No | Yes | No |
| Kosovska | 100% | 0% | 100% | 0% | 41% | 59% | 82% | 18% | 82% | 18% | 88% | 12% | 0% | 100% | 100% | 0% |
| Radanski pat | 100% | 0% | 100% | 0% | 75% | 25% | 100% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 100% | 0% |
| Sv. Nedela | 100% | 0% | 100% | 0% | 67% | 33% | 100% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 100% | 0% |
| **Average** | **100%** | **0%** | **100%** | **0%** | **61%** | **39%** | **94%** | **6%** | **94%** | **6%** | **96%** | **4%** | **0%** | **100%** | **100%** | **0%** |

*Забелешка: N/A - Недостапни информации (% од лица кои не дале одговор на ова прашање)*

Табела 171 го претставува процентот на куќи кои немаат пристап до различни апарати за домаќинство. Како што може да се забележи, само 3% од населбата Косовска изјавиле дека немаат пристап до телевизија, околу 13% немаат сателитска или кабелска телевизија. Во однос на пристапот до интернет, 30% од домаќинствата немаат пристап со најголема застапеност во Косовска и Св. Недала. Сепак, во однос на пристап до компјутер/лаптоп, 63% од домаќинствата изјавиле дека немаат, процент кој е сличен и во другите општини. 93% од домаќинствата поседуваат мобилен телефон, а 90% од домаќинствата имаат фиксен телефон, што значи дека ситуацијата е подобра отколку во другите општини. Во продолжение, само 7% се изјасниле дека немаат машина за перење и 7% немаат пегла. Меѓутоа, 13% од домаќинствата изјавиле дека немаат електричен шпорет. Околу 20% изјавиле дека немаат трпезариска маса и само 17% немаат кревет за секој член на семејството, што е значително подобро отколку во другите општини. И на крај, 87% од домаќинствата пријавиле дека немаат автомобил.

### Табела 169: Немање пристап до различни апарати за домаќинство

| | Косовска | Радански пат | Св.Недела | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Телевизија | 3% | 0% | 0% | 3% |
| Сателитска / кабелска телевизија | 10% | 0% | 3% | 13% |
| Интернет | 17% | 3% | 10% | 30% |
| Компјутер / лаптоп | 37% | 13% | 13% | 63% |
| Телефон | 3% | 3% | 3% | 10% |
| Мобилен телефон | 0% | 3% | 3% | 7% |
| Машина за перење | 7% | 0% | 0% | 7% |
| Пегла | 53% | 23% | 17% | 93% |
| Фрижидер | 3% | 0% | 3% | 7% |
| Правосмукалка | 7% | 0% | 0% | 7% |
| Електричен шпорет | 10% | 0% | 3% | 13% |
| Трпезариска маса | 13% | 0% | 7% | 20% |
| Кревет за секој член на семејството | 10% | 3% | 3% | 17% |
| Автомобил | 50% | 23% | 13% | 87% |

**Слика 82: Дали во вашето живеалиште постои некој од следните проблеми**




Последното прашање во врска со домувањето е поврзано со проблемите со кои едно домаќинство се соочува во смисла на некои природни непогоди. Околу 13% зијавиле дека се соочуваат со свлечишта, главно во Св. Недала (7%) и 3% од домаќинствата во Косовска и Радански пат. Поплави се присутни во населбата Св. Недела.

## ВРАБОТЕНОСТ

Фокус групите одржани во Штип ги посочија следните релевантни аспекти поврзани со занимања кај Ромите/домаќинствата:

- *Радански пат - Роми работат во текстилната фабрика и во фабриката за чевли Баргала, некои од нив работат како хигиеничари и музичари.*
- *Во Косовска, Ромите работат во текстилната фабрика, како хигиеничари / чистење во болницата, продавниците и домовите, како музичари, собирачи на секундарни суровини и продавачи на текстил.*
- *Во Света Недела, Ромите работат како сезонски работници и собирачи на секундарни суровини, како чистачи и мал дел од Ромите работат во конфекции.*
- *Во Каваклија, Ромите работат како сезонски работници и дел од нив работат во текстилните фабрики.*
- *Во 8ми Ноември, Ромите работат како таксисти, музичари и продавачи на текстил.*
- *Во Широк дол, Ромите работат како сезонски работници, хигиеничари и собирачи на секундарни суровини.*
- *Во Димо Хаџи Димов, Ромите најчесто работат во текстилната и кожарската индустрија, како продавачи на текстил, музичари, дел од нив водат сопствени бизниси а дел од Ромите се вработени во јавната администрација.*
- *Во Дузлачки Рид, Ромите работат како текстилни работници, музичари и сезонски работници.*
- *Во Македонска, Ромите работат како текстилни работници и хигиеничари*

Исто така, за време на дискусиите на Фокус групата претставникот на Агенцијата за вработување изјави дека од 31 август 2018 година во Агенцијата за вработување во Штип има пријавено **233 невработени** Роми, од кои **110** се **жени**. Во однос на нивото на образование на Ромите, следните информации се релевантни: има 211 неквалификувани Роми од кои 105 се жени. Постојат 11 полу-квалификувани Роми, од кои 1 е жена. Квалификувани се 5 од кои 1 жена и нема ниту еден кој е високо квалификуван. Со средно стручно образование има 4 невработени Роми, од кои 3 жени. Со високо образование, постојат 2 Роми, меѓу кои нема жени. Нема Роми со магистратура и доктор на науки.

Постојат посебни мерки (програми) за Ромите. Кога се испраќаат покани за обуки, од 100 Роми присуствуваат само 2 или 3 лица. Ромите имаат можност да аплицираат за практикантска работа, како и да стекнат вештини без образование, како што се курсеви за шиење, масери и фризери, а достапни им се и грантови и мерки за самовработување. За да учествуваат во мерките, младите Роми треба да покажат поголем интерес да аплицираат во АВ. Според Агенцијата за вработување, на пазарот на трудот постои недостаток на текстилни и кожни работници, како и монтери и заварувачи.

Во однос на резултатите од истражувањето за нивото на вработеност, стапката на вработеност изнесува 27%, пресметана од работоспособното население од примерокот во секоја општина. Уделот на вработените жени е поголем од вработените мажи Роми, и е еден од највисоките во споредба со другите општини. Тоа е затоа што текстилниот сектор во Штип е многу развиен и многу жени се вработени во тој сектор.

**Табела 170:Стапка на вработеност**

| Штип | Работоспособно население (Роми) | Стапка на вработеност | | Стапка на вработеност-мажи | | Стапка на вработеност-жени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | % | Број на вработени Роми | % | Број на вработени Роми | % | Број на вработени Роми |
| Косовска | 52 | 19% | 10 | 8% | 4 | 11 % | 6 |
| Радански пат | 17 | 24% | 4 | 12 % | 2 | 12 % | 2 |
| Св. Недела | 16 | 50% | 8 | 19 % | 3 | 31 % | 5 |
| **Вкупно** | **85** | | 23 | | 10 | | 13 |
| **Стапка на вработеност / Општина** | | **27%** | | **12 %** | | **15 %** | |

*Забелешка: стапката на вработеност се пресметува како сооднос на вработените Роми и работоспособното ромско население*

Во табелата подолу е прикажана стапката на неформална вработеност. Во просек 24% од Ромите работат неформално, со највисок процент регистриран во Св. Недела (33%). Жените бележат повисока стапка на неформална вработеност од мажите, со најголема разлика во населбата Радански пат.

**Табела 171: Неформална вработеност**

| | Работоспособно население | Неформална работа | Неформална работа/мажи | Неформална работа/жени |
|---|---|---|---|---|
| Косовска | 25 | 20% | 8% | 12% |
| Радански пат | 10 | 20% | 0% | 20% |
| Св. Недела | 12 | 33% | 25% | 8% |
| Просек | 47 | 24% | 11% | 13% |

**Слика 83: Сезонска работа**




Слика 83 го прикажува процентот на Роми вклучени во сезонска работа. Податоците покажуваат дека 23% од Ромите работат сезонски. Највисок процент е регистриран во Косовска со 13%, по што следи Св. Недела со 7% и 3% од Ромите работат сезонски во населбата Радански пат.

### Слика 84: Социјална помош




Социјалната помош е исто така еден важен извор на приход на кој се потпираат многу ромски семејства. Податоците покажуваат дека околу 41% од домаќинствата од Косовска примиле социјална помош и 14% од Радански пат, додека 0% од Св. Недела. Најголем дел од корисниците на социјална помош се наоѓаат во населбата Косовска.

За да се добие општа слика за приходот во ромските семејства, членовите на домаќинствата беа прашани колку заработуваат во опсег од 0 до 70.000 денари. Околу 78% од Ромите имаат месечни примања под 24.000 денари, додека 22% пријавиле дека имаат приходи поголеми од 24.000 денари. Во споредба со потрошувачката кошница која во февруари 2018 година изнесувала околу 32.000 денари, околу 35% од семејствата не можат да ги купат основните намирници. Најкритична е состојбата со Ромите во Косовска и Св. Недела, каде што 14% од Ромите заработуваат до 5.000 денари.

### Табела 172: Месечен приход /во МКД

| | 0 - 5000 | 5001 - 12000 | 12001 - 24000 | 24001 - 40000 | 40001 - 70000 |
|---|---|---|---|---|---|
| Косовска | 11% | 13% | 23% | 10% | 0% |
| Радански пат | 0% | 7% | 7% | 7% | 2% |
| Св. Недела | 3% | 1% | 13% | 0% | 3% |
| Вкупно | **14%** | **21%** | **43%** | **17%** | **5%** |

Стапката на невработеност кај Ромите во Штип изнесува 80%, пресметана како дел од работната сила од примерокот во секоја општина. Како што може да се забележи, во однос на полот, учеството на невработените Ромки е повисоко отколку кај мажите. Според населба, највисоката стапка на невработеност е регистрирана во Св. Недела и Косовска, Бањешница. Што се однесува до жените највисока стапка на невработеност е забележана во Косовска, каде 64% од жените се невработени.

### Табела 173: Стапка на невработеност во Штип

| **Штип** | **Работна сила** | Стапка на невработеност | | Невработеност-мажи | | Невработеност-жени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | % | Број на невработени (Роми) | % | Број на невработени (Роми) | % | Број на невработени (Роми) |
| Косовска | 25 | 80% | 20 | 16% | 4 | 64% | 16 |
| Радански пат | 10 | 80% | 8 | 40% | 4 | 40% | 4 |
| Св. Недела | 12 | 83% | 10 | 50% | 6 | 33% | 4 |
| Вкупно | **47** | | **38** | | **14** | | **24** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Стапка на невработеност / Општина** | **81%** | | **30%** | | **51%** | |

*Забелешка: Стапката на невработеност се пресметува така што број на невработени Роми се дели со работната сила (Роми).*

Со цел да се процени стапката на невработеност, во рамките на истражувањето беа наведени неколку можни причини. Најголем процент од испитаниците - 20% сметаат дека не постојат можности за вработување, додека 20 немаат образование и вештини за вработување, 7% изјавиле дека работните места се добиваат преку политичка партија па затоа е тешко да се најде работа без членство во некоја од политичките партии. Исто така, релативно висок процент - 20% не бараат работа. Околу 10% се невработени затоа што се плашат дека можат да ја изгубат социјалната помош, додека 7% изјавиле дека имаат некаква попреченост и затоа не можат да работат.

**Табела 174: Причини за невработеност**

| | Отсуство на можности за вработување | Отсуство на образование и вештини за вработување | Партиски вработувања | Не барам работа | Работам повремено и тоа е доволно | Ако работам ќе ја изгубам социјалната помош | Попреченост за работа |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Косовска | 17% | 13% | 0% | 10% | 3% | 10% | 3% |
| Радански пат | 0% | 0% | 0% | 7% | 3% | 0% | 3% |
| Св. Недела | 3% | 7% | 7% | 7% | 3% | 0% | 0% |
| Вкупно | **20%** | **20%** | **7%** | **23%** | **10%** | **10%** | **7%** |

**Слика 85:Запознаеност со АППТ**




Сликата го покажува степенот на запознаеност на Ромите со активните политики на пазарот на трудот. Во просек, 90% знаат за мерките, 7% од населението не се запознаени, додека 3% одбиле да одговорат. Може да се заклучи дека Ромите од Штип се најмногу свесни за АППТ во споредба со Ромите од другите општини.

ОБРАЗОВАНИЕ

Во однос на предучилишното образование, стапката на упис во градинката е најважен показател за одредување на раниот детски развој. Според табелата подолу, во Штип беа идентификувани 30 деца, од кои 40% од нив на претшколска возраст.

### Табела 175: Семејства со деца на училишна возраст

| | Семејства со деца на претшколска возраст | Семејства без деца на претшколска возраст |
|---|---|---|
| Косовска | 7 | 10 |
| Радански пат | 2 | 5 |
| Св. Недела | 3 | 3 |
| Вкупно | **12** | **18** |

Според податоците, на национално ниво, градинка посетуваат 8% од децата. Голем број на деца не посетуваат градинка (92%), при што поголемиот дел од децата во Радански пат и Св. Недела не се запишани во градинка.

### Табела 176: Упис на деца во градинка

| | Да, сите | Не |
|---|---|---|
| Косовска | 8% | 50% |
| Радански пат | 0% | 17% |
| Св. Недела | 0% | 25% |
| Вкупно | **8%** | **92%** |

На прашањето зошто не ги упишуваат своите деца во детски градинки, 16% од домаќинствата изјавиле дека можат подобро да се грижат за своите деца отколку градинката, додека 13% од домаќинствата не ги упишуваат децата поради нивната социоекономска состојба. Само 3% изјавиле дека нема институционални капацитети за примање ромски деца.

### Табела 177: Пречки за упис во предучилишо образование/градинка

| | Кога ги носиме во градинката, вработените ни кажуваат дека нема место и дека треба да чекаме подолго време | Може да се грижиме за нив подобро од градинката | Немаме средства да ги покриеме трошоците |
|---|---|---|---|
| Косовска | 0% | 13% | 3% |
| Радански пат | 0% | 3% | 3% |
| Св. Недела | 3% | 0% | 7% |
| Вкупно | **3%** | **16%** | **13%** |

Понатаму, во образовниот сектор има 15 деца на училишна возраст. Од нив, 67% од претставниците на домаќинствата изјавиле дека нивните деца одат на училиште, а 33% се изјасниле дека нивните деца не одат на училиште (види Табела 180).

### Табела 178: Упис на деца во осносвно и средно образование

| | **Број на деца на училишна возраст** | **Да** | | **Не** | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **Број на деца** | **%** | **Број на деца** | **%** |
| Косовска | 15 | 11 | 73% | 4 | 27% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Радански пат | 3 | 2 | 67% | 1 | 33% |
| Св. Недела | 2 | 0 | 0% | 2 | 100% |
| **Вкупно** | **20** | **13** | | **7** | |
| **Стапка на упис во училиште / Општина** | | | **65%** | | **35%** |

*Забелешка: Стапката на упис во училиште беше пресметана со делење на бројот на деца на училишна возраст упишано во основно или средно образование со вкупниот број деца на училишна возраст (кои ги исполнуваат условите за упис), а потоа, количникот се множи со 100 за да се добие процентот.*

## ЗДРАВСТВО

Во областа на здравството, податоците откриваат како домаќинствата ја оценуваат здравствената состојбата, при што се користи скала од 1 до 5 - 1 е лоша и 5 е одлична. Општа проценка е дека здравјето кај ромските домаќинства е умерено лошо. Околу 46% сметаат дека имаат умерено лоша здравствена состојба, со најголем процент забележан во Косовска (20%) и Радански пат (13%). Само 10% од домаќинствата сметаат дека се во многу добро здравствена состојба (види Табела 181 подолу). Околу 7% од домаќинствата одбиле да одговорат на ова прашање.

**Табела 179: Субјективна здравствена состојба (1-лоша, 5-одлична)**

| | 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|---|
| Косовска | 3% | 20% | 23% | 10% |
| Радански пат | 0% | 13% | 7% | 0% |
| Св. Недела | 0% | 10% | 7% | 0% |
| Вкупно | **3%** | **43%** | **37%** | **10%** |

На 46% од домаќинствата кои ја оцениле здравствената состојба со 1 и 2 - лоша и умерено лоша, им беа поставени дополнителни прашања за изнаоѓање на можните причини. Како што може да се забележи од табелата, причината за нивното умерено лошо здравје е главно поврзана со нивната сегашна влошена здравствена состојба. Околу 7% го оцениле здравствениот статус како умерено лош поради нездравите услови на живеење и попреченост (види Табела 182).

**Табела 180: Причини за лоша здравствена состојба**

| | Нездрави животни услови | Сериозна повреда-попреченост | Влошена здравствена состојба |
|---|---|---|---|
| Косовска | 3% | 3% | 23% |
| Радански пат | 0% | 3% | 10% |
| Св. Недела | 3% | 0% | 10% |
| Вкупно | 7% | 7% | 43% |

Следното прашање беше поврзано со оддалеченоста на ромските населби од болницата, што се смета за важен индикатор за пристапот до здравствените услуги. Како што може да се види од табелата подолу, околу 63% од испитаниците се оддалечени помалку од 2 километри од болницата, додека 33% се оддалечени повеќе од 2 километри од болницата.

**Табела 181: Оддалеченост од болница/здравствена станица**

| | 600m - 1km | 1km - 2km | 2km - 5km |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| Косовска | 0% | 34% | 23% |
| Радански пат | 3% | 17% | 3% |
| Св.Недела | 0% | 13% | 7% |
| Вкупно | 3% | 60% | 33% |

Последното прашање од делот за здравство беше поврзано со тоа колку домаќинствата одвојуваат месечно за потребите на здравствена заштита за членовите на нивното семејство. Релативно висок процент (20%) од домаќинствата изјавиле дека трошат значителна сума (3000-6000 денари) за набавка на лекови.

**Табела 182: Трошоци за лекови/месечно, во МКД**

| | 100 - 1000 | 1001 - 3000 | 3001 - 6000 |
|---|---|---|---|
| Косовска | 4% | 40% | 13% |
| Радански пат | 10% | 10% | 3% |
| Св.Недела | 8% | 8% | 4% |
| Вкупно | 22% | 58% | 20% |

## Општина Кочани

### ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ




Според последните официјални податоци од пописот од 2002 година, општина Кочани зафаќа површина од 382 км2 со 38.092 жители и 28 населени места, а надморската височина во градот е до 450 m. Кочани е трет регионален центар на источниот дел на земјата. Кочани има 11.981 домаќинства и 14.464 станови. Кочани се наоѓа 120 км од Скопје.

Како дел од источниот административен регион, општина Кочани се граничи со општина Крива Паланка на север, Македонска Каменица и Виница на исток, општината Зрновци на југ и Кратово, Пробиштип и Чешиново-Облешево на запад. Преку општина Кочани поминува главниот пат преку кој Кочани се поврзува со Штип (30 км) и Велес (70 км), а потоа излегува излегув на автопатот Скопје-Гевгелија, со што преку овој пат Кочани е поврзан со централна Македонија.

Според пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија од 2002 година општина Кочани има 38.092 жители, со 11.981 домаќинства и 14.464 станови. Уделот на ромската популација е 5,12%.




**Слика 86: Ромската популација во Кочани**

Според бројот на ромска популација, општина Кочани е седма по ред на национално ниво, каде што локалното население учествува со 5,13%, иако неофицијалните податоци од страна на невладините организации укажуваат на бројка од 2.800 Роми или од 700 до 750 домаќинства. Ромите во просек се околу 6-6,5% од вкупното население во општината. Тие живеат во една територијална единица која претставува најголем дел од урбаната заедница број 4 во општината.

Што се однесува до учеството на Ромите во донесувањето на одлуки на локално ниво, има 2 Роми кои учествуваат во одборот на основно училиште.

**Ромска популација и населби**

Општина Кочани зафаќа површина од 382 км2 со 38.092 жители и 28 населени места (според пописот од 2002 година) и прераснува во трет регионален центар во источниот дел на Република Македонија. Според пописот на населението од 2002 година, во градот имало 28.330 жители и припаѓал на групата средни градови. Предградието Оризари, кое се смета за посебно населено место во официјалните документи, веќе е споено со градот и заедно со него, Кочани има 32.106 жители

**Табела 183: Население во Кочани според етничка припадност**

| Кочани | | |
|---|---|---|
| Македонци | 25.730 | 93% |
| Албанци | 0 | 0% |
| Турци | 315 | 0,8% |
| Роми | 1.951 | 5% |
| Власи | 193 | 0,5% |
| Срби | 63 | 0,18% |
| Бошњаци | 1 | 0% |
| Друго | 77 | 0,2% |

Според податоците, Ромите живеат во една територијална единица која претставува најголем дел од урбаната заедница бр.4 во општина Кочани. Наведената територија е поделена на населби што се разликуваат според името на улиците. Табелата подолу ја прикажува проценката на ромската популација според фокус групите. Во последните три години, бројот на домаќинства е намален поради неколку причини, меѓу кои најчесто се споменува миграцијата во земјите на Европската унија, особено кај младите брачни двојки. Во периодот 2012-2015 година е забележана најголема емиграција од 10 до 20 семејства на возраст од 20 до 40 години

**Табела 184: Проценка на ромската популација во Кочани**

| Населба | Домаќинства | Население |
|---|---|---|
| Стив Наумов | 40 | 160 |
| Митко Бектарски | 80 | 320 |
| Стамен Манов | 300 | 1.200 |
| Славчо Стојменов | 250 | 1.000 |
| Гроздан Трифумов | 70 | 280 |
| Шукри Шаи | 15 | 60 |
| Љупчо Сантов | 30 | 120 |
| Вкупно | 543 | 2.172 |

**Слика 87: Пирамида на население во Кочани**




Сликата 87 ја прикажува распределбата на ромската популација според возраст во Кочани. Како што се гледа, 34% од ромската популација е на возраст од 0 до 18 години, 57% од популацијата има меѓу 19 и 64 години и околу 7,5% Роми имаат над 64 години.

**Слика 88: Баратели на азил по домаќинство**




Сликата 88 ги претставува барателите на азил по домаќинство, вклучувајќи и најмалку едно лице кое бара азил во некои од земјите на ЕУ. Може да се види дека 48% од населението во Кочани побарало азил од 2009 година. Бидејќи Ромите живеат во едно населено место во Кочани, податоците се за целата општина. Во споредба со другите општини, може да се заклучи дека Ромите од Кочани се меѓу трите општини со највисока стапка на баратели на азил.

Во последните три години, бројот на домаќинства е намален поради неколку причини, меѓу кои најчесто се споменува миграцијата во земјите на Европската унија, особено кај младите брачни двојки. Додека во периодот 2012-2015 година е забележана најголема емиграција од 10 до 20 семејства на возраст од 20 до 40 години. Во врска со прашањето што се однесува на лица без лична документација во населбата, фокус групите потврдија дека во општина Кочани нема лица без документи.

## ДОМУВАЊЕ

Што се однесува до големината на живеалиштата во Кочани, најголем дел од куќите (48%) се во опсег од 51м2 до 70м2. Сепак, постојат и мали живеалишта во општината – 7% во опсег од 10м2 до 16м2 и 11% од куќите од 17м2 до 30м2. Околу 18% од становите што може да се сметаат за големи со повеќе од 71 м2.

**Табела 185: Големина на живеалиштата во Кочани**

| | 10 - 16 m2 | 17 - 30 m2 | 31 - 50 m2 | 51 - 70 m2 | 71 - 90 m2 | Повеќе од 90 m2 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Кочани | 7% | 12% | 15% | 48% | 7% | 11% |

**Слика 89: Сопственичка структура на домаќинствата**




Во врска со сопственичката структура, 96% од домаќинствата соопштиле дека тие го поседуваат живеалиштето, додека само 4% кажале дека живеалиштето припаѓа на нивните роднини.

**Слика 90: Легализација на живеалиштата**




Има висок процент на сопственост на куќите, вкупно само 4% од домаќинствата се во процес на легализација.

Што се однесува до проблемите со кои се соочуваат домаќинствата, 30% од нив изјавиле дека имаат влага и 4% дека нема достапен асфалтен пат. Испитаниците не пријавиле други проблеми. Освен тоа, според одговорите, сите куќи имаат електрична енергија, додека само едно од домаќинствата изјавило дека има проблем со пристапен асфалтен пат до местото на живеење.

**Табела 186: Главни проблеми при домување и инфраструктура со кои се соочуваат Ромите/домаќинствата**

| Кочани | |
|---|---|
| Куќата има влага | 30% |
| Куќата нема пристапен асфалтиран пат | 4% |

- Во сите населени места постои инфраструктура (комунална инфраструктура, водоснабдување, улици, пристапни патишта), со исклучок на „Коперски гробишта“ и „Полски пат“,

- На улицата „Славчо Стојменов“ има оштетена инфраструктура, која е предмет на итни поправки, вклучувајќи ја главната улица и блиските улици. Што се однесува до водоснабдувањето, во одредени зони или одредени семејства, Ромите немаат доволно вода за најосновните потреби. Во одредени области на населбата постои низок напон и загадување на животната средина предизвикано од неромското население што живее таму и се занимава со собирање на отпаден материјал.

- Главните улици (особено улицата Стамен Манов и Славчо Стојменов се асфалтирани пред многу години, а актуелната ситуација бара приоритетно реновирање или целосно реновирање. На улицата Митко Бекчарски инфраструктурата е добра, а на улица Гроздан Трифумов, инфраструктурата е прилично дисфункционална и оштетена.

- Акцентот е овде на населените области Коперски гробишта и Полски пат, бидејќи во овие населби сè уште постојат земјени и необработени улици кои го отежнуваат секојдневниот живот на граѓаните и негативно влијаат на процесот на поврзување со градското подрачје.

- Во врска со електричната мрежа, учесниците во фокус групите истакнаа дека има пристап до електрична енергија, но низок напон во 80% од целокупната населба. Повеќе од 90% од населението не се редовни плаќачи на сметките за електрична енергија, поради економски и социјални предизвици.

- Присутните од фокус-групите на истата тема додадоа дека генерално сите објекти во сите ромски населби во општина Кочани се солидни и процентот на стари објекти е мал.

- Згора на тоа, учесниците изјавија дека општина Кочани нема картонски населби, но најзагрозена населба во градот е старата касарна, руинирана зграда во која живеат околу 24 ромски семејства или околу 100 жители, во многу лоши услови повеќе од 20 години. Исто така, уште еден голем проблем во однос на социјалните станови е касарната на улицата „Стамен Манов“, која неодамна станала засолниште.

**Слика 91: Тип на под во живеалиштата**




**Слика 92: Типови на прозорци во живеалиштата**




Сликата 91 го претставува видот на под во живеалиштата во Кочани – при што 81% пријавиле дека имаат соодветен, а 15% пријавиле дека имаат несоодветен под. Сликата 92 ги претставува видовите прозорци во становите во Кочани. Како што може да се види, 70% од домаќинствата

имаат прозорци од дрвен профил, а 7% имаат прозорци од алуминиумски профил. Околу 22% од домаќинствата пријавиле дека имаат ПВЦ прозорци, кои се со најдобар квалитет.

Табелата 185 дава податоци за недостигот од пристап до различни објекти – највисок процент (70%) изјавиле дека немаат тоалет во куќите; 15% немаат вода за пиење внатре во куќата, а 33% пријавиле дека немаат кујна во куќата. Околу 11% изјавиле дека немаат канализациски систем.

Табелата 189 го прикажува пристапот на домаќинството до различни објекти. Како што може да се забележи, живеалиштата пријавиле дека 15% немаат пристап до вода за пиење внатре vo куќата, додека околу 4% од сопствениците на живеалишта пријавуваат дека немаат вода надвор од куќата. Што се однесува до пристапот до тоалет во куќата, 70% од домаќинствата пријавиле дека немаат пристап. Околу 33% немаат пристап до кујна внатре во куќата, а 11% од Ромите во Кочани известија дека имаат пристап до канализација.

**Табела 187: Пристап до различни погодности**

| | Струја | | Пивка вода во куќата | | Пивка вода вон куќата | | Тоалет со бања | | Тоалет во куќата | | Кујна во куќата | | Кујна вон куќата | | Канали-зација | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Населба | **Да** | **Не** | **Да** | **Не** | **Да** | **Не** | **Да** | **Не** | **Да** | **Не** | **Да** | **Не** | **Да** | **Не** | **Да** | **Не** |
| Кочани | 100% | 0% | 85% | 15% | 96% | 4% | 100% | 0% | 30% | 70% | 67% | 33% | 11% | 89% | 89% | 11% |
| **Просек** | 100% | 0% | 85% | 15% | 96% | 4% | 10% | 0% | 30% | 70% | 67% | 33% | 11% | 89% | 89% | 11% |

*Забелешка: Н/И – Недостапни информации (% на луѓе кои не одговориле на ова прашање)*

⇨ Учесниците одговориле дека има вода за пиење, но притисокот е слаб. Тие, исто така, рекле дека постои канализациона мрежа, но таа треба да се поправи и да се изгради во областа Коперски гробишта и Полски пат, каде што оваа потреба е висок приоритет.

Табелата 190 го претставува % од куќите кои немаат пристап до домашни апарати кои се сметаат за вообичаени во домаќинството. Како што може да се забележи во однос на пристапот до интернет, околу 37% пријавиле дека немаат пристап што споредено со другите општини е подобро. Сепак, во однос на компјутер/лаптоп, 78% од домаќинствата пријавиле дека немаат, што е како во другите општини. Според кажаното, 100% од домаќинствата имаат мобилни телефони 7%, а 56% од домаќинствата имаат фиксен телефон, ситуација што е подобра отколку во другите општини

**Табела 188: Недостиг од пристап до различни домашни апарати**

| | |
|---|---|
| ТВ | 4% |
| Сателитска/кабловска ТВ | 4% |
| Интернет | 37% |
| Компјутер/лаптоп | 59% |
| Телефон | 78% |
| Мобилен телефон | 7% |
| Машина за перење алишта | 11% |
| Машина за сушење алишта | 92% |
| Пегла | 3% |
| Фрижидер | 3% |
| Правосмукалка | 15% |
| Електричен шпорет | 7% |
| Трпезариска маса | 51% |
| Кревет за секој член од семејството | 67% |
| Автомобил | 70% |

- Во моментов, целата ромска заедница нема законски, односно валиден, детален урбанистички план, врз основа на кој може да се остварат сите инфраструктурни активности во насока на подобрување на животот на Ромите во Кочани. Новиот план (ГУП) на општина Кочани беше усвоен во 2016 година, по што беа создадени услови за изготвување и усвојување на нови детални планови, вклучувајќи го и кварталниот план на градот, кој ја покрива и целата ромска населба. Има сериозни пречки кои го отежнуваат процесот, како што се лошата (набиена) урбана поставеност, континуирано градење (диоградби) од локалното население и недостатокот на финансиски ресурси на општината.
- Постои потреба од континуирана соработка со ромската заедница од целата населба, со цел да се постигне заемно прифатливо решение.
- Податоците од фокус групите, исто така, покажуваат дека 75% од вкупниот број домаќинства во Кочани се легализирани, а 15% од вкупниот број ромски домаќинства се во процес на легализација, додека нешто помалку од 10% од населението работи за надминување на одредени пречки за поднесување на барање за легализација (тужби, кориснички права, итн.)




**Слика 93: Дали вашето живеалиште се соочува со следните проблеми**

Последното прашање во врска со домувањето е поврзано со проблемите со кои се соочува едно домаќинство во однос на некои природни непогоди. Околу 26% изјавиле дека се соочуваат со поплави кои се присутни во дождливите сезони.

- ⇨ Според податоците од фокус-групите во областа на вработувањето, учесниците истакнаа дека на улицата Стив Наумов има вработени Роми, а повеќето од нив се во јавното претпријатие „Водовод" и како продавачи.
- ⇨ На улица Митко Бекчарски, повеќето од нив се вработени во текстилната фабрика и другите индустриски фабрики, како продавачи на пазар и помал дел во претпријатието за водоснабдување „Водовод".
- ⇨ На улицата Стамен Манов има вработени во претпријатието за водоснабдување „Водовод", мелничари, музичари, сопственици на приватни бизниси и продавачи во продавници на друг сопственик.
- ⇨ На улица Славчо Стојменов има вработени Роми во претпријатието за водоснабдување „Водовод", музичари, сопственици на приватни бизниси и продавачи во продавници на друг сопственик.
- ⇨ Учесниците исто така забележаа дека има зголемување на процентот на вработени Роми во споредба со 3 години претходно, сега се вработени млади Роми од 18 до 35 години.
- ⇨ Според слободна проценка, од вкупниот број на вработени, повеќето од вработените се вработени како продавачи. Постојат регистрирани продавачи – 80 до 125 Роми од населението, 50-60 Роми се вработени во текстилната компанија, околу 100 се вработени во приватниот сектор. Исто така, 40 лица се вработени во јавното комунално претпријатие, од кои околу 25 се редовни вработени, додека околу 15 се со договор за привремена работа. Околу 10-15 луѓе се регистрирани како самовработени, сопствени бизниси, како продавачи во нивните продавници во соседството, а има и ромски трговци на главните пазари во градот.
- ⇨ Според НВО, лица кои активно бараат работа се 780 Роми, од кои 112 Ромки се пријавени како лица кои бараат работа (што не е повеќе од 15% од вкупниот број невработени Ромки од Кочани. Овој проблем се јавува пред сѐ поради недостаток на образование или незавршено основно образование, зашто системот за вработување не ја опфаќа оваа група лица без или со некомплетно основно образование. Според претставник на Агенцијата за вработување присутен во фокусната група, беше забележано дека активноста на младите луѓе кои редовно бараат работа и се пријавуваат за обука, заради стекнување сертификат, учествуваат во обуки за дрвната индустрија – мебел, автомеханика, бравари и заварувачи.
- ⇨ Главниот проблем е нередовното известување за време на сезонска работа (собирање на грозје) и друг вид сезонска работа. Таквите лица не се регистрираат во текот на месецот и според законот, па нивното право да бидат регистрира од шест месеци до една година се поништува.

Што се однесува до резултатите од истражувањето за нивото на вработеност, стапката на вработеност е околу 33% што е многу добро во споредба со стапката на вработеност на национално и општинско ниво. Стапката на вработеност кај Ромките е 12%, што е релативно добро во споредба со другите општини. Како што беше објаснето во истражувањето, исто така постои голема инциденца на Роми кои работат непријавено, особено за време на сезоната на собирање билки. Релативно низок процент е пријавен дека работи непријавено – само 5% од работоспособното население.

**Табела 189: Стапка на вработеност**

| Кочани | Работоспособно население (Роми) | Стапка на вработеност | | Стапка на вработеност - мажи - | | Стапка на вработеност - жени - | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | % | Бр. на вработени Роми | % | Бр. на вработени Роми | % | Бр. на вработени Роми |
| **Кочани** | 81 | 33% | 27 | 21% | 17 | 12% | 10 |
| **Вкупно** | **81** | | **27** | | 17 | | 10 |
| **Стапка на вработеност/ Општина** | | **33%** | | **21%** | | **12%** | |

*Забелешка: Стапката на вработеност се пресметува како однос меѓу бројот на вработени Роми и работоспособното ромско население*

**Слика 94: Сезонска работа**




Сликата 94 го покажува процентот на Роми кои биле вклучени во сезонска работа. Податоците покажуваат дека 22% од Ромите работат сезонски. Околу 4% од населението одби да одговори.

**Слика 95: Социјална помош**




Сликата 95 го покажува процентот на Роми кои добиваат социјална помош. Податоците покажуваат дека 48% од Ромите добиваат социјална помош.

За да се добие општа слика за приходот во ромските семејства, членовите на домаќинствата беа прашани колку заработуваат во опсег од 0 до 70.000 денари. Околу 85% од Ромите имаат месечни примања под 24.000 денари, а 15% изјавиле дека имаат приходи повисоки од 24.000 денари. Во споредба со потрошувачката кошница која во февруари 2018 година изнесувала околу 32.000 денари, околу 86% од семејствата не можат да купат минимални работи за опстанок. Најкритична позиција имаат 19% од Ромите чии приходи се помеѓу 5.000 и 12.000.

**Табела 190: Месечен приход/во МКД**

| | 5001 – 12000 | 12001 - 24000 | 24001 - 40000 |
|---|---|---|---|
| Кочани | 18% | 67% | 15% |

Стапката на невработеност за Ромите во Кочани е релативно висока – 60%. Како што може да се види, во смисла на полот, стапката на невработеност е повисока кај жените.

**Табела 191: Стапка на невработеност**

| **Кочани** | **Работна сила** | Стапка на невработеност | | Невработеност - мажи - | | Невработеност - жени - | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | % | Бр. на невработени (Роми) | % | Бр. на невработени (Роми) | % | Бр. на невработени (Роми) |
| Кочани | 67 | 60 % | 40 | 23 % | 15 | 37% | 25 |
| **Вкупно** | **67** | | **40** | | 15 | | 25 |
| **Стапка на невработеност/ Општина** | | **60 %** | | **23 %** | | **37%** | |

*Забелешка: Стапката на невработеност се пресметува како однос меѓу бројот на невработени Роми поделен со работоспособното ромско население.*

Со цел да се процени стапката на невработеност, во рамките на истражувањето беа наведени неколку можни причини. Највисок процент на луѓе – 7% сметаат дека немаат можности за вработување, додека 41% немаат неопходно образование и вештини за вработување, 33%

изјавија дека вработувањата одат преку политичка партија и затоа е тешко да се најде работа без да се биде член на некоја од политичките партии.

**Табела 192: Причини за невработеност**

| | Нема можности за вработување | Нема образование и вештини за вработување | Партиски вработувања |
|---|---|---|---|
| Кочани | 7% | 41% | 33% |

Табелата 195 ги прикажува активните и пасивните баратели на работа за општина Кочани. Податоците се од 2017 година од Агенцијата за вработување. Така, вкупно има околу 260 регистрирани Роми активни баратели на работа во Агенцијата, од кои 67% се мажи. Исто така, околу 160 Роми се регистрирани како пасивни баратели на работа, од кои 46% се мажи.

**Табела 193: Активни и пасивни баратели на работа**

| Кочани | Активни баратели на работа | | | Пасивни баратели на работа | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| | 260 | 176 | 84 | 160 | 74 | 86 |

**Слика 96: Запознаеност со АППТ**




Сликата 96 покажува колку Ромите се запознаени со активните политики на пазарот на трудот. Во просек, 93% не знаат за мерките, 7% одбиваат да одговорат. Може да се заклучи дека во Кочани меѓу Ромите има високо ниво на ниска свесност за АППТ споредено со Ромите од другите општини.

## ОБРАЗОВАНИЕ

Во однос на предучилишното образование, стапката на запишување во градинка е најважен показател за одредување на раниот детски развој.

**Табела 194: Семејства со деца на училишна возраст**

| | Семејства со деца на возраст за градинка | Семејства без деца на предучилишна возраст |
|---|---|---|
| Кочани | 13 | 14 |

Како што може да се види од Табелата 193, 38% од децата на возраст за градинка одат во градинка. Умерено висок процент (62%) од децата не одат во градинка.

**Табела 195: Запишување во градинка**

| | Да, некои од нив | Да, сите од нив | Не |
|---|---|---|---|
| Кочани | 23% | 15% | 62% |

На прашањето зошто не ги носат децата во градинки, домаќинствата немаат доверба во институционалните капацитети да се грижат за нивните деца или аргументите се поврзани со самоперцепцијата на луѓето дека нивните деца се мали.

**Табела 196: Пречки за запишување во предучилишно образование/градинка**

| Општина Кочани | |
|---|---|
| Кога ги носиме во градинката, вработените нè информираат дека нема место и дека треба да чекаме подолг период | 7% |
| Немаме средства за покривање на трошоците | 26% |
| Се плашиме, бидејќи се мали | 4% |
| Во нашето соседство нема градинка | 4% |

Податоците за домаќинствата од Кочани покажуваат дека 26% од домаќинствата немаат средства да платат за нивниот престој во градинка; 7% од домаќинствата пријавиле дека нема места во градинките и дека треба да чекаат долго време за да ги запишат децата во градинка; 4% од домаќинствата се плашат дека децата не се доволно стари да одат во градинка, а 4% од домаќинствата изјавиле дека во нивната населба нема градинка.

### Запишување на деца во основно и средно образование

| | Бр. на деца на училишна возраст | Да | | Не | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Бр. на деца | % | Бр. на деца | % |
| Кочани | 24 | 21 | 87% | 3 | 13% |
| **Вкупно** | **24** | **21** | | **3** | |
| **Стапка на запишување во училиште/Општина** | | | **88%** | | **12%** |

*Забелешка: Стапката на запишување на училиште се пресметува со делење на бројот на деца на училишна возраст запишани во основно или средно образование со вкупниот број деца на училишна возраст (квалификувани да се запишат), а потоа, коефициентот што се добива се множи со 100 за да се добие процентот.*

Исто така, во рамки на образовниот сектор, 24 деца вклучени во истражувањето се на возраст од 6 до 18 години, при што 88% од нив посетуваат училиште, а 12% не одат на училиште.

Домаќинствата кои негативно одговорија на прашањето дали нивните деца одат на училиште и се на возраст од 6 до 18 години, како главни причини ги посочуваат недостаток на средства за училишни материјали и дополнителни трошоци. Податоците покажуваат и дека ниедно од овие деца кои се на средношколска возраст и посетуваат настава не добиваат стипендии.

**Слика 97: Дискриминација на Ромите во основно и средно образование**




Што се однесува до дискриминацијата забележана во основното и средното образование, околу 15% од интервјуираните домаќинства изјавиле дека нивните деца биле предмет на дискриминација.

Од домаќинствата кои имале искуство со дискриминација, 4% од нив го пријавиле случајот во училиштето

(наставник, директор, педагог), едно домаќинство го пријавило случајот во полиција, а едно домаќинство не го пријавило случајот никаде.

Исто така, во рамките на образовниот сектор, од 27 домаќинства, сите одговориле дека нивните деца не посетувале настава на ромски јазик во претходната учебна година. На прашањето дали би сакале нивните деца да посетуваат настава на ромски јазик, 6 од домаќинствата одговориле дека би сакале, а 7 од домаќинствата не би сакале нивните деца да посетуваат настава на ромски јазик. Едно домаќинство изјавило дека не знае дали сака нивните деца да посетуваат настава на ромски јазик.

## ЗДРАВСТВО

Во областа на здравството, податоците покажуваат како домаќинствата ја проценуваат состојбата на нивното здравје, при што на скала од 1 до 5 оценуваат – 1 е лоша и 5 е одлична.

**Табела 197: Согледан здравствен статус (1 – лош, 5 – одличен)**

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| Кочани | 4% | 15% | 41% | 15% | 26% |

Според податоците, 4% од домаќинствата ја оценуваат здравствената состојба во нивното домаќинство со 1, односно лошо здравје, 15% од домаќинствата ја оцениле со 2 како задоволителна, а 41% од домаќинствата го оцениле здравствениот статус на нивното домаќинство со број 3 или добар. Околу 15% домаќинства одговориле со број 4 на скалата, т.е. многу добро, а 26% од домаќинствата одговориле со број 5, односно одличен здравствен статус во нивните домаќинства.

Само 4 домаќинства одговориле за причините за влошената здравствена состојба на домаќинството, меѓу кои главни причини се недостигот од средства за плаќање на медицински третмани, нарушено здравје и сериозна повреда – попреченост. Во однос на здравственото осигурување, од 130 испитаници во 27 домаќинства, 129 лица се здравствено осигурени или во просек по 5 членови по домаќинство.

**Слика 98: Оддалеченост од болничка/здравствена единица**




Во истиот збир прашања, од 27 домаќинства, 70% одговориле дека најблиската здравствена установа е 100 до 600 метри, а 30% од домаќинствата изјавија дека најблиската здравствена установа е 600 метри до 1 километар.

Може да се заклучи дека Ромите во Кочани имаат лесен пристап до болницата, бидејќи растојанието е многу кратко и не е поврзано со дополнителни трошоци за ромските семејства.

**Слика 99: Трошоци за лекови/месечно, во МКД**




Последното прашање околу здравството е околу тоа колку домаќинствата трошат месечно за потребите на здравствена заштита за членовите на семејството. Во однос на ова прашање, 26% од домаќинствата рекле дека трошат 100 до 1000 денари, 33% домаќинства трошат од 1001 до 3000 денари, а уште 9 домаќинства трошат 3001-6000 денари. Околу 7% рекле дека трошат повеќе од 6.000 денари за купување лекови.

## Општина Кичево

### ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ




Општина Кичево се наоѓа во Западна Македонија. Во нејзиниот центар е градот Кичево. Како резултат на промените во општинските граници, териториите на општините Зајац, Другово, Вранештица и Осломеј беа додадени во Кичево во 2013 година.

Според пописот на население од 2002 година, Општина Кичево има 30.138 жители, односно зголемување на населението од 9,42% во споредба со претходната пописна година од 1994 година. Густината на населението изнесува 615,1 жител на 1 км2.

**Слика 100: Ромски населби во Кичево**




Образовниот процес во општина Кичево се спроведува преку девет основни училишта, две средни училишта и една градинка.

Според Попсот од 2002 година, Ромите сочинуваат 5,53% од вкупното население во општината. Постојат 7 ромски населби во општина Кичево – Пашино, Скопска, Бела Кула, Влашки Пат, Прилепска, Мексико и Раштани.

Што се однесува до учеството на Ромите во донесувањето одлуки на локално ниво, во комисиите на советот има 1 Ром, а 3 Роми се членови на Одборот за основно и средно образование.

**Табела 198: Учество на Ромите во донесување одлуки**

| | |
|---|---|
| **Комисии на советот** | **1** |
| **Одбор на директори во основни училишта** | 1 |
| **Одбор на директори во средно училиште** | 1 |
| **Одбор на директори во јавни институции** | 1 |
| **Одбор на директори во градинка** | 0 |

## ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

**Ромска популација и населби**

Според пописот од 2002 година, во општина Кичево има 30.138 жители. Според пописот, општина Кичево е населена со 1.630 Роми или 5,4% од вкупното население. Оваа популација првенствено е распределена низ 7 ромски населби: Пашино, Скопска, Бела Кула, Влашки пат, Прилепска, Мексико и Раштани. Населението е хетерогено дистрибуирано во и надвор од ромските населби, иако бројот на ромски домаќинства надвор од овие населби е мал.

**Табела 199: Население во Кичево етничка припадност**

| *Кичево* | | |
|---|---|---|
| Македонци | 16.140 | 53,55 |
| Албанци | 9.202 | 30,53 |
| Турци | 2.430 | 8,06 |
| **Роми** | **1.630** | **5,4** |
| Власи | 76 | 0,25 |
| Срби | 86 | 0,28 |
| Бошњаци | 7 | 0,02 |
| Друго | 567 | 1,88 |
| ***Вкупно население*** | 30.138 | |

Според учесниците во фокус групата, вкупниот број на ромски домаќинства изнесува околу 2.500. Учесниците во фокус групата проценуваат дека бројот на домаќинства е зголемен во последните 3 години, особено во населбата Прилепска (според испитаниците, во 2016 година имало 70 домаќинства, додека во 2018 тој број се зголемил на 130). Испитаниците проценуваат дека бројот на домаќинства е намален само во населбата Бела Кула.

**Табела 200: Проценета ромска популација во Кичево**

| Населба | Домаќинства | Популација |
|---|---|---|
| Пашино | 150 | 600 |
| Скопска | 50 | 200 |
| Бела Кула | 35 – 40 | 140 – 160 |
| Влашки пат | 50-70 | 200 – 280 |
| Прилепска | 130 | 520 |

| | | |
|---|---|---|
| Мексико | 150 | 600 |
| Раштани | 60 | 240 |
| Вкупно | | 2.300 – 2.400 |

Учесниците во фокус групата забележуваат дека пред 20-25 години населбата наречена Прилепска била населена со 30 домаќинства, а во моментов е населена и од голем број домаќинства мигрирани од други градови, како и етнички мешани домаќинства, што резултира со околу 100 домаќинства. Речиси сите учесници во фокус групата ја гледаат иднината само преку призмата на вработување или иселување од земјата. Испитаниците од Прилепска забележуваат дека, покрај вработувањето, животот би им се подобрил и со урбанизација на населбата и преместување на домаќинствата со цел да се заштитат од поплави.

**Слика 101: Пирамида на популација во Кичево**




Сликата 101 ја претставува распределбата на ромската популација врз основа на возраста во Кичево. Ромската популација во Кичево, како што е претставена, е средовечна, околу 30% од населението е на возраст од 0 до 18 години; 53% се во опсегот 19-64 години, а само 7% имаат над 64 години.

**Слика 102: Баратели за азил во Кичево**







Сликата 102 ги прикажува барателите на азил по зона по домаќинство, и вклучува најмалку едно лице кое побарало азил во некои од земјите на ЕУ. Може да се забележи дека најголем број баратели на азил се од населбата Мексико и Прилепска, од кои секоја има 4% од пријавените баратели на азил.

## ДОМУВАЊЕ

**Слика 103: Просечен број на жители по домажинство во населбите**

Генерално, во просек во едно домаќинство во Кичево живеат 6,48 лица, а највисока инциденца на членови по домаќинство има во населбите Влашки Пат и Скопска. Најнискиот број во рамки на општината е во т.н. населби Пашино и Прилепска.

Во однос на големината на живеалиштата, околу 42% од становите се во категоријата помали од 50 м2 по домаќинство. Врз основа на населбите, најранливите зони во оваа смисла (зони во кои има најмали живеалишта) се забележани во Прилепска (17%), Скопска (5%) и Влашки Пат (5%), каде што живеалиштата се во категоријата 17-30м2. Околу 23% од живеалиштата се со големина 51-71 м2, со дистрибуција од 8% во Скопска и Мексико и 4% во Бела Кула. Зоните со најголеми живеалишта се во населбите Бела Кула (13%), Скопска (8%), каде што живеалиштата се поголеми од 71м2.

**Табела 201: Големина на живеалиштата**

| | Помали од 10 $m^2$ | 10- 16 $m^2$ | 31 - 50 $m^2$ | 51-70 $m^2$ | 71- 90 m2 | Повеќе од 90 $m^2$ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бела Кула/ Пашино | 0% | 0% | 2% | 3% | 0% | 11% | 16% |
| Мексико | 0% | 0% | 5% | 8% | 0% | 0% | 13% |
| Пашино | 0% | 0% | 0% | 0% | 4% | 4% | 8% |
| Прилепска | 4% | 13% | 4% | 0% | 0% | 4% | 25% |
| Скопска | 5% | 0% | 0% | 8% | 4% | 8% | 25% |
| Влашки пат | 1% | 4% | 4% | 4% | 0% | 0% | 13% |
| Вкупно | **10%** | **17%** | **15%** | **23%** | **8%** | **27%** | **100%** |

Табелата 204 ја претставува сопственичката структура на ромските домаќинства во Кичево. Може да се забележи дека има релативно висок процент Роми кои ги поседуваат своите живеалишта – речиси 96% од Ромите поседуваат своја куќа, додека 4% одбиваат да одговорат. Највисокиот процент е во Прилепска (25%), Скопска (21%) и Бела Кула (17%).

**Табела 202: Сопственичка структура на живеалиштата**

| | Одбиваат да одговорат | Сопствена куќа | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Бела Кула/ Пашино | 0% | 16% | 16% |
| Мексико | 0% | 13% | 13% |
| Пашино | 0% | 8% | 8% |
| Прилепска | 0% | 25% | 25% |
| Скопска | 4% | 21% | 25% |
| Влашки пат | 0% | 13% | 13% |
| Вкупно | **4%** | **96%** | **100%** |

Иако беше објавено дека Ромите поседуваат 96% од живелиштата, од Табелата подолу може да се забележи дека сите немаат документација за законска сопственост. Околу 46% од Ромите пријавиле дека ги легализирале куќите, додека 18% од живеалиптата се во процес на легализација. Околу 36% од живеалиштата сè уште не се легализирани. Според населбите, во Прилепска и во Бела Кула се наоѓаат најголем процент од легализираните куќи, додека во Прилепска, Мексико и Бела Кула се куќи кои сè уште не се легализирани (25%, 8% и 3%).

**Табела 203: Легализација на живеалиштата**

| | Да | Не | Само еден дел е во процес на легализација | Во процес на легализација | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Бела Кула/ Пашино | 13% | 3% | 0% | 0% | 16% |
| Мексико | 5% | 8% | 0% | 0% | 13% |
| Пашино | 8% | 0% | 0% | 0% | 8% |
| Прилепска | 0% | 25% | 0% | 0% | 25% |
| Скопска | 12% | 0% | 13% | 0% | 25% |
| Влашки пат | 8% | 0% | 0% | 5% | 13% |

| Вкупно | 46% | 36% | 13% | 5% | 100% |
|---|---|---|---|---|---|

- ⇨ Пашино – 20% се легализирани – 80% не се легализирани
- ⇨ Скопска – 10% се легализирани – 90% не се легализирани
- ⇨ Бела Кула – 80% се легализирани – 10% не се легализирани
- ⇨ Влашки пат – 20% се легализирани – 80% не се легализирани
- ⇨ Прилепска – 0% се легализирани – 100% не се легализирани
- ⇨ Мексико – 10% може да се легализирани 90% може да не се легализирани
- ⇨ Раштани – 80% се легализирани – 20% не се легализирани.

Во однос на прашањето дали се поврзани со електричната мрежа, учесниците во фокус групата изјавија дека општо сите населби имаат пристап до електрична енергија, со коментар дека во најголем дел куќите во Прилепска се состојат од супстандардно домување со прозорци покриени со најлон, со што не се во согласност со стандардите потребни за поврзување со мрежата, и како такви тие се поврзани неправилно преку кабли.

Според фокус групата, беа наведени следните аспекти поврзани со легализацијата на куќите:

Во однос на квалитетот на куќите, на учесниците во анкетата им беа поставени неколку прашања во врска со проблемите со кои се соочуваат и квалитетот на куќите. Како што може да се види од табелата подолу, најголемиот проблем на ромското домаќинство е влагата. Околу 54% од Ромите пријавиле дека нивната куќа има влага со највисок процент во Прилепска (21%) и Скопска (17%). Околу 8% изјавиле дека немаат доволно светлина (8% од населбата Скопска) и околу 4% дека нивните куќи се изградени од несоодветен материјал.

**Табела 204: Главни проблеми при домување и инфраструктура со кои се соочуваат Ромите/ домаќинствата**

| | Куќата има влага | Куќата нема доволно светлина | Куќата е изградена од несоодветен материјал |
|---|---|---|---|
| Бела Кула/ Пашино | 8% | 0% | 0% |
| Мексико | 0% | 0% | 0% |
| Пашино | 0% | 0% | 0% |
| Прилепска | 21% | 0% | 0% |
| Скопска | 17% | 8% | 4% |
| Влашки пат | 8% | 0% | 0% |
| Вкупно | 54% | 8% | 4% |

**Слика 104: Вид на под во живеалиштето**




Во однос на квалитетот на подот, 41% од Ромите во Кичево известија дека немаат соодветен под, нивните подови се земјени или бетонски. Највисок % е пријавен во Прилепска (17%) и 8% во населбите Влашки пат и Скопска.

**Слика 105: Вид на прозорци во живеалиштата**




Што се однесува до видот на прозорци во живеалиштата, 68% од Ромите изјавиле дека имаат прозорци со дрвен профил. Според населбите, највисок процент е пријавен во Прилепска, Бела Кула, Скопска и Влашки пат. Околу 29% изјавиле дека имаат прозорци од алуминиумски профили, при што највисок процент е пријавен во населбата Мексико и Скопска, а околу 4% од домаќинствата во Пашино одбиле да одговорат на прашањето.

Табелата 207 ја прикажува состојбата во однос на пристапот на домаќинството до различни погодности. Како што може да се забележи, 17% од живеалиштата пријавиле дека немаат пристап до електрична енергија, со најголема инциденца во Мексико (67%) и Прилепска (33%). Околу 20% од домаќинствата пријавиле дека немаат пристап до пивка вода во куќата, со највисоки 33% во Влашки пат и 17% во Скопска. Покрај тоа, 28% од домаќинствата пријавиле дека немаат тоалет со бања, додека 33% од домаќинствата нема пристап до тоалет внатре во куќите, со најголема инциденца во Влашки Пат (100%). Околу 39% од домаќинствата пријавиле дека немаат пристап до кујна во куќата, додека 89% од домаќинствата рекле дека немаат пристап до кујна надвор од куќата. Како што може да се забележи, 36% од живеалиштата пријавиле дека немаат пристап до канализација, со најголем процент пријавени во Прилепска (100%) и 50% во Пашино, 33% во Влашки пат и во Бела Кука/Пашино.

**Табела 205: Пристап до различни погодности**

| | Струја | | Пивка вода во куќата | | | Пивка вода вон куќата | | Тоалет со бања | | Тоалет во куќата | | Кујна во куќата | | Кујна вон куќата | | Канализација | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Населба | Да | Не | Да | Не | Н/И | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Н/И |
| Бела Кула/ Пашино | 100% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 33% | 67% | 33% | 33% | 33% |
| Мексико | 33% | 67% | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 100% | 0% | 0% |
| Пашино | 100% | 0% | 50% | 0% | 50% | 100% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 50% | 50% | 0% | 100% | 50% | 50% | 0% |
| Прилепска | 67% | 33% | 33% | 67% | 0% | 100% | 0% | 17% | 83% | 17% | 83% | 33% | 67% | 17% | 83% | 0% | 100% | 0% |
| Скопска | 100% | 0% | 83% | 17% | 0% | 100% | 0% | 83% | 17% | 83% | 17% | 83% | 17% | 17% | 83% | 100% | 0% | 0% |
| Влашки пат | 100% | 0% | 67% | 33% | 0% | 100% | 0% | 33% | 67% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 100% | 67% | 33% | 0% |
| **Просек** | **83%** | **17%** | **72%** | **20%** | **8%** | **100%** | **0%** | **72%** | **28%** | **67%** | **33%** | **61%** | **39%** | **11%** | **89%** | **58%** | **36%** | **6%** |

*Забелешка: Н/И – Недостапни информации (% на луѓе кои не одговориле на ова прашање)*

Табелата 208 го претставува % од куќите кои немаат пристап до домашни апарати што се сметаат за вообичаени во едно домаќинство. Како што може да се забележи, има висок процент на население кое нема пристап до компјутер со интернет (63%), иако околу 88% од населението има мобилни телефони. Во однос на основните апарати, околу 13% од ромското домаќинство нема машини за перење, 88% од населението нема машини за сушење; 29% немаат пегли. Околу 50% од населението има пристап до шпорет (електричен). Од основните погодности, 71% од домаќинствата пријавиле дека немаат трпезариска маса, додека 75% од домаќинствата рекле дека немаат кревет за секој член на семејството. Меѓутоа, 33% од домаќинствата објавиле дека имаат автомобил.

### Табела 206: Немање пристап до различни апарати за домаќинство

| Ознаки | Бела Кула / Пашино | Мексико | Пашино | Прилепска | Скопска | Влашки пат | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ТВ | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 4% | 4% |
| Сателитска/кабловска ТВ | 4% | 8% | 0% | 25% | 17% | 8% | 63% |
| Интернет | 0% | 0% | 0% | 13% | 0% | 8% | 21% |
| Компјутер/Лаптоп | 4% | 4% | 8% | 21% | 17% | 13% | 67% |
| Телефон | 13% | 13% | 4% | 25% | 21% | 13% | 88% |
| Мобилен телефон | 0% | 0% | 0% | 4% | 0% | 0% | 4% |
| Машина за перење алишта | 0% | 0% | 0% | 13% | 0% | 0% | 13% |
| Машина за сушење алишта | 13% | 13% | 8% | 25% | 17% | 13% | 88% |
| Пегла | 0% | 0% | 0% | 21% | 0% | 8% | 29% |
| Фрижидер | 0% | 0% | 0% | 0% | 4% | 4% | 8% |
| Правосмукалка | 0% | 0% | 0% | 21% | 4% | 13% | 38% |
| Електричен шпорет | 4% | 4% | 0% | 25% | 4% | 13% | 50% |
| Трпезариска маса | 0% | 13% | 4% | 25% | 17% | 13% | 71% |
| Кревет за секој член од семејството | 8% | 13% | 4% | 25% | 13% | 13% | 75% |
| Автомобил | 4% | 4% | 0% | 25% | 21% | 13% | 67% |

**Слика 106: Дали во вашето живеалиште се соочувате со некои од следниве проблеми**




Сликата 106 ја покажува ранливоста на куќите во смисла на природни непогоди – како што се поплави, лизгање на земјиштето. Како што може да се забележи, 21% од домаќинствата од населбата Прилепска известија дека имаат поплави, додека 4% од жителите во Скопска известија дека имаат лизгање на земјиштето.

Градот Кичево во најголем дел нема картонски населби, но населбата Прилепска е блиску до таа дефиниција, со 130 домаќинства кои живеат во домови изградени главно од отпадни материјали, со прозорци покриени со најлони и др. Куќите се лошо изградени. Во текот на летото, сезонската миграција во Кичево резултира со населби од шатори кои жителите ги растураат на крајот од сезоната. Квалитетот на инфраструктурата во ромските населби варира меѓу населбите на следниов начин, според испитаниците на фокус групата:

- Пашино– 3 од 10 улици не се алфалтирани;
- Скопска – населбата е комплетно поплочена и покриена со асфалт;
- Бела Кула – комплетна инфраструктура, поради тоа што се наоѓа во центарот на градот;
- Влашки пат – главната улица е асфалтирана, трите улици каде што живет Ромите не се асфалтирани;
- Прилепска – населбата е незаконска, има сериозни проблеми со снабдувањето со електрична енергија, нема асфалтирани улици;
- Мексико – главната улица е асфалтирана; другите улици не се;
- Раштани – главната улица е асфалтирана; споредната улица не е асфалтирана.

Сите населби се поврзани со асфалтни патишта до централното градско подрачје, иако жителите на Прилепска известуваат за тешкотии при пристапувањето до нивните живеалишта како резултат на целосно отсуство на асфалтна покриеност на пристапните патишта до нивните домови – за сличен проблем беше кажано и во населбата Мексико. Пет од седумте населби се целосно урбанизирани (Пашино, Скопска, Бела Кула, Мексико и Раштани), една од нив (Влашки пат) е делумно урбанизирана – по должината на асфалтниот пат, додека Прилепска е целосно неурбанизирана, и нема дури ни технички услови за урбанизација (нема простор за тротоари итн.)

Испитаниците главно се пријавуваат до Агенцијата за вработување за да добијат право на социјална помош, итн. Учесниците истакнаа дека имаат лоша комуникација со локалните институции и локалната самоуправа во смисла на обезбедување на вработување, и добиле ветувања кои никогаш не биле реализирани

Има Роми во Кичево со високо образование, но и тие се невработени – општо Ромите се соочуваат со различни проблеми од неромското население. Испитаниците ја посочуваат потребата да се вработат Ромите во образовниот систем и во институциите на локално ниво.

### Табела 207: Стапка на вработеност

| Кичево | Работоспо-собно население (Роми) | Стапка на вработеност | | Стапка на вработеност – мажи – | | Стапка на вработеност – жени – | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | % | Бр. на вработени Роми | % | Бр. на вработени Роми | % | Бр. на вработени Роми |
| Бела Кула/Пашино | 18 | 11% | 2 | 11% | 2 | 0% | 0 |
| Мексико | 9 | 11% | 1 | 11% | 1 | 0% | 0 |
| Пашино | 10 | 20% | 2 | 10% | 1 | 10 % | 1 |
| Прилепска | 15 | 13% | 2 | 0% | 0 | 13 % | 2 |
| Скопска | 32 | 25% | 8 | 19% | 6 | 6% | 2 |
| Влашки пат | 19 | 5% | 1 | 5% | 1 | 0% | 0 |
| **Вкупно** | **103** | | **16** | | **11** | | **5** |
| **Стапка на вработување/ Општина** | | **16%** | | **11%** | | **5%** | |

*Забелешка: Стапката на вработеност се пресметува како однос меѓу вработените Роми и работоспособното ромско население*

Во однос на резултатите од истражувањето за нивото на вработеност, стапката на вработеност изнесува 16%, пресметана од работоспособното население од примерокот во секоја општина. Сепак, стапката на вработеност за Ромите е многу ниска во споредба со стапката на вработеност на национално ниво. Уделот на вработени Ромки е 5%, што е меѓу најниските во споредба со другите општини. Најкритична ситуација е за Ромите во населбата Влашки пат, каде што се вработени само 5% од мажите и 0% од жените.

**Во Кичево, како што изјавија испитаниците, стапката на неформална работа е нула.**

### Слика 107: сезонска работа




Сликата 107 го покажува процентот на Роми кои биле вклучени во сезонска работа. Податоците покажуваат дека 32% од Ромите работат сезонски, во странство. Најголем процент од Ромите кои вршат сезонска работа се забележани во населбите Прилепска, Скопска и Влашки пат.

Слика 108: Социјална помош




Социјалната помош е еден од важните извори на приход на кој се потпираат многу ромски семејства. Сликата покажува дека околу 35% од домаќинствата се корисници на социјална помош. Највисок удел, или речиси 67% од Ромите од Влашки пат се социјално зависни.

За да се добие општа слика за приходот во ромските семејства, членовите на домаќинствата беа прашани колку заработуваат во опсег од 0 до 70.000 денари. Околу 91% од Ромите имаат месечни примања под 24.000 денари, додека 8% одбиваат да одговорат.

**Табела 208: Месечен приход/во МКД**

| | 0 - 5000 | 5001 - 12000 | 12001 - 24000 | Одбиваат да одговорат |
|---|---|---|---|---|
| Бела Кула/Пашино | 8% | 3% | 0% | 5% |
| Мексико | 4% | 9% | 0% | 0% |
| Пашино | 4% | 4% | 0% | 0% |
| Прилепска | 8% | 8% | 8% | 1% |
| Скопска | 2% | 4% | 15% | 4% |
| Влашки пат | 4% | 4% | 4% | 1% |
| Вкупно | **30%** | **32%** | **27%** | **11%** |

Во споредба со потрошувачката кошница која во февруари 2018 година изнесувала околу 32.000 денари, околу 62% од семејствата не можат да ги купат основните стоки за опстанок. Најкритична позиција е за Ромите во Бела Кула, Мексико, Пашино, Прилепска и Влашки пат, каде што околу 29% заработуваат до 5.000 денари.

Стапката на невработеност кај Ромите во Кичево е релативно висока – 78%, пресметана како дел од работната сила од примерокот во секоја општина. Како што може да се види, во однос на полот, стапката на невработеност е поголема за жените. Според населбата, највисока стапка на невработеност е пријавена во населбите Влашки Пат, Прилепска, Мексико и Пашино со повеќе од 85% невработени Роми. Што се однесува до жените, највисоката стапка е забележана кај Влашки пат, каде што 56% од жените се невработени. Како што е прикажано во резултатот од анкетата, најкритичната ситуација во однос на невработеноста е во Кичево во споредба со другите општини

**Табела 209: Стапка на невработеност**

| **Кичево** | **Работна сила** | Стапка на невработеност | | Невработеност – мажи – | | Невработеност – жени – | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | % | Бр. на невработени (Роми) | % | Бр. на невработени (Роми) | % | Бр. на невработени (Роми) |
| Бела Кула/ Пашино | 11 | 55% | 6 | 27% | 3 | 27% | 3 |
| Мексико | 9 | 89% | 8 | 44% | 4 | 44% | 4 |
| Пашино | 9 | 89% | 8 | 56% | 5 | 33% | 3 |

| Кичево | Работна сила | Стапка на невработеност | | Невработеност – мажи – | | Невработеност – жени – | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | % | Бр. на невработени (Роми) | % | Бр. на невработени (Роми) | % | Бр. на невработени (Роми) |
| Прилепска | 11 | 91% | 10 | 45% | 5 | 45% | 5 |
| Скопска | 24 | 63% | 15 | 29% | 7 | 33% | 8 |
| Влашки пат | 16 | 94% | 15 | 38% | 6 | 56% | 9 |
| **Вкупно** | **80** | | **62** | | **30** | | **32** |
| **Стапка на невработеност/ Општина** | | **78%** | | **38%** | | **40%** | |

*Забелешка: Стапката на невработеност се пресметува како број на невработени Роми поделени со работната сила (Роми).*

Со цел да се процени стапката на невработеност, во рамките на истражувањето беа наведени неколку можни причини. Најголем процент од луѓето 56% сметаат дека немаат можности за вработување, додека 13% немаат неопходно образование и вештини за вработување, а 13%, исто така, пријавиле дека вработувањата одат преку политичка партија и затоа тешко е да се најде работа без да се биде член на некоја од политичките партии.

**Табела 210: Причини за невработеност**

| | Немање можности за вработување | Немање образование и вештини за вработување | Партиски вработувања |
|---|---|---|---|
| Бела Кула/ Пашино | 67% | 0% | 33% |
| Мексико | 33% | 0% | 0% |
| Пашино | 50% | 0% | 50% |
| Прилепска | 33% | 50% | 0% |
| Скопска | 50% | 33% | 0% |
| Влашки пат | 100% | 0% | 0% |
| Вкупно | 56% | 13% | 13% |

Табелата 213 ги прикажува активните и пасивните баратели на работа за општина Кичево. Податоците се од 2017 година од Агенцијата за вработување. Така, вкупно има околу 324 регистрирани Роми кои активно бараат работа во Агенцијата, од кои 70% се мажи. Исто така, околу 258 Роми се регистрирани како пасивни баратели на сработа, од кои 56% се мажи.

**Табела 211: Активни и пасивни баратели на работа**

| Кичево | Активни баратели на работа | | | Пасивни баратели на работа | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| | 324 | 227 | 97 | 258 | 145 | 113 |

**Слика 109: Запознаеност со активните политики на пазарот на трудот**




Сликата 109 ја покажува запознаеноста на Ромите со активните политики на пазарот на трудот. Во просек, 45% не знаат за мерките, 29% одговориле дека воопшто не знаат, додека само 4% пријавиле дека се запознаени со АПТ. Околу 20% од Ромите одбиле да одговорат. Постои висок процент на ниска свесност за АППТ во споредба со Ромите од другите општини.

## ОБРАЗОВАНИЕ

Податоците покажуваат дека во општина Кичево има околу 6 деца на возраст за градинка, но ниедно од децата не е запишано. Меѓу причините доминантно место заземаат средствата за покривање на трошоците – околу 4% од родителите чии деца не се вклучени во градинката сметаат дека ова е главната пречка. Податоците од домаќинствата од Кичево покажаа дека 8,3% од домаќинствата рекле дека се плашат да ги пуштат своите деца во градинка, бидејќи сè уште се мали.

**Табела 212: Пречки за запишување во предучилишно образование/градинка**

| | Немаме средства за покривање на трошоците | Не знам | Се плашиме зашто се многу мали |
|---|---|---|---|
| Бела Кула/ Пашино | 0% | 4% | 4% |
| Мексико | 0% | 0% | 0% |
| Пашино | 4% | 0% | 0% |
| Прилепска | 0% | 0% | 0% |
| Скопска | 0% | 0% | 0% |
| Влашки пат | 0% | 0% | 4% |
| Вкупно | 4% | 4% | 8% |

Понатаму, во рамките на образовниот сектор, има 36 деца на возраст за основно и средно образование. Сите се запишани во училиште и редовно посетуваат настава.

**Табела 213: Запишување на децата во основно и средно образование**

| | Бр. на деца на училишна возраст | Да | | Не | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Бр. на деца | % | Бр. на деца | % |
| Бела Кула/ Пашино | 7 | 7 | 100% | 0 | 0% |
| Мексико | 6 | 3 | 50% | 3 | 50% |
| Прилепска | 5 | 1 | 20% | 4 | 80% |
| Скопска | 10 | 10 | 100% | 0 | 0% |

| | Бр. на деца на училишна возраст | Да | | Не | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Бр. на деца | % | Бр. на деца | % |
| Влашки пат | 8 | 8 | 100% | 0 | 0% |
| Вкупно | 36 | 29 | | 7 | |
| Стапка на запишување во училиште/Општина | | | **81%** | | 19% |

*Забелешка: Стапката на запишување на училиште беше пресметана со делење на бројот на деца на училишна возраст запишани во основно или средно образование со вкупниот број деца на училишна возраст (квалификувани да се запишат), а потоа, количината која се добива се помножи со 100 за да се добие процентот.*

**Како дел од истражувачкиот дел за образованието, испитаниците беа прашани дали децата во нивното домаќинство посетуваат настава на ромски јазик. Од вкупно 13 домаќинства, 8 пријавиле дека нивните деца не учат на ромски јазик, додека 5 одговориле потврдно (основно образование). На прашањето дали би сакале нивните деца да го научат ромскиот јазик, само 8 од домаќинствата одговориле потврдно.**

## ЗДРАВСТВО

Во областа на здравството, податоците покажуваат како домаќинствата ја проценуваат состојбата на нивното здравје, при што на скала од 1 до 5 оценуваат – 1 е лошо, а 5 е одлично. Општа проценка е дека здравјето кај ромските домаќинства е умерено лошо. Околу 8% го пријавиле својот здравствен статус како умерено лош, со најголем процент во Бела Кула (4%) и во Влашки пат (4%). Околу 66% од населението смета дека нивниот здравствен статус е многу добар.

**Табела 214: Согледан здравствен статус (1 – лош, 5 – одличен)**

| | 2 | 3 | 4 | 5 | Одбиваат да одговорат |
|---|---|---|---|---|---|
| Бела Кула/Пашино | 4% | 8% | 0% | 4% | 0% |
| Мексико | 0% | 4% | 4% | 4% | 1% |
| Пашино | 0% | 0% | 4% | 4% | 0% |
| Прилепска | 0% | 4% | 8% | 13% | 0% |
| Скопска | 0% | 0% | 13% | 8% | 4% |
| Влашки пат | 4% | 4% | 5% | 0% | 0% |
| Вкупно | **8%** | **20%** | **34%** | **33%** | **5%** |

Следното прашање во врска со здравствената состојба е оддалеченоста на ромската населба од болницата, што се смета за важен индикатор за пристап до здравјето. Како што може да се види од Табелата подолу, околу 66% од испитаниците се наоѓаат на помалку од 2 километри оддалеченост од болницата, додека 26% се оддалечени повеќе од 2 километри од болницата.

**Табела 215: Оддалеченост од болничка/здравствена единица**

| | 100m - 500m | 600m - 1km | 1km - 2km | 2km - 5km | Одбиваат да одговорат |
|---|---|---|---|---|---|
| Бела Кула/Пашино | 0% | 3% | 0% | 13% | 0% |
| Мексико | 0% | 0% | 0% | 13% | 0% |
| Пашино | 0% | 0% | 4% | 0% | 4% |
| Прилепска | 0% | 25% | 0% | 0% | 0% |
| Скопска | 25% | 0% | 0% | 0% | 0% |
| Влашки пат | 0% | 0% | 9% | 0% | 4% |
| Вкупно | **25%** | **28%** | **13%** | **26%** | **8%** |

Последното прашање од делот за здравство е поврзано со тоа колку домаќинствата трошат месечно од нивниот буџет за потребите на здравствената заштита за членовите на нивното семејство. На ова прашање, 50% изјавиле дека трошат од 100 денари до 1.000 денари, 29% пријавиле дека трошат од 1,001 денари до 3.000 денари. Околу 21% од домаќинствата потрошиле повеќе од 3.000 денари за лекови.

**Табела 216: Трошоци за лекови/месечно, во МКД**

| | 100 - 1000 | 1001 - 3000 | 3001 - 6000 | Повеќе од 6000 |
|---|---|---|---|---|
| Бела Кула/Пашино | 4% | 0% | 9% | 4% |
| Мексико | 8% | 5% | 0% | 0% |
| Пашино | 0% | 4% | 0% | 4% |
| Прилепска | 17% | 8% | 0% | 0% |
| Скопска | 21% | 4% | 0% | 0% |
| Влашки пат | 0% | 9% | 0% | 4% |
| Вкупно | **50%** | **30%** | **9%** | **11%** |

## Општина Виница

### ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ




Општина Виница се наоѓа во источниот дел на Република Македонија. Поширокото подрачје на општината Виница го покрива југоисточниот дел на долината Виница-Кочани и се наоѓа омеѓу планините Обозница и Голак и планината Плачковица. Го зафаќа централниот дел на речното корито на реката Брегалница, која тече низ долината. Општина Виница зафаќа површина од 443 км2 и е составена од 15 административни единици.

Општина Виница на север и на исток се граничи со општина Делчево, на југоисток со општина Берово, на југ со општина Радовиш и на запад со општините Карбинци, Зрновци и Кочани.

**Слика 110: Ромски населби во Виница**




Образовниот процес во општина Виница се спроведува преку четири основни училишта, едно средно училиште и една градинка.

Ромите се дистрибуираат во населба наречена Ромаско маало која се состои од следните улици:

1. Иво Лола Рибар,
2. Македонска,
3. Братство Единство
4. мал дел од ул. Ванчо Прке

Што се однесува до учеството на Ромите во донесувањето на одлуки на локално ниво, има 1 советник Ром и 1 Ром кој учествува во советодавните комитети.

**Табела 217: Учество на Ромите во донесување одлуки**

| | |
|---|---|
| **Комисии на Советот** | **1** |
| **Одбор на директори во основните училишта** | 1 |
| **Одбор на директори во средните училишта** | 0 |
| **Одбор на директори во јавни институции** | 0 |
| **Одбор на директори во градинка** | 0 |

### ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

**Ромска популација и населби**

Според последниот попис во 2002 година, Македонци се најголемата етничка група во општина Виница, во соодност од 91,6% или 18.261 жители. Ромите се втора по големина етничка група, бројат околу 1.230 жители (6,2%), додека останатите 2,2% се Турци, Срби, Власи и други етнички групи. Околу 373 ромски домаќинства живеат во општина Виница, додека вкупниот број Роми според податоците од последниот попис изнесува 1.230. Според испитаниците на фокус група, Ромите се концентрирани во ромската населба наречена Ромско Маало, што е ограничена со следните улици: Иво Лола Рибар; Македонска; Братство Единство и мал дел од улицата Ванчо Прке.

**Табела 218: Ромска популација во Виница**

| *Виница* | | |
|---|---|---|
| Македонци | 18.261 | 91,6% |
| Албанци | 0 | 0% |
| Турци | 272 | 1,4% |
| **Роми** | **1.230** | **6,1%** |
| Власи | 121 | 0,6% |
| Друго | 54 | 0,2% |

На периферијата на населбата населението е од мешана етничка припадност, при што Македонци живеат заедно со Ромите, но подлабоко во населбата Ромите се доминантна етничка група, со мал процент етнички Турци и Македонци. Ромското население во населбата расте, според учесниците на фокус групата. Според испитаниците на фокус групата, постои добра комуникација и соработка меѓу Ромите во населбата. Во однос на комуникацијата со не-Ромите, учесниците забележаа дека иако немало проблеми во тој поглед, тие може да идентификуваат одреден степен на скриена дискриминација од не-ромските етнички групи.

**Слика 111: Пирамида на популација во Виница**




Слика 111 ја претставува распределбата на ромската популација врз основа на возраста во Виница. Ромската популација во Виница како што е претставена е средовечна, околу 46% од населението е на возраст од 0 до 18 години; 54% се во опсегот 19-64 години, а 0% имаат над 64 години.

**Слика 112: Баратели на азил по домаќинство**




Сликата 112 ги прикажува барателите на азил по зона по домаќинство, и вклучува најмалку едно лице кое бара азил во некои од земјите на ЕУ. Може да се види дека најголем број на баратели на азил се од Иво Лола Рибар, каде што 12% бараат азил.

Внатрешната миграција е распространета, особено во случајот на оние Роми кои сезонски мигрираат во други македонски градови каде што престојуваат помеѓу 1 и 3 месеци пред да се вратат дома. Постои масовна миграција од пред 5 години до земјите на ЕУ, во најголем дел во Германија, Франција и Швајцарија. Возраста во која Ромите мигрираат е помеѓу 30 и 40 години.

## ДОМУВАЊЕ

Генерално, во просек 5,11 луѓе живеат во едно домаќинство во Виница, со највисока инциденца на член по домаќинство во улицата Македонска, со 5,42 лица во едно домаќинство.

**Слика 113: Просечен број на жители во едно домаќинство**




Во однос на големината на живеалиштето, околу 47% од становите се во категоријата помала од 50 м2 по домаќинство. Врз основа на населбите, најзагрозената зона во оваа смисла (зоната во која се наоѓаат најмалите живеалишта) е забележана во Македонска, каде што 18% од Ромите живеат во живеалишта до 30 м2. Околу 12% од становите се со големина 51-71 м2, со поделба од по 6% во Иво Лола Рибар и Македонска. Околу 41% од Ромите живеат во живеалишта со опсег од 71 м2 до 90 м2.

**Табела 219: Големина на живеалиштата**

| | 17 m2 - 30 m2 | 31 m2 - 50 m2 | 50 m2 - 70 m2 | 71 m2 - 90 m2 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Иво Лола Рибар | 0% | 6% | 6% | 17% | 29% |
| Македонска | 18% | 24% | 6% | 23% | 71% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | **18%** | **30%** | **12%** | **40%** | **100%** |

Табелата 221 ја претставува сопственичката структура на ромските домаќинства во Виница. Може да се забележи дека има релативно висок процент Роми кои ги поседуваат своите живеалишта – скоро 100% од Ромите поседуваат своја куќа, од кои 71% пријавиле дека поседуваат куќа и 29% дека имаат сопствен стан.

### Табела 220: Сопственичка структура

| | Сопстен стан | Сопствена куќа | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Иво Лола Рибар | 0% | 29% | 29% |
| Македонска | **30%** | **41%** | **71%** |
| Вкупно | **30%** | **70%** | **100%** |

Иако беше изјавено дека Ромите поседуваат 100% од становите, од сликата подолу може да се забележи сите немаат документација законска сопственост. Околу 41% од Ромите пријавиле дека ги легализирале куќите, додека 59% немаат легализирани куќи. Според населбата, во Македонска има најголем процент нелегализирани куќи 47%, додека во Иво Лола Рибар 12% од куќите не се легализирани.

### Слика 114: Легализација на живеалиштата




*Според фокус групата, на ромската населба ѝ е потребен ДУП за конечно да ја регулира инфраструктурата во населбата. Само 50% ги задоволуваат техничките стандарди. Во постапката за легализација на објектите, и денационализацијата на земјиштето претставува сериозен проблем. Досега се поднесени околу 420 барања за легализација на бесправно изградени објекти на Роми. Па, како резултат на тоа се легализирани 149 ромски куќи, што претставува 45% од објектите.*

Во однос на квалитетот на куќите, на учесниците во анкетата им биле поставени по неколку прашања во врска со проблемите со кои се соочуваат и во врска со квалитетот на куќите. Како што може да се види од табелата подолу, најголемиот проблем на ромското домаќинство е влагата. Околу 89% од Ромите пријавиле дека нивната куќа има влага, процентот е највисок во Македонска (65%) и во Иво Лола Рибар (24%). Околу 24% изјавиле дека нивните куќи се изградени од несоодветни материјали. Исто така, истиот процент изјавиле дека немаат пристап до електрична енергија и 53% немаат асфалтирани патишта.

### Табела 223: Главни проблеми при домување и инфраструктура со кои се соочуваат Ромите/ домаќинствата

| | Куќата има влага | Куќата е изградена од несоодветен материјал | Пристап до електрична енергија | Куќата нема пристапен асфалтен пат |
|---|---|---|---|---|
| Иво Лола Рибар | 24% | 12% | 6% | 24% |
| Македонска | 65% | 12% | 18% | 29% |

| Вкупно | 89% | 24% | 24% | 53% |
| --- | --- | --- | --- | --- |

- ⇨ Во ромската населба 60% од улиците се асфалтирани, а околу 90% имаат канализација. Домаќинствата се исклучени од електрична енергија директно од ЕВН затоа што имаат долг поради неплаќање на сметките кон ЕВН. На крајот од населбата напонот на електричната енергија е низок, поради што често доаѓа до прегорување на апаратите. Распоредот на куќите е прилично густ, во одредени места е толку густ што им прави проблем и на противпожарната служба, или на амбулантото возило кои не се во можност да им пријдат на куќите,
- ⇨ Потребно е да се асфалтираат 450 метри од улицата Иво Лола Рибар, а исто така потребна е да се асфалтира и во внатрешноста на населбата. Постои потреба од асфалтирање на улицата меѓу улиците Македонска и Гоце Делчев и помеѓу Македонска и Иво Лола Рибар кои исто така не се асфалтирани. Исто така, голем дел од куќите се соочуваат со проблеми како на пример, слаб притисок на вода и низок напон на електрична енергија. Во некои делови од населбата воопшто нема улично осветлување,
- ⇨ Не постои канализациона мрежа во дел од населбата на крајот од улицата Ванчо Прке.

**Слика 115: Вид на под**




**Слика 116: Вид на прозорци**




Што се однесува до видот на подот во живеалиштата во Виница, 43% изјавиле дека имаат соодветен под, додека 47% навеле дека имаат земјен или бетонски под. Во однос на видот на прозорци, 77% изјавиле дека имаат прозорци од дрвен профил, додека 18% од алуминиумски профили. Околу 6% од домаќинствата одбиле да одговорат.

Табелата 224 ја прикажува состојбата во однос на пристапот на домаќинството до различни јавни услуги. Како што може да се види, 54% од становите изјавиле дека немаат пристап до електрична енергија, со најголема стапка во Иво Лола Рибар (67%). 100% имаат пристап до вода за пиење во внатрешноста на куќата. Што се однесува до пристап на тоалетот со бања, 54% од домаќинствата пријавиле дека немаат тоалет со бања внатре во куќата. Истиот процент навел дека нема пристап до тоалет во внатрешноста на куќата, кујна во внатрешноста на куќата и дека не се поврзани со централниот канализациски систем. Околу 54% воопшто немаат канализација.

### Табела 224: Пристап до различни погодности

| | Струја | | Пивка вода во куќата | | Пивка вода вон куќата | | | Тоалет со бања | | Тоалет во куќата | | Кујна во куќата | | Кујна вон куќата | | Канализација | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Населба | **Да** | **Не** | **Да** | **Не** | **Да** | **Не** | **Н/И** | **Да** | **Не** | **Да** | **Не** | **Да** | **Не** | **Да** | **Не** | **Да** | **Не** |
| Иво Лола Рибар | 33% | 67% | 100% | 0% | 67% | 0% | 33% | 33% | 67% | 33% | 67% | 33% | 67% | 67% | 33% | 33% | 67% |
| Македонска | 60% | 40% | 100% | 0% | 100% | 0% | 0% | 60% | 40% | 60% | 40% | 60% | 40% | 0% | 100% | 60% | 40% |
| **Просек** | 46% | 54% | 100% | 0% | 83% | 0% | 17% | 46% | 54% | 46% | 54% | 46% | 54% | 33% | 67% | 46% | 54% |

*Забелешка: Н/И – Недостапни информации (процент на луѓе кои не одговориле на ова прашање)*

Табелата 225 го покажува процентот од живеалиштата кои немаат пристап до апарати за домаќинство кои се сметаат вообичаени во едно домаќинство. Што се однесува до основните апарати за домаќинство, 12% од домаќинствата немаат ТВ, а 59% немаат фрижидер; додека 35% немаат пегла, а 29% правосмукалка, додека 47% изјавиле дека немаат електричен шпорет.

### Табела 225: Немање пристап до различни апарати за домаќинство

| | Иво Лола Рибар | Македонска | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Телевизор | 6% | 6% | 12% |
| Сателитска/кабловска ТВ | 12% | 24% | 35% |
| Интернет | 24% | 41% | 65% |
| Компјутер/Лаптоп | 24% | 65% | 88% |
| Телефон | 24% | 65% | 88% |
| Мобилен телефон | 6% | 6% | 12% |
| Машина за перење алишта | 6% | 18% | 24% |
| Машина за сушење алишта | 18% | 65% | 82% |
| Пегла | 12% | 24% | 35% |
| Фрижидер | 18% | 41% | 59% |
| Правосмукалка | 12% | 18% | 29% |
| Електричен шпорет | 18% | 29% | 47% |
| Трпезариска маса | 24% | 53% | 76% |
| Кревет за секој член во семејството | 18% | 47% | 65% |
| Автомобил | 24% | 65% | 88% |

### Слика 117: Дали вашето домаќинство се соочува со следниве проблеми?




Сликата 121 ја покажува чувствителноста на куќите во смисла на природни катастрофи – како што се поплави, лизгање на земјиштето. Како што може да се види, 39% од живеалиштата изјавиле дека кај нив доаѓа до лизгање на земјиштето, при што најмногу се погодени куќите во населбата Македонска. Околу 18% од домаќинствата пријавиле дека имаат проблем со поплави, а 12% одбиле да одговорат.

- ⇨ Сите домаќинства не се приклучени на електричната мрежа – во населбата има релативно голем број нови градби – нивниот статус е нерегулиран и како такви

- ⇨ Испитаниците од фокус групата изјавиле дека Виница има 152 невработени Роми, од кои 48 се жени. Во поглед на образовните нивоа, 142 од Ромите се неквалификувани, од кои 46 се жени. Вкупно 5 Роми се квалификувани, од кои 2 се жени. Во Виница нема високо квалификувани работници Роми. Има 4 невработени Роми кои завршиле средно стручно училиште, од кои 2 се жени и нема Роми кои завршиле високо образование. Сите тие се активни баратели на работа.
- ⇨ Голем број Роми не аплицираат во Агенцијата за вработување или не аплицираат во законски определените рокови и не се регистрирани во системот за активни и пасивни баратели на работа, што ги дисквалификува да аплицираат за социјална помош. Средното образование е предуслов за пристап до програмите за работа и мерки за помош при вработување кои се достапни преку Агенцијата за вработување, што е пречка за Ромите кои сакаат да добијат пристап до нив. Ромите кои аплицирале во Агенцијата за вработување во најголем дел се ангажираат при изведба на јавни работи и тоа само додека има потреба.
- ⇨ Постојат програми посебно прилагодени на Ромите – стажирање и стручни курсеви за шиење и фризерски занает, како и грантови и мерки за самовработување, но сепак интересот кај Ромите за користење на овие мерки е доста мал.
- ⇨ Според Агенцијата за вработување на пазарот на трудот има потреба за текстилни работници.
- ⇨ Ромското население во Виница првенствено е вработено во текстилната индустрија, дел од нив се сезонски работници, градежни работници, дрвосечачи, мајстори, музичари и мал број се сопственици на мали дуќани. Сепак, во најголем дел, тие се невработени.

## ВРАБОТУВАЊЕ

Во однос на резултатите од истражувањето за нивото на вработеност, стапката на вработеност е 24%, што е умерено ниска во споредба со стапката на вработеност на национално ниво, таа се добива од работоспособното население од примерокот во секоја општина. Уделот на вработени Ромки е многу мал. Стапката на вработеност кај мажите изнесува 20%, која е речиси пет пати повисока од таа на жените. Ромските жени се во најчуствителна ситуација во населбата Македонска.

**Табела 226: Стапка на вработеност**

| | **Работоспособно население (Роми)** | Стапка на вработеност | | Стапка на вработеност - мажи - | | Стапка на вработеност - жени - | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | % | Стапка на вработени | % | Стапка на вработени - мажи - | % | Стапка на вработени - жени - |
| Иво Лола Рибар | 15 | 20% | 3 | 13 % | 2 | 7 % | 1 |
| Македонска | 39 | 26% | 10 | 23 % | 9 | 3 % | 1 |
| **Вкупно** | **54** | | **13** | | **11** | | **2** |
| **Стапка на вработеност / Општина** | | **24%** | | **20 %** | | **4 %** | |

*Забелешка: Стапката на вработеност се пресметува како однос на вработените Роми од работоспособното Ромско население*

Табела 227: Непријавена работа во табелата подолу е прикажана неофицијалната работна стапка. Повторно, женската позиција во поглед на ова е критична и треба дополнително да се истражи и да се разгледа. Неофицијалната стапка кај мажите е 15%, додека неофицијалната стапка кај жените е 0%.

**Табела 227: Непријавена работа**

| | Работоспособно население | Неофицијална стапка | Непријавена работа – мажи – | Непријавена работа – жени – |
|---|---|---|---|---|
| Иво Лола Рибар | 12 | 17% | 17% | 0% |
| Македонска | 31 | 13% | 13% | 0% |
| Просек | | 15% | 15% | 0% |

**Слика 118: Сезонска работа**




Сликата 118 го покажува процентот на Ромите кои биле вклучени во сезонската работа. Податоците покажуваат дека 42% од Ромите работат сезонски, најчесто одат во странство и работат 3 месеци во некоја од земјите на ЕУ. Процентот на Роми кои работат сезонски е највисок во Македонска населба.

**Слика 119: Социјална помош**




Со оглед на тоа што сезонската работа е важен извор за ромските семејства, социјалната помош е еден од важните извори на приходи на кој се потпираат многу ромски семејства. Сликата покажува дека околу 40% од домаќинствата се корисници на социјална помош. Процентот на приматели на социјална помош е најголем во Македонска населба, каде што 75% од Ромите зависат од социјални трансфери.

**Табела 228: Месечни приходи/во МКД**

| | 0 – 5000 | 5001 - 12000 | 12001 - 24000 | 24001 – 40000 | 40001 - 70000 | Одбиваат да одговорат |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Иво Лола Рибар | 0% | 0% | 18% | 12% | 0% | 0% |
| Македонска | 6% | 12% | 17% | 23% | 6% | 6% |
| Вкупно | 6% | 12% | 35% | 35% | 6% | 6% |

За да се добие општа слика за приходите во ромските семејства, членовите на домаќинствата биле анкетирани колку заработуваат во опсег меѓу 0 до 70.000 денари. Околу 53% од Ромите имаат месечни примања под 24.000 денари, додека 41% изјавиле дека имаат приходи повисоки од 24.000 денари. Околу 6% одбиваат да одговорат.

Во споредба со потрошувачката кошница која во февруари 2018 година изнесувала околу 32.000 денари, околу 18% од семејствата не можат да купат минимална количина производи за опстанок. Во најкритична позиција се наоѓаат оние 6% кои живеат со приходи до 5.000 денари.

**Табела 229: Стапка на невработеност**

| Виница | Работоспо-собно население | Стапка на невработеност | | Невработеност – мажи – | | Невработеност – жени – | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | % | Број на невработени (Роми) | % | Број на невработени (Роми) | % | Број на невработени (Роми) |
| Иво Лола Рибар | 12 | 67% | 8 | 17% | 2 | 50% | 6 |
| Македонска | 31 | 39% | 12 | 23% | 7 | 16% | 5 |
| **Вкупно** | **43** | | **20** | | **9** | | **11** |
| **Стапка на невработеност/ Општина** | | **47%** | | **21%** | | **26%** | |

*Забелешка: Стапката на невработеност се пресметува кога бројот на невработени Роми поделен со работоспособното население (Роми).*

Стапката на невработеност кај Ромите во Виница е умерено висока, па така стапката од 47% е добиена како дел од работоспособното население од примерокот во секоја општина. Како што може да се види, во однос на полот, жените се попогодени – 26% од жените Ромки се невработени. Оваа ситуација покажува дека има потреба за активирање мерки за жените.

**Табела 230: Причини за невработеност**

| | Немање образование и вештини за вработување | Партиски вработувања | Не барам работа |
|---|---|---|---|
| Иво Лола Рибар | 12% | 12% | 6% |
| Македонска | 29% | 0% | 18% |
| Вкупно | 41% | 12% | 24% |

Стапката на невработеност кај Ромите во Виница е умерено висока, а резултатот од 47% е добиен како дел од работноспособното население од примерокот во секоја општина. Како што може да се види, во однос на полот, жените се повеќе погодени – 26% од жените Ромки се невработени. Оваа ситуација покажува дека има потреба од активирање мерки за жените.

**Табела 231: Активни и пасивни баратели на работа**

| Виница | Активни баратели на работа | Пасивни баратели на работа |
|---|---|---|

| | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 156 | 102 | 54 | 80 | 34 | 46 |

Табелата 231 ги прикажува активните и пасивните баратели на работа во општината Виница. Како што може да се забележи, релативно мал број Роми се регистрираат во Агенцијата за вработување - само 156 се регистрирани како активни баратели на работа, а 80 се регистрирани како пасивни лица баратели на работа. И од тоа може да се заклучи дека жените се посклони да се регистрираат како пасивни баратели на работа.

**Слика 120: запознати со АППТ**




Сликата 120 покажува колку Ромите се запознаени со активните политики на пазарот на трудот. Во просек, речиси 9048 лица од населението не се запознаени со мерките на АППТ, додека 12% се изјасниле дека се запознаени со понудите од програмите на Агенцијата за вработување. Релативно висок процент 41% одбиле да одговорат на ова прашање.

## ОБРАЗОВАНИЕ

Од вкупниот број деца од предучилишна возраст, 66% од децата се запишани во градинка.

**Табела 232: Семејства со деца на училишна возраст**

| | Семејства со деца на возраст за градинка | Семејства без деца на предучилишна возраст |
|---|---|---|
| Иво Лола Рибар | 0 | 4 |
| Македонска | 6 | 5 |
| Вкупно | 6 | 9 |

Меѓу причините поради кои не посетуваат градинка, главна е недостатокот на средства за покривање на трошоците - околу 4% од родителите чии деца не посетуваат градинката сметаат дека ова е главната пречка.

**Табела 232: Семејства со деца на училишна возраст**

| | Да, но не сите | Да, сите од нив | Не |
|---|---|---|---|
| Македонска | 33% | 33% | 33% |

Од истражувањето, може да се заклучи дека има околу 10 деца на возраст за основно и средно образование. Сите се запишани во училиште.

**Табела 234: Упис на деца во основно и средно образование**

| | Број на деца на училишна возраст | Да | | Не | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Број на деца | % | Број на деца | % |
| Иво Лола Рибар | 1 | 1 | 100% | 0 | 0% |
| Македонска | 9 | 9 | 100% | 0 | 0% |
| **Вкупно** | **10** | **10** | | **0** | |
| **Стапка на запишување во училиште / Општина** | | | **100%** | | **0%** |

*Забелешка: Процентот на запишување на училиште бил пресметан со делење на бројот на деца на училишна возраст запишани во основно или средно образование со вкупниот број деца на училишна возраст (кои би можеле да бидат запишани), а потоа, резултат кој се добива се множи со 100 за да се добие процентот.*

Во однос на дискриминацијата, околу 23% од родителите пријавиле случаи на дискриминација во училиштето од професорот или наставникот. Таквите случаи треба да се испитаат и да се подигнат на институционално ниво, така што тие нема да ѝ наштетат на мотивацијата на децата за продолжување со образованието.

**Табела 235: Дискриминација во основно или средно образование**

| | Да, од професор/наставник | Не | Не знам | Одбиваат да одговорат |
|---|---|---|---|---|
| Иво Лола Рибар | 8% | 15% | 0% | 8% |
| Македонска | 15% | 46% | 8% | 0% |
| Вкупно | 23% | 61% | 8% | 8% |

Ниедно од 17 испитаните домаќинства немале деца што посетувале настава на ромски јазик. 12 домаќинства изјавиле дека би сакале нивните деца да учат на ромски јазик, ако е можно, додека само едно домаќинство навело дека не би сакале нивните деца да учат на ромски јазик.

## ЗДРАВСТВО

Во однос на здравствената состојба на Ромите во Виница, околу 35% од Ромите изјавиле дека ситуацијата е умерено лоша и ја оцениле со 1 и 2; додека 47% сметаат дека нивната состојба е добра, а 18% ја оцениле својата здравствена состојба како одлична.

**Табела 236: Согледан здравствен статус (1 – лош, 5 – одличен)**

| | 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|---|
| Иво Лола Рибар | 6% | 6% | 12% | 6% |
| Македонска | 23% | 0% | 35% | 12% |
| Вкупно | 29% | 6% | 47% | 18% |

За 35% од домаќинствата ја пријавиле својата ситуација како умерено лоша, им биле поставени дополнителни прашања со цел да се добијат можните причини. Како што може да се види, 8% од нив го пријавиле здравствениот статус како лош поради наследна болест во семејството, додека околу 62% од Ромите изјавиле дека немаат средства да го платат својот лек; 23% поради нездравата животна состојба и наследните семејни болести. Исто така, околу 8% од

домаќинствата го оцениле нивниот здравствен статус како лош, бидејќи имале некои сериозни повреди или инвалидитет.

### Табела 237: Причина за лошиот здравствен статус

| | Наследна семејна болест | Немаме средства да платиме медицинските третмани | Нездрави животни услови | Сериозна повреда – инвалидитет |
|---|---|---|---|---|
| Иво Лола Рибар | 0% | 23% | 8% | 0% |
| Македонска | 8% | 38% | 14% | 8% |
| Вкупно | 8% | 61% | 22% | 8% |

Растојанието од болницата е важен показател за пристапноста до здравствениот систем. Растојанието е исто така поврзано со транспортот и средствата за негово поминување. Затоа, околу 18% од населението живее на оддалеченост од болницата до 2 км, додека 76% од семејствтата живеат на растојание од 2 до 5 км, што е многу критично во однос на пристапноста на болницата која понатаму е поврзана со дополнителни трошоци за Ромските семејства.

### Табела 238: Оддалеченост од болничка/здравствена единица

| | 1км – 2км | 2км – 5км | Одбиле да одговорат |
|---|---|---|---|
| Иво Лола Рибар | 12% | 17% | 0% |
| Македонска | 6% | 59% | 6% |
| Вкупно | 18% | 76% | 6% |

Трошоците за лекови во едно домаќинство, исто така, укажуваат на пристап до здравјето на ромските семејства. Во просек, околу 6% од населението троши до 1000 денари за лекови, додека 41% од населението троши помалку од 3.000 денари. Сепак, ситуација е најкритична за 53% од населението кои трошат над 3.000 денари

### Табела 239: Трошоци за лекови/месечно, во денари

| | 100 - 1000 МКД | 1001 - 3000 МКД | 3001 - 6000 МКД |
|---|---|---|---|
| Иво Лола Рибар | 0% | 6% | 24% |
| Македонска | 6% | 35% | 29% |
| Вкупно | 6% | 41% | 53% |

## Општина Дебар

### ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ




Според новата територијална поделба, Дебар е една од општините што припаѓаат на југозападниот дел од Македонија. Општината се наоѓа во регионот на Дебар и има површина од 142.67 км2. На исток се граничи со Албанија, на југ со Центар Жупа и Струга, на исток со Кичево и на север со Маврово и Ростуша. Во општината се наоѓаат планините Дешат и Кораб и Дебарското Езеро.

Според пописот од 2002 година, општината има вкупно 19 542 жители со густина на населеност од 134 жители по квадратен километар.

**Слика 121: Ромски населби во Дебар**




Образовниот процес во општина Дебар се спроведува преку пет основни училишта, две средни училишта и една градинка. Според Пописот во 2002 година, Ромите претставуваат 5,53% од вкупното население во општината. Во општина Дебар постојат 4 ромски населби – Ваков, Ѓен, Венец и Долна Маала.

Што се однесува до учеството на Ромите во донесувањето одлуки на локално ниво, во комисиите на советот има 1 Ром, а 2 Роми се членови на Одборот за основното образование.

**Табела 240: Учество на Ромите во донесувањето одлуки**

| Комисии на Советот | 1 |
|---|---|
| Одбор на директори во основните училишта | 2 |
| Одбор на директори во средните училишта | 0 |
| Одбор на директори во јавни институции | 0 |
| Одбор на директори во градинка | 0 |

### ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

**Ромско население и населби**

Извршениот попис од 2002 година покажува дека општина Дебар има 19.542 жители кои живеат во 4.606 живеалишта, раширени во 11 населени места и некои други помали населби. Дебар се наоѓа на 133 километри од Скопје. **Бројот на ромското население што живее во Дебар изнесува 1.080 што сочинува 5,53% од вкупното население, што ја прави оваа етничка заедница четврта по број во споредба** со другите етнички заедници. Ромски населби во „Ваков", „Ѓен", „Венец" и „Долна Маала".

### Табела 241: Населението во Дебар врз основа на етничката припадност

| Дебар | | |
|---|---|---|
| Македонци | 3.911 | 20,01% |
| Албанци | 11.348 | 58,07% |
| Турци | 2.684 | 13,73% |
| Роми | 1.080 | 5,53% |
| Срби | 22 | 0,11% |
| Бошњаци | 3 | 0,02% |
| Власи | 2 | 0,01% |
| Останати | 492 | 2,52% |

Според проценките, во Ваков има 70-75 ромски домаќинства, во Ѓењ 91, во Венец 49 домаќинства и во Долна Маала има 91 домаќинство. Бројот на домаќинства е зголемен во последните 3 години.

### Табела 242: Проценетото население во Дебар според фокус групите

| Населба | Жители | Домаќинства |
|---|---|---|
| Ваков | 280 – 320 | 70-75 |
| Ѓен | 350 – 400 | 91 |
| Венец | 200 | 49 |
| Долна Маала | 365 – 400 | 91 |
| Вкупно | 995 – 1,320 | 301 |

### Слика 122: Пирамида на население во Дебар




Сликата 122 ја претставува распределбата на ромското население во Дебар според возраста. Ромското население во Дебар според распределбата е средновечно, околу 34% од населението е на возраст од 0 до 18 години; 58% во опсег од 19-64 години, и 8% над 64 години.

**Слика 123: Баратели на азил**




Сликата 123 ги прикажува барателите на азил по зона по домаќинство, вклучувајќи најмалку едно лице кое бара азил во некоја од земјите на ЕУ. Може да се види дека околу 27% од Ромите во Дебар побарале азил со највисока стапка на баратели на азил од населбата Вакоф 13%, и со по 7% од населбите Долна Маала и Даколара.

## ДОМУВАЊЕ

Генерално, во Дебар во едно домаќинство во просек живеат по 5,17 членови, со највисока стапка на член по домаќинство во населбата Даколара, со 6,5 лица во едно домаќинство. Најнизок број на членови по домаќинство е во Вдзен.

**Слика 124: Просечен број на жители по домаќинство**




.

**Табела 243: Големина на живеалиштата**

| | 31 - 50 $m^2$ | 51 - 70 $m^2$ | 71- 90 $m^2$ | Повеќе од 90 $m^2$ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Даколара | 0% | 7% | 6% | 0% | 13% |
| Долна Маала | 0% | 7% | 7% | 6% | 20% |
| Вакоф | 7% | 0% | 6% | 27% | 40% |
| Вдзен | 21% | 6% | 0% | 0% | 27% |
| Вкупно | **28%** | **20%** | **19%** | **33%** | **100%** |

Во однос на големината на живеалиштето, околу 28% од живеалиштата спаѓаат во категоријата живеалишта помали од 50 м2 по домаќинство. Земајќи ги предвид населбите, најранливата зона според овој услов (зоната каде што има најмалиот број на живеалишта) е Вдзен, каде што 21% од домаќинствата живеат во живеалишта со просечна големина од 31м2 до 50м2.

Околу 20% од живеалиштата се со големина меѓу 51-71 м2, распределени по 7% во секоја од следниве населба Даколара, Вакоф и Вдзен. Околу 52% од Ромите живеат во живеалишта поголеми од 71 м2.

**Табела 244: Сопственичка структура на живеалиштата**

| | Сопствен стан | Сопствена куќа | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Даколара | 0% | 13% | 13% |
| Долна Маала | 0% | 20% | 20% |
| Вакоф | 6% | 34% | 40% |
| Вдзен | 7% | 20% | 27% |
| Вкупно | **13%** | **87%** | **100%** |

Во однос на сопственичката структура на живеалиштата, сите ромски семејства изјавија дека поседуваат сопствени куќи. Околу 87% пријавиле дека поседуваат куќа, а 13% пријавиле станови.

**Табела 245: Легализација на живеалиштата**

| | Да | Не | Одбиле да одговорат | Во процес на легализација | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Даколара | 6% | 0% | 0% | 7% | 13% |
| Долна Маала | 20% | 0% | 0% | 0% | 20% |
| Вакоф | 20% | 13% | 0% | 7% | 40% |
| Вдзен | 20% | 0% | 7% | 0% | 27% |
| Вкупно | **67%** | **13%** | **7%** | **13%** | **100%** |

Иако било објавено дека Ромите поседуваат 100% од живеалиштата, од табелата 245 може да се увиди дека сите немаат комплетна правна документација за сопственост. Околу 67% од Ромите пријавиле дека ги легализирале живеалиштата, додека 13% од живеалиштата се во процес на легализација, односно не се легализирани. Во населбата Вакоф процентот на нелегализирани живеалишта е највисок.

**Табела 246: Главни проблеми при домување и инфраструктура со кои се соочуваат Ромите/домаќинствата.**

| | Куќата/живеалиштето има влага | Куќата е изградена од несоодветен материјал |
|---|---|---|
| Даколара | 0% | 0% |
| Долна Маала | 0% | 13% |
| Вакоф | 0% | 0% |
| Вдзен | 7% | 0% |
| Вкупно | 7% | 13% |

Во однос на квалитетот на куќите, неколку прашања им биле поставени на учесниците во анетата во врска со проблемите со кои се соочуваат и квалитетот на куќите. Како што може да се види од табелата 246, најголемиот проблем на ромските домаќинства е тоа што куќите се изградени од несоодветен материјал. Околу 13% од Ромите од Долна Мала пријавиле таков проблем. Во населбата Вдзен околу 7% од Ромите пријавиле дека нивната куќа има влага, што е воедно највисок процент.

### Слика 125: Вид на прозорци




Во однос на видот на прозорците, 40% изјавиле дека имаат прозорци со дрвена рамка, додека 54% PVC прозорци. Околу 7% од домаќинствата одбиле да одговорат.

Табелата 247 ја прикажува состојбата во однос на пристапот на домаќинството до различни јавни услуги. Околу 17% од домаќинствата пријавиле дека немаат пристап до вода за пиење надвор од куќата, процентот е највисок во Даколара (50%). Како што може да се забележи, 25% од живеалиштата пријавиле дека во куќата немаат кујна, процентот е највисок во Врзнен (100%), додека 67% немаат кујна надвор од куќата, процентот е највисок во Даколара (100%), Вакоф (100%). Кога станува збор за канализацискиот систем, 8% од Ромите во Дебар изјавиле дека немаат пристап.

### Табела 247: Пристап до различни погодности

| | Струја | | Пивка вода во куќата | | Пивка вода вон куќата | | | Тоалет со бања | | | Тоалет во куќата | | | Кујна во куќата | | Кујна вон куќата | | | Канали-зација | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Населба | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Н/И | Да | Не | Н/И | Да | Не | Н/И | Да | Не | Да | Не | Н/И | Да | Н/И |
| Даколара | 100% | 0% | 100% | 0% | 50% | 50% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% |
| Долна мала | 100% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 0% | 67% | 33% | 100% | 0% |
| Вакоф | 100% | 0% | 100% | 0% | 83% | 17% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% |
| Вдзен | 100% | 0% | 100% | 0% | 33% | 0% | 67% | 67% | 0% | 33% | 67% | 0% | 33% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 67% | 33% |
| **Просек** | **100%** | **0%** | **100%** | **0%** | **66%** | **17%** | **17%** | **92%** | **0%** | **8%** | **92%** | **0%** | **8%** | **75%** | **25%** | **0%** | **67%** | **33%** | **92%** | **8%** |

*Забелешка: Н/И – Недостапни информации (% на луѓе кои не одговориле на ова прашање)*

Табелата 248 го покажува процентот од куќите кои немаат пристап до апарати за домаќинство кои се сметаат за вообичаени во едно домаќинство. Што се однесува до основните апарати, 7% од домаќинствата немаат ТВ и 7% немаат електричен шпорет. Во однос на втората категорија стоки што може да се сметаат за средна класа, 33% од домаќинствата немаат интернет, а 67% немаат компјутер, а 40% немаат трпезариска маса. 50% немаат кревет за секој член на семејството, што значи дека голем дел се заеднички легла за повеќето членови на семејството.

### Табела 248: Немање пристап до различни апарати за домаќинство

| | Даколара | Долна Маала | Вакоф | Вдзен | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Телевизор | 0% | 0% | 7% | 0% | 7% |
| Сателитска/Кабловска телевизија | 0% | 0% | 7% | 0% | 7% |
| Интернет | 0% | 7% | 27% | 0% | 33% |
| Компјутер/Лаптоп | 13% | 13% | 27% | 13% | 67% |
| Телефон | 7% | 0% | 20% | 13% | 40% |
| Мобилен телефон | 7% | 13% | 0% | 0% | 20% |
| Машина за сушење | 13% | 20% | 40% | 13% | 87% |
| Правосмукалка | 7% | 0% | 0% | 0% | 7% |
| Електричен шпорет | 0% | 0% | 0% | 7% | 7% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Трпезариска маса | 0% | 20% | 20% | 0% | 40% |
| Кревет за секој член на семејството | 13% | 13% | 20% | 7% | 53% |
| Автомобил | 13% | 13% | 40% | 13% | 80% |

## ВРАБОТУВАЊЕ

Во однос на главна работно занимање/главната професија на Ромите по населба, наодите се следни:

- ⇨ во „Ваков“ Ромите главно работат како музичари;
- ⇨ во „Ѓен“ Ромите работат во текстилната индустрија, пералниците, како продавачи и хигиеничари;
- ⇨ во „Венец“ како дрвосечачи и во градежната индустрија,
- ⇨ во „Долна Маала“ како молери, музичари, ковачи и бравари.
- ⇨

Во однос на стапката на вработеност на Ромите, наодите на таргет групата се следните:

- ⇨ „Ваков“ - 15 лица се вработени; останатите се регистрирани во Агенцијата за вработување;
- ⇨ „Ѓен“ - 10 лица се вработени, а останатите се регистрирани во Агенцијата за вработување;
- ⇨ „Венец“ - 20 лица се вработени, а останатите се регистрирани во Агенцијата за вработување;
- ⇨ „Долна Маала' - 25 лица се вработени, а останатите се регистрирани во Агенцијата за вработување.

Што се однесува до резултатите од истражувањето за нивото на вработеност, стапката на вработеност изнесува 25% од работоспособното население од примерокот/урнекот во секоја општина. Стапката на вработеност кај жените Ромки е 10% што е релативно добра во споредба со ситуацијата на другите Ромки во другите општини. За Ромите ситуацијата е најкритична во Долна Маала, каде што се пријавени 0% вработувања за мажи и жени. Највисоката стапка на вработеност е евидентирана во Даколара, каде што стапката на вработени жени е повисока од машката.

**Табела 249: Стапка на вработеност**

| **Дебар** | **Работоспо-собно население (Роми)** | Стапка на вработеност | | Стапка на вработеност – мажи – | | Стапка на вработеност – жени – | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | % | Број на вработени Роми | % | Број на вработени Роми | % | Број на вработен и Роми |
| Даколара | 8 | 63% | 5 | 25% | 2 | 38% | 3 |
| Долна Маала | 12 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 |
| Вакоф | 26 | 23% | 6 | 12% | 3 | 12% | 3 |
| Вдзен | 14 | 29% | 4 | 29% | 4 | 0% | 0 |
| **Вкупно** | **60** | | **15** | | **9** | **10%** | **6** |
| **Стапка на вработеност / Општина** | | **25%** | | **15%** | | **10%** | |

*Забелешка: стапката на вработеност се пресметува како однос на вработените Роми спроти работоспособното Ромско население*

Во табелата подолу е прикажана неофицијалната работна стапка. Околу 11% од Ромите работат непријавено, процентот е највисок во Долна Маала и Вакоф. Само 1% од Ромките работат непријавено.

### Табела 250: Непријавена работа

| | Работоспособни лица | Непријавена работа | Непријавена работа – мажи | Непријавена работа – жени |
|---|---|---|---|---|
| Даколара | 6 | 0% | 0% | 0% |
| Долна Маала | 10 | 20% | 20% | 0% |
| Вакоф | 17 | 24% | 18% | 6% |
| Вдзен | 12 | 0% | 0% | 0% |
| Просек | | 11% | 9% | 1% |

### Слика 126: Сезонска работа




Слика 126 го покажува процентот на Ромите кои биле вклучени во сезонската работа. Податоците покажуваат дека 27% од Ромите работат сезонски. Повеќето од Ромите, исто така, одат во летниот период да работат во странство. Највисок процент на сезонска работа е забележан во Долна Маала.

### Слика 127: Социјална помош




Со оглед на тоа што сезонската работа е важен извор за ромските семејства, социјалната помош е еден од важните извори на приходи врз кој се потпираат многу ромски семејства. Податоците покажуваат дека околу 50% од домаќинствата од Вдзен се приматели на социјална помош, додека во останатите населби тоа не е случај.

За да се добие општа слика за приходите во ромските семејства, членовите на домаќинствата биле прашани колку заработуваат во дијапазон помеѓу 0 и 70.000 денари. Околу 47% од Ромите имаат месечни примања под 24.000 денари, додека 20% пријавиле дека имаат приходи повисоки од 24.000 денари. Само 7% од испитаниците имаат приход под 5000 денари. Исто така, висок процент – 33% од испитаниците одбиле да одговорат на ова прашање.

Во споредба со потрошувачката кошница која во февруари 2018 година изнесувала околу 32.000 денари, околу 20% од семејствата не можат да купат минимални работи за опстанок. Најкритична ситуација за Ромите е во Вдзен, каде приходите едвај достигнуваат 5.000 денари.

### Табела 251: Месечен приход

| | 0 - 5000 | 5001 - 12000 | 12001 - 24000 | 24001 - 40000 | 40001 - 70000 | Одбиле да одговорат |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Даколара | 0% | 0% | 0% | 6% | 0% | 7% |

| | 0 - 5000 | 5001 - 12000 | 12001 - 24000 | 24001 - 40000 | 40001 - 70000 | Одбиле да одговорат |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Долна Маала | 0% | 7% | 7% | 0% | 6% | 0% |
| Вакоф | 0% | 0% | 13% | 7% | 0% | 20% |
| Вдзен | 7% | 7% | 7% | 0% | 0% | 6% |
| Вкупно | **7%** | **13%** | **27%** | **13%** | **7%** | **33%** |

Стапката на невработеност кај Ромите во Дебар изнесува 64%, што е релативно висока во споредба со националниот просек. Стапката на невработеност се пресметува како дел од работната сила од примерокот/урнекот во секоја општина. Како што може да се види, во однос на полот, стапката на невработеност кај жените е речиси двојно повисока, 42% од жените се невработени. Во однос на населбите најголем број невработени Роми има во Вдзен 92%, каде што 75% од жените се невработени; па потоа следуваат Долна Маала со 70% и Вакоф со 53%.

**Табела 221: Стапка на невработеност**

| **Дебар** | **Работна сила** | Стапка на невработеност | | Невработеност - мажи - | | Невработеност - жени - | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | % | Бр. на невработени (Роми) | % | Бр. на невработени (Роми) | % | Бр. на невработени (Роми) |
| Даколара | 6 | 33% | 2 | 0% | 0 | 33 % | 2 |
| Долна мала | 10 | 70% | 7 | 40 % | 4 | 30 % | 3 |
| Вакоф | 17 | 53% | 9 | 24 % | 4 | 29 % | 5 |
| Вдзен | 12 | 92% | 11 | 17 % | 2 | 75 % | 9 |
| Вкупно | 45 | | 29 | | 10 | | 19 |
| **Стапка на невработеност/ Municipality** | | **64%** | | **22 %** | | **42 %** | |

*Забелешка: Стапката на невработеност се пресметува како број на невработени Роми поделен со работната сила (Ромите)*

Со цел да се одреди стапката на невработеност, во рамките на истражувањето биле наведени неколку можни причини. Процентот на причините за невработеноста подеднакво се распределени – 14% сметаат дека немаат можности за вработување, 13% немаат соодветно образование и училиште, а ист процент од луѓето сметаат дека работата е распределена меѓу членовите на политичката партии, па ако не сте член, вашите шанси за вработување се мали.

**Табела 253: Причини за невработеност**

| | Отсуство на можности за вработување | Отсуство на образование и вештини за вработување | Партиски вработувања |
|---|---|---|---|
| Даколара | 0% | 0% | 0% |
| Долна Маала | 7% | 0% | 13% |
| Вакоф | 0% | 13% | 0% |
| Вдезен | 7% | 0% | 0% |
| Вкупно | 14% | 13% | 13% |

Во табелата 254 се прикажани активните и пасивните баратели на работа во општина Дебар. Податоците се од 2017 година од Агенцијата за вработување. Така, вкупно околу 256 Роми се

регистрирани како активни баратели на работа во Агенцијата, од кои 75% се мажи. Исто така, околу 128 Роми се регистрирани како пасивни баратели на работа, од кои 50% се мажи.

**Табела 254: Активни и пасивни баратели на работа**

| Дебар | Активни баратели на работа | | | Пасивни баратели на работа | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| | 256 | 192 | 64 | 128 | 64 | 64 |




**Слика 128: Роми, запознаени со активните политики на пазарот на труд**

Што се однесува до активните политики на пазарот за трудот, само 7% од Ромите се запознаени со мерките на Агенцијата за вработување. Околу 27% одбиле да одговорат, додека 53% од испитаниците не се запознаени со АППТ.

## ОБРАЗОВАНИЕ

Податоците покажуваат дека во општина Дебар (во однос на бројот на испитаници од Дебар) околу 5 деца се на возраст за во градинка, но само едно дете е запишано во градинката.

**Табела 255: Семејства со деца на училишна возраст**

| | Семејства со деца на возраст за градинка | Семејства без деца на предучилишна возраст |
|---|---|---|
| Даколара | 1 | 1 |
| Долна Маала | 0 | 3 |
| Вакоф | 3 | 3 |
| Вдзен | 1 | 2 |
| **Вкупно** | **5** | **9** |

Како што може да се види едно дете од населбата Вакоф е запишано во градинката. Останатите деца или 80% од оние на возраст за во градинка не се запишани.

**Табела 256: Запишување во градинка**

| | Да, но не сите | Не |
|---|---|---|
| Даколара | 0% | 20% |
| Вакоф | 20% | 40% |
| Вдзен | 0% | 20% |

| Вкупно | 20% | 80% |
|---|---|---|

Како причина, 7% од испитаниците одговориле дека се плашат дека децата се сè уште мали, а истиот процент од луѓето одбиле да одговорат.

**Табела 257: Пречки за запишување на децата во предучилишно образование/градинка**

| | Одбиле да одговорат | Се плашиме, бидејќи сè уште се мали |
|---|---|---|
| Даколара | 0% | 0% |
| Долна Маала | 0% | 0% |
| Вакоф | 7% | 7% |
| Вдзен | 0% | 0% |
| Вкупно | 7% | 7% |

Во однос на основното и средното образование, има 19 деца на училишна возраст. Што се однесува до запишувањето во основно и средно образование, ситуацијата е поинаква и подобра од останатите општини. 89% од Ромите се запишани во основно и средно образование, додека 11% од нив не се запишани.

**Табела 258: Запишување на децата во основно и средно образование**

| | Број на деца на училишна возраст | Да | | Не | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Број на деца | % | Број на деца | % |
| Даколара | 5 | 5 | 100% | 0 | 0% |
| Долна Маала | 4 | 2 | 50% | 2 | 50% |
| Вакоф | 9 | 9 | 100% | 0 | 0% |
| Вдзен | 1 | 1 | 100% | 0 | 0% |
| **Вкупно** | **19** | **17** | | **2** | |
| **Стапка на запишување во училиште / Општина** | | | **89%** | | **11%** |

*Забелешка: Стапката на запишување во училиште била пресметана со делење на бројот на деца на училишна возраст запишани во основно или средно образование со вкупниот број деца на училишна возраст (кои би можеле да бидат запишани), а потоа, резултатот која се добил бил помножен со 100 за да се добие процентот.*

Родителите не пријавиле никакви случаи на дискриминација, а згора на тоа, во однос на комуникацијата со не-Ромите, сите навеле дека имаат многу добри односи со другите етнички заедници.

## ЗДРАВСТВО

Во областа на здравството, податоците покажуваат како домаќинствата ја проценуваат состојбата на нивното здравје, каде што на скала од 1 до 5 оценуваат – 1 е лоша, а 5 е одлична. Општа проценка е дека ромските домаќинства се во добра или многу добра здравствена состојба.

**Табела 259: Согледан здравствен статус (1 – лош, 5 – одличен)**

| | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|
| Даколара | 7% | 6% | 0% |
| Долна Маала | 7% | 13% | 0% |
| Вакоф | 6% | 27% | 7% |
| Вдзен | 13% | 7% | 7% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 33% | 53% | 13% |

Растојанието од болницата е важен показател за пристапноста до здравствениот систем. Растојанието е исто така поврзано со транспортот и средства за негово поминување. Затоа, околу 94% од населението е оддалечено до болницата до 1 км, додека 7%, се оддалечени 2 до 5 км, што може да се смета за критично во однос на пристапот до болницата кој дополнително е поврзан со дополнителни трошоци за ромските семејства.

**Табела 260: Оддалеченост од болничка/здравствена единица**

| | 100m - 600m | 601m - 1km | 2km - 5km |
|---|---|---|---|
| Даколара | 7% | 6% | 0% |
| Долна Маала | 7% | 7% | 6% |
| Вакоф | 0% | 40% | 0% |
| Вдзен | 0% | 27% | 0% |
| Вкупно | **14%** | **80%** | **6%** |

Трошоците за лекови во едно домаќинство, исто така, укажуваат на пристапот до здравствените услуги на ромските семејства. Во просек, околу 60% од населението троши околу 1.000 денари за лекови, додека 40% од населението троши некаде помеѓу 1.000 и 3.000 денари. Затоа, може да се заклучи дека околу 15% од буџетот се троши за купување на лекови што е релативно добро.

**Табела 261: Трошоци за лекови/месечно, во денари**

| | 100-1000 МКД | 1001-3000 МКД |
|---|---|---|
| Даколара | 8% | 7% |
| Долна Маала | 13% | 7% |
| Вакоф | 27% | 13% |
| Вдзен | 12% | 13% |
| Вкупно | **60%** | **40%** |

## Општина Кавадарци

### ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ




Општина Кавадарци се наоѓа во јужниот дел на Република Македонија, со површина од 391 км2. Општината на југ граничи со Грција, на исток граничи со општина Неготино, на запад граничи со општина Прилеп и на север граничи со општина Росоман.

Општината опфаќа 2 приградски населби и 38 села. Земјоделството во Кавадарци е една од најразвиените стопански гранки – Најразвиени се винарството и лозарството, Кавадарци има 12.026 домаќинства и 16.324 живеалишта. Покрај тоа, Кавадарци се наоѓа 95 км од Скопје.

Според Пописот во 2002 година, Ромите претставуваат 1,75% од вкупното население на општината. Сепак, неофицијално, процентот на Роми во општината се движи од 2% до 4%.

**Слика 129: Ромски населби во Кавадарци**




Повеќето од ромското население живее во концентрирани населби. Постојат 5 ромски населби во општина Кавадарци – Долно Маало (Тенеќе Маало), Горно Маало (Бусанско Маало), Ваташа, Кадро Маало и населбата Марена

Во однос на институционалните капацитети, имаат 1 градинка, 5 основни училиште и 3 средни училишта.

Што се однесува до учеството на Ромите во донесувањето на одлуки на локално ниво, во општината нема место за Ромите во органите на одлучување.

### ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Според последните официјални податоци од пописот од 2002 година, општина Кавадарци зафаќа површина од 319 км2 и има 38.741 жители. Според последниот попис од 2002 година, Ромите сочинуваат 1.75% од вкупното население на општината.

**Табела 222: Население во Кавадарци според етничка припадност**

| *Кавадарци* | | |
|---|---|---|
| Македонци | 37,499 | 96.7%% |
| Албанци | 0 | 0.0% |
| Турци | 167 | 0.4%% |
| **Роми** | **679** | **1.7%%** |
| Власи | 0 | 0% |
| Срби | 218 | 0.5% |
| Бошњаци | 0 | 0.0% |
| Останати | 171 | 0.5% |
| ***Вкупно население*** | 38,741 | |

Врз основа на проценката од Државниот завод за статистика, може да се забележи мало зголемување на населението во Кавадарци од претходниот попис. Неофицијалните податоци од страна на невладините организации укажале на околу 190-200 ромски домаќинства. **Ромите во Кавадарци се распоредени во урбаниот дел на градот, но исто така има и Роми кои живеат на периферијата на градот.**

**Табела 263: Процена на населението**

| Населба | Семејство | Пресметка/Процена на населението |
|---|---|---|
| Долно Маало | 20 | 100 |
| Горно Маало | 50-60 | 200-250 |
| Ваташа | 18-30 | 70-120 |
| Кадро Маало | 50-60 | 200-250 |
| Марена | 30-50 | 140-180 |
| Вкупно | 168 – 220 | 710 – 900 |

Според фокус групите, Ромите живеат во населени места кои се идентификуваат според имињата на улиците и териториите на населените места. Бројот на куќи се движи од 168 до 200, но во една куќа има повеќе од едно семејство, така што бројот на семејства може да достигне до 440. Според фокус-групите, бројот на Ромите во последните три години се зголемил т.е. речиси се удвоил. Бројот на населението се зголемува како резултат на создавање на нови семејства, и затоа во едно домаќинство има две семејства.

**Слика 130: Пирамида на населението во Кавадарци**




Сликата 130 ја претставува распределбата на ромската популација врз основа на возраста во Кавадарци. Ромската популација во Кавадарци како што е претставена е релативно млада, околу 46% од населението е на возраст од 0 до 18 години; а 54% од населението меѓу 19 и 64 години.

**Слика 131: Баратели на азил во Кавадарци**




Што се однесува до барателите на азил во Кавадарци, околу 33% од населението имало најмалку еден член од семејството кој аплицирал за азил во некоја од земјите на ЕУ од 2009 година. Повеќето луѓе поради лошата економска ситуација се решиле за таква опција додека перспективите за новите генерации се многу ограничени.

## ДОМУВАЊЕ

Податоците кои се присутни се на општинско ниво, како распределбата на големината на примерокот на ниво на населба е мала. Што се однесува до бројот на жители по домаќинство, од анкетата може да се заклучи дека кај Ромите има околу 6,2 жители во едно домаќинство, што во споредба со неромските семејства е релативно високо. Сепак, структурата на семејствата е многу поинаква, бидејќи во едно ромско семејство најчесто може да се најдат проширени семејства.

**Табела 264: Големина на живеалиштата**

| | 17 м2 - 30 м2 | 31 м2 - 50 м2 | 51 м2 - 70 м2 | 71 м2 - 90 м2 |
|---|---|---|---|---|
| Кавадарци | 34% | 22% | 22% | 22% |

Од аспект на големината на живеалиштата, може да се забележи дека околу 33% од населението во Кавадарци живее на површина до 30 м2, додека во секоја категорија на големина на живеалиштето живеат околу 22%. Со оглед на бројот на жители во едно домаќинство, може да се заклучи дека во ромските семејства владее пренатрупаност.

**Слика 132: Сопственичка структура на живеалиштата**




Според сопственичката структура, околу 89% пријавиле дека живеат во сопствената куќа, додека 11% изнајмуваат живеалишта.

Исто така, учесниците од фокус групите спомenale дека постојат картонски куќи во Долно и Горно Маало, вкупно по околу 4-5 вакви куќи во секоја населба. Иако, испитаниците изјавиле дека се сопственици на живеалиштата, многу често големо мнозинство немаат документи за да докажат дека ги поседуваат живеалиштата. Табелата подолу покажува дали живеалиштето е легализирано. Во овој поглед, само 33% од

домаќинствата пријавиле дека нивната куќа е легализирана, а околу 11% се во процес на легализирање на само дел од куќата. Сепак, големо мнозинство – 44% не ги легализирале своите живеалишта.

**Слика 132: Сопственичка структура на живеалиштата**

| | Јас сум потстанар | Да | Не | Само еден дел е во процес на легализација |
|---|---|---|---|---|
| Кавадарци | 11% | 34% | 44% | 11% |

Учесниците во фокус групата ја пријавиле следнава ситуација во однос на легализацијата:

- Долно Маало (Тенеќе Маало); - не постојат нелегализирани живеалишта или барања за легализација. Според подготвителниот разговор со вработените во општината, ова населба не може да се легализира бидејќи нема ДУП, а сегашната намера на локалната самоуправа е да ја дислоцира оваа населба.
- Горното маало (Бушанско Маало); - 60% се легализирани 40% не се легализирани
- Ваташа; - 10 куќи биле легализирани, а околу 7 - 8 куќи не биле легализирани, но куќите во оваа населба имаат шанса да бидат легализирани.
- Кадро Маало; - 35 - 40 куќи се легализирани, 10 - 15 куќи не се легализирани, куќите во оваа населба имаат шанса да бидат легализирани.
- Марена - Сите 30 куќи се легализирани

**Табела 266: Главни проблеми при домување и инфраструктура со кои се соочуваат Ромите/домаќинствата.**

| | Куќата има влага | Куќата нема доволно светлина | Куќата е изградена од несоодветен материјал | Пристап до електрична енергија | Куќата нема пристап до асфалтен пат |
|---|---|---|---|---|---|
| Kavadarci | 56% | 22% | 22% | 67% | 22% |

Во однос на квалитетот на куќите, најголем проблем на ромските домаќинства е пристапот до електрична енергија, пришто околу 67% од испитаниците го истакнале овој проблем. Околу 56% од Ромите пријавиле дека нивната куќа има влага, додека 22% истакнале дека немаат доволно светлина во куќите и немаат пристапен пат.

Учесниците во фокус групата ги истакнале следниве проблеми поврзани со инфраструктурата:

- 1.Долно Маало (Тенеќе Маало) - главната улица што води од центарот кон населбата е асфалтирана, внатрешните улици не се асфалтирани, а постои и земјен пат.
- 2. Горно Маало (населба Бушански) - главната улица е асфалтирана, асфалтирани се и 4 внатрешни улици, а само 1 внатрешна улица не е асфалтирана.
- 3. Ваташа - И главните и внатрешните улици се асфалтирани.
- 4. Кадро Маало - И главната и внатрешните улици се асфалтирани.
- 5. Марена - И главната и внатрешните улици се асфалтирани.

### Слика 133: Вид на подот во живеалиштата




Во однос на квалитетот на подот, 78% од Ромите во Кавадарци истакнале дека немаат соодветен под, нивните подови се од земја или од бетон. Само 11% од домаќинствата изнеле дека имаат соодветен под.

Видот на подот многу влијае и врз здравствената состојба на семејствата.

### Слика 134: Вид на покрив во живеалиштата




Во однос на квалитетот на покривот, 56% од Ромите изјавиле дека имаат покрив од ќерамиди, додека 22% изјавиле дека имаат азбестни плочи за кровови. Околу 11% изјавиле дека имаат метални покриви. Најкритични се металните покриви и плочите за кровови од азбест, бидејќи тие имаат негативно влијание врз здравјето на луѓето.

Табелата 267 го прикажува пристапот на домаќинствата до различни јавни услуги. Како што може да се забележи, 75% од живеалиштата пријавиле дека немаат пристап до електрична енергија. Околу 38% од домаќинствата пријавиле дека немаат пристап до вода за пиење надвор од куќата, притоа процентот е најголем во Долно Маало (100%). Што се однесува до пристапот до тоалет со бања, 63% од домаќинствата пријавиле дека немаат пристап. Како што може да се види, истиот процент од домаќинствата немаат тоалет внатре во куќата. Околу 63% немаат кујна во куќите, додека 88% од домаќинствата пријавиле дека немаат кујна надвор од куќата. Кога сме кај канализацискиот систем 38% од Ромите во Кавадарци истакнале дека немаат пристап до канализација. Највисока стапка е утврдена во Долно Маало (100%) и Ваташа (50%).

### Табела 267: Пристап до различни погодности

| | Струја | | Пивка вода во куќата | | | Пивка вода вон куќата | | Тоалет со бања | | Тоалет во куќата | | | Кујна во куќата | | Кујна вон куќата | | Канализација | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Населба | Да | Не | Да | Не | Н/И | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Н/И | Да | Не | Да | Не | Да | Не |
| Долно маало | 0% | 100% | 100% | 0% | 0% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 100% |
| Кадрово маало | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 100% | 100% | 0% |
| Марена | 0% | 100% | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 100% | 0% |
| Ваташа | 100% | 0% | 100% | 0% | 0% | 50% | 50% | 50% | 50% | 50% | 50% | 0% | 50% | 50% | 50% | 50% | 50% | 50% |
| **Просек** | **25%** | **75%** | **75%** | **0%** | **25%** | **62%** | **38%** | **37%** | **63%** | **12%** | **63%** | **25%** | **37%** | **63%** | **12%** | **88%** | **62%** | **38%** |

Забелешка: *Н/И – Недостапни информации (% на луѓе кои не одговориле на ова прашање)*.

Во однос на електричната енергија, ромските семејства натрупале високи долгови затоа што не ги плаќале и како резултат на тоа немаат електрична енергија. Сепак, многу семејства се поврзани незаконски, па според тоа постои висок ризик од опасности.

**Табела 268: Немање на пристап до различни апарати за домаќинство**

| | Кавадарци |
|---|---|
| Телевизор | 11% |
| Сателитска/кабловска телевизија | 89% |
| Интернет | 100% |
| Компјутер/Лаптоп | 100% |
| Телефон | 100% |
| Машина за перење | 33% |
| Машина за сушење | 100% |
| Пегла | 78% |
| Фрижидер | 11% |
| Правосмукалка | 78% |
| Електричен шпорет | 33% |
| Трпезариска маса | 78% |
| Кревет за секој член од семејството | 78% |
| Автомобил | 100% |

Табелата 268 го покажува процентот од куќите кои немаат пристап до апарати за домаќинство кои се сметаат вообичаени во едно домаќинство. Што се однесува до основните апарати, 11% од домаќинствата немаат ТВ и фрижидер, 78% немаат пегла и правосмукалка, додека 33% немаат електричен шпорет. Во однос на втората категорија апарати/производи што пред се може да се најдат кај семејства од средна класа, ниедно домаќинство нема интернет и компјутер, 33% немаат машина за перење, а 78% немаат трпезариска маса. Околу 78% немаат кревет за секој член на семејството, што значи дека голем дел спијат во заеднички легла за повеќе членови на семејството.

**Слика 135: Дали вашето живеалиште се соочува со некој од следниве проблеми**




Слика 135 ја покажува ранливоста на куќите во смисла на природни катастрофи – како што се поплави, лизгање на земјиштето. Како што може да се види, 56% од живеалиштата изјавиле дека имаат проблем со поплави, а околу 11% се соочуваат со лизгање на земјиштето. Исто така, истиот процент навел дека се соочуваа и со други видови природните катастрофи.

Во однос на нивото на вработеност во општината, испитаниците од фокус групата ја наведуваат следната ситуација: мал дел е вработен, сите оние кои не се вработени, најчесто собираат отпадни материјали/секундарни сировини и зависат од социјалните давања. Ова е случај во сите 5 ромски населби.

- *Долно Маало (Тенеќе Маало); - 100% се невработени само 1 семејство е вработено.*
- *Горно Маало (населба Бушански); - 50% се вработени.*
- *Ваташа; 80% се вработени, 20% не се вработени*
- *Кадро Маало; - 50% се вработени*
- *Марена - само 20% се вработени*

Што се однесува до резултатите од истражувањето за нивото на вработеност, стапката на вработеност изнесува околу 11%, што е многу ниско во споредба со стапката на вработеност на национално ниво, но исто така и на локално ниво. Стапката се пресметува од работоспособното население од примерокот во секоја општина. Стапката на вработеност кај жените Ромки е 0%, што е едно од најважните прашања во наредниот период.

**Табела 269: Стапка на вработеност**

| **Кавадарци** | **Работоспособно население (Роми)** | Стапка на вработеност | | Стапка на вработеност - мажи - | | Стапка на вработеност - жени - | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | % | Број на вработени Роми | % | Број на вработени Роми | % | Број на вработени Роми |
| Кавадарци | 35 | 11% | 4 | 11 % | 4 | 0 % | 0 |
| **Вкупно** | **35** | | 4 | | 4 | | 0 |
| **Стапка на вработеност/ Општина** | | **11%** | | **11 %** | | **0 %** | |

*Забелешка: стапката на вработеност се пресметува како сооднос на вработените Роми и работоспособното Ромско население*

Во табелата подолу е прикажана неофицијалната стапка на вработеност. Иако било објавено дека само 11% работат, околу 46% од домаќинствата работат непријавено. Повторно, женската позиција во врска со ова е критична и треба дополнително да се истражи и да се разгледа.

**Табела 270: Непријавена работа**

| Работоспособно население | Непријавена работа | Непријавена работа – мажи - | Непријавена работа – жени - |
|---|---|---|---|
| 35 | 46% | 46% | 0% |

### Слика 114: Сезонска работа




Сликата 136 го покажува процентот на Роми вклучени во сезонска работа. Податоците покажуваат дека 78% од Ромите работат сезонски. Ова може да биде поврзано со вклучување во земјоделска работа, бидејќи регионот е сосема познат по тоа.

### Слика 137: Социјална помош




Со оглед на тоа што сезонската работа е важен извор за ромските семејства, социјалната помош е еден важен извор на приходи на кои се потпираат многу ромски семејства. Податоците покажуваат дека околу 56% од домаќинствата се корисници на социјална помош.

### Слика 138: Месечни приходи




За да се добие општа слика за приходите на ромските семејства, членови на домаќинствата биле прашани колку заработуваат месечно во опсег од 0 до 70.000 денари. Околу 77% од Ромите имаат месечни примања под 24.000 денари, додека 11% пријавиле дека имаат приходи повисоки од 24.000 денари.

Во споредба со потрошувачката кошница која во февруари 2018 година изнесувала околу 32.000 денари, околу 77% од семејствата не можат да ги купат минималните работи за опстанок. Во најкритичната позиција се оние 11% кои имаат месечни приходи до 5.000 денари.

Стапката на невработеност кај Ромите во Кавадарци е релативно висока – 74%, која претставува дел од работната сила од примерокот во секоја општина. Како што може да се види, во однос на полот, жените се попогодени – 46% од жените Ромки се невработени. Оваа ситуација покажува дека има потреба да се активираат мерки за жените.

### Табела 271: Стапка на невработеност

| Кавадарци | Работна сила е | Стапка на невработеност | | Невработеност - мажи - | | Невработеност - жени - | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | % | Број на невработени (Роми) | % | Број на невработени (Роми) | % | Број на невработени (Роми) |
| Кавадарци | 35 | 74% | 26 | 29% | 10 | 46% | 16 |
| Вкупно | 35 | | 26 | | 10 | | 16 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Стапка на невработеност / Општина** | **74%** | | **29%** | | **46%** | |

*Забелешка: Стапката на невработеност се пресметува како број на невработени Роми поделен со бројот на работоспособното население (Роми).*

Со цел да се утврди стапката на невработеност, во рамките на истражувањето биле наведени неколку можни причини. Највисок процент на луѓе – 67% сметаат дека немаат неопходно образование и вештини за вработување, 22% сметаат дека немаат можности за вработување, а 11% сметаат дека ако работат, може да ја изгубат социјалната помош.

**Табела 272: Причини за невработеност**

| | Немање можности за вработување | Немање образование и вештини за вработување | Можам да ја изгубам социјалната помош |
|---|---|---|---|
| Кавадарци | 22% | 67% | 11% |

Табелата 273 се прикажани активните и пасивните баратели на работа во општина Кавадарци. Податоците се од Агенцијата за вработување и тоа од 2017 година. Па така, вкупно околу 114 Роми се регистрирани како активни баратели на работа во Агенцијата за вработување, од кои 53% се мажи. Исто така, околу 720 Роми се регистрирани како пасивни баратели на работа, од кои 56% се мажи.

**Табела 273: Активни и пасивни баратели на работа**

| Кавадарци | Активни баратели на работа | | | Пасивни баратели на работа | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| | 114 | 61 | 53 | 44 | 25 | 19 |

Сликата подолу го покажува запознавањето на Ромите со активните политики на пазарот на трудот. Во просек, само 11% знаат за мерките, додека 78% од населението не е запознаено, а 11% одбиваат да одговорат. АППР игра клучна улога во зголемувањето на шансите за вработување и зголемување на активирањето на Ромите.

**Слика 139: запознати со активните политики на пазарот на трудот**




## ОБРАЗОВАНИЕ

Ситуацијата во образованието е доста критична бидејќи ниедно од децата на возраст за во градинка не е запишана во градинка. Меѓутоа, во однос на основното и средното образование,

сите деца се запишани. Како причина, 44% од испитаниците одговориле дека немаат средства за плаќање на трошоците за градинката.

**Табела 274: Семејства со деца на училишна возраст**

| | Семејства со деца на возраст за во градинка | Семејства без деца на предучилишна возраст |
|---|---|---|
| Кавадарци | 6 | 3 |

Со оглед на ниското ниво на приходи на семејствата и на трошоците за градинката, средствата играат клучна улога. Исто така, 33% сметаат дека ограничените капацитети на градинките за примање деца се причина да не се запишуваат, бидејќи ромските деца ги ставаат на листа на чекање.

**Табела 275: Пречки за запишување во предучилишно образование/градинка**

| | Кога ги носиме децата, персоналот не информира како нема места и дека мораме долго да чекаме | Немаме средства да платиме за градинката |
|---|---|---|
| Кавадарци | 33% | 44% |

**Табела 276: Запишување на деца во основно и средно образование**

| | Број на деца на училишна возраст | Да | | Не | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Број на деца | % | Број на деца | % |
| Долно Маало | 1 | 1 | 100% | 0 | 0% |
| Кадрово Маало | 1 | 0 | 0% | 1 | 100% |
| Ваташа | 7 | 4 | 57% | 3 | 43% |
| **Вкупно** | **9** | **5** | | **4** | |
| **Стапка на запишување во училиште/ Општина** | | | **56%** | | **44%** |

*Забелешка: Стапката на запишување во училиште била пресметана со делење на бројот на деца на училишна возраст запишани во основно или средно образование со вкупниот број деца на училишна возраст (кои би можеле да бидат запишани), а потоа, резултатот кој се добива се множи со 100 за да се добие вистинскиот процент.*

Сепак, ситуацијата за упис во основното и средното образование е сосема слична. 56% од децата кои се на училишна возраст се запишани во училиштата, додека 44% не се.

**Слика 140: Дискриминација во основното и средното образование**




Во однос на дискриминацијата, околу 17% од родителите пријавиле случаи на дискриминација во училиштето. Околу 17% изјавиле дека нивните деца биле дискриминирани од наставникот и од соучениците, 16,5% одбиваат да одговорат. Дискриминацијата во училиштето игра исто така важна улога во развојот и успешноста на децата.

## ЗДРАВСТВО

Во однос на здравствената состојба на Ромите во Кавадарци, околу 11% од Ромите навеле дека нивната состојба била умерено слаба и оценета со 2; додека 78% сметале дека нивната ситуација е многу добра, а 11% изјавиле дека нивната ситуација е добра. Затоа, може да се заклучи дека Ромите се крајно оптимистични за нивната здравствена позиција/состојба.

**Табела 277: Утврден здравствен статус (1 – лош, 5 – одличен)**

| | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| Кавадарци | 11% | 11% | 78% |

Растојанието од болницата е важен показател за пристапноста до здравствениот систем. Растојанието е исто така поврзано со транспортот и средствата за поминување на тоа растојание, а со тоа и колку поблиску до болницата толку подостапен е здравствениот систем на населението. Затоа, околу 66% од населението е оддалечено од болницата до 2 км, додека за 22% растојанието е од 2 до 5 км. Најкритична е ситуацијата за оние 11% од населението кои живеат на оддалеченост од болницата поголема од 5 км.

**Табела 278: Оддалеченост од болничка/здравствена единица**

| | 600m – 1км | 1км – 2км | 2км – 5км | Повеќе од 5 km |
|---|---|---|---|---|
| Кавадарци | 44% | 22% | 22% | 11% |

Трошоците за лекови во едно домаќинство, исто така, укажуваат на пристап до здравјето на ромските семејства. Во просек, околу 11% од населението троши меѓу 100-1.000 денари за лекови, додека 33% од населението троши помеѓу 1.001 – 3.000 денари. Сепак, најкритична е ситуацијата за 44% од населението кои трошат повеќе од 3.000 денари.

**Слика 141: Трошоци за лекови/месечно, во денари**




Имајќи предвид дека заработката на семејствата е релативно ниска, околу 30% до 50% од нивниот месечен буџет се троши на лекови.

## Општина Велес

### ОПШТИ ПОДАТОЦИ




Општина Велес опфаќа површина од 427,45 км квадратни и има 128,92 жители на квадратен километар густина на населеност.

Лоцирана е во централната област на земјата и низ неа тече реката Вардар, поминува меѓународниот автопат Е-75 и меѓународната пруга до Солун. Административен центар на општината е градот Велес. Општината се граничи со општина Чашка и општина Зелениково на запад, општина Петровец на север и општините Градско, Лозово и Свети Николе на исток. Постојат 28 населени места, еден град и 27 села.

Образовниот процес во општина Велес се спроведува преку девет основни училишта, едно посебно основно училиште, едно основно музичко училиште, четири средни училишта, еден граѓански универзитет и дисперзирани универзитетски студии. Децата од предучилишна возраст се сместени во шест клонови на градинката.

**Слика 115: Ромски населби во Велес**




Што се однесува до учеството на Ромите во донесувањето одлуки на локално ниво, нема ромски советници, ниту пак Ромите учествуваат во некои од одборите на училиштата или јавното претпријатие.

Се проценува дека околу 350 Роми живеат во Кумсал, 200 Роми во Прцорек и 150 Роми во Коштурница. Во сите населби трендот на заминување на азил постојано се зголемува во последните 3 години, но бројот на домаќинства е зголемен

Според последниот попис, Општина Велес има 57.514 жители:

**Табела 223: Население во Велес врз основа на етничка припадност**

| Велес | | |
|---|---|---|
| Македонци | 46.767 | 84,8% |
| Албанци | 2.200 | 4,1% |
| Турци | 1.724 | 3,1% |
| Роми | 800 | 1,4% |
| Власи | 343 | 0,6% |
| Срби | 540 | 0,9% |
| Бошњаци | 4.812 | 8,7% |
| Други | 229 | 0,4% |
| Вкупно население | 57.514 | 100% |

Според последниот попис во 2002 година, Ромите сочинуваат 4% од вкупното население на општината. Во општина Велес има околу 800 Роми, дистрибуирани во три главни ромски населби; Прцорек – почнува од ул. Георги Домитров, Богдан Каракостев и тука е помала населба од 8 семејства, а тоа е ул. Маца Овчарова.

- Кумсал почнува од Стеван Богоев, Благој Стрчковски, Јордан Журнов и овде ја вклучивме малата населба која се наоѓа под гробиштата во улицата Јовче Тикваров.
- Костурница – тука вклучуваме две помали населби, трговски центар и „весела долина“ што се наоѓаат на почетокот на градот, а населбата започнува од улиците Димитар Влахов, Родна Ивева, Андонов Кошето и Стојан Бурчевски Буридан.

**Табела 224: Ромски населби во Велес**

| Населба | Жители | Домаќинства |
|---|---|---|
| Кумсал | 350 | 90 |
| Прцорек | 200 | 60 |
| Костурница | 150 | 70 |

**Слика 116: Пирамида на ромско население во Велес**




Сликата 143 ја претставува распределбата на ромската популација врз основа на возраста во Велес. Ромската популација во Велес како што е претставена е релативно млада, околу 30% од населението е на возраст од 0 до 14 години; 63% се во опсегот 19-64 години, а само 3% имаат над 64 години.

**Слика 117: Баратели на азил според населба**




Сликата 144 ги прикажува барателите на азил по зона по домаќинство, и вклучува најмалку едно лице кое побарало азил во некои од земјите на ЕУ. Може да се види дека најголем број баратели на азил се од двете населени места наречени Костурница и Гробишта (18%), а 8% од населбата Кумсал.

## ДОМУВАЊЕ

Генерално, во Велес има околу 4,67 члена по домаќинство во едно ромско семејство во Велес, со најголем број по домаќинства во Прцорек (6.0), а најмал број по домаќинство во населбата Гробишта. (3,67)

**Слика 118: Просечен број на Роми по домаќинство**




Во однос на големината на живеалиштето, околу 10% од становите се во категоријата помала од 50 м2 по домаќинство. Врз основа на населени места, најзагрозената зона во оваа смисла (зоната каде што се наоѓаат најмалите живеалишта) е забележана во Кумсал, тука 10% од домаќинствата живеат во опсег од 17м2 до 30м2. Околу 54% од становите се со големина 51-71 м2, со дистрибуција од 26% во Кумсал и 18% во населбата Гробишта. Околу 36% од луѓето живеат во површина од повеќе од 71 м2.

**Табела 225: Големина на живеалиштата**

| | 17 m2 - 30 m2 | 51m2-70m2 | 71 m2 - 90 m2 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Кај гробиштата | 0% | 19% | 9% | 28% |
| Костурница | 0% | 0% | 18% | 18% |
| Кумсал | 10% | 26% | 0% | 36% |
| Прцорек | 0% | 9% | 9% | 18% |
| Total | **10%** | **54%** | **36%** | **100%** |

Во однос на сопственичката структура на живеалиштата, сите ромски семејства изјавија дека ги поседуваат своите куќи. Сепак, во фокус групата учесниците наведоа дека има и картонско живеалиште во секое населено место – во Кумсал има околу 2 импровизирани живеалишта; Прворек во горниот дел 2 куќи, и Костурница 1 куќа.

**Табела 226: Легализација на живеалиштата**

| | Да | Не | Во процес на легализација | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Кај гробиштата | 28% | 0% | 0% | 28% |
| Костурница | 9% | 0% | 9% | 18% |
| Кумсал | 18% | 9% | 9% | 36% |
| Прцорек | 9% | 0% | 9% | 18% |
| Total | 64% | 9% | 27% | 100% |

Иако беше кажано дека Ромите поседуваат 100% од становите, од табелата 264 може да се забележи дека сите немаат документација за законска сопственост. Околу 64% од Ромите пријавиле дека ги легализирале куќите, додека 27% од живеалиштата се во процес на легализација. Околу 15% од живеалиштата сè уште не се легализираат. Во населбата Гробишта се наоѓаат куќите каде што има највисок процент од легализираните куќи, а во населбата Кумсал се и куќите кои сè уште не се легализирани (околу 9%).

Учесниците во фокус групите го наведоа следното во поглед на легализацијата и урбанизацијата:

- Кумсал – урбанизиран освен во горниот дел и под гробиштата
- Прцорек – не урбанизирани и со тесни улички, постои можност за урбанизирање
- Костурница – урбанизирана

Домаќинствата поднеле барање за легализација од 2011 година, мал дел од нив добиле решение, две години чекаат службените лица да излезат на терен, одговорот на институциите беше дека тие не соработувале со заедницата кога станува збор за работа на терен, биле недостапни за телото или немале дадено телефонски број. Како резултат на тоа, околу 15% од домаќинствата во Кумсал се легализирани, во Прцорек 10% и Костурница 15%.

**Табела 227: Главни проблеми при домување и инфраструктура со кои се соочуваат Ромите/домаќинствата**

| | Куќата има влага | Куќата нема доволно светлина | Куќата нема пристапен асфалтен пат |
|---|---|---|---|
| Кај гробиштата | 0% | 0% | 0% |
| Костурница | 9% | 18% | 9% |
| Кумсал | 18% | 0% | 0% |
| Прцорек | 18% | 0% | 9% |
| Total | **45%** | **18%** | **18%** |

Во поглед на квалитетот на куќите, на учесниците во анкетата им беа поставени неколку прашања во врска со проблемите со кои се соочуваат и квалитетот на куќите. Како што може да се види од табелата 261, најголемиот проблем на ромското домаќинство е влагата. Околу 45% од Ромите пријавиле дека нивната куќа има влага со највисок процент во Кумсал (18%) и Прцорек (18%). Околу 18% од домаќинствата пријавиле дека немаат доволно светлина, од кои 18% од Костурница. Друг проблем со кој се соочуваат е и пристапен асфалтен пат, при што 18% од Костурница и Прцорек (по 9%) известиле дека немаат асфалтирани патишта.

Во однос на видот на под во живеалиштата во Велес, 54% изјавиле дека имаат соодветен под, додека 46% имаат земјен/бетонски под. Во однос на типот на прозорци, 64% изјавиле дека имаат прозорци содрвен профил, додека 27% имаат ПВЦ прозорци. Околу 9% од домаќинствата одбиле да одговорат.

**Табела 228: Тип на прозорци во домажинството**

| | Одбиле да одговорат | Прозорци со дрвен профил | ПВЦ прозорци |
|---|---|---|---|
| Кај гробиштата | 9% | 9% | 9% |
| Костурница | 0% | 18% | 0% |
| Кумсал | 0% | 18% | 18% |
| Прцорек | 0% | 18% | 0% |
| Вкупно | 9% | 64% | 27% |

Табелата 285 ја прикажува состојбата во однос на пристапот на домаќинството до различни објекти. Како што може да се забележи, 13% од становите пријавиле дека немаат пристап до вода за пиење надвор од куќата, со најголема инциденца во Кумсал (50%). Околу 6% немаат пристап до тоалет со бања, со највисока инциденца во населбата Кумсал. Околу 21% од домаќинствата пријавиле дека немаат пристап до тоалет внатре на куќите, со најголем процент во Кумсал 50% и населбата Гробишта 33%. Што се однесува до пристапот до кујна надвор од куќата, 81% немаат пристап. И на крај, околу 69% од домаќинствата немаат пристап до канализација, со највисок процент во Костурница (100%), Гробишта (100%) и Прцорек (50%).

**Табела 229: Пристап до различни погодности**

| | Струја | | Пивка вода во куќата | | Пивка вода вон куќата | | Тоалет со бања | | Тоалет во куќата | | Кујна во куќата | | Кујна вон куќата | | | Канализација | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Населба | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Н/И | Да | Не |
| Кај гробиштата | 100% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 67% | 33% | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% |
| Костурницата | 100% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% |
| Кумсал | 100% | 0% | 100% | 0% | 50% | 50% | 75% | 25% | 50% | 50% | 100% | 0% | 0% | 75% | 25% | 75% | 25% |
| Прцорек | 100% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 100% | 0% | 50% | 50% | 0% | 50% | 50% |
| **Просек** | 100% | 0% | 100% | 0% | 87% | 13% | 94% | 6% | 79% | 21% | 100% | 0% | 13% | 81% | 6% | 31% | 69% |

Забелешка: *Н/И – Недостапни информации (% на луѓе кои не одговориле на ова прашање)*

Табелата 286 ги покажува% од куќите кои немаат пристап до апарати за домаќинство кои се сметаат за вообичаени во едно домаќинство. Што се однесува до основните апарати, 6% од домаќинствата немаат интернет и 25% немаат компјутер/лаптоп. Во однос на втората категорија стоки што може да се сметаат карактеристични за средна класа, 60% од домаќинствата немаат телефон, со највисок процент во Кумсал (75%) и Гробишта (67%). Како што може да се види, 8% немаат мобилен телефон и 100% немаат машина за сушење. 6% немаат трпезариска маса, а 19% немаат кревет за секој член на семејството, што значи дека голем дел се заеднички легла за повеќе членови на семејството. Околу 75% од домаќинствата немаат пристап до автомобил.

**Табела 230: Немање пристап до различни апарати за домаќинство**

| | Кај гробиштата | Кумсал | Костурница | Прцорек | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| ТВ | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% |
| Сателитска/Кабловска ТВ | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% |
| Интернет | 0% | 25% | 0% | 0% | 6% |
| Компјутер/лаптоп | 0% | 50% | 50% | 0% | 25% |

| | Кај гробиштата | Кумсал | Костурница | Прцорек | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Телефон | 67% | 75% | 50% | 50% | 60% |
| Мобилен телефон | 33% | 0% | 0% | 0% | 8% |
| Машина за сушење | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |
| Правосмукалка | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% |
| Електричен шпорет | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% |
| Трпезариска маса | 0% | 25% | 0% | 0% | 6% |
| Кревеет за секој член од семејството | 0% | 25% | 0% | 50% | 19% |
| Автомобил | 100% | 50% | 100% | 50% | 75% |

**Слика 119: Дали во вашето живеалиште се соочувате со некои од следните проблеми**




Сликата 146 ја покажува изложеноста на куќите во смисла на природни непогоди – како што се поплави, лизгања на земјишта. Како што може да се види, за 9% од живеалиштата се кажало дека имаат лизгање на земјиштето, додека куќите во населбата Кумсал се најпогодени од поплави. Околу 18% од домаќинствата одбиле да одговорат.

Според фокус групите, направени се следните забелешки околу пристапот до инфраструктурните објекти: патот од центарот до влезот на сите населени места е асфалтиран, додека во ромските населби ситуацијата е следна:

- ⇨ *Кумсал – наелбата блиску до гронишитата не е асфалтирана*
- ⇨ *Прцорек – внатрешноста на населбата не е асфалтирана*
- ⇨ *Костурница – населбата близу сточниот пазар не е асфалтирана и луѓето живеат буквално во кал*

## ВРАБОТУВАЊЕ

Во однос на резултатите од истражувањето за нивото на вработеност, стапката на вработеност, пресметана од работоспособното население од примерокот во секоја општина, изнесува околу 15%, што е умерено ниско во споредба со националното ниво. Стапката на вработеност кај Ромките е 21% што е ниско во споредба со другите етнички групи во општината. Најкритична ситуација е за Ромите во населбата наречена Гробишта, каде што е пријавена 10% стапка на вработеност кај мажите и 0% од жените. Највисока стапка на вработеност е пријавена во Костурница, каде што околу 83% од Ромите се вработени.

**Табела 231: Стапка на вработеност во Велес**

| Велес | **Работоспособно население (Роми)** | Стапка на вработеност | Стапка на вработеност - мажи - | Стапка на вработеност - жени - |
|---|---|---|---|---|

| | | % | Бр. на вработени Роми | % | Бр. на вработени Роми | % | Бр. на вработени Роми |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Кај гробиштата | 9 | 11% | 1 | 0% | 0 | 11% | 1 |
| Костурница | 6 | 83% | 5 | 50% | 3 | 33% | 2 |
| Кумсал | 14 | 57% | 8 | 36% | 5 | 21% | 3 |
| Прцорек | 6 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 |
| **Вкупно** | **35** | | **14** | | **8** | | **6** |
| **Стапка на вработеност/ Општина** | | **40%** | | **23%** | | **17%** | |

*Забелешка: стапката на вработеност се пресметува како однос на вработените Роми со работоспособното ромско население*

Во табелата подолу е прикажана неформалната работна стапка. Иако беше кажано дека само 38% работат, околу 46% од Ромите работат непријавено. Повторно, женската позиција во врска со ова е критична, бидејќи само 13% од жените работат непријавено. Највисока неформална работа има во населбата наречена Гробишта со 89% непријавена работа. Што се однесува до полот, најкритичната ситуација е во Костурница и Прцорек каде 0% од жените работат неформално.

**Табела 232: Непријавена работа**

| | Непријавена работа | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| Кај гробиштата | 88% | 44% | 44% |
| Костурница | 17% | 17% | 0% |
| Кумсал | 29% | 21% | 8% |
| Прцорек | 50% | 50% | 0% |
| Average | 46% | 33% | 13% |

**Слика 120: Социјалнапомош**




Социјалната помош е еден од важните извори на приходи на кои се потпираат многу ромски семејства. Податоците велат дека околу 46% од домаќинствата се корисници на социјална помош. Највисок процент е во Прцорек каде се пријавува дека околу 100% од семејствата се приматели на социјална помош.

**Табела 233: Месечен приод/во МКД**

| | **0 - 12000** | **12001 - 24000** | **24001 - 40000** |
|---|---|---|---|
| Кај гробиштата | 10% | 9% | 9% |
| Костурница | 0% | 0% | 18% |
| Кумсал | 9% | 9% | 18% |
| Прцорек | 18% | 0% | 0% |
| **Вкупно** | **37%** | **18%** | **45%** |

За да се добие општа слика за приходот во ромските семејства, членовите на домаќинствата беа прашани колку заработуваат во опсег од 0 до 70.000 денари. Околу 55% од Ромите имаат месечни примања под 24.000 денари, додека 45% пријавиле дека имаат приходи повисоки од 24.000 денари. Во споредба со потрошувачката кошница која во февруари 2018 година изнесувала околу 32.000 денари, околу 36% од семејствата не можат да ги купат минималните работи за опстанок.

Најкритичната позиција е за оние 37% кои имаат приход до 12.000 денари, кои се наоѓаат во населбите – Кај гробиштата (10%), Кумсал (9%) и Прцорек (18%).

Во однос на главна работно занимање/главната професија на Ромите по населба, наодите се следни:

- во „Ваков“ Ромите главно работат како музичари;
- во „Ѓен“ Ромите работат во текстилната индустрија, пералниците, како продавачи и хигиеничари;
- во „Венец“ како дрвосечачи и во градежната индустрија,
- во „Долна Маала“ како молери, музичари, ковачи и бравари.
-

Во однос на стапката на вработеност на Ромите, наодите на таргет групата се следните:

- „Ваков“ - 15 лица се вработени; останатите се регистрирани во Агенцијата за вработување;
- „Ѓен“ - 10 лица се вработени, а останатите се регистрирани во Агенцијата за вработување;
- „Венец“ - 20 лица се вработени, а останатите се регистрирани во Агенцијата за вработување;
- „Долна Маала' - 25 лица се вработени, а останатите се регистрирани во Агенцијата за вработување.

**Табела 234: Стапка на невработеност во Велес**

| **Велес** | **Работна сила** | Стапка на невработеност | | Невработеност - мажи - | | Невработеност - жени - | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | % | Бр. на невработени (Роми) | % | Бр. на невработени (Роми) | % | Бр. на невработен и (Роми) |
| Кај гробиштата | 9 | 88% | 8 | 44% | 4 | 44% | 4 |
| Костурница | 6 | 17% | 1 | 17% | 1 | 0% | 0 |
| Кумсал | 14 | 43% | 6 | 14% | 2 | 29% | 4 |
| Прцорек | 6 | 100 % | 6 | 50% | 3 | 50% | 3 |
| **Вкупно** | **35** | | **21** | | **10** | | **11** |
| **Стапка на невработеност / Општина** | | **60%** | | **29%** | | **31%** | |

*Забелешка: Стапката на невработеност се пресметува како број на невработени Роми поделени со работната сила (Роми).*

Стапката на невработеност кај Ромите во Велес е релативно висока – 60%, пресметана како дел од работната сила од примерокот во секоја општина. Како што може да се види, во однос на полот, жените и мажите подеднакво имаат речиси еднаков удел во нивото на невработеност. Сепак, активирањето на жените на пазарот на трудот е покритично кога се проценува вработувањето во населбите. Највисоката стапка е во Прцорек, каде што е пријавено дека 100% од Ромите се невработени. За жените, најкритичната ситуација е во Прцорек и Гробиштата, каде што повеќе од 44% од жените се пријавени како невработени.

**Табела 235: Причини за невработеност**

| | Немаше можности за вработување | Не барам работа | Работам повремено, и тоа ми е доволно | Попреченост за работа |
|---|---|---|---|---|
| Кај гробиштата | 9% | 0% | 0% | 0% |
| Костурница | 9% | 0% | 0% | 0% |
| Кумсал | 9% | 9% | 0% | 0% |
| Прцорек | 9% | 0% | 9% | 9% |
| Вкупно | 36% | 9% | 9% | **9%** |

Со цел да се процени стапката на невработеност, во рамките на истражувањето беа наведени неколку можни причини. Највисок процент на луѓе – 36% сметаат дека нема можности за работа за нив, а околу 9% не бараат работа; тие работат привремена работа и истиот процент има некаква попреченост и не може да работи.

**Табела 236: Запознаеност со активните политики на пазарот на трудот**

| | **Да** | **Не** |
|---|---|---|
| Кај гробиштата | 0% | 27% |
| Костурница | 0% | 9% |
| Кумсал | 9% | 27% |
| Прцорек | 0% | 18% |
| Вкупно | **9%** | **81%** |

Табелата 292 ја прикажува запознаеноста на Ромите со активните политики на пазарот на трудот. Во просек, околу 9% од населението знае за мерките на АППР, додека 81% изјавиле дека не знаат. АППР имаат клучна улога во решавање на невработеноста и затоа зголемувањето на свеста кај Ромите кои се најпогодени е од клучно значење за да се зголеми нивната можност за вработување.

## ОБРАЗОВАНИЕ

Податоците покажуваат дека во општина Велес има само 2 деца од вкупниот број испитаници на возраст за градинка, и ниедно од нив не е запишано. Како причина, се гледа дека 9% од испитаниците одговориле дека немаат средства за плаќање на трошоците за градинка. Со оглед на ниското ниво на приходи на семејствата и на трошоците за градинката, средствата играат клучна улога. Исто така, 33% сметаат дека ограничените капацитети на градинката за примање деца е причина да не ги запишат, зашто ги ставаат ромските деца на листа на чекање.

**Табела 237: Пречки за запишување во преучилишно образование/градинак**

| | Подобро се грижиме отколку персиналот | Се плашиме бидејќи се премногу мали |
|---|---|---|
| Кај гробиштата | 0% | 0% |
| Костурница | 0% | 0% |
| Кумсал | 0% | 9% |
| Прцорек | 9% | 0% |
| Вкупно | **9%** | **9%** |

Што се однесува до уписот во основно и средно образование, има 13 деца на возраст за основно и средно образование. Ситуацијата изгледа подобро отколку во другите општини. Од нив 62% од Ромите се запишани во основно и средно образование, додека 38% од вкупниот број деца не се запишани. Највисока стапка на запишување е во Костурница и Кумсал.

**Табела 238: Запишување на деца во основбни и во средно образование**

| | Бр. на деца на училишна возраст | Да | | Не | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Бр. на деца | % | Бр. на деца | % |
| Кај гробиштата | 3 | 1 | 33% | 2 | 67% |
| Костурница | 3 | 2 | 67% | 1 | 33% |
| Кумсал | 3 | 2 | 67% | 1 | 33% |
| Прцорек | 4 | 3 | 75% | 1 | 25% |
| Вкупно | 13 | 8 | | 5 | |
| **Стапка на запишување во училиште/Општина** | | | **62%** | | **38%** |

*Забелешка: Стапката на запишување на училиште беше пресметана со делење на бројот на деца на училишна возраст запишани во основно или средно образование од вкупниот број деца на училишна возраст (кои може да се запишат), а потоа, количината што се доби се помножи со 100 за да се добие процентот .*

## ЗДРАВСТВО

Во областа на здравството, податоците покажуваат како Ромите /домаќинствата ја оценуваат состојбата на нивното здравје, на скала од 1 до 5. Општата проценка е дека Ромите се во добра до многу добра здравствена состојба.

**Табела 239: Согледан здравстрвен статус (1 – лош, 5 – одличен)**

| | 5 | 4 | Одбиле да одговорат |
|---|---|---|---|
| Кај гробиштата | 10% | 18% | 0% |
| Костурница | 18% | 0% | 0% |
| Кумсал | 18% | 18% | 0% |
| Прцорек | 9% | 0% | 9% |
| Вкупно | 55% | 36% | 9% |

Растојанието до болницата е важен индикатор за пристапноста до здравствениот систем. Растојанието е поврзано и со транспортот и средствата за покривање. Така, за околу 73% од населението болницата е до 1 км, а за 18%, растојанието е од 1 до 2 км. Општата перцепција е дека растојанието не е толку далеку од ромската населба.

**Табела 240: Ратојание до болничка/здравствена единица**

| | 600m - 1km | 1km - 2km | Одбиле да одговорат |
|---|---|---|---|
| Кај гробиштата | 0% | 18% | 10% |
| Костурница | 18% | 0% | 0% |
| Кумсал | 36% | 0% | 0% |
| Прцорек | 18% | 0% | 0% |
| Вкупно | **72%** | **18%** | **10%** |

Трошоците за лекови во едно домаќинство, исто така, укажуваат на пристапот до здравството на ромските семејства. Во просек, околу 80% од населението троши околу 1.000 денари за лекови, додека 9% од населението троши помалку од 1.000 до 3.000 денари.

**Табела 241: Трошоци за лекови/месечно, во МКД**

| | Помалку од 100 | 100 - 1000 | 3001 - 6000 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Кај гробиштата | 0% | 28% | 0% | 28% |
| Костурница | 18% | 0% | 0% | 18% |
| Кумсал | 0% | 27% | 9% | 36% |
| Прцорек | 0% | 18% | 0% | 18% |
| Вкупно | **18%** | **73%** | **9%** | **100%** |

## Општина Струмица

### ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ




Општина Струмица се наоѓа на крајот од југоисточниот дел на Република Македонија. Општина Струмица се граничи на исток до општина Босилово, на запад со општина Конче, на север со општина Василево, на југоисток со општина Ново Село, на југозапад со општина Валандово.

Општина Струмица е најголемата општина во Југоисточниот плански регион и претставува еден вид административен, образовен и економски центар во овој дел од државата. Општината се протега во вкупна површина од 321,89 км2. Густината на населението е повеќе од 100 жители на 1 км2.

**Слика 121: Ромски наслеби во Струмица**




Законот за територијална организација на Република Македонија ја дефинира Општина Струмица како територија од 24 села и градот Струмица.

Според претставниците на НВО и Ромите, бројот на Ромите е повисок од националната статистика – помеѓу 2-3% од вкупното население.

Повеќето од ромската популација живее во концентрирани населби. Околу 98% од Ромите живеат на улицата Климент Охридски, додека другиот дел се населува на улиците Бетовенона, Бошко Буха, Братство, Славчо Стојменски, кои ја сочинуваат населбата наречена Св. Петнаесет.

Во однос на институционалните капацитети, има 1 градинка, 9 основни училишта и 3 средни училишта.

Што се однесува до учеството на Ромите во донесувањето на одлуки на локално ниво, во во органите на одлучување во рамки на општините нема Роми.

## ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

### Ромска популација и населби

Според последните официјални податоци од пописот од 2002 година, општина Струмица зафаќа површина од 321 км2 со 54.676 лица. Според последниот попис во 2002 година, Ромите сочинуваат 0,27% од вкупното население на општината.

**Табела 242: Населението на Струмица според етничка припадност**

| *Струмица* | | |
|---|---|---|
| Македонци | 50.258 | 91,9% |
| Албанци | 3 | 0,005% |
| Турци | 3.754 | 6,87% |
| **Роми** | **147** | 0,27% |
| Власи | 3 | 0,005% |
| Срби | 185 | 0,34% |
| Бошњаци | 6 | 0,01% |
| Други | 320 | 0,58% |
| ***вкупнонаслеление*** | 54.676 | 100% |

Врз основа на проценката од Државниот завод за статистика, има мало зголемување на населението во Струмица од претходниот попис. Неофицијалните податоци од страна на невладините организации укажаа на околу 500-1.500 ромски домаќинства. Сепак, главниот проблем е што многу од нив не се изјаснуваат како Роми, туку како Турци.

Според фокус групата, Ромите се концентрирани во т.н. населби Климент Охридски - Транзит и Св. Петнаесет, во кои се вклучени улиците: Бетоновска, Бошко Буха, Славчо Стојменски и Братство.

- Во Климент Охридски има околу 100 ромски домаќинства, додека во Св. Петнаесет има повеќе од 1.500 домаќинства, но многу од нив се изјасниле како Турци.
- Според фокус групите, бројот на Ромите во последните три години се зголемил речиси двојно. Населението расте како резултат на создавање нови семејства и изградени нови куќи.

**Табела 243: Проценето население во Струмица**

| | *Жители* |
|---|---|
| Проценето население (2015) | 56.961 |
| Проценето население како процент во вкупното население 0,27% **(2015)** | 153 |
| Проценето население од фокус групите | 800 - 1200 |

**Слика 122: Пирамида на население во Струмица**




Сликата 149 ја покажува распределбата на ромската популација врз основа на возраста во Струмица. Ромската популација во Струмица како што е претставена е релативно млада, околу 51% од населението е на возраст од 0 до 18 години; 59% е во опсег од 19 до 64 години.

**Слика 123: Баратели на азил по населба**




Што се однесува до барателите на азил во Струмица, околу 30% од населението има барем еден член кој аплицирал за азил во некои од земјите на ЕУ од 2009 година. Повеќето луѓе поради економската причина избираат таква опција како перспектива за новата генерација. Ова е исто така општ тренд кај другите етнички групи, особено кај младите.

## ДОМУВАЊЕ

**Слика 124: Просечен број на жители врз основа на домаќинство**




Што се однесува до бројот на жители по домаќинство, од истражувањето може да се заклучи дека има околу 5,0 жители по домаќинство, што во споредба со неромските семејства е релативно високо. Сепак, структурата на семејствата е многу поинаква, бидејќи во едно ромско семејство најчесто може да се најдат проширени семејства. Што се однесува до населените места, во населбата Климент Охридски има околу 5,5 жители по домаќинство, додека во Св. Петнаесет се 4.5.

Во однос на големината на живеалиштата, околу 42% живеат во простор до 30 м2, додека 38% живеат на површина помеѓу 31м2 и 50м2. Околу 10% живеат во живеалиште со големина од 50м2 до 70м2 и од 71м2 до 90м2. Со оглед на бројот на жители во едно домаќинство, може да се заклучи дека во ромските семејства има околу 6 м2 по жител.

**Табела 244: Големина на живеалиштата**

| | 10 m2 - 16 m2 | 17 m2 - 30 m2 | 31 m2 - 50 m2 | 50 m2 - 70m2 | 71 m2 - 90 m2 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Климент Охридски | 0% | 10% | 24% | 0% | 0% | 34% |
| Св. Петнаесет | 10% | 22% | 14% | 10% | 10% | 66% |
| Вкупно | **10%** | **32%** | **38%** | **10%** | **10%** | **100%** |

Според сопственичката структура, околу 90% пријавиле дека живеат во сопствената куќа, додека 10% во куќа која им припаѓа на роднини. Многу често како и во другите градови самопрогласената сопственост не значи дека ја поседуваат целокупната законска документација за куќата.

**Табела 245: Сопственичка структура на живеалиштата**

| | Куќа што припаѓа на друг сопственик (роднина) | Сопствена куќа | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Климент Охридски | 0% | 34% | 34% |
| Св. Петнаесет | 10% | 56% | 66% |
| Вкупно | **10%** | **90%** | **100%** |

Табелата подолу покажува дали живеалиштето е легализирано. Во овој поглед, само 50% од домаќинствата пријавиле дека нивната куќа е легализирана, а околу 10% се во процес на легализирање само дел од куќата. Сепак, големо мнозинство – 40% немаат легализирани куќи.

**Табела 246: Легализација на живеалиштата**

| | Да | Не | Во процес на легализација | |
|---|---|---|---|---|
| Климент Охридски | 8% | 28% | | |
| Св. Петнаесет | 34% | 16% | | |
| Вкупно | **42%** | **44%** | **14%** | **1** |

- ⇨ Во населбата Св. Петнаесет, 98% се урбанизирани, а населбата Климент Охридски-Транзит нема можност да се урбанизира. Планот за Транзит е населбата што треба да се дислоцира во друго населено место, наречено Чамлк. Сепак, дел од популацијата на населбата Транзит прифаќа да бидат дислоцирани, но огромното мнозинство или околу 90% се против дислокација.
- ⇨ Во населбата Св. Песнаесет, ромски домаќинства имаат легализација и голем дел поднеле барање за легализација. Во населбата Транзит 0% од куќите се легализирани, поради намерата да се дислоцираат.

**Табела 247: Главни проблеми при домување и инфраструктура со кои се соочуваат Ромите/ домаќинствата**

| | Куќата има влага | Куќата нема доволно светлина | Куќата нема пристапен асфалтиран пат |
|---|---|---|---|
| Климент Охридски | 10% | 0% | 40% |
| Св. Петнаесет | 40% | 30% | 50% |
| Вкупно | 50% | 30% | 90% |

Во однос на квалитетот на куќите, проблемот на ромските домаќинства е влагата, бидејќи влијае на здравјето на луѓето што живеат таму. Околу 30% пријавиле дека немаат доволно светлина во куќите, додека 90% изјавија дека немаат асфалтирани патишта.

**Слика 125: Тип на под**




Во однос на квалитетот на подот, 40% од Ромите во Струмица известија дека немаат соодветен под, нивните подови се од земја или бетон. Околу 60% од домаќинствата пријавиле дека имаат соодветен под.

Типот на подот многу влијае и на здравствената состојба на семејствата и е поврзана со влагата..

Табелата 304 ја прикажува состојбата во однос на пристапот на домаќинството до различни погодности. Како што може да се забележи, 9% од становите пријавиле дека немаат пристап до пивка вода внатре на куќата, со највисока инциденца во Св. Петнаесет (17%). Околу 88% од домаќинствата пријавиле дека немаат пристап до вода за пиење надвор од куќата, со најголем процент во Св.Петнаесет (100%) и Климент Охридски (17%). Што се однесува до пристапот до тоалет со бања, 34% од домаќинствата пријавиле дека немаат пристап. Домаќинствата во населбата Климент Охридски имаат највисока инциденца без пристап до тоалет во домаќинството, додека во истата населба пријавиле дека немаат пристап и до тоалет со бања. Околу 50% немаат пристап до кујна во куќите, а 75% од домаќинствата пријавиле дека немаат пристап до кујна надвор од куќата. Во однос на канализацијата, 25% од Ромите во Струмица известија дека немаат пристап. Највисоката инциденца е забележана во Климент Охридски (50%).

**Табела 248: Пристап до различни погодности**

| | Струја | | Пивка вода во куќата | | Пивка вода вон куќата | | Тоалет со бања | | Кујна во куќата | | Тоалет во куќата | | Кујна вон куќата | | Канали-зација | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Населба | **Да** | **Не** | **Да** | **Не** | **Да** | **Не** | **Да** | **Не** | **Да** | **Не** | **Да** | **Не** | **Да** | **Не** | **Да** | **Не** |
| Климент Охридски | 100% | 0% | 100% | 0% | 25% | 75% | 50% | 50% | 50% | 50% | 50% | 50% | 50% | 50% | 50% | 50% |
| Св. Петнаесе | 100% | 0% | 83% | 17% | 0% | 100% | 83% | 17% | 50% | 50% | 50% | 50% | 0% | 100% | 100% | 0% |
| **Просек** | 100% | 0% | 91% | 9% | 12% | 88% | 66% | 34% | 50% | 50% | 50% | 50% | 25% | 75% | 75% | 25% |

Забелешка: *Н/И – Недостапни информации (% на луѓе кои не одговориле на ова прашање)*

Во поглед на пристап до различни погодности, 30% од домаќинствата пријавиле дека немаат пристап до вода за пиење надвор од куќата, додека 50% немаат бања со тоалет и тоалет во куќата. Исто така, 20% немаат кујна во куќата. Околу 90% од домаќинствата пријавиле дека немаат пристап до канализациониот систем. Од табелата може да се заклучи дека ромските домаќинства немаат пристап до основните јавни инфраструктурни добра, како што се вода и канализација.

- ⇨ Во населбата Св. Петнаесет, постојат водовод и канализација, а само во еден дел наречен Чамлк, каде што околу 20 домаќинства живеат во диви градби, немаат канализациона мрежа.
- ⇨ Во транзитната населба, имаат мрежа за водоснабдување, но неколку домаќинства, исто така, немаат пристап до водоснабдување и канализација.

Табелата 305 го покажува% од куќите кои немаат пристап до апарати за домаќинство кои се сметаат за вообичаени во едно домаќинство. Што се однесува до основните апарати, 10% од домаќинствата немаат ТВ, а 20% немаат фрижидер; додека 50% немаат пегла и правосмукалка, а 33% немаат шпорет. Во однос на втората категорија производи што може да се сметаат за средна класа, 40% од домаќинствата немаат интернет, а 60% немаат компјутер, 20% немаат машини за перење и 50% немаат трпезариска маса. Околу 50% немаат кревет за секој член на семејството, што значи дека голем дел се заеднички легла за повеќето членови на семејството.

**Табела 249: Немање пристап до основите апарати за домаќинство appliances**

| | Климент Охридски | Св. Петнаесет | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ТВ | 0% | 10% | 10% |
| Сателитска/кабловска ТВ | 30% | 20% | 50% |
| Интенет | 10% | 30% | 40% |
| компјутер/лаптоп | 30% | 30% | 60% |
| Машина за перење алишта | 0% | 20% | 20% |
| Машина за сушење алишта | 40% | 60% | 100% |
| Пегла | 20% | 30% | 50% |
| Фрижидер | 10% | 10% | 20% |
| Правосмукалка | 20% | 30% | 50% |
| Трпезарска маса | 30% | 20% | 50% |
| Кревет за секој член од семејството | 20% | 30% | 50% |
| Автомобил | 30% | 60% | 90% |

**Слика 126: Дали во важето живеалиште се соочувате со некои од следните проблеми**




Сликата 153 ја покажува изложеноста на куќите во смисла на природни непогоди – како што се поплави, лизгање на земјиштето. Како што може да се види, 50% од живеалиштата пријавиле дека имаат поплави, од кои 30% во Св. Петинасет и 20% во Климент Охридски. Поплавите се поврзани и со отсуството на канализациона мрежа, која бара капитални инвестиции од општината.

Според фокус групата околу 90% од Ромите се невработени или работат неформално. Се проценува дека околу 50% се физички работници кои често работат во земјоделскиот сектор во текот на годишните времиња, 20% се занаетчии, околу 10% се собирачи на отпад и околу 10% се музичари.

Во однос на резултатите од истражувањето за нивото на вработеност, стапката на вработеност изнесува 12%, пресметана од работоспособното население од примерокот во секоја општина. Стапката на вработеност е многу ниска во споредба со стапката на вработеност на национално ниво, но исто така и на локално ниво. Стапката на вработеност кај Ромките е многу ниска, што е едно од најважните прашања за решавање во следниот период.

**Табела 250: Стапка на вработеност во Струмица**

| **Струмица** | **Работоспо-собно населени (Роми)** | Стапка на вработеност | | Стапка на вработеност - мажи - | | Стапка на вработеност - жени - | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | % | Бр. на вработени Роми | % | Бр. на вработен и Роми | % | Бр. на вработен и Роми |
| Климент Охридски | 10 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 |
| Св. Петнаесет | 15 | 20% | 3 | 13% | 2 | 7% | 1 |
| **Вкупно** | **25** | | **3** | | **2** | | **1** |
| **Стапка на вработеност/ Општина** | | **12%** | | **8%** | | **4%** | |

*Забелешка: стапката на вработеност се пресметува како однос на вработените Роми наспроти работоспособното ромско население*

Во табелата подолу е прикажана стапката на неформална работа. Иако беше објавено дека само 12% работат, околу 41% од Ромите работат непријавено. Повторно, позицијата на жените овде е критична и треба дополнително да се истражи и да се разгледа. Сепак, во Св. Петнаесет може да се забележи дека стапката за неформална работа за жените е повисока од онаа на мажите, додека за Климент Охридски стапката за неформална работа кај мажите е речиси трипати поголема од онаа за жените.

**Табела 251: Непријавена работа на Ромите во Струмица**

| | Работоспособно население | Непријавена работа | Непријавена работа - мажи | Непријавена работа - жени |
|---|---|---|---|---|
| Климент Охридски | 10 | 44% | 33% | 11% |
| Св. Петнаесет | 15 | 38% | 13% | 25% |
| Просек | 25 | 41% | 23% | 18% |

**Слика 127: Сезонска работа на Ромите во Струмица**




Сликата 154 го покажува процентот на Роми кои биле вклучени во сезонска работа. Податоците покажуваат дека 80% од Ромите работат сезонски, главно во земјоделскиот сектор, но и музичарите честопати се ангажирани во зимскиот или летниот период.

**Слика 128: Социјална помош**




Со оглед на тоа што сезонската работа е важен извор за ромските семејства, и социјалната помош е еден од важните извори на приходи на кои се потпираат многу ромски семејства. Податоците покажуваат дека околу 65% од домаќинствата се корисници на социјална помош.

За да се добие општа слика за приходот во ромските семејства, членовите на домаќинствата беа прашани колку заработуваат во опсег од 0 до 70.000 денари. Околу 70% од Ромите имаат месечни примања под 24.000 денари, додека 10% пријавиле дека имаат приходи повисоки од 24.000 денари.

Во споредба со потрошувачката кошница која во февруари 2018 година изнесувала околу 32.000 денари, околу 70% од семејствата не можат да ги купат минималните работи за опстанок. Најкритичната позиција е за оние 40% кои имаат приход до 5.000 денари.

**Табела 252: Месечен приход/во МКД**

| | 0 - 5000 | 5001 - 12000 | 12001 - 24000 | 24001 - 40000 | Одбиваат да одговорат |
|---|---|---|---|---|---|
| Климент Охридски | 20% | 20% | 0% | 0% | 0% |
| Св. Петнаесет | 20% | 10% | 10% | 10% | 10% |
| Вкупно | 40% | 30% | 10% | 10% | 10% |

Стапката на невработеност кај Ромите во Струмица е релативно висока 81%, пресметана како дел од работната сила од примерокот во секоја општина. Како што може да се види, во однос на полот, жените се попогодени – 48% од Ромктие се невработени. Меѓутоа, исто така, уделот на невработени Ромки е многу висок и има потреба од мерки за активирање.

### Табела 253: Стапка на невработеност

| Струмица | Работна сила | Стапка на невработеност | | Невработеност - мажи - | | Невработеност - жени - | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | % | Бр. На невработени (Роми) | % | Бр. На невработени (Роми) | % | Бр. На невработени (Роми) |
| Климент Охридски | 8 | 88% | 7 | 38% | 3 | 50% | 4 |
| Св. Петнаесет | 13 | 77% | 10 | 31% | 4 | 46% | 6 |
| **Вкупно** | **21** | | **17** | | **7** | | **10** |
| **Стапка на невработеност/ Општина** | | **81%** | | **33%** | | **48%** | |

*Забелешка: Стапката на невработеност се пресметува како број на невработени Роми поделена со од работната сила (Роми).*

Со цел да се процени стапката на невработеност, во рамките на истражувањето беа наведени неколку можни причини. Највисок процент на луѓе – 80% сметаат дека не постојат можности за работа за нив, а околу 40% немаат соодветно образование и вештини потребни за вработување.

### Табела 254: Причини за невработеност

| | Немање можности за вработување | Немање образование и вештини за вработување |
|---|---|---|
| Климент Охридски | 30% | 40% |
| Св. Петнаесет | 50% | 0% |
| **Вкупно** | 80% | 40% |

Во Табелата 311 се прикажани активните и пасивните баратели на работа за општина Струмица. Како што може да се забележи, релативно мал број Роми се регистрираат во Агенцијата за вработување – само 8 се регистрирани како активни баратели на работа, а 5 се регистрирани како пасивни баратели на работа. Може да се види дека жените се посклони да се регистрираат како пасивни баратели на работа.

### Табела 255: Активни и пасивни баратели на работа

| Струмица | Активни баратели на работа | | | Пасивни баратели на работа | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| | 8 | 6 | 2 | 5 | 0 | 5 |

**Слика 129: Acquainted with the active labor market policies**




На Сликата 156 е прикажана запознаеноста на Ромите со активните политики на пазарот на трудот. Во просек, околу 90% од населението знае за мерките за АППР, додека 10% пријавиле дека не знаат.

## ОБРАЗОВАНИЕ

Ситуацијата во образованието е доста критична бидејќи многу деца се надвор од системот на образование. Најкритичната ситуација е во предучилишното и основното образование. Како што може да се види од табелата подолу има 5 деца на возраст за градинка. Ниедно од децата на возраст за градинка не се запишани, а повеќето од нив се од населбата Климент Охридски.

**Табела 256: Семејства со деца на училишна возраст**

| | Семејства со деца на предучилишна возраст | Семејства без деца на предучилишна возраст |
|---|---|---|
| Климент Охридски | 3 | 1 |
| Св. Петнаесет | 2 | 4 |
| **Вкупно** | 5 | 5 |

Ова е многу критично за раниот детски развој на ромските деца во општина Струмица, а за тоа треба да се погрижи Министерството за труд и социјална политика, бидејќи во тек е проект за упис на Роми во градинка.

Слична ситуација може да се забележи и кај основното и средното запишување. Од 80% од децата кои се на возраст од основно и средно образование, само 60% се запишани, додека останатите 40% не се запишани.

**Табела 257: Запишување на деца во основно и средно образование**

| | | Да | | Не | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Бр. на деца на училишна возраст** | **Бр. на деца** | **%** | **Бр. на деца** | **%** |
| Климент Охридски | 5 | 1 | 20% | 4 | 80% |
| Св. Петнаесет | 10 | 8 | 80% | 2 | 20% |
| **Вкупно** | **15** | **9** | | **6** | |
| **Стапка на запишување во училиште/Општина** | | | **60%** | | **40%** |

*Забелешка: Стапката на запишување на училиште беше пресметана со делење на бројот на деца на училишна возраст запишани во основно или средно образование со вкупниот број деца на училишна возраст (кои може да се запишат), а потоа, количината што се добива се множи со 100 за да се добие процентот.*

Ситуацијата со основното и средното образование е многу алармантна, имајќи предвид дека ова ниво на образование во подоцнежна фаза високо влијае на вработувањето. Како резултат на ова, многу млади генерации се во маѓепсаниот круг на физичка работа како родителите.

**Табела 258: Дискриминација во основно и средно образование**

| | Да, од професор/наставник | Не |
|---|---|---|
| Климент Охридски | 0% | 10% |
| Св. Петнаесет | 10% | 20% |
| **Вкупно** | 10% | 30% |

Во однос на дискриминацијата, околу 10% од родителите пријавиле случаи на дискриминација во училиштето од професор или наставник. Таквите случаи треба да се испитаат и да се подигнат на институционално ниво, така што нема да наштетат на мотивацијата на децата во продолжување на образованието.

## ЗДРАВСТВО

Во однос на здравствената состојба на Ромите во Струмица, околу 40% од Ромите ја пријавуваат ситуацијата како умерено лоша и ја оценуваат со 1 и 2; додека 40% сметаат дека нивната ситуација е многу добра и одлична.

**Табела 259: Согледан здравствен статус (1 – лош, 5 – одличен)**

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| Климент Охридски | 10% | 20% | 0% | 10% | 0% |
| Св. Петнаесет | 0% | 10% | 20% | 0% | 30% |
| **Вкупно** | 10% | 30% | 20% | 10% | 30% |

За 40% од домаќинствата кои ја пријавиле својата ситуација како умерено лоша, се разгледуваат дополнителни прашања со цел да се утврдат можните причини. Како што може да се забележи, 20% од нив го пријавиле здравствениот статус како лош, бидејќи нивните здравствени услови се влошиле, додека околу 10% од Ромите пријавиле дека немаат средства да го платат својот лек; нездрава состојба на живеење и наследени семејни болести.

**Табела 260: Причини за лош здравствен статус**

| | Наследни семејни болести | Немаме средства да платиме за медицински третмани | Нездрави животни услови | Влошена здравствена состојба |
|---|---|---|---|---|
| Климент Охридски | 10% | 0% | 0% | 10% |
| Св. Петнаесет | 0% | 10% | 10% | 10% |
| **Вкупно** | 10% | 10% | 10% | 20% |

Растојанието од болницата е важен индикатор за пристапноста до здравствениот систем. Растојанието е исто така поврзано со транспортот и средствата за покривање. Па така, за околу 10% од населението болницата е до 1 км, додека за 80% растојанието е од 2 до 5 км, што е многу критично во однос на пристапноста на болницата која понатаму е поврзана со дополнителни трошоци за ромските семејства.

**Табела 261: Растојание до болничка/здравствена единица**

| | 600m - 1km | 2km - 5km | Одбиле да одговорат |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| Климент Охридски | 10% | 20% | 10% |
| Св. Петнаесет | 0% | 60% | 0% |
| **Вкупно** | 10% | 80% | 10% |

Трошоците за лекови во едно домаќинство, исто така, укажуваат на пристап до здравјето на ромските семејства. Во просек, околу 40% од населението троши околу 100 денари за лекови, додека 20% од населението троши помалку од 3.000 денари. Меѓутоа, најкритичната ситуација е за 40% од населението кои трошат над 3.000 денари, особено оние 10% кои трошат повеќе од 6.000 денари месечно за лекови.

**Табела 262: Трошоци за лекови/месечно, во МКД**

| | Помалку од 100 МКД | 100 - 1000 МКД | 1001 - 3000 МКД | 3001 - 6000 МКд | Повеќе од 6000 МКД |
|---|---|---|---|---|---|
| Климент Охридски | 10% | 0% | 0% | 30% | 0% |
| Св. Петнаесет | 30% | 10% | 10% | 0% | 10% |
| **Вкупно** | 40% | 10% | 10% | 30% | 10% |

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ЗА ИДНИ ИНТЕРВЕНЦИИ ВО РОМСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ

Препораките се засноваат на наодите од анкетата и фокус групите спроведени во 14 општини во Република Северна Македонија. Препораките имаат за цел да им помогнат на Владата на Република Северна Македонија и на Делегацијата на ЕУ во Република Северна Македонија во дизајнирање на програми, проекти и интервенции за социјално вклучување на Ромите. Тие исто така треба да послужат како насока за донаторите, општините, институциите за инвестициите и активностите потребни за подобрување на состојбата на Ромите во општините.

Препораките се структурирани на општинско и тематско ниво, со што се обезбедува увид во која област во општината е потребно да се интервенира. Инвестирањето во ромските заедници во однос на инфраструктура, домување, вработување, здравство и образование претставува основен услов за постоење на еднаква почетна позиција за идната генерација на Роми.

### Заклучоци

Резултатите од Социјалното мапирање спроведени во 14 општини во Република Северна Македонија идентификуваат повеќе главни предизвици во ромските заедници во однос на инфраструктура, адекватно домување и вработување. Според податоците од истражувањето, населбите кои се главно населени со Роми немаат пристап до јавни услуги и инфраструктура како што се асфалтиран пат, канализација, атмосферски канализациски систем, снабдување со електрична енергија и собирање на отпадот. Значаен дел од домувањето на Ромите е несигурно и пренатрупано и тоа има штетно влијание врз нивното здравје. Поради прашања поврзани со урбанизација, одредени населби се надвор од урбанистичкото планирање. Во последниве 25 години општините не идентификуваа соодветни решенија за урбанизација или за вклучување на ромските населби во генералното урбанистичко планирање на градот, со што се продлабочуваат проблемите поврзани со отсуството на легализација и голем број од куќите се изоставени од процесот на легализација. Како резултат на тоа, многу домаќинства се загрижени за тоа колку се сигурни нивните живеалишта, бидејќи немаат имотни документи и нивните домови би можеле да бидат срушени од страна на општинските власти. Покрај тоа, некои од ромските населби се соочуваат со природни непогоди, како што се лизгање на земјиште и поплави, што дополнително ја влошува нивната ситуација.

Прашањето на домување и натаму е најголем проблем за припадниците на ромската заедница во Република Северна Македонија. Иако Законот за справување со дивоградби и усвојувањето на други прописи во оваа област овозможија одреден напредок во оваа област, значителен број куќи сè уште не се во постапка на легализација поради промените и надградбите кои треба да се направат во деталните урбанистички планови (ДУП) и општи урбанистички планови (ГУП). Исто така, одредени семејства, поради нивната неповолна социо-економска состојба, не беа во можност да ги покријат трошоците поврзани со легализацијата. Иако на локално ниво постојат локални акциски планови за Ромите, сепак се постигнува мал напредок бидејќи општините не издвојуваат општински буџет за реализација на инфраструктурни проекти. Освен тоа, проектите финансирани од Светска банка или од други институционални донатори не се распределуваат во ромските населби бидејќи за општините се одлучува од политички аспекти кога станува збор за избор на приоритетни локации (онаму каде може да се добие мнозинство гласови) и не се доволно насочени кон реалните потреби на заедниците. Проектот за социјално домување FP1674, со поддршка од банката на Советот на Европа, ги таргетира Ромите како една од категориите на корисници, а одреден број Роми добија социјални куќи. Сепак, градежните работи се одвиваат бавно а планираната социјална зграда во општина Шуто Оризари сè уште не е изградена. Речиси во сите области, во повеќето општини, ромските домаќинства се изложени на супстандардни услови за домување и се соочуваат со пречки во пристапот до разни објекти за домување. Во повеќето случаи, жените Ромки се повеќе ранливи од социо-економски аспект во споредба со мажите Роми.

Во однос на вработувањето, постојат значителни предизвици кога станува збор за вклучување на Ромите на пазарот на трудот, особено на младите и на жените Ромки. Стапката на вработеност кај Ромите е многу ниска, речиси два пати пониска од не-Ромите, при што голема застапеност на Ромите има во неформалната економија. Постои висока стапка на невработеност поврзано и со ниското ниво на образование и отсуство на вештини за вршење одредени работи. Голем дел од Ромите се вклучени во собирање на секундарни отпадни материи а жените работат како чистачки. Релативно мал број Роми ги користат услугите на Агенцијата за вработување и активните мерки за вработување, во споредба со вкупниот број корисници на ниво на целата држава. Постои голем дел од Ромите кои се пријавиле во Агенцијата за вработување само за да ги користат бенефитите од системот за социјална заштита, а повеќето од нив не се запознаени со активните мерки на пазарот на труд. Во однос на заработката, износот што Ромите го заработуваат месечно е многу низок во споредба со потрошувачката кошница за 2018 година.

Во однос на образованието, се забележува значителен напредок во споредба со претходните години кога станува збор за запишување во основното и средното образование. Предизвик и понатаму постои во запишувањето на ромските деца во предучилишното образование, бидејќи бројката резервирана во рамките на проектот финансиран од Ромскиот образовен фонд е мала во споредба со ромските деца на возраст за градинка. Освен тоа, во некои општини и понатаму постои институционалниот предизвик на сегрегација во општините и училишта за деца со посебни потреби[20].

Во однос на здравствената состојба, здравствениот статус на Ромите е понеповолен во споредба со општото население. Според основните здравствени индикатори, животниот век кај Ромите е за 10 години пократок во споредба со националниот просек; смртноста кај новороденте Ромчиња изнесува 13,1/1000 (општо население: 10,3/1000) а исто така има и разлика во возраста во која за прв пат се појавуваат хроничните непреносливи болести, во опфатот со имунизација, редовните здравствените прегледи (особено кај жените за време на репродуктивниот период) како и пристап до здравствени информации. Притоа, има малку докази дека ситуацијата се подобрува – не постојат здравствени статистички податоци од институции поради немање на административните податоци базирани на етничката припадност.

## Препораки

### ШУТО ОРИЗАРИ

Ситуацијата во Шуто Оризари во однос на домувањето и инфраструктурата се карактеризира како лоша. Во многу делови нема асфалтирани улици, нема канализациска мрежа ниту атмосферска канализација, што доведува до поплави во долниот дел од општината. Има куќи кои се во многу лоша состојба. Улиците се тесни, а нема ниту полициска станица, брза помош или противпожарна станица. Понатаму, еден дел од општината, како што е *Брсајчка Буна* и други помали улици, нема пристап до вода. Што се однесува до вработувањето, постои висока неформална стапка на работење а мал број на луѓе се регистрирани во Агенцијата за вработување. Во однос на предучилишното образование, децата од најранливите ромски семејства не се запишани во градинката.

- **Домување**

    - Како главен приоритет, Општина Шуто Оризари треба да ги усвои деталните урбанистички планови кои се клучен аспект за зајакнување на развојот на општината.

[20] Училишта за деца со посебни потреби се оние кои згрижуваат ученици со посебни потреби. Тие имаат потешкотии во учењето, физички хендикеп или проблематично однесување.

- Општината Шуто Оризари, во соработка со Владата на Република Северна Македонија, треба да интервенира во подобрувањето на инфраструктурата во населбата *Брсајчка Буна*
- Градот Скопје, во соработка со Општина Шуто Оризари, треба да инвестира во реконструкција на улицата *Индира Ганди*, која е главната улица која оваа населба ја поврзува со Градот Скопје.
- Општина Шуто Оризари, преку проекти за подобрување на состојбата со домувањето, треба да подготви и спроведе проекти за реконструкција и асфалтирање на улиците кои се значат поврзување со главните улици во општината.
- Општината треба интензивно да продолжи да ги легализира бесправно изградените домови и притоа да најде начин и средства за да помогне во подготовката на документација за легализација на куќите на ранливите семејства, за кои легализацијата на куќите претставува приоритет. Треба да се и обезбеди дополнителна помош во смисла на финансиска поддршка за најранливата популација со оглед на тоа дека тие не можат да ги покријат трошоците за легализација.
- На среден плански рок (3-5 години), општината треба да планира подобрување на инфраструктурните услови во смисла на водоснабдување, струјна и канализациска мрежа
- Општината, во соработка со ЕВН, треба да направи обиди да помогне во покривањето на трошоците за приклучување на струја, пред сѐ кај социјалните групи изложени на ризик кои не можат да си ги дозволат овие трошоци
- Некои домови, кои се во многу лоша состојба, би требало да се реконструираат со поддршка од донатори или надлежни министерства.

➢ **Вработување**

- Општината, во соработка со Владата, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за економија, Агенцијата за вработување, со конкретно насочени активности треба да инвестираат во развојот на економијата и вработувањето на Ромите од општина Шуто Оризари.
- Општината треба да изготви план за модернизација на текстилниот пазар лоциран во центарот на општината.
- Општината и организациите од граѓанското општество треба да соработуваат и, преку социјално претприемништво, да ги поддржат ризичните социјални групи, како што се: лица кои собираат секундарни суровини или чистачки во домаќинства, и така натаму.
- Се препорачува Владата на Република Северна Македонија и Општина Шуто Оризари да вложат напори да привлечат инвеститори, да инвестираат во нов бизнис, фабрики кои ќе овозможат вработување на поголем број Роми од Шуто Оризари. Општината има човечки ресурси за работа со чевли, шиење, градежни работници и сл.
- Општината, во соработка со Агенцијата за вработување и преку активни мерки за вработување, треба да инвестира во легализација на деловните субјекти, а особено да обезбеди субвенции за поддршка на основање нови мали и средни претпријатија (стартап).
- Општината треба да обезбеди посебни услови за вработување и задржување на младата популација во општината, бидејќи само на овој начин може да се гарантира развојот на општината Шуто Оризари.

➢ **Образование**

- Во однос на инфраструктурата, потребно е да се зголеми капацитетот на градинката и приоритет за упис во градинката да имаат децата од најранливите семејства. Условените парични трансфери може да го поддржи овој процес и да го променат однесувањето на семејствата, со што ќе се олесни процесот на запишување.
- Во однос на основното и средното образование, потребно е дополнително истражување за да се провери каква е состојбата со децата кои не се запишани во образовниот систем. Дополнително, во соработка со Министерството за образование, може да се изготват дополнителни програми за да се одговори на потребите на децата на возраст од 8 до 15 години кои не се запишани или кои посетуваат основно и средно образование.

## ПРИЛЕП

Ситуацијата во Прилеп во однос на домувањето и инфраструктурата е умерено лоша. Куќите се карактеризираат со пренатрупаност а улиците во *Тризла* се делумно асфалтирани. Освен тоа, во *Дебарца* има и картонска населба населена со околу 50 Роми, а во населбата *Три Багреми* има и импровизирани куќи – сите овие ситуации бараат итно внимание и итна интервенција. Во *Дебој*, некои од домаќинствата немаат вода, а некои немаат асфалтиран пат *(Дебој)*. Дел од *Дебарца* и *Дабничка* немаат канализациски систем. За да се решат овие проблеми, постои потреба од промена на ГУП и усвојување на ДУП за *Тризла 2*. Најчесто населението кое живее во ромските населби се занимава со неквалификувана работа и ниско платена работа, и покрај постоечкиот капацитет на човечки ресурси на ниво на заедницата.

- **Домување**

  - Измена на Законот за легализација, со продолжување на рокот за легализација на куќите. Во општина Прилеп не постои ГУП и ДУП за местата каде што живее ромското население (Тризла 1 и 2); затоа и не е легализирано земјиштето каде се наоѓаат ромските домаќинства. Ромите не се информирани и не знаат за можноста за легализација на земјиштето и на објектите. Ромското население исто така нема познавања за техничките стандарди за легализација, и затоа треба да се обезбеди поддршка во разбирањето на сите аспекти поврзани со легализацијата
  - Да се донесе нов Детален урбанистички план и измена/ ажурирање на Генералниот урбанистички план
  - Постои потреба од капитални инвестиции во смисла на изградба на канализациски систем, асфалтирање на улиците и обезбедување вода во ромските населби во *Дабничка, Дебој* и *Ново Село.* Во населбата *Дабничка* има нелегална канализација која директно се испушта во водата додека во другите населени места канализацискиот систем не е во функција
  - Капитална инвестиција од Министерството за транспорт и врски за асфалтирање на внатрешните улици во *Тризла 1* и *Тризла 2*
  - Во населбата *Дебарца* има неколку куќи изградени со стар и несоодветен градежен материјал (картонски куќи). Овие куќи претставуваат голем ризик за ромските жители но, во отсуство на други решенија а и свесни за опасноста, Ромите и понатаму живеат во овие куќи. Во таа смисла, потребно е одржливо решенија за преместување и обезбедување социјално домување за тие семејства, во соработка со општината и Министерството за труд.

- **Вработување**
  - Се забележува вработување во фабриките кои работат во слободните економски зони; и постои потреба од програми наменети за подобрување на вештините на

ромската популација и обезбедување практикантска работа или обука за работа во тие компании.

- Потребни се дополнителни напори за преквалификација на млади Роми, што ќе придонесе кон намалување на сиромаштијата, кон инклузија на пазарот на труд и намалување на миграцијата.
- Голем е бројот на ромски домаќинства корисници на социјална помош. Локалните власти, заедно со Министерството за труд и социјална политика, треба да донесат програми за вработување врз основа на потребите и да воспостават сигурни и добри канали за комуникација со граѓанските организации и со ромската заедница. Едно од можните решенија би било воспоставување на систем на квоти за активните мерки на пазарот на труд.

➢ **Образование**

- Потребни се редовни инспекции на училиштата од страна на Министерството за образование, со цел елиминација на сегрегацијата во основните училишта (има многу ситуации во кои родители кои не се Роми ги запишуваат своите деца во други училишта).
- Програми за зголемување на свеста на родителите за елиминирање на сегрегацијата

## КУМАНОВО

Состојбата во Куманово во однос на домувањето и инфраструктурата е слична како кај другите општини - има неколку куќи со импровизирана изградба во населбата Средорек. Во однос на легализацијата на куќите, речиси половина од куќите не се легализирани. Најлоша е ситуацијата во Средорек, бидејќи постојат правни проблеми за урбанизација на населбата. Дел од асфалтиран пат е во многу лоша состојба во населбата Бараки, а во Бавчи улиците не се асфалтирани. Не постои канализационен систем за населбата Бавчи. При социјалното мапирање (со фокус група), луѓето посочија дека напонот на електрична енергија е низок а многу Роми се исклучени од мрежата поради акумулираните долгови.

➢ **Домување**

- Да се подобри канализациската мрежа и патната инфраструктура во Бараки и Бавчи. Во населбата Бавчи општината треба да обезбеди улично осветлување
- Измена на ГУП и донесување на нов ДУП за легализација на куќите во Средорек
- Во повеќето делови/ улици на населбата Бараки треба да се обезбеди соодветно собирање на сметот за да се спречи фрлање на отпадот во депонијата која се наоѓа веднаш до куќите и да се избегнат ризиците од ширење заразни болести
- Општината да одреди средства за инфраструктура во населбата Средорек, инсталирање на канализациска мрежа, асфалтирање на улиците и безбеден пристап до чиста вода за пиење.

➢ **Вработување**

- Формализирање на деловната активност, организирање менторски програми за претприемачите, вклучително и менторски за процесите пред и по легализацијата.
- Нови мерки во рамките на активните политики за пазарот на труд, со ставање акцент на собирачите на отпад

- Систем на квоти за активните мерки на пазарот на труд, со посебен акцент на обука на работното место

- **Образование**

  - Зголемување на бројот на деца запишани во предучилишно образование
  - Работа со родителите со цел подигнување на нивната свест за потребата од предучилишно образование и обезбедување превоз за децата од дома до училиште.

## БИТОЛА

Ситуацијата во Битола од аспект на домување и инфраструктура е слаба – главен проблем се нелегалните живеалишта кои не ги исполнуваат минималните стандарди за градење, особено оние во населбата Лѓубојно Баир кои се лоцирани на стрмно брдо, тешко се достапни и се импровизирани (ги нарекуваат „жители во картони“ каде живеат 150 домаќинства и тоа од Караорман 111, долж регионалниот пат Прилеп – Ресен, кој поминува низ зелен појас и каде не постојат технички можности за урбанизација). Дел од куќите немаат пристап до вода, особени оние Роми кои живеат во импровизирани живеалишта. Освен тоа, канализациската мрежа е застарена и не е во функција во некои делови од Баир. Понатаму, струјната мрежа и трафостаницата немаат доволен капацитет (особено е проблематично во зимскиот период).

- **Домување**

  - Промена на ГУП и ДУП со цел да им се даде можност на домаќинствата во Баир да ги легализираат своите живеалишта. Треба да се разгледаат и дополнителни напори во смисла на преместување на луѓето што живеат во горниот дел и кои не можат да бидат урбанизирани.
  - Инвестирање во изградба на канализација, мрежа за водоснабдување (нови цевководи) и систем за атмосферска канализација.
    Општината исто така треба да најде решенија и за градење на ѕидови за заштита од ерозија на земјиштето.

- **Вработување**

  - Невработеноста кај ромското население во Битола е главната причина за иселување, најчесто кај младите парови на возраст од 20-30 години. Постои потреба оваа група луѓе да бидат вклучени во *Програмата за младинска гаранција* и да им се обезбеди обука на работното место
  - Постои потреба од систем на квоти за Ромите за да се зголеми бројот на корисници на активните мерки на пазарот на труд и за зголемување на нивната вработливост

- **Образование**

  - Да се спроведат мерки за решавање и елиминација на дискриминацијата во образованието, сегрегацијата и другите суптилни форми на дискриминација во образованието. Овие практики треба систематски да се документираат и да бидат основа за развој на соодветни мерки за нивно решавање.

## ТЕТОВО

Состојбата во Тетово во однос на домувањето и инфраструктурата е умерено добра, бидејќи има само една населба кое бара интервенции од аспект на инфраструктура. Најкритичната е ситуацијата во населбата наречена *29 Ноември* и *146*. Во делот наречен *Вон Вардарска* нема асфалтен пат. Процентот на невработени Роми во сите населби е многу голем. Ромите најмногу се ангажираат во продажба на текстил или во неформално работење како трговци.

- **Домување**
  - Населбите *29 Ноември* и *146* имаат потреба од детален урбанистички план.
  - Легализација на нелегално изградените куќи во населбите*29 Ноември* и *146*, изградба на фекална и атмосферска канализациска мрежа и асфалтирање на улиците во внатрешноста на населбите.
  - Општината мора да обезбеди услови за обезбедување вода за пиење
  - Во населбите *29 Ноември* и *146* постои потреба од реконструкција на старите куќи.

- **Вработување**
  - Владата и Општина Тетово треба да создадат услови за зголемување на можностите за вработување, особено со инвестирање во економската зона во Тетово,
  - Владата треба да воведе конкретен систем на квоти за Ромите, во рамките на активните мерки за вработување, со цел да се искористи потенцијалот за поддршка на занаетчиството, на малите и средни претпријатија.
  - Владата и Општина Тетово треба да поддржуваат иницијативи за промовирање на самовработувањето и легализација на бизнисите

- **Образование**

  - Во однос на образованието, постои потреба од давање дополнителна поддршка на ранливото население, преку обезбедување превоз за децата од дома до училиште

## ГОСТИВА

Што се однесува до домувањето и инфраструктурата во Гостивар, потребни се понатамошни инвестиции на ниво на ромски населби, кои не се урбанизирани. Најкритична е ситуацијата во населбите наречени Дупка, Циглана и Балиндолска. Во делот наречен *Вон Вардарска* нема асфалтен пат. Процентот на невработени Роми во сите населби е многу голем. Ромите најмногу се ангажираат во продажба на текстил или во неформално работење како трговци.

- **Домување**

  - Дупка има потреба од детален урбанистички план, за легализација на бесправно изградените куќи, изградба на фекална и атмосферска канализациска мрежа и асфалтирање на улиците во населбата.
  - Во Циглана, Балиндол и Бањешница постои потреба за легализација на бесправно изградени куќи, во одредени делови, за инсталација на атмосферска канализациска мрежа а можеби и фекална канализација на одредени места во населбата.

- Во *Бисери-Пирана* има потреба од инвестирање во асфалтен пат на секундарните улици во внатрешноста на населбата, од фекална и атмосферска канализациска мрежа. Исто така постои и потреба од решавање на проблемот на трансформација на имотните права врз земјиштето.
- Постои потреба од реконструкција на помал број куќи, особено во населбите *Груџиќи – Пазарџин*, Писаница и во местото наречено *Сушица* – тоа е депонија во која живеат 3-4 ромски семејства.

➢ **Вработување**

- Процентот на невработеност на Ромите во сите населби е помеѓу 60% и 80% и тоа претставува главен проблем. Владата и Општина Гостивар треба да создадат услови за зголемување на изгледите за вработување преку дополнителна поддршка во обид да се опфатат Ромите, нивно регистрирање во Агенцијата и вклучување во активните мерки на пазарот на труд
- Владата треба да иницира конкретен пристап во активните мерки за вработување за да се искористат потенцијалните вештини и ресурси за отворање или формализирање на мали и средни претпријатија.
- Владата и Општина Гостивар треба да определат субвенции за мали и средни претпријатија, за да се поттикне вработувањето кои се изложени на ризик

➢ **Образование**

- Проектите за деца од предучилишно образование треба да продолжат и да започнат 2-3 години пред запишувањето на училиште.
- Да се обезбедат услови за изучување на ромскиот јазик со цел зачувување на културниот идентитет на Ромите во Гостивар.

## ШТИП

Ситуацијата во Штип во однос на домувањето и инфраструктурата во ромските заедници е умерено добра. Најкритична е ситуацијата во *Света Недела*, бидејќи инфраструктурата е стара. Постојат голем број на нерешени барања за легализација и потребни се понатамошни напори од административните власти за решавање на барањата за легализација. Процентот на невработени Роми во сите населени места е умерено голем. Одредени делови во Св.Недела се соочуваат со проблеми како што се лизгање на земјиште и поплави.

➢ **Домување**

- Дел од улиците што водат кон ромските населби имаат потреба од реконструкција и нов асфалт, особено во делот Св. Недела
- Ромските населби имаат низок напон на електрична енергија, што често доведува до горење на белата техника и апаратите за домаќинство. Нередовното плаќање на сметките и нелегалните приклучоци се споменуваат како причини за несоодветните извори на струја. Во соработка со ЕВН да се подобри енергетската мрежа и да се најдат можни решенија за отпишување на долговите на најранливите семејства (социјални случаи), и тоа во соработка со Министерството за труд.
- Потребни се дополнителни напори за легализација на ромските домаќинства, како што се оние во населбата Св.Недела

- Некои ромски населби имаат проблем со мрежата за водоснабдување, особено во летниот период
- Во местото наречено *Каваклија* (каде има околу 50 ромски семејства), еден дел од куќите се изградени со нестандардизирани градежни материјали и на импровизиран начин, при што семејствата живеат во неадекватни и нечовечки услови. Потребна е поддршка за реконструкција и консолидација на куќите.

➢ **Вработување**

- Во моментов Ромите работат главно сезонски, и тоа како музичари, продавачи на текстил, хигиеничарки во болница, такси возачи, собирачи на секундарни суровини итн. Потребно е да се вложат дополнителни напори за поттикнување на развојот на бизнисите, за доделување субвенции и за учество на Ромите на формалниот пазар на труд, за да имаат можности, преку Агенцијата за вработување, да аплицираат за практикантска работа, како и да стекнат вештини кои не бараат високо ниво на образование, како што се курсеви за шиење, масажа и фризери. Таквите можности треба да се промовираат а ромските заедници треба да се охрабруваат да аплицираат.

➢ **Образование**

- Ромската заедница ја препознава потребата да се изгради детска градинка која ќе има капацитет да смести поголем број деца и ромската етничка заедница.
- Да обезбеди поддршка во смисла на човечки ресурси (наставници) и материјали за изучување на ромскиот јазик во основното образование, преку курсеви, редовни часови или дополнителни часови, за понатамошно зачувување на нематеријалното наследство (јазикот) на ромската популација

## КОЧАНИ

Во моментов, целата ромска заедница нема законски валиден детален урбанистички план, врз основа на кој сè уште се можни сите инфраструктурни активности во насока на подобрување на животот на Ромите во Кочани. Новиот план (ГУП) на Општина Кочани беше усвоен во 2016 година, со што се создадоа услови за изработка и усвојување на нови детални планови. Постојат сериозни пречки кои го попречуваат процесот, како што се: лоши (пропаднати) урбани населби, дивоградби, недостаток на финансиски ресурси на Општината. Потребна е постојана соработка со ромската заедница од целата населба со цел да се постигне заемно прифатливо решение.

➢ **Домување**

- Инвестиции во инфраструктура во ромската населба во местото наречено *Колеријски Гробишта* и *Полски пат*, и обезбедување на мрежа за водоснабдување
- Обезбедување на социјални станови за ромските семејства кои се во "Касарна" повеќе од 10 години.
- Интервенцијата на возилата за брза помош е попречена поради слабиот квалитет на улиците (улиците се тесни). Инвестицијата во соодветна патна инфраструктура е од висок приоритет за заедницата, со што ќе се овозможи соодветна интервенција во итни ситуации и поврзување со градското подрачје
- Да се дислоцира отпадната суровина за да се избегне понатамошно загадување на животната средина во која живее ромската популација, а од друга страна да го задржат изворот на своја егзистенција.

- **Вработување**

  - Имајќи предвид дека вработувањето на Ромите во Кочани главно е во комуналните работи, одржувањето на улиците и собирањето на отпадот и во други нископлатени работни места, локалната самоуправа и Министерството за труд и социјална политика треба да најдат начин да ги привлечат и охрабрат Ромите да учат занаети и да отвораат мали бизниси. Исто така, централните власти треба ги усвојат мерките за вработување согласно потенцијалот на ромската заедница во Кочани, како што се трговијата, занаетчиството, курсеви за преквалификација.
  - Изградба на мал пазар, со оглед на тоа дека добар дел од ромската заедница работи со трговија со текстил и други ситни работи.

- **Образование**

  - Обезбедување повеќе места за Ромите во градинките со цел пристап до преучилишното образование за најзагрозените ромски семејства

## КИЧЕВО

Ситуацијата во Кичево од аспект на домувањето и инфраструктурата во ромските заедници е мошне критична бидејќи има голем процент на куќи кои сè уште не се легализирани. Најкритична е ситуацијата во населбите Пашино, Скопје, Прилепска, Влашки Пат и Мексико. Понатаму, во однос на квалитетот на домувањето, околу 130 живеалишта се изградени од отпаден материјал и најлон. Квалитетот на инфраструктурата во општините варира во населените места - во Пашино три улици не се асфалтирани, во Влашки пат во ромскиот дел улиците не се асфалтирани, истото важи и за населбите Мексико и Раштани. Процентот на невработени Роми во сите населби е многу висок и многу семејства живеат во сиромаштија, под нивото на егзистенција.

- **Домување**

  - Прилепска има потреба од детален урбанистички план, со цел да започне легализација на куќите. Покрај тоа, постои и потреба од фекална и атмосферска канализациска мрежа и асфалтирање на улиците во населбата.
  - Легализацијата на куќите е помеѓу 10% и 30%, во Пашино, Скопска, Бела Кула, Влашки Пат, Мексико и Раштани. Затоа, потребно е продолжување на рокот за легализација и поддршка на најранливите семејства.
  - Потребна е дислокација и реконструкција на живеалиштата, особено во Прилепска, каде што куќите се изградени со слаб квалитет и од отпадни материјали кои не се погодни за живеење.

- **Вработување**

  - Владата и Општина Кичево треба да создадат услови за зголемување на можностите за вработување, особено со програми за сликање и стекнување на вештини кои се бараат на пазарот на трудот.

- Владата исто така треба да ја поттикне употребата на активни мерки за вработување за да ги искористи потенцијалните можности за вештини и ресурси за отворање или формализирање на мали и средни претпријатија
- Владата и Општина Кичево да поддржат иницијативи за промовирање на самовработувањето и легализација на бизнисите.

➢ **Образование**

- Постои потреба од зголемување на капацитетот на градинката или да се обезбеди превоз за ромските деца, бидејќи градинката е далеку од ромските населби
- Потребна е поддршка за запишување и учество на децата во основното, средното и вишото образование
- Обезбедување услови за изучување на ромскиот јазик со цел зачувување на културниот идентитет на Ромите во Кичево.

## ВИНИЦА

Ситуацијата во Виница во однос на домувањето и инфраструктурата во ромските заедници е умерено добра. Најкритична е ситуацијата на улиците *Македонска* и *Гоце Делчев*, бидејќи улиците не се асфалтирани и одредени делови немаат канализациска мрежа. Има голем број на барања кои чекаат за легализација и потребни се натамошни напори на ниво на администрацијата. Процентот на невработени Роми во сите населени места е умерено голем.

➢ **Домување**

- Потребно е донесување на Детален урбанистички план за ромските населби.
- Потребна е легализација на бесправно изградените куќи, изградба на фекални и атмосферски канализациски мрежи и асфалтирање на улиците во населбите, особено кога станува збор за поврзување на улиците Македонска и Гоце Делчев, како и помеѓу Македонска и Иво Лола Рибар.
- Општината и ЕВН мора да посредуваат за да обезбедат можност за снабдување на електрична енергија на новоизградените објекти кои се приклучени на диво.
- Општината Виница и ЕВН би требало да финансираат улично осветлување и снабдување со електрична енергија со подобар квалитет.
- Општината би требало да интервенира во населбата и да обезбеди квалитетна вода за пиење.

➢ **Вработување**

- Владата треба да иницира конкретен пристап кон активните мерки за вработување за да се искористат можните опции за давање поддршка за отворање на мали и средни претпријатија.
- Треба да се користат активни мерки за вработување со цел подобрување на вработливоста на Ромите, особено во текстилната и дрвната индустрија.
- Владата и Општина Виница да поддржат иницијативи за промовирање на самовработувањето и легализација на бизнисите.

## ДЕБАР

Ситуацијата во Дебар во однос на домувањето и инфраструктурата во ромските заедници е умерено лоша. Најкритична е ситуацијата во населбата Бараки и Воген, бидејќи улиците не се асфалтирани и одредени делови немаат канализациона мрежа. Исто така, некои делови од куќите во Бараки не можат да се легализираат бидејќи бараат измени во Генералниот урбанистички план. Процентот на вработување во сите населени места е подобар отколку во другите општини.

- **Домување**

  - Да се регулира патната и канализациска инфраструктура во населбата Бараки, која е во најлоша состојба во градот Дебар (и тоа уште повеќе поради фактот што болницата и градинката се наоѓаат во таа населба).
  - Измени на ДУП и на ГУП со цел легализација на земјиштето и објектите во населбата Бараки
  - Некои од улиците во внатрешноста на населбата Воген немаат канализациски систем, или истиот е стар и руиниран, што претставува потенцијална опасност за изливање на фекални води и потоа за заразни болести.

- **Вработување**

  - Владата исто така треба да ја поттикне употребата на активни мерки за вработување за да ги искористи потенцијалните можности за вештини и ресурси за отворање или формализирање на мали и средни претпријатија
  - Владата и Општина Кичево треба да поддржат иницијативи за промовирање и самовработување и легализација на бизнисите.

- **Образование**
  - Поддршка и работа со деца во основното образование, за да се поттикнат да го продолжат образованието во институциите за средно и високо образование

## ВЕЛЕС

Ситуацијата во Велес во однос на домувањето и инфраструктурата во ромските заедници е критична во *Процорек*, *Кумсал* и *Коштуница*. Во однос на квалитетот на домувањето, потребно е да се заменат куќите направени од картон. Исто така, важно е да се подобри начинот на собирање на отпадот во општината; отпадот во моментов е се одлага пред ромската населба. Потребни се понатамошни активности поврзани со вработувањето на Ромите, како и за намалување на стапката на осипување на учениците Роми.

- **Домување**

  - Инвестирање во инфраструктура во населбата Процорек и централниот дел на населбата Кумсал и, делумно, во населбата Костурница во смисла на асфалтирање патишта затоа што ромското население и понатаму живее во кал.
  - Легализација на живеалиштата во Процорек, со измена на ГУП или изнаоѓање на друго можно решение за урбанизација и донесување на ДУП

- Има картонски куќи кои најчесто се присутни во населбата Кумсал, во горниот дел од градот, што бара инвестирање или обезбедување на социјални куќи
- Отпадот колективно се одлага на влезот од ромските населби. Во внатрешноста на населбите не постои организирано собирање на отпадот па затоа тој се шири низ населбите и дивите депонии се многу честа појава. Потребни се дополнителни инвестиции за соодветно собирање и одлагање на отпадот.

➢ **Вработување**

- Да се најде начин за искористување на активните мерки за вработување кои ги овозможува Министерството за труд и социјална политика, кои би можеле да бидат искористени од ромската заедница, критериумите кои би биле прифатливи и остварливи за ромската заедница
- Во администрацијата во општината нема вработено Роми, а со тоа нема обезбедено ниту правична застапеност

➢ **Образование**

- Потребно е да се обезбеди дополнителна поддршка од ментори за образование, како и помош и стипендии за децата, за оние кои рано го напуштаат образование, сè со цел бројот на оние кои го напуштаат образованието да се сведе на минимум.

## КАВАДАРЦИ

Ситуацијата во Кавадарци, во смисла на домување и инфраструктура во ромските заедници, е мошне критична во неколку населби, особено во оние кои не се вклучени во Деталниот урбанистички план. Исто така е потребно да се најдат решенија за ерозијата на земјиштето, да се изградат заштитни ѕидови или слично. Вработувањето и образованието исто така треба да бидат во центарот на вниманието за локалните власти.

➢ **Домување**

- Интервенции во населбите Долно (Тенеќе) Маало и Горно (Бушане), цел подобрување на водоводната и канализациска мрежа
- Поради немање канализациски систем во еден од дел од населбата Ваташа, доаѓа до излевање на фекалии на улиците, сè до реката. Поради тоа, локалните власти мора веднаш да најдат начин да обезбедат заштита од заразни болести и евентуални епидемии
- Некои улици во внатрешноста на ромските населби треба да се асфалтираат, на пример во населбите Долно (Тенеќе) Маало и Горно (Бушане)
- Според општинскиот Детален урбанистички план, станбените области во населбата Долно (Тенеќе) се во сериозна опасност бидејќи, според ГУП, не постои можност да бидат опфатени. Затоа се планира сосема друга локација а потребни се и средби со граѓаните за изнаоѓање заемно прифатливо решение.
- Општината Кавадарци да започне да создава услови за легализирање на куќите, особено во населбата Долно (Тенеќе).
- Делови од населбата Горна (Бушане) имаат потреба од изградба на потпорен ѕид поради појавата на лизгаво земјиште

- **Вработување**

  - Мал дел од Ромите се вработени, но сите оние кои не се вработени најчесто се занимаваат со собирање на отпадни материјали и зависат од социјална помош. Ова е случај во сите пет ромски населби. Затоа неопходна е нова мерка во програмите за активни мерки за вработување, како и поддршка на социјалното претприемништво
  - Многу е важно да се посвети внимание и да се почитува правичната застапеност на Ромите, што ќе им овозможи да учествуваат во донесувањето одлуки
  - Кавадарци е земјоделски град, и евентуално постои можност локалните власти, во соработка со државните органи (како што е Министерството за земјоделство), да обезбедат земјиште за луѓето кое тие самите би го обработувале

- **Образование**

  - Потребна е градинка за децата како и дополнителни часови за децата во основното образование
  - Работа со децата во основното образование со цел да се мотивираат да го продолжат своето образование во средните училишта.

## СТРУМИЦА

Струмица се соочува со недостаток на вода и немање канализациски систем во некои населби. Потребни се дополнителни активности не само во делот на домување туку исто така и во пристапот до здравствени услуги.

- **Домување**

  - Населбата *Транзит – „Климент Охридски“* се соочува со недостаток на вода и канализациски систем. Исто така, улиците во оваа населба многу често се поплавени од атмосферски води. Потребно е да се обезбедат соодветни капацитети за водоснабдување и канализациски системи
  - Измени на ГУП и донесување на ДУП, како и поддршка за легализација на куќите

- **Вработување**

  - Струмица е еден од неколкуте градови каде Ромите работа во земјоделството, и од тие причини државата треба да има програма за промовирање на земјоделските програми, и нивно прилагодување на условите, со цел истите да може да бидат искористени од ромската заедница.
  - Со оглед на фактот дека има многу млади Роми кои имаат ниско образование, или воопшто немаат образование, потребни се курсеви за преквалификација и образовни програми.

- **Образование**

  - Ромската заедница во Струмица ја признава потребата од изградба на детска градинка за децата од оваа етничка заедница. Отворање на спортска сала на ниво на заедницата, со цел промовирање здрав живот и во насока на поголем пристап на ромската заедница до спортските објекти. Во Струмица генерално постои ниско ниво на образование и затоа е неопходно да се работи со родителите, децата и вработените во образовните институции со цел да се

намали стапката на напуштање на училиштето. Исто така тука е и проблемот со лица без лична документација. Се претпоставува дека станува збор за околу 200 вакви лица, вклучувајќи ги и децата на училишна возраст. Локалната самоуправа и Министерството за образование треба да ги известат локалните основни училишта да ги запишуваат децата без лична документација во образовните институции и да им помогнат во олеснувањето на постапката за вонредна регистрација во регистарот на родени.

Прашалник

**СОЦИЈАЛНО МАПИРАЊЕ НА РОМИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Почитувани,

Вие сте учесник во ова истражување за собирање на податоци од местата каде што Ромите живеат во заедницата. Ова интервју е дел од една поширока анкета - Социјално мапирање на Ромите што се применува во нашата земја. Социјалното мапирање на Ромите ќе го спроведе АЕКОМ во соработка со Делегацијата на Европската унија во Скопје, заедно со Министерството за труд и социјална политика, како краен корисник на извештајот.

Компонентата за социјално мапирање се однесува на постојниот недостаток од јасни и сеопфатни податоци во врска со главните географски и социјални карактеристики и податоци за животниот стандард на Ромите во соодветните населби. Главна цел на социјалното мапирање е да се обезбеди веродостоен приказ на структурите и ситуацијата во заедницата, како и да направи еден осврт на главните карактеристики со кои се соочуваат Ромите во заедниците од аспект на образование, вработување, здравство, домување, инфраструктура и други социо-економски карактеристики. Освен тоа, цел на социјалното мапирање е да им обезбеди на националните институции (министерства, агенции, граѓански организации) релевантни податоци за ромската заедница и за нивната состојба, со цел изготвување на подобри политики насочени кон заедницата во целина, и особено со акцент на индивидуално ниво. Од друга страна, тоа би требало да обезбеди информации за потребите на ромските заедници и согласно на тоа фондовите на ЕУ и на државата би требало да ги распределат своите ресурси кон социјалната инклузија на Ромите во општеството, и тоа на национално и локално ниво.

Податоците од ова истражување ќе се користат директно за правење анализа во која ќе бидат наведени општите заклучоци (на пример, колкумина од испитаниците сметаат дека имаат пристап до...). Извештајот нема да содржи лични податоци на било кои од испитаниците (само збирни податоци). Податоците ќе се чуваат и информациите дадени од испитаниците нема јавно да се објавуваат. Извештајот ќе биде јавно достапен и ќе се користи за подобрување на ситуацијата на Ромите.

Ви благодариме на соработката

InSoC

ИЗЈАВА – СОГЛАСНОСТ
ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ СОДРЖАНИ ВО ПРАШАЛНИКОТ

Јас, _________________________ со оваа изјава ѝ давам експлицитна согласност на АЕКОМ, како институција надлежна за социјално мапирање во Македонија, да ги користи и обработува моите лични податоци, како и за чување во евиденцијата на лични податоци за потребите на овој проект, колку што е потребно, но не подолго од 10 години, по што ќе бидат избришани/ уништени во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

Исто така ја овластувам Делегацијата на Европската унија и Министерството за труд и социјална политика, кои се партнери во овој проект, да ги обработуваат моите податоци за потребите на проектот.

Јас го задржувам правото во секое време да ја повлечам согласноста во писмена форма или во која било друга форма. Исто така, ако увидам каков било начин на нарушување на собирањето и обработката на податоците, свесен сум дека истото можам да го пријавам во Дирекцијата за заштита на личните податоци.

Свесен сум дека некои од прашањата можеби нема да бидат одговорени поради чувствителноста на прашањата.

Јас, ________________________ како возрасен член на семејството, давам согласност за доставување на податоците кои се однесуваат на малолетно лице во домаќинството

Оваа изјава ја давам доброволно и без никаков притисок.

Потпис _____________________

Име и презиме

Тел. за контакт

## Демографски податоци

Дел А – Општи информации

<table>
<tr><td colspan="3">А-1 Дали отворено се декларирате себеси како Ром?<br>☐ Да ☐ Не</td><td colspan="2">А-2. Број на домаќинства</td></tr>
<tr><td colspan="5">А-3. Општина</td></tr>
<tr><td>1) Шуто Оризари<br>2) Прилеп<br>3) Куманово<br>4) Битола</td><td colspan="3">5) Тетово<br>6) Гостивар<br>7) Штип<br>8) Кочани<br>9) Кичево</td><td>10) Виница<br>11) Дебар<br>12) Велес<br>13) Кавадарци<br>14) Струмица</td></tr>
<tr><td colspan="3">А-4. Водител на анкетата</td><td colspan="2">А-5. Населба</td></tr>
<tr><td colspan="3">А-6. Датум</td><td colspan="2">А-7. Адреса</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td rowspan="3">А-8. Вкупен број на членови на семејството</td><td colspan="2">Пол</td><td rowspan="2">Вкупно</td></tr>
<tr><td>М</td><td>Ж</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td></tr>
</table>

<table>
<tr><td rowspan="2"></td><td colspan="2">Пол</td><td rowspan="2">Вкупно</td></tr>
<tr><td>М</td><td>Ж</td></tr>
<tr><td>А-9. Број на членови на семејството кои се на возраст 0-5 години</td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>А-10. Број на членови на семејството кои се на возраст 6-14 години</td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>А-11. Број на членови на семејството кои се на возраст 15-18 години</td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>А-12. Број на членови на семејството кои се на возраст 19-64 години</td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>А-13. Број на членови на семејството кои се постари од 64 години</td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="3">А-14 Дали некој од сегашните членови на Вашето семејство побарал азил најмалку еднаш во 2009 година</td><td>☐Да<br>☐ Не</td></tr>
</table>

### ДОМУВАЊЕ

**D-1. Колку е голем домот во кој живеете?**

1) Помал од 10m2
2) 10m2 – 16m2
3) 17m2 – 30m2
4) 31m2 – 50m2
5) 51m2 – 70m2
6) 71m2 – 90m2
7) Поголем од 90m2
   99 Одбил да одговори

**D-2. Дали Вашиот дом има двор?**

1) Да, заеднички двор со соседите
2) Да, свој двор
3) Не (премини на прашање бр. 4)

99 Одбил да одговори

**D-3. Колку е голем Вашиот двор?**

1) Помал од 10m2
2) 10m2 – 16m2
3) 17m2 – 30m2
4) 31m2 – 50m2
5) 51m2 – 70m2
6) 71m2 – 90m2
7) Поголем од 90m2

99 Одбил да одговори

**D-4. Кои од следниве тврдења најдобро го опишуваат Вашето живеалиште?**

1) Сопствена куќа
2) Сопствена куќа со хипотекарен кредит
3) Куќата му припаѓа на друг сопственик (роднина)
4) Кирација во куќа
5) Сопствен стан
6) Сопствен стан со хипотекарен кредит
7) Станот му припаѓа на друг сопственик (роднина)
8) Кирација во стан
9) Субвенционирано социјално домување
10) Импровизирано живеалиште (куќи од картон и сл...)

999) Друго _____________

**D-5. Дали во домаќинството се соочувате со некој од овие проблеми? (можни се повеќе одговори)**

1) Живеалиштето има влага
2) Живеалиштето нема доволно светлина
3) Живеалиштето е изградено од несоодветен материјал (стари плочки, кал, картони)
4) Живеалиштето нема струја
5) Живеалиштето нема пристап до асфалтен пат
6) Ништо од горенаведеното

999) Друго _____________
99) Одбил да одговори

**D-6. Дали Вашето живеалиште има:**

1) Соодветен под (плочки, паркет, ламинат и сл.)
2) Друг соодветен под (приземје, бетонски под)

999) Друго _____________
99) Одбил да одговори

**D-7. Дали кровот од Вашиот дом е изграден од некој од следниве материјали?**

1) Плочки
2) Азбесни плочки
3) Метален покрив

999) Друго _____________
99) Одбил да одговори

**D-8. Дали Вашето живеалиште има:**

1) Прозорци со дрвени профили
2) Прозорци со алуминиумски профили
3) Прозорци со PVC профили

999) Друго ______________
99) Одбил да одговори

**D-9. Дали Вашето живеалиште има пристап до: (можни се повеќе одговори)?**

| Категорија | Да | Не |
|---|---|---|
| 1) Струја | | |
| 2) Вода за пиење внатре во куќата | | |
| 3) Вода за пиење надвор од куќата | | |
| 4) Пристап | | |
| 5) Тоалет внатре во куќата | | |
| 6) Кујна внатре во куќата | | |
| 7) Кујна надвор од куќата | | |
| 8) Канализациски систем | | |
| 9) Одбил да одговори | | |

**D-10. Дали е легализиран домот во кој живеете?**

1) Да
2) Не
3) Во постапка на легализација
4) Само еден дел е во постапка на легализација
5) Не знам, кираџија сум
6) Одбил да одговори

**D-11. Дали имате греење во Вашиот дом? (можни се повеќе одговори)**

1) Дрва
2) Јаглен
3) Масло
4) Струја
5) Пелети
6) Централно греење
7) Повремено греење со разни материјали (хартии, пластика, итн.)
8) Нема греење

999) Друго ______________
99) Одбил да одговори

**D-12. Повеќето од Вашиот семеен буџет го трошите на:**

| Категорија | Рангирајте ги по приоритет 1-10<br>(1 најприоритетно; 10 најмалку приоритетно) |
|---|---|
| 1) Храна | |
| 2) Лекови за болни членови на семејството | |
| 3) Струја | |
| 4) Кирија | |
| 5) Комуналии | |
| 6) Телефон, кабелска, интернет | |
| 7) Облека и обувки за членовите на семејството | |
| 8) Училиштен прибор | |
| 9) Книги | |
| 10) Патувања и одмори | |
| 999)Друго | |

| | |
|---|---|
| 99) Одбил да одговори | |

**D-13. Дали Вашиот дом има...? (можни се повеќе одговори)**

| Опис | Да | Не |
|---|---|---|
| 1) Телевизор | | |
| 2) Сателитска/ кабелска телевизија | | |
| 3) Интернет | | |
| 4) Лаптоп компјутер | | |
| 5) Телефон | | |
| 6) Мобилен телефон | | |
| 7) Машина за перење | | |
| 8) Машина за сушење | | |
| 9) Пегла | | |
| 10) Замрзнувач | | |
| 11) Правосмукалка | | |
| 12) Печка на струја | | |
| 13) Печка на гас | | |
| 14) Маса за јадење | | |
| 15) Кревет за секој член на семејството | | |
| 16) Греалка | | |
| 17) Автомобил | | |
| 18) Друго | | |

**D-14. Дали мислите дека Вашето живеалиште е изложено на некој од овие ризици?**

1) Поплави
2) Лизгање на земјиште
3) Не (премини на прашање бр.16)

999) Друго ______________

99) Одбил да одговори

**D-15. Ако Вашето живеалиште е изложено на некој од горенаведените ризици, дали би живееле во него во наредните 10 години?**

1) Да
2) Не
3) Можеби
4) Не знам

99 Одбил да одговори

**D-16. Ако Вашето живеалиште не е безбедно, што би презеле?**

| Опис | Оценете од 1 до 8, од аспект на она што прво би го направиле... |
|---|---|
| 1) Би ја контактирал општината да преземе мерки за безбедно живеење; | |
| 2) Би контактирал некој од членовите на општинскиот совет кого го познавам; | |

| | |
|---|---|
| 3) Би го проследил овој проблем до ромска политичка партија | |
| 4) Би го проследил овој проблем до невладина организација | |
| 5) Би контактирал со медиумите | |
| 6) Лично би презел нешто | |
| 7) Би си заминал и би побарал побезбедно место за живеење | |
| 8) Ништо од горенаведеното | |
| 999) Друго | |
| 99) Одбил да одговори | |

**D-17. Дали има други причини зошто би се преселиле од местото каде сега живеете?**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

## ВРАБОТУВАЊЕ

**В-1. Колку членови од Вашето семејство на возраст 18 до 64 години можат да работат?**

| Пол | |
|---|---|
| Машки | Женски |

99) Одбил да одговори

**В-2. Колку членови од Вашето семејство се:**

| Вработени | | Невработени | |
|---|---|---|---|
| Женски | Машки | Женски | Машки |
| | | | |

99) Одбил да одговори

**В-3. Колку членови од Вашето семејство се:**

| Вработени со постојан договор за вработување | | Вработени со договор за привремено вработување | | Работат на црно | |
|---|---|---|---|---|---|
| Женски | Машки | Женски | Машки | Женски | Машки |
| | | | | | |

99) Одбил да одговори

**В-4. Какви работни позиции имаат вработените во Вашето семејство? (наведете бројка, можни се и повеќе одговори)**

| Опис | Невработени | |
|---|---|---|
| | Женски | Машки |
| 1. Работници без вештини | | |
| 2. Квалификувани работници | | |
| 3. Менаџери, раководители | | |
| 4. Не знам | | |
| 999) Друго | | |
| 99) Одбил да одговори | | |

**В-5. Во кои дејности работат членовите на Вашето семејство? (можни се повеќе одговори)**

1) Земјоделство, лов и шумарство

2) Риболов
3) Рударство
4) Производствена и преработувачка дејност
5) Производство и дистрибуција на топлинска енергија
6) Градежништво
7) Трговија, поправка и технички сервис на возила, лични работи и домаќинства
8) Хотели и ресторани
9) Превоз, складирање и комуникации
10) Финансиски услуги
11) Изнајмување, трговски стоки и деловни услуги
12) Јавна администрација, државна администрација и одбрана, задолжително осигурување
13) Образование
14) Здравствени и социјални активности
15) Други активности кои им служат на поединците и на заедницата
16) Странски и верски организации
999) Друго ___________________________________________________________
99 Одбива да одговори

**В-6. Дали некој член на Вашето семејство работел сезонска работа оваа година?**
1) Да (премини на прашање 8)
2) Не (премини на прашање 7)
99 Одбива да одговори

**В-7. Ако одговорот на претходното прашање е „не“, дали барем еден член од Вашето семејство работел минатиот месец?**
1) Да
2) Не
99 Одбива да одговори

**В-8. Ако одговорот на претходното прашање е „да“, во кои дејности работеле? (можни се повеќе одговори)**

1) Земјоделство, лов и шумарство
2) Риболов
3) Рударство
4) Производствена и преработувачка дејност
5) Производство и дистрибуција на топлинска енергија
6) Градежништво
7) Трговија, поправка и технички сервис на возила, лични работи и домаќинства
8) Хотели и ресторани
9) Превоз, складирање и комуникации
10) Финансиски услуги
11) Изнајмување, трговски стоки и деловни услуги
12) Јавна администрација, државна администрација и одбрана, задолжително осигурување
13) Образование
14) Здравствени и социјални активности
15) Други активности кои им служат на поединците и на заедницата
16) Странски и верски организации
999) Друго ___________________________________________________________
99 Одбива да одговори

**В-9. Дали сте корисник на некое право за социјална помош (постојана помош, додаток за трето дете, за нега, итн.)?**
1) Да
2) Не
3) Не знам
99 Одбива да одговори

**B-10. Колку во просек месечно заработува вашето домаќинство во период од една година?**
1) 0 - 5000 денари
2) 5001 - 12000 денари
3) 12001 - 24000 денари
4) 24001 - 40000 денари
5) 40001 - 70000 денари
6) Повеќе од 70000 денари
99 Одбива да одговори

**B-11. Колку членови од Вашето семејство кои се невработени бараат работа?**
1) ______________________________________ (наведете точна бројка)

99 Одбива да одговори

**B-12. Колку од нив редовно се регистрираат во Агенцијата за вработување на Република Македонија?**

| Активни баратели на работа | | Пасивни баратели на работа | | Не се регистрирани | |
|---|---|---|---|---|---|
| Женски | Машки | Женски | Машки | Женски | Машки |
| | | | | | |

999) Не знам
99) Одбил да одговори

**B-13. Според Вас, зошто Вие или членови на Вашето семејство се невработени? (можни се повеќе одговори)**
1) Немање можности за вработување
2) Немање вештини за образование и знаење во однос на побарувачката на пазарот на труд;
3) Партиски вработувања
4) Не барам работа
5) Работам повремено и тоа ми е доволно
6) Ако почнам да работам го губам правото на социјална помош
7) Неспособност за работа
8) Ниту едно од горенаведеното
9) Не знам
999) Друго
99) Одбива да одговори

**B14. Дали Вие или членови на Вашето семејство се запознаени со програмата за активни мерки за вработување на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија?**
1) Да
2) Не
3) Не знам
99 Одбива да одговори

**B15. Дали Вие или членови на Вашето семејство сте користеле некои од мерките од програмата за активни мерки за вработување на Агенцијата за вработување на Република Македонија во последниве 3 години?**

| Програма/ обука/ услуга | Да | Не |
|---|---|---|
| Развој на претприемништво | | |
| 1.1 Програма за самовработување | | |
| 1.2 Програма за самовработување за лица со посебни потреби | | |
| За субвенционирани работни места | | |

| | | |
|---|---|---|
| 2.1 Поддршка за развој на микро, мали и средни претпријатија со цел отворање работни места | | |
| 2.2 Програма за условен финансиски надомест за субвенционира вработувања на лица изложени на социјален ризик | | |
| 2.3 Субвенционирање вработување на невработени лица – проект „Македонија вработува 2" | | |
| 2.4 Субвенционирани вработувања за лица со посебни потреби | | |
| 2.5 Поддршка за брзорастечки компании – газели | | |
| 2.6 Финансиска поддршка за приватни градинки | | |
| 2.7 Финансиска поддршка за приватни домови за стари лица | | |
| Обуки | | |
| 3.1 Обуки со познат работодавач | | |
| 3.2. Обуки на работно место со субвенционирано вработување | | |
| 3.3 а) Обука за пополнување на занимања кои се бараат на пазарот на труд | | |
| 3.3 b) Обука за пополнување на занимања кои се бараат на пазарот на труд (за лица со посебни потреби) | | |
| 3.4. Напредна обука за информатички вештини | | |
| 3.5 Обука за возачи за категории C, D и E | | |
| 3.6 Обука за стекнување вештини за стари занаети | | |
| 3.7 а) Стажирања 1 | | |
| 3.8 а) Обука за базични вештини (странски јазици) | | |
| 3.8 b) Обука за базични вештини (компјутери) | | |
| 3.8. с) Обука за странски јазици со сертификати | | |
| 3.9. Обука за стекнување квалификации согласно актуелните потреби на пазарот на труд (секторски услуги и дејности) | | |
| 3.10 Обука и советување за претприемништво за млади луѓе до 29 годишна возраст | | |
| *Работа во заедницата* | | |
| *4. Програма за работа во заедницата* | | |
| 5. Пилот програма | | |
| 5. Развој и имплементација на пилот програми за млади луѓе согласно локалните потреби | | |
| 6. Услуги за вработување | | |
| 6.1 Помош во барање работа | | |
| 6.2 Обука за подготовка за вработување и вештини за барање работа | | |
| 6.3 Мотивациски обуки | | |
| 6.4 Посредување при вработување | | |
| 6.5 Услуги за работодавачи | | |
| 6.6 Подготовки за вработување и работа | | |
| 6.7 Обука за животни вештини и мотивациска обука | | |
| 6.8 Професионална ориентација и кариерно советување | | |
| 6.9 Услуги за активирање лица изложени на ризик од социјална исклученост | | |
| 6.10 Едукација за користење интернет услуги во Агенцијата за вработување | | |
| 6.11 Саеми за вработување | | |
| | | |

## ОБРАЗОВАНИЕ

**О-1. Дали децата во Вашето домаќинство одат во градинка?**

1) Да, сите (премини на прашање бр.3)
2) Да, но не сите (премини на прашање бр.2)
3) Не (премини на прашање бр.2)
4) Нема деца на таа возраст (премини на прашање бр.3)
5) Не знам
99 Одбива да одговори

**О-2. Зошто Вашите деца на одат во градинка:**
1) Затоа што нема градинка во населбата
2) Ние подобро се грижиме за нашите деца отколку во градинка
3) Се плашиме оти се мали
4) Кога ќе ги однесеме во градинка ни велат дека нема место и мора да чекаме долго време;
5) Немаме пари да платиме за престој во градинка.
6) Не знам
999 Друго ______________________________________________________________________
99 Одбива да одговори

**О-3 Дали децата на возраст 6 до 18 години од Вашето семејство одат на училиште?**
1) Да (премини на прашање бр.5)
2) Не (премини на прашање бр.4)
4) Нема деца на таа возраст (премини на прашање бр.13)
5) Не знам
99 Одбива да одговори

**О-4. Зошто Вашите деца не одат на училиште?**
1) Училиштето е далеку и не можат да одат сами
2) Не можеме пристојно да ги облечеме
3) На училиште се вознемирени и уплашени се да одат сами
4) Не можеме финансиски да си дозволиме училиштен прибор и други дополнителни трошоци
5) Не знам
999 Друго ______________________________________________________________________
99 Одбива да одговори

**О-5. Колку деца од Вашето домаќинство учат? (наведете бројка)**

| 1) Основно образование | | 2) Средно образование | |
|---|---|---|---|
| Пол | | Пол | |
| М | Ж | М | Ж |
| | | | |

3) Не знам
99 Одбил да одговори

**О-6. Колку деца од Вашето семејство добиваат стипендија за средно образование?**
_____________;

**О-7. Колку често Вие или член на Вашето семејство се сретнува со наставниците во основно и средно образование?**
1) Еднаш месечно
2) Еднаш на три месеци
3) Еднаш годишно
4) Речиси никогаш
5) Никогаш
999 Не знам
99 Одбива да одговори

**О-8. Дали во Вашето домаќинство се разговарале за некои од проблемите кои се случиле во училиштето каде учат Вашите деца (основно и средно образование): можни се повеќе одговори?**

| Опис |
|---|

| |
|---|
| 1) Лоши инфраструктурни проекти во училиштето |
| 2) Меѓуетничка толеранција со учениците |
| 3) Несоодветно однесување на наставниците, вработените во училиштето, врсниците; |
| 4) Дискриминација |
| 5) Сегрегација |
| 6) Дисциплина (поведение на ученикот); |
| 7) Заплашување; |
| 8) Насилство; |
| 9) Криминал и насилство во и околу училиштето; |
| 10) Друго ___________________________________ |

**О-9. Дали Вашето дете се пожалило дека е дискриминирано од наставник/ друго вработено лице во училиштето или од ученик во основно и средно образование?**

1) Да, од наставник/ професор
2) Да, од соученик
3) Да, од двете претходно
4) Не
5) Не знам
99 Одбива да одговори

**О-10. Ако одговорот е „да“, кои активности ги имате преземено Вие или член на Вашето семејство? Можни се повеќе одговори**

| Опис |
|---|
| 1) Го пријавив случајот во училиштето (наставник, директор) |
| 2) Го пријавив случајот во секторот за образование во општината |
| 3) Го пријавив случајот во инспекторатот за образование |
| 4) Го пријавив случајот до градоначалникот |
| 5) Го пријавив случајот до советот за Роми во Советот на општината |
| 6) Го пријавив случајот до Општинската комисија за заштита на правата на заедниците |
| 7) Го пријавив случајот во граѓанска асоцијација (НВО) |
| 8) Го пријавив случајот во полиција |
| 9) Доставив жалба до Комисијата за заштита и спречување на дискриминација |
| 10) Доставив жалба до Народниот правобранител |
| 11) Не пријавив никаде |
| 999) Друго |
| 99) Одбил да одговори |

**О-11. Дали децата во Вашето домаќинство оделе на часови по ромски јазик во претходната учебна година?**

1) Да (во основно образование)
2) Да (во средно образование)
3) Да (во основно и средно образование)
4) Не
5) Не знам
99 Не одговори

**О-12. Ако одговорот е „не“, дали би сакале Вашето дете на оди на часови по ромски јазик?**

1) Да
2) Не
3) Не знам

99 Не одговори

**O-13. Колку членови на Вашето домаќинство се ученици? ____________;**

**O-14. Колку членови на Вашето домаќинство кои се студенти на факултет користат стипендија? ________;**

**O-15. Ако одговорот е „да“, од каде потекнува стипендијата?**
1) Ромски образовен фонд
2) Министерство за образование и наука
3) Друго (наведи) _____________
999 Не знам
99 Одбива да одговори

**ЗДРАВСТВО**

**Z-1. На скала од 1-5 (1 – најлошо; 5 - најдобро) како би ја оцениле здравствената состојба во Вашето домаќинство?**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** |

**Z-2. Ако претходното прашање сте го одговориле со 1 или 2, што мислите која е главната причина за тоа?**
1) Не можам да си дозволам да платам за медицински третман
2) Нездрави услови за живот
3) Наследна семејна болест
4) Влошена здравствена состојба
5) Сериозна повреда - попреченост
6) Не знам
999) Друго:
__________________________________________________________________________

**Z-3. Колку членови на Вашето домаќинство имаат здравствено осигурување? ___________;**

**Z-4. Колку е оддалечена најблиската здравствена институција од Вашиот дом?**
1) 100m - 500m
2) 600m - 1km
3) 1km - 2km
4) 2km - 5km
5) Повеќе од 5 km
6) Не знам
7) Одбива да одговори

**Z-5. Кога последен пат Вие или член на Вашето семејство сте отишле на матичен доктор или кај лекар – специјалист, и дали сте се соочиле со некоја од следниве потешкотии? (можни се повеќе одговори)**
1) Не сте имале здравствено осигурување;
2) Растојание до Вашиот доктор/ болница/ здравствен центар
3) Превоз до болница;
4) Немало кој да се грижи за децата/ родителите додека бев на лекар/ во болница;
5) Не можев да закажам прием кај лекар – специјалист;
6) Трошоците за партиципација за лекарски преглед од специјалист беа големи;
7) Ниту едно од горенаведеното

999) Друго ________________________________________________________________

99 Одбива да одговори

**Z-6. Колку од Вашиот семеен буџет месечно трошите на здравствена грижа за членови на Вашето семејство?**

1) Помалку од 100 денари
2) 100 - 1000 денари
3) 1001 - 3000 денари
4) 3001 - 6000 денари
5) Повеќе од 6000 денари
6) Не знам

99 Одбива да одговори

## Список на табели

## Список на графикони


СЛИКА 1: ОПШТИНИ ВКЛУЧЕНИ ВО СОЦИЈАЛНОТО МАПИРАЊЕ ..... 11
СЛИКА 2: ПИРАМИДА НА НАСЕЛЕНИЕТО ..... 12
СЛИКА 3: БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ ОД 2009 ..... 12
СЛИКА 4: ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА ЛИЦА ВО ЕДНО ДОМАЌИНСТВО ..... 13
СЛИКА 5: ПРИСТАП ДО КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА НА ДОМАЌИНСТВАТА ВО ЦЕЛНИТЕ ОПШТИНИ ..... 18
СЛИКА 6: ВКЛУЧЕНОСТ ВО СЕЗОНСКА РАБОТА ПО ОПШТИНИ ..... 20
СЛИКА 7: СОЦИЈАЛНА ПОМОШ ПО ОПШТИНА ..... 21
СЛИКА 8: ПРИЧИНА ЗА НЕВРАБОТЕНОСТ ..... 24
СЛИКА 9: ПРИМЕНА НА АКТИВНИ МЕРКИ ЗА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ ПО ОПШТИНА ..... 24
СЛИКА 10: ПРЕЧКИ ЗА УПИС ВО ПРЕТШКОЛСКА ОБРАЗОВНА ИНСТИТУЦИЈА/ГРАДИНКА ..... 26
СЛИКА 11: УПИС НА ДЕЦА ВО ОСНОВНО И СРЕДНО УЧИЛИШТЕ ПО ОПШТИНА ..... 26
СЛИКА 12: ПРЕЧКИ ПРИ УПИС ВО ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ..... 27
СЛИКА 13: ТРОШОЦИ ЗА ЛЕКОВИ ПО ОПШТИНА/МЕСЕЧНО, ВО МКД ..... 30
СЛИКА 14: ГРАНИЧНИ ОПШТИНИ НА ШУТО ОРИЗАРИ ..... 32
СЛИКА 15: ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ ..... 32
СЛИКА 16 ПИРАМИДА НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО ШУТО ОРИЗАРИ ..... 35
СЛИКА 17: БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ ПО ЗОНА ..... 35
СЛИКА 18: ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА ЖИТЕЛИ ПО ДОМАЌИНСТВО И ПО ЗОНА ..... 36
СЛИКА 19: ТИП НА ПОД ВО ЖИВЕАЛИШТАТА ..... 39
СЛИКА 20: ТИПОВИ НА ПРОЗОРЦИ ВО ЖИВЕАЛИШТАТА ..... 39
СЛИКА 21: ТИП НА ПОКРИВ ВО ЖИВЕАЛИШТЕТО ..... 40
СЛИКА 22: ДАЛИ ВО ВАШЕТО ЖИВЕАЛИШТЕ ИМА НЕКОЈ ОД СЛЕДНИТЕ ПРОБЛЕМИ ..... 42
СЛИКА 23: СЕЗОНСКА РАБОТА ..... 43
СЛИКА 24: СОЦИЈАЛНА ПОМОШ ..... 44
СЛИКА 25: ЗАПОЗНАЕНИ СО АКТИВНИ ПОЛИТИКИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ ..... 46
СЛИКА 26: ГРАНИЧНА ЛИНИЈА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ..... 50
СЛИКА 27: ТРИЗЛА И РОМСКИТЕ НАСЕЛБИ ..... 51
СЛИКА 28: ПИРАМИДА НА НАСЕЛЕНИЕ – РОМСКО НАСЕЛЕНИЕ ВО ПРИЛЕП ..... 52
СЛИКА 29: БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ ПО НАСЕЛБА ..... 53
СЛИКА 30: ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА ЖИТЕЛИ ПО ДОМАЌИНСТВО СПОРЕД ЗОНИТЕ ..... 53
СЛИКА 31: ГОЛЕМИНА НА ЖИВЕАЛИШТЕ ..... 54
СЛИКА 32: ТИП НА ПОД ВО ЖИВЕАЛИШТАТА ..... 56
СЛИКА 33: ТИП НА ПОКРИВ ВО ЖИВЕАЛИШТЕТО ..... 57
СЛИКА 34: ТИП НА ПРОЗОРЦИ ВО ЖИВЕАЛИШТЕТО ..... 57
СЛИКА 35: ДАЛИ ВО ТВОЕТО ЖИВЕАЛИШТЕ ПОСТОЈАТ НЕКОИ ОД СЛЕДНИТЕ ПРОБЛЕМИ ..... 59
СЛИКА 36: СЕЗОНСКА РАБОТА ..... 62
СЛИКА 37: СОЦИЈАЛНА ПОМОШ ..... 62
СЛИКА 38: ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ..... 66
СЛИКА 39: ОПШТИНА КУМАНОВО ..... 69
СЛИКА 40:РОМСКИ НАСЕЛБИ ВО КУМАНОВО ..... 70
СЛИКА 41: ПИРАМИДА НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО КУМАНОВО ..... 72
СЛИКА 42: ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА ЖИТЕЛИ ПО ДОМАЌИНСТВО СПОРЕД НАСЕЛБИ ..... 73
СЛИКА 43: СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА ..... 73
СЛИКА 44: ТИП НА ПОД ВО ЖИВЕАЛИШТАТА ..... 75
СЛИКА 45: ТИП НА ПРОЗОРЦИ ВО ЖИВЕАЛИШТАТА ..... 75
СЛИКА 46: СЕЗОНСКА РАБОТА ..... 80
СЛИКА 47: СОЦИЈАЛНА ПОМОШ ..... 80
СЛИКА 48: ЗАПОЗНАЕНОСТ СО АКТИВНИТЕ ПОЛИТИКИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУД ..... 82
СЛИКА 49: ОПШТИНА БИТОЛА ..... 86

СЛИКА 50: ПИРАМИДА НА НАСЕЛЕНИЕ – БИТОЛА ..... 87
СЛИКА 51: БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ ПО НАСЕЛБА ..... 88
СЛИКА 52: ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА ЖИТЕЛИ ВО ДОМАЌИНСТВО ПО НАСЕЛБИ ..... 88
СЛИКА 53: ТИП НА ПОД ВО ЖИВЕАЛИШТАТА ..... 90
СЛИКА 54: СЕЗОНСКА РАБОТА ..... 93
СЛИКА 55: СОЦИЈАЛНА ПОМОШ ..... 94
СЛИКА 56: ЗАПОЗНАЕНОСТ СО АКТИВНИТЕ ПОЛИТИКИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУД ..... 96
СЛИКА 57: РОМСКИ НАСЕЛБИ ВО ТЕТОВО ..... 99
СЛИКА 58: ПИРАМИДА НА НАСЕЛЕНИЕ ВО ТЕТОВО ..... 101
СЛИКА 59: БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ ПО НАСЕЛБИ ..... 101
СЛИКА 60: ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА ЖИТЕЛИ ПО ДОМАЌИНСТВО ПО НАСЕЛБИ ..... 101
СЛИКА 61: ТИП НА ПОД ВО ЖИВЕАЛИШТАТА ..... 104
СЛИКА 62: ТИП НА ПРОЗОРЦИ ВО ЖИВЕАЛИШТАТА ..... 104
СЛИКА 63: ДАЛИ ВАШЕТО ЖИВЕАЛИШТЕ СЕ СООЧУВА СО СЛЕДНИВЕ ПРОБЛЕМИ ..... 106
СЛИКА 64: СЕЗОНСКА РАБОТА ..... 108
СЛИКА 65: СОЦИЈАЛНА ПОМОШ ..... 108
СЛИКА 66: ЗАПОЗНАЕНОСТ СО АКТИВНИТЕ ПОЛИТИКИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ ..... 110
СЛИКА 67: РОМСКИ НАСЕЛБИ ВО ГОСТИВАР ..... 114
СЛИКА 68: ПИРАМИДА НА НАСЕЛЕНИЕ ВО ГОСТИВАР ..... 116
СЛИКА 69: БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ ПО ДОМАЌИНСТВО ВО ГОСТИВАР ..... 116
СЛИКА 70: ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА ЛИЦА ПО ДОМАЌИНСТВО ..... 116
СЛИКА 71: ТИП НА ПОД ВО ЖИВЕАЛИШТЕТО ..... 119
СЛИКА 72: ВИД НА ПОКРИВ НА ЖИВЕАЛИШТЕТО ..... 119
СЛИКА 73: СЕЗОНСКА РАБОТА ..... 123
СЛИКА 74: СОЦИЈАЛНА ПОМОШ ..... 124
СЛИКА 75: ЗАПОЗНАЕНОСТ СО АППТ ..... 126
СЛИКА 76: РОМСКИ НАСЕЛБИ ВО ШТИП ..... 130
СЛИКА 77: ПИРАМИДА НА НАСЕЛЕНИЕ ВО ШТИП ..... 132
СЛИКА 78: БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ ПО ДОМАЌИНСТВО ВО ШТИП ..... 132
СЛИКА 79: ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА ЖИТЕЛИ ПО ДОМАЌИНСТВО ПО НАСЕЛБИ ..... 132
СЛИКА 80: ТИП НА ПОД ВО КУЌИТЕ ВО ШТИП СЛИКА 81: ТИП НА ПРОЗОРЦИ ВО КУЌИТЕ ..... 134
СЛИКА 82: ДАЛИ ВО ВАШЕТО ЖИВЕАЛИШТЕ ПОСТОИ НЕКОЈ ОД СЛЕДНИТЕ ПРОБЛЕМИ ..... 137
СЛИКА 83: СЕЗОНСКА РАБОТА ..... 138
СЛИКА 84: СОЦИЈАЛНА ПОМОШ ..... 139
СЛИКА 85:ЗАПОЗНАЕНОСТ СО АППТ ..... 140
СЛИКА 86: РОМСКАТА ПОПУЛАЦИЈА ВО КОЧАНИ ..... 144
СЛИКА 87: ПИРАМИДА НА НАСЕЛЕНИЕ ВО КОЧАНИ ..... 145
СЛИКА 88: БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ ПО ДОМАЌИНСТВО ..... 146
СЛИКА 89: СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА НА ДОМАЌИНСТВАТА ..... 146
СЛИКА 90: ЛЕГАЛИЗАЦИЈА НА ЖИВЕАЛИШТАТА ..... 147
СЛИКА 91: ТИП НА ПОД ВО ЖИВЕАЛИШТАТА СЛИКА 92: ТИПОВИ НА ПРОЗОРЦИ ВО ЖИВЕАЛИШТАТА ..... 148
**СЛИКА 93: ДАЛИ ВАШЕТО ЖИВЕАЛИШТЕ СЕ СООЧУВА СО СЛЕДНИТЕ ПРОБЛЕМИ** ..... 150
СЛИКА 94: СЕЗОНСКА РАБОТА ..... 152
СЛИКА 95: СОЦИЈАЛНА ПОМОШ ..... 152
СЛИКА 96: ЗАПОЗНАЕНОСТ СО АППТ ..... 153
СЛИКА 97: ДИСКРИМИНАЦИЈА НА РОМИТЕ ВО ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ..... 154
СЛИКА 98: ОДДАЛЕЧЕНОСТ ОД БОЛНИЧКА/ЗДРАВСТВЕНА ЕДИНИЦА ..... 155
СЛИКА 99: ТРОШОЦИ ЗА ЛЕКОВИ/МЕСЕЧНО, ВО МКД ..... 156
СЛИКА 100: РОМСКИ НАСЕЛБИ ВО КИЧЕВО ..... 156
СЛИКА 101: ПИРАМИДА НА ПОПУЛАЦИЈА ВО КИЧЕВО ..... 158
СЛИКА 102: БАРАТЕЛИ ЗА АЗИЛ ВО КИЧЕВО ..... 158
СЛИКА 103: ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА ЖИТЕЛИ ПО ДОМАЖИНСТВО ВО НАСЕЛБИТЕ ..... 158

СЛИКА 104: ВИД НА ПОД ВО ЖИВЕАЛИШТЕТО....161
СЛИКА 105: ВИД НА ПРОЗОРЦИ ВО ЖИВЕАЛИШТАТА ....161
СЛИКА 106: ДАЛИ ВО ВАШЕТО ЖИВЕАЛИШТЕ СЕ СООЧУВАТЕ СО НЕКОИ ОД СЛЕДНИВЕ ПРОБЛЕМИ....163
СЛИКА 107: СЕЗОНСКА РАБОТА....164
СЛИКА 108: СОЦИЈАЛНА ПОМОШ ....164
СЛИКА 109: ЗАПОЗНАЕНОСТ СО АКТИВНИТЕ ПОЛИТИКИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ ....167
СЛИКА 110: РОМСКИ НАСЕЛБИ ВО ВИНИЦА....170
СЛИКА 111: ПИРАМИДА НА ПОПУЛАЦИЈА ВО ВИНИЦА....171
СЛИКА 112: БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ ПО ДОМАЌИНСТВО ....172
СЛИКА 113: ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА ЖИТЕЛИ ВО ЕДНО ДОМАЌИНСТВО....172
СЛИКА 136: СЕЗОНСКА РАБОТА....200
СЛИКА 142: РОМСКИ НАСЕЛБИ ВО ВЕЛЕС....205
СЛИКА 143: ПИРАМИДА НА РОМСКО НАСЕЛЕНИЕ ВО ВЕЛЕС....206
СЛИКА 144: БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ СПОРЕД НАСЕЛБА....207
СЛИКА 145: ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА РОМИ ПО ДОМАЌИНСТВО....207
СЛИКА 146: ДАЛИ ВО ВАШЕТО ЖИВЕАЛИШТЕ СЕ СООЧУВАТЕ СО НЕКОИ ОД СЛЕДНИТЕ ПРОБЛЕМИ....210
СЛИКА 147: СОЦИЈАЛНАПОМОШ ....211
СЛИКА 148: РОМСКИ НАСЛЕБИ ВО СТРУМИЦА ....215
СЛИКА 149: ПИРАМИДА НА НАСЕЛЕНИЕ ВО СТРУМИЦА ....216
СЛИКА 150: БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ ПО НАСЕЛБА....217
СЛИКА 151: ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА ЖИТЕЛИ ВРЗ ОСНОВА НА ДОМАЌИНСТВО ....217
СЛИКА 152: ТИП НА ПОД ....219
СЛИКА 153: ДАЛИ ВО ВАЖЕТО ЖИВЕАЛИШТЕ СЕ СООЧУВАТЕ СО НЕКОИ ОД СЛЕДНИТЕ ПРОБЛЕМИ ....220
СЛИКА 154: СЕЗОНСКА РАБОТА НА РОМИТЕ ВО СТРУМИЦА ....222
СЛИКА 155: СОЦИЈАЛНА ПОМОШ ....222
СЛИКА 156: ACQUAINTED WITH THE ACTIVE LABOR MARKET POLICIES....224